ТТК БАНКА АД Скопје
ул. „Народен Фронт“ бр. 19а
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
тел: 02/32 47 000 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
е-пошта: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
тр. с-ка: 290-1000000000-46

Покана за запишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница по пат на јавна понуда (втора емисија)

Во прилог следи потребната документација во врска со јавната понуда за продажба на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) втора емисија на ТТК Банка АД Скопје:

1. Покана за запишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда;

2. Проспект за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница – втора емисија на обврзници) **со прилози:**

Прилог 1 - Ревидиран финансиски извештај за 2016 година
Прилог 2 - Ревидиран финансиски извештај за 2017 година
Прилог 3 - Ревидиран финансиски извештај за 2018 година
Прилог 4 - Неревидирани финансиски извештаи за 30.9.2019 година
Прилог 5 - Деловна политика и Развоен план за период од 2019 година до 2021 година
Прилог 6 - Статут на ТТК Банка АД Скопје

*објавено на 9.1.2020 година

ТТК БАНКА АДСКОПЈЕ
ул. "Народен Фронт" бр. 19А 1000 Скопје

О Б Ј А В У В А

ПОКАНА

за запишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница по пат на јавна понуда (втора емисија)

Поканата за запишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница по пат на јавна понуда претставува извадок од Проспектот и содржи само основни податоци за хартиите од вредност кои се предмет на јавната понуда. Сите други релевантни податоци кои му овозможуваат на купувачот на хартии од вредност да направи процена за правното, финансиското и деловното работење на издавачот, за инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од хартиите од вредност се содржани во Проспектот. Одлуката за инвестирање во хартии од вредност треба да е заснована на целосна содржина на Проспектот која е достапна бесплатно на местата за купување на хартиите од вредност и на интернет страницата на ТТК Банка АД Скопје и на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје.

1. Податоци за издавачот

Полн назив и седиште на издавачот на хартии од вредност:

ТТК Банка АД Скопје со седиште на ул.Народен Фронт бр. 19А Скопје

Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото:
Број на решението за упис во трговскиот регистар на Р. Македонија е под деловоден број 30120060008104 од 30.06.2006 година, а матичен број на друштвото е 6121110

Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време:
Датум на основање ТТК Банка А.Д. Скопје е 05.04.2006 година
Број на дозволата или друг акт на надлежен орган за основање и работа, во случај кога обврската за добивање дозвола за упис на друштвото, во трговскиот регистар е утврдена со закон или друг пропис:
Број на дозволата за основање и работа на ТТК Банка А.Д. Скопје е Решение од НБРМ бр. 02-14/81-2006 од 05.06.2006 година.

Правна форма на друштвото:
ТТК Банка АД Скопје е организирана како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.
Основни дејности на издавачот:
Банката е овластена да ги врши следниве финансиски активности:

1. Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3. Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4. Издавање и администрирање на платежни средства;
5. Менувачки работи;
6. Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
7. Брз трансфер на пари;
8. Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
9. Изнајмување сефови, остава и депо;
10. Тргување со девизни средства;
11. Тргување со хартии од вредност;
12. Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
13. Економски - финансиски консалтинг.
14. Други финансиски активности утврдени со закон кои може да ги врши Банката;
15. Финансиски лизинг;
16. Тргување со инструменти на пазарот на пари;
17. Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
18. Продажба на полиси за осигурување; и
19. Посредување во склучување договори за кредити и заеми

Износ на основната главнина и број, род и класа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвување на последниот биланс на состојба:

Висина на основната главнина на издавачот изнесува 907.888.000,-денари и се состои од 907.888 обични акции со право на глас со номинална вредност од 1.000,00 денари по акција и со ИСИН број MKTTKS101012.

Податоци за капиталот на Банката со состојба на 31.12.2018 г. и 30.09.2019 г.

	31.12.2018	**30.09.2019**
Запишан капитал	907.888.000 ден	907.888.000 ден
Премија од акции	126.879 ден.	126.879 ден
Ревалоризациски резерви	(650.349 ден.)	(650.349 ден.)
Останати резерви	104.229.429 ден	110.177.626 ден.
Акумулирана добивка	1.269.424 ден	1.269.424ден
Добивка/загуба за периодот	101.276.437 ден	91.421.542 ден
Вкупно капитал и резерви	1.114.139.820ден	1.110.233.122 ден
	31.12.2018	**30.09.2019**
Број на обични акции	907.888	907.888

Податоците со сотојба 30.09.2019 не се ревидирани од овластен ревизор

Со состојба на 31.12.2018г. капиталот на ТТК Банка АД Скопје се состои од 907.888 обични акции со поединечна номинална вредност од 1.000 денари, сите акции се со право на глас.
Со состојба на 30.06.2019г. капиталот на ТТК Банка АД Скопје се состои од 907.888 обични акции со поединечна номинална вредност од 1.000 денари, сите акции се со право на глас.

2.2. Причини поради кои се вршијавната понуда односно намената на средствата од понудата:

Причина за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница од втората емисија по пат на јавна понуда е зајакнување на капиталната сила и на вкупниот финансиски капацитет на Банката, преку зајакнување на сопствените средства на Банката во наредниот период од 6 (шест) години. Банката планира да ги оствари планираните бизнис цели утврдени во Деловната политика, развојниот и финансискиот план за период 2019-2021 година.

3. Податоци за понудата на хартиите од вредност:

Број и датум на актот за издавање на хартиите од вредност по пат на јавна понуда:
Издавањето на долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) втора емисија по пат на јавна понуда се врши со Одлука од Собрание на акционери на ТТК Банка А.Д. Скопје, број 02-9009/1 од 05.11.2019 година.
Податок за согласност и одобренија врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени:

Издавањето на долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) втора емисија по пат на јавна понуда е одобрена со Одлука од Собрание на акционери на ТТК Банка А.Д. Скопје, број 02-9009/1 од 05.11.2019 година.

Издавањето и понудатана долгорочните должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) втора емисија по пат на јавна понуда е одобрена со Решение од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија број УП 1 број 10-91 од 27.12.2019г.

Број, вид, род и класа на хартиите од вредност кои се издаваат и нивната номинална вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата):
Предмет на јавната понуда е втора емисија на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница која изнесува 1.500 лотови (илјада и петстотини). Номинална вредност на корпоративната обврзница е 1.000,00 ЕВРА по лот, во вкупен номинален износ од 1.500.000,00 ЕВРА (еден милион и петстотини илјади евра).

Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената, согласно правилата на овластена берза и преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор:
Цената по која купувачите ќе ги запишат и уплатат обврзниците е фиксна и изнесува 1.000,00ЕУР по обврзница, во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евро на денот на уплатата. Продажбата ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје, согласно Правилата за тргување на Македонска Берза за хартии од вредност, Анекс 3 според моделот на фиксна цена, со примена на принципот на приоритет на налози со порано време на внес на налоготво БЕСТ системот.
При давање приоритет на налози со порано време на внес на налог БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата на тој начин што приоритет добива налогот кој има порано време на внесување.

Вкупна вредност на јавната понуда:
Вкупна продажна вредност на јавната понуда изнесува 1.500.000,00 ЕВРА (еден милион и петстотини илјади евра) во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на уплатата.

Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за продавање (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за продавање (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година)) и опис на постапката на продавање и уплата на хартиите од вредност;
Рок за започнување на јавната понуда е најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на одобрението за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници) од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.
Банката ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на корпоративната обврзница на македонски јазик и негово кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија во "Вечер" на ден 09.01.2020 година.
Истовремено, Банката ќе ги објави Проспектот и Поканата за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници) на нејзината интернет страница, како и на интернет страницата на Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје.
Датумот за започнување на рокот за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници) е 14 календарски дена по објавата на Поканата за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници), односно на ден 23.01.2020 година.

Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на корпоративната обврзница е 3 (три) месеци од денот на започнување на продавањето-запишување и уплата, односно на ден 23.04.2020 година.
Запишувањето на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница ќе се смета за успешно завршена, ако во дадениот рок (рок за реализација на запишување и уплата на корпоративна обврзница по пат на јавна понуда е 3 месеци од денот на започнување на продажбата), најмалку 60% од понудените корпоративни обврзници во Проспектот се запишани и уплатени.
Доколку, пред истекот на рокот за запишување и уплата на корпоративната обврзница, се запишат и уплатат 100% од понудените обврзници, Банката ќе ја затвори јавната понуда и преку соопштение за успешно реализирана јавна понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и јавноста.

Опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност, утврдена согласно правилата на овластената берза преку која ќе се врши купувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и правилата за овластениот депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот:
Запишувањето на јавно понудените корпоративни обврзници ќе се врши преку Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје, ул. Орце Николов бр. 75 1000 Скопје, (тел. 023122055)-овластена берза со која ТТК Банка склучи договор, заведен кај издавачот под бр. 11-9731/1 од 27.11.2019 год.и заведен кај Македонската Берза АД Скопје под број 03-1788/1 од 26.11.2019.
Запишувањето на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница ќе се одржува во денови на тргување на Македонската берза за хартии од вредност во времетраење што ќе го одреди Извршниот директор на Берзата.
Понудата и запишувањето на корпоративната обврзница по пат на јавна понуда ќе се реализира преку Македонската берза согласно моделот на фиксна цена, при што приоритет се дава на налози со порано време на внес на налогот, при што приоритет добива налогот кој има порано време на внесување.
При запишувањето секој купувач треба да пополни изјава (уписница), која се дава истовремено со давање на налог за купување на хартии од вредност од јавната понуда кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност-членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализација на налогот за купување.
Корпоратативните обврзници се уплатуваат во пари. Плаќањето на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница се врши во денари и согласно законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонска берза на хартии од вредност.
Уплатата се врши наеднаш. Средствата за запишување и уплата на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница од втора емисија, купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица – членки на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје. Членките на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје уплатените средства за купување на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница по пат на јавна понуда, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во ТТК Банка А.Д. Скопје отворена за таа намена на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда. Доколку исходот од понудата на кororативната обврзница преку јавна понуда е успешен т.е. ако минимум 60% од понудените долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница од втора емисија се запишани и платени во предвидениот рок од 3 (три) месеци, Банката доставува писмено известување за запишани и платени хартии од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Во рок од 2 (два) дена од доставеното известување за запишани и платени хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, врши порамнување на трансакциите.

Постапка за распределба на хартиите од вредност, во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените:
При запишувањето и распределбата на запишаните корпоративни обврзници се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на давање приоритет на налози со порано време на внес на налогот во БЕСТ системот преку Македонската берза АД Скопје. На тој начин не постои можност за продажба на повеќе корпоративни обврзници од понудените.
Уплатените средства на секое заинтересирано лице кое дало налог за купување на корпоративни обврзници од втората емисија, чијшто налог не се реализирал му се враќаат на дневна основа. Во случај да клиентот дал налог, а налогот не се реализирал целосно, тогаш повеќе уплатените средства се враќаат на клиентот на дневна основа.

Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише уплати;
Еден (1) лот е една (1) обврзница.

Начин на плаќање на хартиите од вредност утврден согласно Правилата на овластена берза прку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност со која издавачот за тоа склучил договор и Правилата на овластен депозитар каде се регистрираат хартиите од вреднсот на издавачот:
Корпоратативните обврзници се уплатуваат во пари. Плаќањето на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница се врши во денари и согласно законската и подзаконската регулатива и Правилата на Македонска берза на хартии од вредност.
Уплатата се врши наеднаш. Средствата за запишување и уплата на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница од втора емисија купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица – членки на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје. Членките на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје уплатените средства за купување на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница од втора емисија по пат на јавна понуда, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во ТТК Банка А.Д. Скопје отворена за таа намена на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

Податок за бројот на посебната сметка во банка на која ќе се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда:
Сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда ќе се чуваат на посебна сметка во ТТК Банка АД Скопје број: 290-1000002121-85, отворена за таа намена.

Податоци за овластена берза преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица-членки на овластената Берза и овластениот Депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе можат да купат хартии од вредност,
Запишувањето на јавно понудените корпоративни обврзници од прва емисија ќе се врши преку Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје, ул. Орце Николов бр. 75 1000 Скопје, (тел. +38923122055)-овластена берза со која ТТК Банка АД Скопје склучи Договор за соработка при продавање на јавно понудени хартии од вредност, заведен кај издавачот под бр.11-9731/1 од 27.11.2019 година и заведен кај Македонската Берзана хартии од вредност А.Д. Скопје под број 03-1788/1 од 26.11.2019.
Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонската Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и уплатат корпоративни обврзници - втора емисија по пат на јавна понуда:

ТТК Банка АД Скопје

Членка на Македонската берза АД Скопје	Адреса и град	телефони
ТТК БАНКА АД Скопје Оддел за работа со хартии од вредност	ул.Народен Фронт бр.19А, Скопје	+38923247000 лок.495,496,497;
ЕУРОХАУС АД Скопје	бул.Св.Климент Охридски бр.52-А/1/5, Скопје	+38923217095; +38923217078;
ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје	бул.Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8, Скопје	+38923296853; +38923213785;
ИНВЕСТ БРОКЕР АД Скопје,	ул.Истарска бр.33,Скопје	+38923110290; +38923103291;
ИНОВО БРОКЕР АД Скопје	бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4, кат 2, Скопје	+38923120941; +38923110950;
КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ Дирекција за тргување со хартии од вредност	ул.Орце Николов бр.3,Скопје	+3892 3168168; +3892 3247431; +38923213225;
НЛБ БАНКА АД Скопје	ул.Мајка Тереза бр.1, Скопје	+38925100354; +38923296219;
ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД Скопје	ул.Никола Кљусев бр.2, Скопје	+38923224300; +38923140120;
СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги,	бул.11 Октомври бр.7, Скопје	+38923295407; +38923295405; +38923295551;
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје	ул.Македонија бр.11А,Скопје	+38923219310;
Шпаркассе Банка Македонија АД Скопје	ул.Македонија бр.9/11,Скопје	+38923200785; +38923200592;

ТТК Банка АД Скопје, како овластено правно лице – членка на овластена берза и овластен депозитар, се застапува самата во постапката на запишување преку берза, преку Одделот за работа со хартии од вредност.

4.Известување дека Проспектот е достапен за јавноста и податок за местото каде може потенцијалните инвеститори да извршат увид во документите

Увид во документацијата може да се изврши на интернет страната на ТТК Банка А.Д. Скопје – www.ttk.com.mk и во просториите на овластените правни лица-членки на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје- www.mse.mk, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат корпоративни обврзници-втора емисија издадени од ТТК Банка А.Д. Скопје.

ТТК Банка А.Д. Скопје

Претседател на Управен Одбор
Проф. Д-р Драгољуб Арсовски

Член на Управен Одбор
Наталија Алексова

ТТК БАНКА АДСКОПЈЕ
ул. "Народен Фронт" бр. 19А 1000 Скопје

Врз основа на Одлуката на Собранието на акционерите на ТТК Банка АД Скопје, за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници) број 02-9009/1 од 05.11.2019 година, ТТК Банка АД Скопје објавува:

ПРОСПЕКТ

за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија)

"Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - прва емисија на обврзници) ниту за способноста на издавачот на хартиите од вредност да ги исполни обврските од хартиите од вредност кои ги издава"

СОДРЖИНА:

1.ОДГОВОРНИ ЛИЦА
1.1.Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот
1.2.Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот
2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ
2.1.Називот и седиштето на брокерската куќа, овластената банка или подружницата на странска брокерска куќа која го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот
3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ
3.1.Називот и седиштетото на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години
3.2.Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години (друштвото не е повторно избрано, сеоткажало или е отповикано од страна на друштвото односно дошло до раскинување на договорот за вршење на ревизија било од едната или од другата страна) доколку тие причини би можеле да имаат материјално значење
4. ФАКТОРИ НА РИЗИК
4. 1.Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа
4.2. Податоци за факторите на ризик кои се од материјално значење за обврзниците кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие обврзници
5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ
5.1.Податоци за историјата и развојот на издавачот
5.1.1.Полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број)
5.1.2.Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото
5.1.3.Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време
5.1.4.Правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи
6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД
6.1. Основни дејности
6.1.1.Опис на активностите на активностите кои ги врши издавачот во согласност со закон, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години
6.1.2.Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга односно за отпочнување сонова активност
6.1.2.1. Нови производи и услуги
6.2. Пазари на кои издавачот работи
7.ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА
7.1.Доколку издавачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на издавачот во таа група
7.2.Податок дали издавачот е зависен од други друштва во рамките на групата, заедно со објаснување на зависноста односно поврзаноста со друштвата во групата
8.ТРЕНДОВИ
Најзначајните движења во врска со работењето на издавачот кои би можеле да имаат суштинско значење на перспективите на издавачот за последната финансиска година и до денот на изготвување на проспектот
9. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ
10.ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ
10.1.Име и презиме, деловна адреса и функцијата што ја вршат кај издавачот за членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично), како и податок за

значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач
10.2.Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата од точка 10.1.
10.3.Детални податоци за лицата од точка 10.1. членови на органите на издавачот и тоа: Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен одбор, Кредитен одбор и Одбор за управување и надгледување на информативна технологија согласно точки:
10.3.1.Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство на горенаведените лица
10.3.2.Имињата на друштвата во кои горенаведените лица се членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дека лицето сé уште е или не е веќе член или содружник односно акционер
10.3.3.Податок дали горенаведените лица биле членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
10.3.4.Податок дали на некое од горенаведените лица му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)
10.3.5.Податок дали горенаведените лица имаат сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество
10.4.Судир на интереси помеѓу членовите на органите на издавачот
10.4.1.Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои лицата членови на органите на издавачот ги имаат кај издавачот и нивните приватни интереси или други одговорности. Во случај доколку не постои судир на интереси да се даде изјава дека не постои

11.ВРАБОТЕНИ

11.1.Број на вработени и квалификациона структура на крајот од секоја година во последните три години и промената состојба до денот на изготвување на проспектот и податок за географска распореденост на вработените

12.ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ

12.1.Согласно сознанијата на издавачот, податоциза лицата (освен за оние кои се членови на одборот надиректори односно управниот и надзорниот одбор наиздавачот) кои заедно со поврзаните лица, директноили индиректно, поседуваат повеќе од 5% од било којрод или класа на акции издадени од издавачот, заедносо висината на тоа учество (апсолутна вредност и релативна вредност во однос на основната главнина на издавачот и во однос на гласачката структура на издавачот). Ако нема такви лица или ако нема сознанија затакви лица да се даде соодветна негативна изјава
12.2.Опис на било какви договори или други актипознати за издавачот, чија реализација на определендатум може да доведе до промена на контролата кај издавачот

13.ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

13.1.Финансиски извештаи
13.2. Ревизија на годишните финансиски извештаи
13.2.1.Посочување дека финансиските извештаи се ревидирани и наведување на извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на издавачот за последните три години
13.2.2.Посочување на други информации во проспектот кои биле ревидирани од независен ревизор
13.2.3.Секаде во проспектот каде што се прикажуваат финансиски податоци кои не се земени од ревидираните финансиски извештаи на издавачот, задолжително се посочува изворот од каде се користени тие податоци и се посочува дека истите не се ревидирани.

13.3. Периодични и други финансиски информации
13.3.1.Доколку издавачот објавил квартални или полугодишни финансиски извештаи од датумот на неговите последни ревидирани финансиски извештаи, истите треба да бидат вклучени во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, извештајот на ревизорот задолжително се прикажува во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи не биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, во проспектот задолжително се наведува тој факт
13.3.2.Доколку проспектот е од датум по завршување на девет месеци од датумот на последните годишни финансиски извештаи кои биле ревидирани, задолжително содржи периодични финансиски извештаи, кои може да бидат неревидирани (при што задолжително се наведува дека истите не се ревидирани), а кои се однесуваат најмалку на периодот од првото полугодие на финансиската година
13.3.3.Периодичните финансиски извештаи треба да ги вклучат и споредбените извештаи за истиот период од претходната финансиска година, освен за билансот на состојба кај кој за споредба може да се земе и состојбата од крајот на последната финансиска година
13.4. Дивидендна политика
13.4.1.Опис на политиката на издавачот за распределба на дивиденда и на какви било ограничувања во поглед на истата
13.4.2.Износ на исплатена дивиденда по акција за последните три финансиски години, соодветно прилагодена во случаи на промени на бројот на акциите на издавачот, заради споредливост на податоците
13.5.Правни постапки
Информации за какви било правни постапки (административни, судски и други законски постапки), вклучувајќи ги и потенцијалните постапки или постапките кои се во тек за кои издавачот е запознаен, за период од 12 месеци кои може да имаат, или имале во неодамнешното минато значајно влијание на финансиската положба или на профитабилноста на издавачот односно на групацијата на издавачот (нивната вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото). Доколку такви постапки не постојат, потребно е да се посочи дека не постојат
13.6.Значајни промени во финансиската или трговската положба на издавачот
Опис на каква било значајна промена на финансиската положба на групацијата на издавачот која се случила во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидирани финансиски извештаи или по завршување на последното полугодие за кое се објавени периодични финансиски информации. Доколку такви промени не се случиле, потребно е да се посочи дека не се случиле

14.ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

14.1.Податоци за капиталот на издавачот
14.1.1.Износ на основната главнина и број, род икласа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба вклучен во проспектот и состојба попромени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба до денотна изготвување на проспектот
14.1.2.Износот на издадените конвертибилни хартии од вредност и хартии од вредност со варанти, соопис на условите и процедурите на конверзија или запишување
14.1.3.Податоци за тоа дали органот на управувањее овластен со Статутот на издавачот да ја зголемиосновната главнина (одобрен капитал) и податок заизносот на одобрениот капитал и за периодот за којважи одредбата на Статутот за одобрен капитал
14.2.Релативни показатели за работењето на издавачот на денот на последните финансиски извештаи презентирани во проспектот и последниот квартал до денот на изготвување на проспектот

14.2.1.Адекватност на капиталот согласно методологијата пропишана од Народна банка на Република Северна Македонија
14.2.2.Учество на сопствени средства во пасивата
14.2.3.Учество на депозити од население во пасивата
14.2.4.Однос на краткорочни пласмани и краткорочни извори
14.2.5.Агрегатна отворена девизна позиција
14.2.6.Голема кредитна изложеност во однос на сопствените средства
14.2.7.Капитални вложувања во нефинансиски институции
14.2.8.Капитални вложувања во банки, штедилници и други финансиски институции
14.2.9.Учество на основните средства во вкупните сопствени средства на банката
14.2.10.Учество на кредитна изложеност во ризични категории В, Г и Д во вкупна кредитна изложеност
14.3.Вкупен платен промет спрема странство за претходната година и за тековната година
14.4.Движење на ликвидноста: покриеност на обврските на банката со високо ликвидна актива (парични средства и хартии од вредност издадени од НБРСМ и од Република Северна Македонија)
14.5.Статут на издавачот и основачки акти
14.5.1.Предмет на работење на издавачот согласно Статутот
14.5.2.Опис на правата, предностите и ограничувањата кои произлегуваат од секоја класа на акции издадени од издавачот
14.5.3.Опис на дејствието кое треба да биде преземено за промена на некое од правата на сопствениците на акции, при што ќе биде посочено дали условите за таковото дејствие се построги во однос на законот или не
14.5.4.Опис на условите за свикување годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклучувајќи и податоци за начинот на кој акционерите го пријавуваат своето учество
14.5.5.Опис на условите утврдени во Статутот или друг акт на издавачот со кои се регулира промената на основната главнина, кога тие услови се построги од оние пропишани со закон

15.ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ

Податоци за секој договор (надвор од секојдневното работење на издавачот) кој є од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот или друг член на групата (ако издавачот е дел од групата), за последните две години кои му претходат на изготвувањето на проспектот

16.ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС

16.1.Кога во проспектот е вклучен извештај од трето лице-експерт, да се наведат податоци за тоа лице: име и презиме, деловна адреса, квалификации и податок дали лицето има материјален интерес кај издавачот. Податок во кој контекст и во која форма се употребува извештајот на тоа лице и согласност од лицето кое ја потврдило содржината на тој дел од проспектот
16.2.Кога извор на определена информација е некое трето лице, потребно е да се обезбеди потврда дека таа информација е точно и прецизно репродуцирана и дека согласно можностите и сознанијата на издавачот не е прикриен ниту еден факт кој не би ги направил репродуцираните информации нецелосни или неточни. Да се наведе изворот на информациите

17.ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

17.1.Причини за понудата и намена на средства што ќе се приберат со понудата
17.2.Општи податоци за хартиите од вредност
17.2.1.Бројот и датумот на актот за издавање на сопственички хартии од вредност
17.2.2.Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат продадени

17.2.3.Бројот на хартии од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечно и вкупна номинална вредност на емисијата)
17.2.4.Закони врз основа на кои се продаваат хартии од вредност
17.2.5.Назив и адреса на субјектот каде што се регистрираат хартиите од вредност
17.2.6.Времето и начинот на предавањето на хартиите од вредност за регистрирање кај овластен депозитар
17.2.7.Податоци за одаточувањето на приходите од хартии од вредност
17.4. Податоци за сопственичките хартии од вредност
17.4.1.Опис на видот и класата на хартии од вредност кои се издаваат, вклучувајќи и ИСИН број за хартиите од вредност, доколку таков постои
17.4.2.Серија на хартиите од вредност
17.4.3.Валута на која гласат хартиите од вредност (доколку хартиите од вредност се деноминирани вос транска валута-се наведува курсот по кој ќе се пресметува денарската противвредност);
17.4.4.Рангирање на хартиите од вредност што се предмет на јавната понуда, вклучувајќи и податоци за клаузулите кои имаат влијание на рангирањето или ги субординираат хартиите од вредност на одредени сегашни или идни обврски на издавачот
17.4.5.Опис на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права
17.4.6.Висина на каматната стапка, начинот на пресметување и исплата на истата
-датум на исплата на камата (датум на почеток и датум на завршување на периодот во кој ќе се исплаќа каматата)
-краен рок до кога може да се наплатат каматите и главницата
17.4.7.Рок на доспевање и амортизационен план на должничката хартија од вредност, вклучувајќи ја и постапката за отплата
17.4.8.Висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисија на должнички хартии од вредност во основната главнина и во главнината
17.4.9.Извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност
17.4.10.Ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартии од вредност
17.4.11.Опис на ограничувањата на трансферабилноста на хартиите од вредност, доколку има ограничувања
17.4.12.Доколку се издаваат конвертибилни должнички хартии од вредност, потребно е да се дадат податоци за типот на хартии од вредност в кои се конвертираат, како и условите и процедурата за конверзијата

18. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА

18.1.Цена на хартиите од вредност
18.1.1.Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластената берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор
18.1.2.Податок за трошоците односно провизиите кои паѓаат на товар на запишувачот односно купувачот
18.2. Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност предмет на понудата утврдени согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот
18.2.1.Вкупна вредност на понудата
18.2.2.Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на

рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година) и опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност

18.2.3.Процентот на успешност односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна

18.2.4.Услови за затворање на јавната понуда

18.2.5.Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите

18.2.6.Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените

18.2.7.Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише уплати

18.2.8.Начин на плаќање на хартиите од вредност

18.2.9.Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност

18.2.10.Начин и време на известување за исходот на јавната понуда

18.2.11.Доколку, согласно одлуката за издавање на акциите понудата е поделена во транши односно е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори, проспектот ги содржи и следните податоци

18.2.11.1.Поделба на понудата на делови кои опфаќаат определен број на акции вклучувајќи делови наменети за институционални инвеститори, делови наменети за мали инвеститори и други делови на кои е поделена понудата

18.2.11.2.Начинот на распределба во рамките на деловите од понудата во случај доколку има повеќе запишани и платени хартии од вредност

18.2.11.3.Временски редослед на реализирање и времетраење на траншите односно деловите резервирани за одделни групи на инвеститори во рамките на рокот за реализација на јавната понуда

18.2.12.Во рамките на сознанијата на издавачот, податок дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на управниот и надзорниот одбор односно одборот на директори, или на другите органи на издавачот имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда

18.2.13.Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува

18.3.Пласман на хартии од вредност

18.3.1.Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица - членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да купат хартии од вредност

18.3.2.Податок дали издавачот склучил договор со овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност за вршење трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност. Доколку обврската за задолжителен откуп не се однесува на целата емисија да се даде изјава за делот од емисијата кој не е покриен

19.ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА

Податок за тоа дали и кога издавачот ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластената берза

20.ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ

21.ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ

21.1.Изјава за достапност на документите
21.2. Податок за местото каде може да се изврши увид во документите

Прилог 1:Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2016
Прилог 2:Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2017
Прилог 3 :Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2018
Прилог 4 :Неревидирани финансиски извештаи од 01.01.2019 до30.09.2019 година
Прилог 5 :Деловна политика и Развоен планна ТТК Банка за период 2019 -2021 година
Прилог 6 :Статут на ТТК Банка АД Скопје

1.ОДГОВОРНИ ЛИЦА

1.1.Податоците за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот

Членови на Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

1. Д-р Драгољуб Арсовски - Претседател
2. Наталија Алексова - Член

Членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка А.Д. Скопје

1.М-р Глигорие Гоговски - Претседател
2.Борислав Трповски - Член
3.Д-р Тито Беличанец –Член
4.Д-р Методија Несторовски – Независен Член
5.Златко Черепналкоски – Член
6.Д-р Арсен Јаневски – Независен Член
7.Трим Ќемали- Член

Лице назначено од издавачот како одговорно лице за содржината на Проспектот

Тања Поповска–овластен брокер во Оддел за работа со хартии од вредност

1.2.Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата."

Членови на Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

1. Д-р Драгољуб Арсовски - Претседател_____

2. Наталија Алексова - Член_____

Членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка А.Д. Скопје

1.М-р Глигорие Гоговски - Претседател _____

2.Борислав Трповски - Член _____

3. Д-р Тито Беличанец – Член_____

4. Д-р Методија Несторовски *- Независен Член _____

5. Златко Черепналкоски – Член_____

6. Д-р Арсен Јаневски-Независен Член _____

7.Трим Ќемали – Член _____

Лице назначено од издавачот како одговорно лице за содржината на Проспектот

1.Тања Поповска –овластен брокер во Оддел за работа со хартии од вредност _____

*на независниот член на Надзорниот одбор Методија Несторовски му истекува мандатот на ден 22.02.2020 год., а на Собранието одржано на ден 05.11.2019 година за нов независен член е именуван Проф.Др.Михаил Петковски за кој е во тек постапка за добивање на претходна согласност од НБРСМ

2.ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ

2.1.Називот и седиштето на овластената банка која го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот

ТТК БАНКА А.Д СКОПЈЕ ул."Народен Фронт" бр.19А, 1000 Скопје(во понатамошниот текст: Банката или издавачот) во свое име и за своја сметка

3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ

3.1.Називот и седиштето на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години

Друштвото Грант Тортон ДОО, булевар Свети Кирил и Методиј број 52 в-1/7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија вршела ревизија на финансиските извештаи за 2018 година.

Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје,булевар Свети Кирил и Методиј број 52 в-1/7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија вршело ревизија на финансиските извештаи за 2016и 2017година.

3.2.Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години (друштвото не е повторно избрано, сеоткажало или е отповикано од страна на друштвото, односно дошло до раскинување на договорот за вршење на ревизија било од едната или од другата страна) доколку тие причини би можеле да имаат материјално значење.

Согласно законската регулатива член 105 став 5 од Закон за банките „исто друштво за ревизија може да изврши најмногу пет последователни ревизии на годишните финансиски извештаи на една банка"и согласно тоа за овластен ревизор за 2018 година,избрано е друштвотоДруштвото Грант Тортон ДОО.Друштвото МУР СТИВЕНС ДОО Скопје вршеше ревизија 5 последователни години и во согласност со законската регулатива Банката избра друго друштво за ревизија.

4. ФАКТОРИ НА РИЗИК

4. 1. Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа

Банката воспоставуваинтегриран систем за управување со сите материјални и нематеријални ризици на кои е изложена и кој е соодветен на природата, големината и сложеноста на финансиските активности коишто ги врши.

Банката во своето работење е изложена на следните видови ризици:

- Кредитен ризик;
- Ликвидносен ризик;
- Валутен ризик;
- Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности;
- Ризик од концентрација на изложеноста на банката;
- Оперативен ризик;
- Стратегиски ризик;
- Правен ризик;
- Репутациски ризик;
- Ризикот од управување со преземените средства

Врз основа на Стратегијата за преземање и управување со ризици, Банката воспоставува посебни политики и процедури за преземање и управување со сите ризици на кои е изложена во своето работење.

Политиките за преземање и управување со ризиците содржат:

- Оценка на капацитетот на Банката за преземање одделни ризици;
- Организациска поставеност на функцијата за управување со ризиците;
- Основни елементи на управувањето со ризиците;
- Прифатливи инструменти за заштита од или намалување на ризиците;

- Внатрешната контрола и основни елементи на процесот на утврдување на интерниот капитал на Банката.
- Оцена на потребната адекватност на капиталот на Банката.

Исто така, Банката согласно политиките за преземање и управување со ризиците воспоставува процедури за преземање, мерење или оценка, следење, контрола или намалување на ризиците кои треба:

- Да овозможат навремено и сеопфатно идентификување на ризиците (мапирање на ризиците) со кои се соочува Банката;
- Да се засноваат врз квантитативни и/или квалитативни оценки за мерливите и немерливите ризици;
- Да вклучуваат правила, начини и постапки за намалување, диверзификација, трансфер и избегнување на ризиците, кои се идентификувани, мерени и оценети од страна на Банката;
- Да дефинираат фреквенција и методи за следење на ризиците.

Банката има воспоставено организациона структура со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземањето и управувањето со ризиците, која одговара на големината, видот и сложеноста на Банката и на финансиските активности кои ги врши.

4.2. Податоци за факторите на ризик кои се од материјално значење за обврзниците кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие обврзници

Кредитен ризик

Кредитниот ризик е ризик од финансиска загуба доколку клиентот или договорната странка од финансиски инструмент не успее да ги исполни своите обврски во договорениот износ и време, а главно произлегува од дадените кредити и побарувања на клиенти и други банки, издадени гаранции и акредитиви и вложувања во хартии од вредност.

Изложеноста на кредитен ризик се управува преку редовна анализа на способноста на позајмувачите да ги исполнат своите обврски по основ на камата и главнина.

Обезбедувањето претставува еден од традиционалните и најчести начини за намалување на кредитниот ризик. Основните видови обезбедување за кредитите и побарувањата се следните: хипотеки над станбен имот и деловен простор; залог врз деловни средства како што се: опрема, залихи и побарувања; залог врз финансиски инструменти како што се акции; паричен депозит и меница. Вкупната вредност на обезбедувањето кое служи како заштита од кредитен ризик на 31.12.2018 година изнесува 9.094.848 илјади денари.

Банката врши класификација на изложеноста на кредитен ризик на поединечна основа. Банката пресметува исправка на вредноста и посебна резерва за активните билансни и вонбиласни побарувања преку утврдување на сегашна вредност на идните парични текови кои ќе настанат врз основа на тие побарувања.

Вкупната кредитна изложеност на Банката на 30.09.2019 година изнесува 8.006.505 илјади денари и во однос на 31.12.2018 година е зголемена за 198.004 илјади денари, односно за 2,5%. Кредитната изложеност на 31.12.2018 година изнесува 7.808.501 илјади денари.

Изложеност на кредитен ризик по категории на ризик (во 000 МКД)			
Категорија на ризик	**31.12.2018**	**30.06.2019**	**30.09.2019**
Категорија на ризик „В"	89.169	141.515	116.685
Категорија на ризик „Г"	56.669	17.402	18.877
Категорија на ризик „Д"	69.089	108.234	78.106
Вкупно во В, Г и Д	214.927	267.151	213.668
Вкупна кредитна изложеност	7.808.501	7.657.568	8.006.505

На крајот на третиот квартал од 2019 година вкупниот износ на пресметана исправка на вредност/ посебна резерва изнесува 159.981 илјади денари и истата во однос на крајот на 2018 година е зголемена за 3.981 илјади денари (156,297 илјади денари со состојба на 31.12.2018 година).
Детални информации за кредитниот ризик дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи.

Ликвидносен ризик

Банката е изложена на ризик на ликвидност во случаите кога не може да обезбеди доволно средства за измирување на своите краткорочни обврски во моментот на нивно достасување, или е принудена потребните средства да ги обезбеди со многу повисоки трошоци.Управувањето со ликвидносен ризик подразбира управување со активата и пасивата на начин што ќе овозможи навремено и редовно плаќање на обврските, во нормални или во вонредни услови на работење.
Планирање и следење на приливите и одливите на паричните средства, воспоставување и одржување на соодветна рочна структура, следење на изворите на средства и нивна концентрација, стапки на ликвидност, интерни ликвидносни показатели, исполнување на законската обврска за задолжителна резерва во денари и девизи, анализа на денарска и девизна оперативна ликвидност, стрес тестирање и друго се методи кои се користат за управување со ликвидносниот ризик.
Ликвидната актива на 30.09.2019 година изнесува 2.393.380 илјади денари и во однос на 31.12.2018 е зголемена за 28 милиони денари. Ликвидната актива на 31.12.2018 година изнесува 2.365.465 илјади денари.
На 30.09.2019 година учеството на ликвидната во вкупната актива изнесува 27,9%, а покриеноста на краткорочните обврски со ликвидна актива е 48,9%. На 31.12.2018 година вредноста на овие показатели изнесувала 28,5% и 50,2%, соодветно.
Детални информации за ликвидносниот ризик дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи.

Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризикот дека промените во пазарните цени, како што се промена во каматните стапки, промена во цена на капиталот, девизните курсеви и/или пазарните цени на хартиите од вредност ќе влијаат неповолно врз приходите на Банката или на вредноста на поседуваните финансиски инструменти. Целта на управувањето со пазарниот ризик е да се контролира изложеноста на пазарен ризик при што ќе се одржува во рамки на дефинираните лимити, со оптимизирање на приносот.

Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности

Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности преставува ризик од загуба којашто произлегува од неповолните промени на каматните стапки, а коишто влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности на Банката.
При оцена на изложеноста на ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, Банката ги има во предвид сите позиции од портфолиото на банкарските активности коишто се чувствителни на промените на каматните стапки, поради што можат да влијаат врз добивката и сопствените средства.
Банката ја утврдува промената на економската вредност на портфолиото на банкарските активности како резултат на изложеноста на ризикот од промена на каматните стапки, со примена на стандарден каматен шок.
Каматниот ризик мерен преку учеството на промената на економската вредност на портфолиото на банкарски активности во сопствените средства на 30.09.2019 година изнесува 0,45% и во однос на крајот на 2018 година е намалено за 2,34 процентни поени. Вредноста на овој показател на 31.12.2018 година изнесува 2,79%.

Детални информации за ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи.

Валутен ризик

Валутниот ризик е ризик од загуба заради промена на меѓувалутарните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути. Управувањето со валутниот ризик се остварува преку почитување на законските и интерно дефинираните лимити со кои се ограничуваат отворените девизни позиции по пооделни валути и агрегатно.

На 30.09.2019 година отворената девизна позиција на Банката е долга и изнесува 97.529 илјади денари и претставува 10,0% од сопствените средства. Во однос на 31.12.2018 година учеството на агрегатната девизна позиција во сопствените средства е зголемено за 4,1 процентни поени. Долгата отворена девизна позиција на 31.12.2018 година изнесува 57.275 илјади денари, а нејзиното учество во сопствени средства претставува 5,9%.

Детални информации за валутниот ризик дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи.

Оперативен ризик

Следењето и управувањето со оперативниот ризик се појавува како последица на неадекватни или погрешни интерни процеси, поради грешки на вработените, грешки на системот или поради влијанието на надворешни настани.

Управувањето со оперативните ризици се врши децентрализирано од страна на сите вработени и организациони единици, додека следењето и известувањето е надлежност на Дирекцијата за управување со ризици. Во рамките на управувањето со оперативните ризици се извршуваа следните активности: следење на евидентираните штетни настани, идентификација, оценка и контрола на потенцијалните оперативни ризици.

Управувањето со оперативниот ризик е сложен процес во кој активно учествуваат сите вработени во Банката со цел минимизирање на можноста за настанување на штетни настани, ограничување на обемот на потенцијалните загуби и веројатноста за нивна реализација на ниво кое е прифатливо за Банката.

Останати пазарни ризици од надворешни фактори

Во рамки на надворешните фактори на ризици кои можат да влијаат врз хартиите од вредност се: движењето на понудата и побарувачкатаод која директно зависи цената на хартиите од вредност, како и евентуални појави како резултат на влијание на регулаторни, правни и структурни промени кои можат да влијаат на пазарот на капитал и следствено на вредноста на хартиите од вредност или на профитниот потенцијал на инвестицијата.

Со оглед на тоа што станува збор за ризици кои неможат да се избегнат, Банката врши анализа на влијанието на истите врз основа на методи на проценка и анализа на историски податоци за тргување со овие хартии од вредност и превзема соодветни мерки и активности за заштита на нивната реална вредност – при утврдување на продажната цена.

Ризик од управување со преземените средства

Банката има воспоставено организациона структура со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземањето и управувањето со ризикот од управување со преземените средства. Учеството на преземените средства во вкупната актива со состојба 30.09.2019 година изнесува 0,13% што укажува дека нема ризик од управувањето со преземените средства, односно истиот е незначителен.

Со состојба на 30.09.2019, нето сметководствена вредност на преземените средства на Банката врз основа на ненаплатени побарувања изнесува 10.847 илјади денари. Овие средства вклучуваат и имот чија нето сметководствена вредност е сведена на нула денари, а за кои Банката не поседува имотни листови.

Изложеноста на Банката на ризикот од управување со преземените средства заради необезбеденост на имотни листови, се однесува на одредени недвижности кои се водат

во катастарски општини во кои сéуште немало воспоставена евиденција на имотни листови, и за кои Банката поседува други соодветни документи за сопственост (поседовни листови, заклучоци за извршена продажба од извршител, нотарски акти – записници за извршена продажба со битни елементи на договор за купопродажба и друга соодветна документација со правен основ за стекнување на сопственост и упис во јавните книги-катастар) кои се во согласност со Законот за сопственост.
Со овој ризик Банката управува преку соодветен систем на управување со превземените средства заради наплата на побарувањата на Банката, како и со вложување на максимални напори и преземање на сите расположливи мерки и законски предвидените механизми - во насока на обезбедување на имотни листови односно упис на правото на сопственост на Банката во катастарски операт.
Квалитативни и квантитативни информации за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи (2016 година– Прилог бр.1; 2017 – Прилог бр.2; 2018 година – Прилог бр.3; неревидиран финансиски извештаи со 01.01.-30.09.2019 – Прилог бр.4).

5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

5.1.Податоци за историјата и развојот на издавачот

ТТК Банка А.Д. Скопје е основана во ново друштво со статусна промена спојување настаната со бришење на Тетовска Банка А.Д. Тетово со ЕМБС 5033357, бришење на Тетекс-Кредитна Банка А.Д. Скопје со ЕМБС 5530555 видно од Решение од Централен Регистар на РМ деловоден број 30120060008104 од 30.06.2006 год. и Решение од НБРМ број 02-14/81-2006 од 05.06.2006 год.

5.1.1.Полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број)

ТТК БАНКА АД Скопје, со седиште на ул.Народен фронт бр.19А, Скопје, Република Северна Македонија Тел. + 389 (2) 32 47 000; факс.+389 (2) 32 47 099

5.1.2.Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото

Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на ТТК Банка А.Д. Скопје е 30.06.2006 година со ЕМБС 6121110

5.1.3.Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време

Датум на основање на ТТК Банка А.Д. Скопје е 05.04.2006 година

5.1.4.Правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи

ТТК Банка А.Д. Скопје е организирана како Акционерско друштво (АД) согласно Законот за трговски друштва.
ТТК Банка АДСкопје работи врз основа на Закон за банки, Закон за трговски друштва, Закон за хартии од вредност, Закон за платен промет, Закон за девизно работење, Закон за облигациони односи, Закон за СППиФТ и сите други законски и подзаконски акти релевантни за банкарското работење.

6.ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД

6.1.Основни дејности

6.1.1.Опис на активностите кои ги врши издавачот во согласност со закон, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години

Банката е овластена да ги врши следниве финансиски активности:

1. Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;

3. Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4. Издавање и администрирање на платежни средства;
5. Менувачки работи;
6. Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
7. Брз трансфер на пари;
8. Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
9. Изнајмување сефови, остава и депо;
10. Тргување со девизни средства;
11. Тргување со хартии од вредност;
12. Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
13. Економски - финансиски консалтинг;
14. Други финансиски активности утврдени со закон кои може да ги врши Банката;
15. Финансиски лизинг;
16. Тргување со инструменти на пазарот на пари;
17. Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
18. Продажба на полиси за осигурување;
19. Посредување во склучување договори за кредити и заеми;

Основни категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години.

- Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- Кредити за правни и физички лица;
- Гаранции за правни и физички лица;
- Документарни акредитиви;
- Услуги од платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- Платежни картички;
- Менувачки работи;
- Брз трансфер на пари;
- Изнајмување сефови, остава и депо;
- Тргување со девизни средства;
- Тргување со хартии од вредност;
- Тргување со инструменти на пазарот на пари;
- Посредување во склучување на договори за кредити и заеми;
- Електронско банкарство;
- Електронски сервиси за информирање.

6.1.2.Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга односно за отпочнување сонова активност

6.1.2.1. Нови производи и услуги

- Унапредување на понудата на производи и услуги за физички лица со фокус кон производите со квалитетно обезбедување со понизок степен на ризик, како и производи со стабилно ниво на ризик;
- Креирање на конкурентни пакети на производи и услуги во согласност со потребите на диференцирани сегменти на корисници- физички и правни лица;
- Развој на кредитни производи со дополнителна вредност/услуга- осигурување;
- Развој на можностите за аплицирање за кредитни производи преку електронско/мобилно банкарство;

- Развој на штедни производи за физички лица преку воведување на отворен штеден влог;
- Развој на картично работење преку воведување на картички за безконтактно плаќање, унапредување на условите на кредитните картички за физички лица, развој на дебитни картички за правни лица, зголемување на безбедноста при плаќањето со картичките преку имплементација на безбедносни апликации;
- Развој на мрежата на мултифункциски банкомати кои овозможуваат уплата и исплата на готовина за физички и правни лица, како и проширување на понудата на услуги достапни преку мрежата на банкомати;
- Развој на дистрибутивни канали преку подобрување на постоечките и обезбедување на нови алтернативни канали, ширење на мрежата на соработници од партнер програмата;
- Развој на услуги во доменот на платните промети преку диференцирање на цените во платниот промет по сегменти на корисници и понуда на конкурентни услови и пакети за извршување на плаќањата.

6.2. Пазари на кои издавачот работи

ТТК Банка АД Скопје ја остварува својата активност на територија на Република Северна Македонија. Активноста на Банката се состои од универзални банкарски активности кои се извршуваат во економско, социјално-општествено и политичко опкружување карактеристично за земјата.

Глобално окружување. Во рамки на октомврискиот циклус на проекции, задржани се оцените за натамошно умерено забрзување на динамиката на раст на домашната економија. Очекуваните стапки на раст изнесуваат 3,5% во 2019 година, 3,8% во 2020 година. Глобалниот економски контекст е помалку поволен и се карактеризира со поизразена неизвесност, а присутни се и одредени ризици на краток рок и од домашното окружување.

Очекуваната стапка на инфлација во 2019 година и 2020 година изнесува околу 1% и 1,5%. Промените во очекувањата се одраз на поумерената остварена од очекувана инфлација, но и на оцените за помали притисоци од увозните цени врз домашната инфлација. Оцените за движењето на компонентите на билансот на плаќања во периодот на проекциите 2019 - 2022 година и понатаму укажуваат на умерен дефицит на тековната сметка (од околу 1,5% од БДП во просек за периодот).

Според најновите проекции за движењето на девизниот курс евро/САД-долар во 2019 и 2020 година, се очекува посилна апрецијација на САД-доларот во однос на еврото од 5,4% во 2019 година. Ваквите промени во најголем дел се одраз на поповолните економски остварувања во САД, послабите очекувања за економијата во еврозоната, како и перцепциите за помала од претходно очекуваната монетарна експанзија од страна на ФЕД.

Макроекономско окружување. Во првата половина на 2019 година дојде до забрзување на растот на економската активност. Притоа, остварениот раст во овој период е целосно движен од високиот позитивен придонес на домашната побарувачка, при негативен придонес на нето-извозот. Гледано по компоненти, извозот повторно беше компонента со најголем поединечен придонес кон растот на БДП. Во рамки на нето-извозната побарувачка, реалниот извоз продолжи да бележи високи стапки на раст, во услови на висока извозна активност на капацитетите со странски капитал, но и на дел од традиционалните преработувачки капацитети. Следствено, се очекува растот на БДП во

2019 година да изнесува 3,5% во просек , и дополнително да забрза на 3,8% во 2020. Притоа, во поглед на структурата на растот, се очекува дека домашната побарувачка ќе продолжи да има висок позитивен придонес во целиот период на проекции, како резултат на засилување на инвестициската активност и континуирано високиот стимул од приватната потрошувачка, додека придонесот на нето-извозот ќе биде негативен. Анализирано преку поединечните компоненти на БДП, реалниот извоз на стоки и услуги се очекува и понатаму да биде главен двигател на растот.

Во услови на надолна корекција на очекуваната патека на увозните цени и отсуство на позначајни притисоци преку каналот на домашната побарувачка, се очекува релативно ниска стапка на инфлација во целиот период на проекции. Во 2019 година се оценува дека инфлацијата ќе изнесува околу 1%, при умерен позитивен придонес од базичната инфлација и прехранбената компонента, наспроти негативните промени кај енергетската компонента. Во 2020 година се очекува умерено забрзување на инфлацијата на 1,5%, во услови на позитивен придонес на базичната инфлација како резултат на понатамошното забрзување на растот на домашната побарувачка, како и раст на прехранбената инфлација, при мал негативен ефект од енергетската компонента. Главниот ризик во поглед на проекцијата на инфлацијата и натаму сеповрзува со неизвесноста во поглед на идната динамика на берзанските цени на примарните производи, а особено на нафтата.

Банкарски сектор. Најновите оцени за кредитниот пазар во периодот на проекции упатуваат на зголемена кредитната активност во 2019 година и задржување на солидни стапки на раст во наредните три години. Во првите три квартали на годината беше забележан солиден кредитен раст, а се очекува истиот да продолжи до крајот на годината и за цела 2019 година да изнесува 5,4% (7,3% на крајот на 2018 година). Во наредниот период се очекува благо забрзување на кредитната активност, односно кредитен раст од околу 8% во периодот 2020-2022 година.

Притоа, во услови на здрава, солвентна и ликвидна позиција на банките, стабилен амбиент, зголемена конкуренција и доволно ниво на расположливи средства за финансирање, се очекува банките да обезбедат доволна кредитна поддршка и за населението и за корпоративниот сектор. Во согласност со оценките за стабилен амбиент и постепено забрзување на економската активност, а имајќи ја предвид динамиката на депозитната база во првите три квартали на годината, за 2019 година се очекува раст на вкупните депозити од 9,6% (12,1% во 2018 година). Очекувањата за солидни економски остварувања ќе овозможат депозитната база и натаму да расте со солидна проектирана стапка од 8,5% во периодот 2020-2022 година.

Општо земено, последните макроекономски проекции укажуваат на здрави и солидни основи на домашната економија, со потенцијал за солиден раст, поддржан и од кредитната активност на банките, а при отсуство на инфлациски притисоци и задржување на поволната надворешна позиција. Ова сценарио претпоставува стабилен и предвидлив домашен политички амбиент и продолжување со политиката на поддршка на вкупната инвестициска активност во економијата, натамошен прилив на странски инвестиции, засилување на јавниот инфраструктурен циклус, како и релативно поволно надворешно окружување. Евентуалното неисполнување на вградените претпоставки или материјализација на нагласените неповолни ризици, може да доведе и до отстапувања од проектираната патека на клучните показатели.

7.ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

7.1.Дали издавачот е дел од од група (посложен деловен систем)

Банката не е дел од група (посложен деловен систем).

7.2.Дали издавачот е зависен од други друштва во рамките на групата

Банката не е зависна од други друштва во рамки на група.

Во сопственичката структура на капиталот на Банката, мнозинско учество имаеден акционер со квалификувано учество над 5% од вкупниот број на издадени акции од ТТК Банка АД Скопјеи тоа ТЕТЕКС АД Тетово.

Согласно состојбата во Акционерската книга на 30.09.2019 година ТЕТЕКС АД Тетово заедно со поврзаните лица поседува 49,76% од акциите.

Сопственичка структура	на	30/09/2019
Акционер	**Број на акции**	**Учество**
Тетекс АД Тетово	377.048	41,53%
Поврзани лица со Тетекс АД	74.685	8,23%
Вкупно Тетекс АД Тетово	**451.733**	**49,76%**
Останати акционери	456.155	50,24%
Вкупно акции	**907.888**	**100,00%**

8.ТРЕНДОВИ

Најзначајните движења во врска со работењето на издавачот кои би можеле да имаат суштинско значење на перспективите на издавачот за последната финансиска година и до денот на изготвување на проспектот, Банката континуирано проактивно ја проширува и иновира понудата на производи и услуги преку модификација на постоечките производи и услуги за постоечки и нови категории на корисници во согласност со потребите на корисниците, пазарните услови и деловната политика, а со цел подобрување на конкурентноста, зголемување на задоволството на корисниците, одржување на каматната маргина и остварување на профит за акционерите.

Тековните активности кои се од суштинско значење за финансиската година се однесуваат на развој на конкурентни кредитни производи за правни и физички лица, развој на нови штедни производи за физички лица, развој на услуги достапни преку електронско и мобилното банкарство, преку мрежата на банкомати и развој на услугите во платен промет и др.[1] (Прилог број 5)

Со цел за поголема достапност на производите и услугите до крајните корисници, Банката активно ја проширува мрежата на деловни единици- експозитури, а со цел поддршка на организацискиот концепт за зголемена ефикасна продажба преку децентрализирана продажба.

9.ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ-опционо

Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје на седницата одржана на 28.03.2019 година ја усвои Деловната политика и Развојниот план на ТТК Банка АД Скопје со финансиски проекции за периодот2019-2021 година (Прилог бр. 5). Во овој документ се презентирани планираните Биланс на состојба и успех за периодот, меѓутоа за овие извештаи Банката не побара мислење од овластен ревизор со кое ќе се потврди точноста на овие проекции и нивната усогласеност со сметководствените процедури на Банката.

10.ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ

10.1.Име и презиме, деловна адреса и функцијата што ја вршат кај издавачот за членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и

[1]Деловна политика и Развоен план на ТТК Банка за период 2019 -2021 година(скратена верзија)

слично), како и податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач

-Членови на Надзорен одбор

1.М-р Глигорие Гоговски,Претседател
2.Борислав Трповски,Член
3.Д-р Тито Беличанец,Член
4.Златко Черепналкоски,Член
5.Д-р Методија Несторовски,Независен Член
6.Д-р Арсен Јаневски, Независен Член
7.Трим Ќемали, Член

-Членови на Одбор за управување со ризици

1.Наталија Алексова,Претседател
2.М-р Димитри Трповски, Заменик Претседател
3.Гордана Блажевска,Член
4.Д-р Зоран Колев,Член
5.Јованка Ралевиќ,Член

-Членови на Одбор за ревизија:

1.Душко Апостоловски,Претседател
2.Борислав Трповски,Член
3.Д-р Методија Несторовски,Член
4.М-р Глигорие Гоговски,Член
5.Данче Зографска,Член
6. Златко Черепналкоски,Член

-Членови на Управен одбор:

1. Д-р Драгољуб Арсовски,Претседател
2. Наталија Алексова, Член

-Членови на Кредитен одбор

1.Д-р Драгољуб Арсовски,Претседател
2.Наталија Алексова,Член
3.Бобан Гоговски,Член
4.М-р Димитри Трповски,Член
5.Ирина Ристовска,Член

Заменици Членовина Кредитен одбор

1.Д-р Зоран Колев,заменик-Член
2.Бојан Штерјовски,заменик-Член
3.Јованка Ралевиќ,заменик-Член
4.Горан Томовски,заменик-Член
5.Емил Ристоски,заменик-Член

-Членови на Одбор за управување и надгледување на информативна технологија

1.Д-р Драгољуб Арсовски,Претседател
2.Наталија Алексова,Член
3.Бобан Гоговски,Член
4.Д-р Зоран Колев,Член
5.Христијан Трифуноски,Член
6.Новак Вучевски,Член
7.Сашо Симјановски,Член

10.2.Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата од точка 10.1. Лицето Бобан Гоговски е во роднинска поврзаност со лицето Глигорие Гоговски (Претседател на Надзорен одбор и Член на Одбор за ревизија)

Лицето М-р Димитри Трповски е во роднинска поврзаност со лицето Борислав Трповски (Член на Надзорен одбор и Член на Одбор за ревизија)

-За членовите на Надзорен одбор

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**М-р Глигорие Гоговски, 06.07.1943**
	Деловна адреса		ул.Браќа Миладинови бр.1, Тетово
	Функција што ја врши кај издавачот		Претседател на Надзорен одбор Член на Одбор за ревизија
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Извршен Директор на Одбор на Директори во Тетекс АД Тетово (Генерален Директор)
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Роднинска поврзаност со Бобан Гоговски (Директор на Сектор Комерцијално банкарство, Член на Кредитен одбор и Член на Одбор за управување и надгледување на информативна технологија)
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	1969-1978	Тетекс АД Тетово	Шеф на електро одржување
	1978-1981	Тетекс АД Тетово	Директор на енергоодржување
	1981-1983	Тетекс АД Тетово	Помошник на Ген.Директор
	1983-1986	Тетекс АД Тетово	Генерален Директор
	1986-1991	Република Македонија	Претседател на Извршен совет на СРМ
	Од 1991	Тетекс АД Тетово	Извршен Директор на Одборот на Директори во Тетекс АД Тетово (Генерален Директор)
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Извршен Директор на Одбор на Директори во Тетекс АД Тетово (Генерален Директор) Акционер е воТТК Банка АД Скопје, Тетекс АД Тетово, Осигурителна Полиса АД, Алкалоид АД Скопје, Гранит АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, АД Македонија Турист АД, Топлификација АД Скопје и ЗК Пелагонија А Битола
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години		Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со		Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години

	податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)	
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	17.347 обични акции

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**Борислав Трповски, 23.10.1951**
	Деловна адреса		ул.Браќа Миладинови бр.1, Тетово
	Функција што ја врши кај издавачот		Член на Надзорен одбор Член на Одбор за ревизија
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Претседател на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Роднинска поврзаност со Димитри Трповски (Директор на Сектор Стратешко банкарство, Член на Одбор за управување со ризици и Член на Кредитен одбор)
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	1981-1983	Тетекс АД Тетово	Секретар
	1983-1988	Тетекс АД Тетово	Шеф на правна служба
	1988-1991	Тетекс АД Тетово	Директор на општо-кадров и правен сектор
	Од 1991	Тетекс АД Тетово	Претседател на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Претседател на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово Акционер е во ТТК Банка АД Скопје, Тетекс АД Тетово и Осигурителна Полиса АД Скопје
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години		Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години

10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	645 обични акции

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**Д-р Тито Беличанец, 24.07.1946**
	Деловна адреса		Нема деловна адреса
	Функција што ја врши кај издавачот		Член на Надзорен одбор
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Неизвршен член на Одбор на Директори на Тетекс АД Тетово Член на Надзорен одбор на АД Македонијатурист Скопје
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	1970-1986	Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје Правен факултет	Асистент, Доцент, Вонреден Професор
	1986-1991	Република Македонија	Член и Потпретседател на Извршен совет на СРМ
	1991-2011	Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје Правен факултет	Редовен Професор
	Од 01.09.2011	Пензионер	Пензионер
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Неизвршен член на Одборот на Директори на Тетекс АД Тетово Член на Надзорен одбор на Македонијатурист АД Скопје Акционер е во ТТК Банка АД Скопје, Тетекс АД Тетово, Осигурителна Полиса АД Скопје и Македонија Турист АД Скопје
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена		Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна

	стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години	или ликвидациона постапка во последните пет години
10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	3.915 обични акции

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**Златко Черепналкоски, 07.10.1967**
	Деловна адреса		Булевар Св.Климент Охридски бр.30
	Функција што ја врши кај издавачот		Член на Надзорен одбор Член на Одбор за Ревизија
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Консултант за инвестиции во енергетика Meinl Capital Advisors AG(Vienna) Директор за малопродажба на електрична енергија, ЕДС ДОО Скопје
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Нема било каква поврзаност со другите членови на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	1994–1999	АД Електростопанство на Македонија	Оперативен водител на електроенергетски систем
	1999–2003	АД Електростопанство на Македонија	Координатор на развојни и инвестициони проекти
	2003-2013	Австриска инвестициона банка Meinl Capital Advisors AG (Vienna)	Инвестиционо банкарство – финансирање на електроенергетски и инфраструктурни проекти
	Од 2014-	Енерџи Деливери Солушнс ЕДС ДОО Скопје	Снабдување со електрична енергија
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или се содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Не била член на одбор на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, во било кое време во последните пет, а бил акционер во ТТК Банка АД Скопје во последните пет години, но повеќе не е акционер.
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години		Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години

10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Нема учество во основната главнина и во гласачката структура на Банката

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**Д-р Методија Несторовски, 10.08.1951**
	Деловна адреса		ул.Гоце Делчев бр.9В, Скопје
	Функција што ја врши кај издавачот		Независен Член на Надзорен одбор Член на Одбор за ревизија
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Редовен професор на Универзитетот Св.Кирил и Методиј-Економски Факултет Скопје
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	Од 1973	Во УниверзитетСв.Кирил и Методиј-Економски Факултет Скопје	Од асистент до Редовен професор
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Независен Член на Одбор на директори на КБ Публикум инвест АД Скопје, Друштво за управување со инвестициони фондови Акционер е во ТТК Банка АД Скопје
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години		Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години

10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	6 обични акции

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**Д-р Арсен Јаневски, 22.08.1949**
	Деловна адреса		ул.Гоце Делчев бр.9Б, Скопје
	Функција што ја врши кај издавачот		Независен Член на Надзорен одбор
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Редовен Професор на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Правен Факултет "Јустинијан Први"Скопје
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	1972-1979	Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје Правен факултет	Асистент
	1979-1992	Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје Правен факултет	Предавач
	1992-1997	Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје Правен факултет	Вонреден Професор
	Од 2002	Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје Правен факултет	Редовен професор
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно		Член на Деканска управа во УниверзитетСв.Кирил и Методиј-Правен Факултет Скопје

	акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер	
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години	Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Нема учество во основната главнина и во гласачката структура на Банката

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**Трим Ќемали 21.07.1984**
	Деловна адреса		ул. 8 Септември бр. 9, Дебар
	Функција што ја врши кај издавачот		Член на Надзорен одбор
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Заменик извршен директор во Дебарски бањи АД Дебар
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Нема било каква поврзаност со другите членови на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Управниот одбор, Кредитниот одбор и Одборот за управување и надгледување на информативната технологија
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	10.2017-06.2013	Дебарски бањи	Маркетинг
	07.2013–до денес	Дебарски бањи	Заменик извршен директор
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Член на Управен одбор на Стопанска комора на Северо-западна Македонија, Член на Управен одбор на Хотелска асоцијација ХОТАМ, Охрид, Акционер е во Дебарски бањи АД Дебар
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години		Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години

10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)	Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество	Нема учество во основната главнина и во гласачката структура на Банката

-За членовите наОдбор за управување со ризици

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**Наталија Алексова, 31.05.1974**
	Деловна адреса		ул.Народен фронт бр.19А,Скопје
	Функција што ја врши кај издавачот		Член на Управен одбор Претседател на Одбор за управување со ризици Член на Кредитен одбор Членна Одбор за управување и надгледување на информативна технологија
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	Јули 1997- Јули 2001	Тетекс банка АД Скопје	Референт за средства и ликвидност
	Јули 2001- Август 2004	Тетекс-Кредитна банка АД Скопје	Одговорна за денарски платен промет, средства и ликвидност
	Август 2004- Август 2006	Тетекс-Кредитна банка АД Скопје	Раководител на Сектор за домашен платен промет
	Август 2006- Февруари 2009	ТТК Банка АД Скопје	Директор на Дирекција за пазарен и оперативен ризик
	Февруари 2009- Октомври 2009	ТТК Банка АД Скопје	Директор на Сектор финансии

	Октомври 2009-21.03.2012	ТТК Банка АД Скопје	Директор на Сектор Стратешко банкарство
	Од 22.03.2012	ТТК Банка АД Скопје	Член на Управен одбор
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Акционер во: Макстил АД Скопје. Била акционер во ТТК Банка АД Скопје и Алкалоид АД Скопје во последните 5 год. но повеќе не е акционер во истите друштва.
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години		Не била член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
10.3.4.	Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога трае забраната)		Не и е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години
10.3.5.	Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество		Нема учество во основната главнина и во гласачката структура на Банката

10.1.	Име и презиме и датум на раѓање		**М-р Димитри Трповски, 06.02.1983**
	Деловна адреса		ул.Народен фронт бр.19А,Скопје
	Функција што ја врши кај издавачот		Директор на Сектор Стратешко банкарство Член на Одбор за управување со ризици Член на Кредитен Одбор
	Податоци за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за тој издавач)		Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот
10.2.	Податоци за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор, кредитниот одбор и одборот за управување и надгледување на информативна технологија		Роднинска поврзаност со Борислав Трповски (Член на Надзорен одбор и Член на Одбор за ревизија)
10.3.	Детални податоци		
10.3.1.	Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство		
	01.09.2005-28.02.2006	Тетекс Кредитна Банка АД Скопје	Приправник
	01.03.2006-30.06.2006	Тетекс Кредитна Банка АД Скопје	Референт

	01.07.2006-30.06.2007	ТТК Банка АД Скопје	Референт за девизен платен промет
	01.07.2007-28.02.2009	ТТК Банка АД Скопје	Соработник во тим за промени
	01.03.2009-30.09.2009	ТТК Банка АД Скопје	Асистент на Директор на Сектор Корпоративно банкарство
	01.10.2009-31.03.2014	ТТК Банка АД Скопје	Заменик Директор на Сектор за Комерцијално Банкарство, а од 09.06.2010 година дополнително ги вршеше работите во Дирекцијата со сите права и одговорности на работното место Директор на Дирекција за Корпоративно Банкарство, се до назначување на Директор на Дирекција за Корпоративно Банкарство
	Од 01.04.2014	ТТК Банка АД Скопје	Директор на Сектор Стратешко банкарство
10.3.2.	Имиња на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или е содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер		Акционер е во ТТК АД Скопје, РЖ Економика АД Скопје, Тетекс АД Тетово и Жито Лукс АД Скопје .
10.3.3.	Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години		Не бил член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години
27	Филијала Куманово	5	5	5
28	Филијала Охрид	5	5	5
29	Филијала Скопје	8+(1)	7	6
31	Филијала Струмица	5+(2)	6	5
32	Филијала Тетово	29+(1)	25+(1)	26
33	Филијала Штип	7	7	7
34	Централа Скопје	117+(1)	108+(4)	104+(2)
35	Шалтер АСУЦ	1	0+(1)	1
36	Шалтер Палма Мол	0	1	1
37	Шалтер Брвеница	1	0	0*
	Вкупно	**278+(11)**	**257+(10)**	**238+(5)**

*О.Е. кои во анализираните периоди имаат број на вработени нула - означува дека истите се затворени

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ

12.ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ

12.1.Согласно сознанијата на издавачот, податоци за лицата (освен за оние кои се членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот) кои заедно со поврзаните лица, директно или индиректно, поседуваат повеќе од 5% од било кој род или класа на акции издадени од издавачот, заедно со висината на тоа учество (апсолутна вредност и релативна вредност во однос на основната главнина на издавачот и во однос на гласачката структура на издавачот). Ако нема такви лица или ако нема сознанија за такви лица да се даде соодветна негативна изјава

Согласно сознанијата стекнати врз основа на книгата на акции и изјавите на поврзани субјекти, акционери кои поседуваат повеќе од 5% од издадените акции на ТТК Банка АД Скопје се: Групацијата Тетекс АД Тетово со состојба 30.09.2019 година, поседува 451.733 обични акции или 49,76%.

12.2.Опис на било какви договори или други актипознати за издавачот, чија реализација на определендатум може да доведе до промена на контролата кај издавачот

Во моментот на презентација на овој Проспект не постојат било какви договори или други акти кои се познати за ТТК Банка АД Скопје, чија реализација може да доведе до промена на контролата во управувањето врз ТТК Банка АД Скопје.

13.ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

13.1. Финансиски извештаи

13.1. Финансиски извештаи

Составен дел од Проспектот се ревидираните финансиски извештаи изготвени согласно регулативата на НБРСМ со независно ревизорско мислење за последни три години: 2016 година (Прилог бр.1), за 2017 година (Прилог бр.2) и за 2018 година (Прилог бр.3).

Ревидираните финансиски извештаи ги содржат предвидените задолжителни елементи:

а) Биланс на состојба
б) Извештај за сеопфатна добивка
в) Биланс на состојба
в) Извештај за промени на капитал и резерви
г) Извештај за паричните текови и
д) Објаснувачки белешки

13.2. Ревизија на годишните финансиски извештаи

13.2.1.Посочување дека финансиските извештаи се ревидирани и наведување на извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на издавачот за последните три години

Финансиските извештаи за последните три години (2016, 2017 и 2018 година) се ревидирани и заедно со извештаите на ревизорите за финансиските извештаи на Банката се составен дел на Проспектот (Прилог бр.1, Прилог бр.2 и Прилог бр.3).

13.2.2.Посочување на други информации во проспектот кои биле ревидирани од независен ревизор

Освен приложените ревидирани финансиски извештаи за последните три години (2016 - Прилог бр.1, 2017 - Прилог бр.2 и 2018 година - Прилог бр.3), не постојат други информации кои се содржани во Проспектот, а кои се ревидирани од независен ревизор.

13.2.3.Секаде во проспектот каде што се прикажуваат финансиски податоци кои не се земени од ревидираните финансиски извештаи на издавачот, задолжително се посочува изворот од каде се користени тие податоци и се посочува дека истите не се ревидирани

Секаде во проспектот каде што се прикажани финансиски податоци кои не се земени од ревидираните финансиски извештаи, е посочено дека тие податоци не се ревидирани.

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ

13.3.Периодични и други финансиски информации

13.3.1.Доколку издавачот објавил квартални или полугодишни финансиски извештаи од датумот на неговите последни ревидирани финансиски извештаи, истите треба да бидат вклучени во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, извештајот на ревизорот задолжително се прикажува во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи не биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, во проспектот задолжително се наведува тој факт

Составен дел од Проспектот се Финансиските извештаи за период од 01.01.-30.09.2019 годинакои се изработени согласно позитивната законска регулатива (Прилог-4).

Финансиските извештаи за периодот од 01.01.-30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор.

13.3.2.Доколку проспектот е од датум по завршување на девет месеци од датумот на последните годишни финансиски извештаи кои биле ревидирани, задолжително содржи периодични финансиски извештаи, кои може да бидат неревидирани (при што задолжително се наведува дека истите не се ревидирани), а кои се однесуваат најмалку на периодот од првото полугодие на финансиската година

Составен дел од Проспектотсе финансиските извештаи за период од 01.01.-30.09.2019 година кои не се ревидиран од овластен ревизор (Прилог бр.4)

13.3.3.Периодичните финансиски извештаи треба да ги вклучат и споредбените извештаи за истиот период од претходната финансиска година, освен за билансот на состојба кај кој за споредба може да се земе и состојбата од крајот на последната финансиска година

Периодичниот финансиски извештај (за 01.01.-30.09.2019 година – Прилог бр.4) кој е составен дел од Проспектот и кој не е ревидиран од овластен ревизор, ги вклучува споредбените извештаи за истиот период од претходната година.

13.4. Дивидендна политика

13.4.1.Опис на политиката на издавачот за распределба на дивиденда и на какви било ограничувања во поглед на истата

Сопствениците на обичните акции имаат право на дивиденда како дел од добивката на Банката. За исплата на дивиденда одлучува Собранието на Банката.

Банката нема да исплаќа дивиденда на сопствениците на обични акции, за оние деловни години во кои Банката нема да оствари добивка.

Висината на дивидендата на акциите се утврдува со Одлука на Собранието на Банката.

13.4.2.Износ на исплатена дивиденда по акција за последните три финансиски години, соодветно прилагодена во случаи на промени на бројот на акциите на издавачот, заради споредливост на податоците

ТТК Банка А.Д. Скопје има исплатено дивиденда за 2016,2017 и 2018 година врз основа на следниве Одлуки:

1.Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2016 година (дивиденден календар) бр.02-3270/9 од 31.03.2017 година и тоа бруто дивиденда по акција 8,22% од номиналната вредност на акцијата

2. Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2017 година (дивиденден календар) бр.02-3270/6 од 30.03.2018 година и тоа бруто дивиденда по акција 10,40% од номиналната вредност на акцијата

3. Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2018 година (дивиденден календар) бр.02-2947/7 од 05.04.2019 година и тоа бруто дивиденда по акција 10,50% од номиналната вредност на акцијата

Година	Бруто дивиденда по една обична акција
2016	82,22 денари
2017	104,00 денари
2018	105,00 денари

13.5.ПРАВНИ ПОСТАПКИ

Информации за какви било правни постапки (административни, судски и други законски постапки), вклучувајќи ги и потенцијалните постапки или постапките кои се во тек за кои издавачот е запознаен, за период од 12 месеци кои може да имаат, или имале во неодамнешното минато значајно влијание на финансиската положба или на профитабилноста на издавачот односно на групацијата на издавачот (нивната вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото). Доколку такви постапки не постојат, потребно е да се посочи дека не постојат

На денот на изработка на проспектот, во рамките на своето работење Банката нема постапка со поединечна вредност над 5% од капиталот на Банката.

13.6.Значајни промени во финансиската или трговската положба на издавачот

Опис на каква било значајна промена на финансиската положба на групацијата на издавачот која се случила во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидирани финансиски извештаи или по завршување на последното полугодие за кое се објавени периодични финансиски информации. Доколку такви промени не се случиле, потребно е да се посочи дека не се случиле

Во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидирани финансиски извештаи, односно од 31.12.2018 годинадо 30.09.2019 година кога се објавени периодични финансиски информации, Банката има остварена продажба на превземен имот со вкупна остварена капитална добивка од 35,4 милиони денари што има значајно влијание врз финансиската положба на Банката.

14. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

14.1.Податоци за капиталот на издавачот

14.1.1.Износ на основната главнина и број, род икласа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина со состојба на денот на последниот биланс на состојба вклучен во проспектот и состојба попромени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба до денотна изготвување на проспектот

Податоци за капиталот на Банката со состојба на 31.12.2018 година и 30.09.2019 година:

	31.12.2018	30.09.2019
Запишан капитал	907.888.000 ден	907.888.000 ден
Премија од акции	126.879 ден.	126.879 ден
Ревалоризациски резерви	(650.349 ден)	(650.349 ден)
Останати резерви	104.229.429 ден	110.177.626 ден
Акумулирана добивка	1.269.424 ден	1.269.424 ден
Добивка/загуба за периодот	101.276.437 ден	91.421.542 ден
Вкупно капитал и резерви	1.114.139.820 ден	1.110.233.122 ден
	31.12.2018	**30.09.2019**
Број на обични акции	907.888	907.888

Податоците со состојба 30.09.2019 не се ревидирани од овластен ревизор

Со состојба на 31.12.2018 година, капиталот на ТТК Банка АД Скопје се состои од 907.888 обични акции со поединечна номинална вредност од 1.000 денари,сите акции се со право на глас.
Со состојба на 30.09.2019 година, капиталот на ТТК Банка АД Скопје се состои од 907.888 обични акции со поединечна номинална вредност од 1.000 денари, сите акции се со право на глас.

14.1.2.Износот на издадените конвертибилни хартии од вредност и хартии од вредност со варанти, соопис на условите и процедурите на конверзија илизапишување

ТТК Банка АД Скопје нема издадено конвертибилни хартии од вредност ниту хартии од вредност со варанти.

14.1.3.Податоци за тоа дали органот на управување е овластен со Статутот на издавачот да ја зголемиосновната главнина (одобрен капитал) и податок заизносот на одобрениот капитал и за периодот за кој важи одредбата на Статутот за одобрен капитал

Со Статутот на Банката (Пречистен текст 02-4608/2 од 03.06.2019г.), зголемувањето на основната главнина со одобрен капитал е предвидено само како еден од начините на зголемување на основната главнина.
Согласно постојниот Статут органот на управување не е овластен со Статутот на издавачот да ја зголеми основната главнина (одобрен капитал)

14.2.Релативни показатели за работењето на издавачот на денот на последните финансиски извештаи презентирани во проспектот и последниот квартал до денот на изготвување на проспектот

14.2.1.Адекватност на капиталот согласно методологијата пропишана од Народна банка на Република Северна Македонија

Адекватност на капиталот на Банката			
31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019
16,71%	16,34%	16,11%	15,95%

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.2.2. Учество на сопствени средства во пасивата

Учество на сопствени средства во пасивата			
31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
12,33%	11,71%	11,93%	11,42%

**Податоците со состојба од 30.09.2019година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.2.3. Учество на депозити од население во пасивата

Учество на депозити од население во пасивата			
31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
49,33%	52,14%	53,57%	53,42%

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.2.4. Однос на краткорочни пласмани и краткорочни извори

Однос на краткорочни пласмани и краткорочни извори			
31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
0,18	0,18	0,16	0,15

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

Во краткорочни пласмани се вклучени сите кредити и побарувања од банки и други комитенти на бруто основа кои се класифицирани со рочност до 1 година (тука се вклучени и побарувањата врз основ на камати, достасаните и недостасаните побарувања, авансите, акумулираната амортизација и сомнителните и спорни побарувања), додека во краткорочни извори се вклучени сите обврски по основ на депозити на банки и други комитенти кои се класифицирани со рочност до 1 година

14.2.5.Агрегатна отворена девизна позиција

Агрегатна отворена девизна позиција на Банката				
	31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
Во илјади денари	114.814	57.275	105.860	97.529
% од сопствените средства	11,93%	5,90%	10,83%	9,97%

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.2.6.Голема кредитна изложеност во однос на сопствените средства

Податокот за големата кредитна изложеноста на Банката е во согласност со член 72 од Законот за банки,според кој вкупниот износ на големи изложености не смее да го надмине осумкратниот износ на сопствените средства на Банката.

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ

Вкупен износ на големи кредитни изложености во однос на сопствените средства				
	31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
во 000 мкд	497.816	799.393	469.386	548.311
% од сопствени средства	51,71%	82,34%	48,02%	56,08%

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.2.7.Капитални вложувања во нефинансиски институции

Капитални вложувања во нефинансиски институции (во 000 МКД)				
	31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
Теал АД Тетово	21.357	21.357	21.357	21.357

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

Капиталните вложувања се претставени на нето износ.

14.2.8.Капитални вложувања во банки, штедилници и други финансиски институции

Капитални вложувања во банки, штедилници и други финансиски институции (во 000МКД)				
	31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
Уни Банка	12.795	0	0	0
Централна Коопертивна Банка	7.308	6.017	6.017	6.017
Капитал Банка	4.157	1.294	1.294	1.249
Македонска Берза за хартии од вредност	10.351	10.351	10.351	10.351
Клириншка куќа	38.990	38.990	38.990	38.990
Центарлен депозитар за хартии од вредност	6.611	6.611	6.611	6.611
ВКУПНО:	**80.211**	**63.264**	**63.264**	**63.264**

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

Капиталните вложувања се претставени на нето износ.

14.2.9.Учество на основните средства во вкупните сопствени средства на банката

Учество на основните средства во вкупните сопствени средства на банката			
31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019
24,06%	23,10%	22,82%	22,71%

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.2.10.Учество на кредитна изложеност во ризични категории В, Г и Д во вкупна кредитна изложеност

Учество на кредитната изложеност во одделните ризични категории во вкупната кредитна изложеност				
Категорија на ризик	31.12.2017 год.	31.12.2018 год.	30.06.2019 год.	30.09.2019 год.
В	1,8%	1,1%	1,8%	1,5%
Г	0,2%	0,7%	0,2%	0,2%
Д	1,3%	0,9%	1,4%	1,0%

Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор

14.3.Вкупен платен промет спрема странство за претходната година и за тековната година

Вкупен платен промет спрема странство (во 000 мкд)			
01.01-31.12.2017 год.	01.01-31.12.2018 год.	01.01-30.06.2019 год.	01.01.-30.09.2019 год.
3.887.587	4.587.397	2.206.877	3.334.896

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.4.Движење на ликвидноста: покриеност на обврските на Банката со високо ликвидна актива (парични средства и хартии од вредност издадени од НБРСМ и од Република Северна Македонија)

Покриеност на обврските на Банката со високоликвидна актива (во 000 денари)					
Категорија/дата	31.12.2017	31.12.2018	31.03.2019	30.06.2019	30.09.2019
Високоликвидна актива	2.413.088	2.258.088	1.979.451	1.990.328	2.261.930
Вкупно обврски	6.677.905	7.162.522	6.991.787	7.105.352	7.439.764
Коефициент	36,14%	31,53%	28,31%	28,01%	30,40%

**Податоците со состојба од 30.09.2019 година не се ревидирани од овластен ревизор*

14.5. Статут на издавачот и основачки акти

I.26.12.2005 година
-Одлука за усвојување на Статут на ТТК Банка АД Скопјеархивски бр.02/09-03 од 26.12.2005 година
-Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр. 02/09-03 од 26.12.2005 година
II.05.04.2006 година
-Одлука за усвојување на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/10-10 од 05.04.2006 година
-Статут на ТТК Банка АД Скопје, архивски бр. 02/10-12 од 05.04.2006 година
III. 07.12.2007 година
-Одлука за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/05-01 од 07.12.2007 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/05-02 од 07.12.2007 година
IV. 29.09.2009 година
-Одлука за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/09-02 од 29.09.2009 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/09-03 од 29.09.2009 година
V. 29.04.2011 година
-Одлука за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр. 02/11-01 од 29.04.2011 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/11-03 од 29.04.2011 година
VI.03.05.2012 година
-Одлука за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/14-01 од 03.05.2012 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02/14-02 од 03.05.2012 година
VII.29.04.2013 година
-Одлука за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-2662/16 од 29.04.2013 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-2662/15 од 29.04.2013 година
VIII.14.04.2016 година
-Одлука за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр. 02-4146/2 од 14.04.2016 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-4637/15 од 28.04.2016 година
IX.31.10.2016 година
-Одлука за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-10895/2 од 31.10.2016 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-12313/2 од 30.10.2016 година
X.31.03.2017 година
Одлука за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-3270/2 од 31.03.2017 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-3320/2 од 03.04.2017 година

XI.29.05.2019 година

Одлука за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-4456/2 од 29.05.2019 година
-Пречистен текст на Статут на ТТК Банка АД Скопје архивски бр.02-4608/2 од 03.06.2019 година

14.5.1.Предмет на работење на ТТК Банка АД Скопје согласно Член 8 од Статутот на Банката се:

1. Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3. Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4. Издавање и администрирање на платежни средства;
5. Финансиски лизинг;
6. Менувачки работи;
7. Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
8. Брз трансфер на пари;
9. Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
10. Изнајмување сефови, остава и депо;
11. Тргување со инструменти на пазарот на пари;
12. Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
13. Тргување со хартии од вредност;
14. Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
15. Чување на хартии од вредност;
16. Советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
17. Продажба на полиси за осигурување;
18. Посредување во склучување договори за кредити и заеми;
19. Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
20. Економски - финансиски консалтинг; и
21. Други финансиски активности утврдени со закон кои може да ги врши Банката.

Финансиските активности за кои е потребна согласност од НБРСМ, Банката ќе ги врши по претходно добивање на согласност.
За вршење на активностите од точка 3,12,13 и 14 освен тргување со хартии од вредност во земјата, Банката е должна да ја одржува вредноста на сопствените средства во износ не помал од 560.000.000,00 денари.

14.5.2.Опис на правата, предностите и ограничувањата кои произлегуваат од секоја класа на акции издадени од издавачот

Секоја обична акција дава право на еден глас во Собранието на Банката. Акционерот на Банката ги има сите права, обврски и одговорности утврдени со законските и подзаконските прописи и со Статутот на Банката.
Акционерите т.е.сопствениците на обични акции на Банката ги имаат следните права:
-право на учество и одлучување во Собранието на Банката;

-право на информирање за работењето на Банката;
-право на дивиденда;
-право на заштита на правата од акционерство пред судовите и други државни органи и институции;
-право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Банката и
-други права утврдени со законските и подзаконските прописи и со Статутот на Банката
ТТК Банка АД Скопје има издадено 907.888 обични акции со поединечна номинална вредност од 1.000 денари за една обична акција.

14.5.3.Опис на дејствието кое треба да биде преземено за промена на некое од правата на сопствениците на акции, при што ќе биде посочено дали условите за таквото дејствие се построги во однос на законот или не

Кога на Собранието на Банката се одлучува за прашања со кои се менува или ограничува кое било право врзано за некој род на акции, се применуваат законските одредби од Законот за трговските друштва и со Статутот на Банката не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива.
Одлуката со која се менува или ограничува кое било право врзано за некој род на акции се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род на акции дадат согласност со донесување на одлука со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието. Оваа одлука во зависност од точките на дневен ред на Собранието, може да се донесе на истото Собрание со одвоено гласање на овие акционери, или пак на посебно Собрание.

14.5.4.Опис на условите за свикување годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклучувајќи и податоци за начинот на кој акционерите го пријавуваат своето учество

Годишното Собрание на акционери се свикува најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Банката во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно Собрание. Собрание помеѓу две годишни Собранија (вонредно собрание) може да се свика кога тоа го бара интересот на Банката и на акционерите.
Право на присуство и учество во работата на седниците на Собранието и право на глас имаат акционерите кои се уредно запишани во книгата на акции.Седница на Собранието на Банката свикува Надзорниот одбор на Банката, согласно Закон.
Барање за свикување на Собрание во писмена форма можат да поднесат акционерите кои имаат најмалку 1/10 од акциите со право на глас. Во писменото барање акционерите треба да ги наведат целта и причините за свикување на Собранието и прашањата за кои Собранието ќе одлучува, своето име, презиме, местото на живеење иЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице. Акционерите кон барањето доставуваат и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседуваат во Банката.
Надзорниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.
Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Надзорниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до судот.

Собранието на Банката може да биде свикано со праќање на покана до акционерите или со објавување на јавен повик до акционерите. Начинот на свикување на Собранието се определува со Одлуката за свикување на Собрание.
Поканата се испраќа до сите акционери чиишто акции им даваат право на учество во работата на Собранието коешто се свикува, на начин којшто овозможува да се потврди датумот кога е испратена и датумот кога е примена од секој акционер. Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, којшто не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.
Јавниот повик се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија.Содржината на јавниот повик се објавува на насловната страница од официјалната интернет страница на Банката и интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност.

Поканата, односно Јавниот повик за учество на Собранието на Банката ги содржи потребните податоци и тоа:

1. Фирма и седиште на Банката;
2. Место, датум и час на одржување на Собранието;
3. Опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на Собранието, а особено во поглед на правотоза: (1) доставување на предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред, (2) поставување на прашања за точките од дневниот ред, (3) овластување на полномошник и постапката за гласање преку полномошник;
4. Другите процедурални формалности што се од значење за присуството на Собранието и за начинот на гласањето;
5. Дневниот ред според кој ќе работи Собранието;
6. Начинот на кој што се достапни материјалите што се подготвени за Собранието коешто е свикано;
7. Адресата на интернет страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите во врска со вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објава на повикот, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки за донесување или мислење од овластен орган или тело, предложените одлуки од акционерите, обрасците за гласање преку полномошник;
8. Други информации во зависност од точките на дневен ред за собранието;

Рокот кој тече од денот на испраќањето на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик за учество на Собранието на Банката до денот на одржувањето на Собранието, не може да биде пократок од 30 дена.
Материјалите за седницата на Собранието на Банката им се стават на располагање на акционерите од денот на испраќање на поканата, односно на објавувањето на јавниот повик, во време и место определено од Банката и на интернет страницата на Банката.
Секој акционер кој има намера да учествува на свикано Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Списокот на пријавените акционери се става на увид во седиштето на Банката.Пред почетокот на одржувањето на Собранието, се споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието. Списокот пред почетокот на одржувањето на Собранието, го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат Претседавачот со Собранието и

записничарот. По заверката на списоко, претседавачот со Собранието го констатира кворумот за работа. Завереният список им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, којшто не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

14.5.5.Опис на условите утврдени во Статутот или друг акт на издавачот со кои се регулира промената на основната главнина, кога тие услови се построги од оние пропишани со закон

Согласно Статутот на ТТК Банка АД Скопје и Законот за трговските друштва, основната главнина на Банката може да се зголеми:
- со влогови;
- со условно зголемување на основната главнина;
- со одобрен капитал и
- од средствата на Банката.

Зголемување на основната главнина се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Банката. Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Намалувањето на основната главнина на Банката се врши преку:
- намалување на номиналниот износ на акциите;
- спојување на акции и
- повлекување на сопствени и на други акции.

Намалувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Банката. Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.
Со Статутот на Банката не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива.

15.ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ

Податоци за секој договор (надвор од секојдневното работење на издавачот) кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот или друг член на групата (ако издавачот е дел од групата), за последните две години кои му претходат на изготвувањето на Проспектот.

Не постои договор, надвор од секојдневното работење на Банката, кој е од суштинско значење за работењето, а во кој како договорна страна се јавува ТТК Банка АД Скопје.

16.ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС

16.1.Кога во проспектот е вклучен извештај од трето лице-експерт, да се наведат податоци за тоа лице: име и презиме, деловна адреса, квалификации и податок дали лицето има материјален интерес кај издавачот. Податок во кој контекст и во која форма се употребува извештајот на тоа лице и согласност од лицето кое ја потврдило содржината на тој дел од Проспектот

Во Проспектот не е вклучен извештај од трето лице-експерт.

16.2.Кога извор на определена информација е некое трето лице, потребно е да се обезбеди потврда дека таа информација е точно и прецизно репродуцирана и дека согласно можностите и сознанијата на издавачот не е прикриен ниту еден факт кој

би ги направил репродуцираните информации нецелосни или неточни. Да се наведе изворот на информациите

Во Проспектот не е вклучен информација чиј извор е трето лице.

17.ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

17.1.Причини за понудата и намена на средства што ќе се приберат со понудата

Причина за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница по пат на јавна понуда е зајакнување на капиталната сила и на вкупниот финансиски капацитет на Банката, преку зајакнување на сопствените средства на Банката во наредниот период од 6 (шест) години. Банката планира да ги оствари планираните бизнис цели утврдени во Деловната политика, развојниот и финансискиот план за период 2019-2021 година.

17.2.Општи податоци за хартиите од вредност

17.2.1.Бројот и датумот на актот за издавање на должнички хартии од вредност

Издавањето на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница по пат на јавна понуда е одобрено со Одлука од Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје, број 02-9009/1 од 05.11.2019 година.

17.2.2.Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени

Издавањето на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница-втора емисија по пат на јавна понуда е одобрено со Одлука од Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје, број 02-9009/1 од 05.11.2019 година.
Издавањето на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница-втора емисија по пат на јавна понуда е одобрено со Решение од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија број УП1 Број 10-91 од 27.12.2019 год.

17.2.3.Бројот на хартии од вредност што се издаваати номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата)

Предмет на јавната понуда е втората емисија на долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница која изнесува 1.500 лотови (илјада и петстотини). Номинална вредност на корпоративната обврзница е 1.000,00 ЕВРА по лот, во вкупен номинален износ од 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) ЕВРА.

17.2.4.Закони врз основа на кои се издаваат хартиите од вредност

Хартиите од вредност се издаваат врз основа на:
-Законот за Банки,
-Законот за трговски друштва;
-Законот за хартии од вредност; и
-во согласност со Одлуката за методологија за утврдување на адекватност на капиталот на НБРСМ.

17.2.5.Назив и адреса на субјектот каде што се регистрираат хартиите од вредност

Доколку втората емисија на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница преку јавна понуда е успешна т.е. ако минимум 60% од понудените обврзници се запишат и платат, тогаш хартиите од вредност ќе се регистрираат кај Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје-ЦДХВ АД Скопје со седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

17.2.6.Времето и начинот на предавањето на хартиите од вредност за регистрирање кај овластен депозитар

Доколку исходот од понудата на кororативната обврзница преку јавна понуда е успешен т.е. ако минимум 60% од понудените долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница од втора емисија се запишани и платени во предвидениот рок од 3 (три) месеци, Банката доставува писмено известување за запишани и платени хартии од вредност до Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Во рок од 2 (два) дена од доставеното известување за запишани и платени хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, врши порамнување на трансакциите, според принципот "испорака наспроти плаќање" при што дава инструкции за налог за пренос на паричните средства од посебната сметка за примање на паричните средства во текот на постапката за запишување на редовната сметка на издавачот, а во исто време ги префрлува хартиите од вредност на сметките за хартии од вредност на лицата кои што запишале корпоративни обврзници од новата емисија, согласно Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

17.2.7. Податоци за оданочувањето на приходите од хартии од вредност

Податоци за оданочувањето на приходите од хартии од вредност за правни лица:

Според член 4 од Законот за данок на добивка, обврзникот на данок на добивка е правно лице резидент на Република Северна Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство.

Обврзникот на данок на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република Северна Македонија. Стапката на данок на добивка изнесува 10%.

Основа за пресметување на данокот на добивка е добивката која се утврдува во даночниот биланс.

Добивката претставува разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износ утврден согласно со прописите за сметководство и сметководствените стандарди,корегирана за непризнаените расходи за даночни цели и даночни ослободувања.

Приходите од каматите на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница влегуваат во даночната основа за пресметка на данок на добивка.

Податоци за оданочувањето на приходите од хартиите од вредност за физички лица:

Согласно член 5 од Законот за данок на личен доход, обврзник на данок на доход е секое физичко лице резидент на Република Северна Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство. Резидент во смисла на овој Закон е физичко лице кое на територијата на Република Северна Македонија има постојано живеалиште или престојувалиште. Резидентот има престојувалиште ако на територијата на Република Северна Македонија престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12 месечен период.

Согласно член 7 од Законот за данок на личен доход е и физичко лице кое не е резидент на Република Северна Македонија, за доход што е остварен на територијата на Република Северна Македонија.

Според член 11 став 2 од Законот за данок на личен доход, за доходот од капитал данокот се плаќа по единствена стапка од 15%.

Согласно член 55 став 4 и член 57 став 2 од Законот за персонален данок на доход основа за данокот на доход за каматата од хартии од вредност претставува износот на пресметаната камата.

Податоци за оданочување на приходите од капитална добивка:
Под капитална добивка се подразбира разликата помеѓу продажната и набавната цена при продажба или размена на хартии од вредност.Основа на данокот од доход од капитални добивки претставува разликата помеѓу продажната и куповната цена на хартиите од вредност во висина од 90% (се признаваат нормирани трошоци 10%). Според член 11 став 2 од Законот за данок на личен доход, за доходот од капитал данокот се плаќа по единствена стапка од 15%.
Одредбите од Законот за данок на личен доход кои се однесуваат на оданочувањето на капиталната добивка остварена од продажба на хартии од вредност, ќе се применуваат од 01.01.2020 година.

17.4.Податоци за должничките хартии од вредност

17.4.1.Опис на видот и класата на хартии од вредност кои се издаваат, вклучувајќи и ИСИН број за хартиите од вредност, доколку таков постои

Вид на хартии од вредност: долгорочни должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница.
Висина на каматната стапка: 2,7% годишна каматна стапка, фиксна за целиот период.
Вкупна номинална вредност:1.500.000,00 ЕВРА (еден милион петстотини илјади евра)
Номинална вредност на 1 (една) корпоративна обврзница:1.000,00 ЕВРА
Емисија: Втора емисија на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница.
Преносливост: Обврзниците се неограничено преносливи до доспевање.
Конвертибилност: Обврзниците не се конвертибилни.
ИСИН број: Не постои.

17.4.2.Серија на хартии од вредност

Втора серија на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница.

17.4.3.Валута на која гласат хартиите од вредност (доколку хартиите од вредност се деноминирани во странска валута - се наведува курсот по кој ќе се пресметува денарската противвредност)

Корпоративната обврзница е деноминирана во ЕВРА и ќе се понуди по цена од 1.000,00 ЕВРА по обврзница во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.
Каматата и главницата ќе се пресметуваат по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на пресметката на исплатата.

17.4.4.Рангирање на хартијата од вредност што е предмет на јавната понуда, вклучувајќи и податоци за клаузулите кои имаат влијание на рангирањето или ги субординираат хартиите од вредност на одредени сегашни или идни обврски на издавачот

Обврзниците кои се предмет на издавање се субординирани и содржат клаузула за субординација, односно клаузула според која во случај на стечај или ликвидација на Банката, обврските врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница ќе бидат исплатени пред намирувањето на обврските кон акционерите на Банката, но по намирувањето на обврските кон останатите депоненти и доверители на Банката.
Обврските врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница, не подложат на каков било договор или друг правен акт што го намалува степенот на субординација.
ТТК Банка АД Скопје има издадено на ден 18.09.2019 година, долгорочни-должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница-прва емисија во номинална вредност од

1.500.000 евра со рок на доспевање од 5 години и 3 месеци, односно датум на доспевање на 18.12.2024 година и со фиксна годишна камата за целиот период од 3,5%.
Обврските врз основа на корпоративната обврзница од втора емисија ќе се исплатат по намирување на обврските кои произлегуваат од корпоративната обврзница-прва емисија издадена од ТТК Банка АД Скопје.
Во случај на нова трета емисија на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница, долгорочна должничка харија од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) од втора емисија ќе има приоритет на исплата во однос на други должнички хартии од вредност со ист квалитет и иста карактеристика како оваа долгорочна должничка хартија од вредност.

17.4.5.Опис на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права

Права кои произлегуваат од хартиите од вредност
Долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративни обврзници се неограничено преносливи, во нематеријализиран облик, гласат на име и слободно може да се тргуваат на секундарен пазар.
Корпоративната обврзница му носи на имателот на обврзницата право на камата и право на номинална вредност.
Правото на камата имателите на корпоративната обврзница ќе го користат сè до нивно достасување. Исплатата на каматата ќе се врши во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на исплатата, еднаш годишно, сметано од денот на настанатиот прилив на парични средства по основ на уплата на корпоративна обврзница на сметка на Банката.
Исплатата на номиналниот износ на корпоративната обврзница ќе се врши во рок од 3 (три) работни дена по денот на достасување на обврзницата, односно по истекот на 6 (шест) години од денот на настанатиот прилив на парични средства на сметка на Банката.
Во случај на доцнење на исплата на камата, односно главнина на корпоративната обврзница, после истекот на роковите, Банката се обврзува да им плати законска казнена камата на имателите на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница.

Било какви ограничувања на права кои произлегуваат од хартиите од вредност
Корпоративните обврзници не се гарантирани односно не се покриени со друг вид обезбедување од страна на Банката или лица поврзани со неа.
Купувачот на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница нема да биде Банката, нејзина подружница или лице во кое Банката има учество и купувањето не е финансирано директно или индиректно од Банката.

Обврските врз основа на корпоративната обврзница се целосно подредени на обврските кон останатите депоненти и доверители на Банката, односно ќе бидат исплатени по измирување на обврските кон останатите депоненти и доверители на Банката и не подлежат на каков било договор што го намалува степенот на субординација.
Имателите на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративна обврзница не може да бараат предвремен откуп или отплата на обврзницата од страна на Банката, односно обврските врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративни обврзници, не можат да бидат откупени или предвремено отплатени, од страна на Банката, освен во случај на стечај или ликвидација на Банката. Имателот на корпоративна обврзница не може да бара забрзана отплата на идните побарувања врз основа на камата или главница, освен во случај на стечај или ликвидација на Банката.

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ

Обврските врз основа на долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративни обврзници немаат третман на депозит (штеден влог) и не се предмет на осигурување од страна на Фондот за осигурување на депозити.

Начин на остварување на правата од обврзницата
Корпоративните обврзници се запишува во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Правото на сопственост и правото на располагање се стекнува со денот на запишување на корпоративните обврзницина сметката на сопственикот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.
Исплатата на каматата и главницата на корпоративните обврзници ќе се врши на сметка на имателот на обврзницата. Секој имател на корпоративните обврзници мора да обезбеди во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје податок за банкарската сметка на која ќе се врши преносот на средствата на име на доспеани обврски од обврзниците.Податоците и информациите за имателот на обврзниците, запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје мора да ги содржат сите елементи кои на издавачот, односно на Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје му овозможуваат да ги пренесе средствата на име на доспеани обврски од обврзниците на определена банка и на соодветната сметка на имателот на обврзниците. За имател на корпоративните обврзници, на денот на доспевање на одделна обврска од обврзниците, се смета лице на чија сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје се евидентирани обврзници на датумот на доспевање на секоја одделна обврска.

17.4.6.Висина на каматната стапка, начинот на пресметување и исплата на истата
Корпоративната обврзница е со годишна каматна стапка од 2,7% фиксна за целиот период. Начинот на пресметка ќе се врши според проста метода по принципот реален број на денови за периодот на пресметката врз реален број на денови во годината. Исплатата на каматата ќе се врши во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на исплатата, еднаш годишно, сметано од денот на настанатиот прилив на парични средства по основ на уплата на корпоративните обврзници на сметка на Банката.

-датум на исплата на камата (датум на почеток и датум на завршување на периодот во кој ќе се исплаќа каматата)
Првата исплата на камата ќе започне по истекот на дванаесет месеци од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, а ќе заврши во наредните 6 (шест) години.
Каматата се исплаќа еднаш годишно и тоа:

Камата за првата година
Пресметката на каматата за првата година ќе се изврши по истекот на 1 (една) година од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, со примена на реален број на денови во годината;

Камата за втората година
Пресметката на каматата за втората година ќе се изврши по истекот на 2 (две) години од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, со примена на реален број на денови во годината;

Камата за третата година
Пресметката на каматата за третата година ќе се изврши по истекот на 3 (три) години од

денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, со примена на реален број на денови во годината;

Камата за четвртата година
Пресметката на каматата за четвртата година ќе се изврши по истекот на 4 (четири) години од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, со примена на реален број на денови во годината;

Камата за петтата година
Пресметката на каматата за петтата година ќе се изврши по истекот на 5 (пет) години од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, со примена на реален број на денови во годината;

Камата за шесттата година
Пресметката на каматата за шесттата година ќе се изврши по истекот на 6 (шест) години од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката, со примена на реален број на денови во годината;

-краен рок до кога може да се наплати каматата и главницата
Каматата на корпоративната обврзница се исплатува до нивно достасување во период од 6 (шест) години од денот на настанатиот прилив на парични средства на сметка во Банката. Главницата на корпоративната обврзница се исплатува во целост во рок од 3 (три) работни дена по денот на достасување на обврзницата, односно по истекот на 6 години од денот на настанатиот прилив на парични средства на сметка во Банката.

Услови за исплата на каматата
Исплатата на каматата и главницата на корпоративната обврзница ќе се врши на сметка на имателот на обврзницата. Секој имател на корпоративната обврзница мора да обезбеди во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје податок за банкарската сметка на која ќе се врши преносот на средствата на име на доспеани обврски од обврзницата. Податоците и информациите за имателот на обврзниците, запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, мора да ги содржат сите елементи кои на издавачот му овозможуваат да ги пренесе средствата на име на доспеани обврски одобврзницата на определена Банка и на соодветна сметка на имателот на обврзницата. За имател на корпоративната обврзница, на денот на доспевање на одделна обврска од обврзницата, се смета лице на чија сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје се евидентирани обврзници на денот на доспевање на секоја одделна обврска.
Ако имателот на обврзницата на денот на доспевање на неговото побарување по основ на обврзницата не ги добие средствата на својата банкарска сметка, тој мора за тоа веднаш да го извести издавачот и да му ги соопшти писмено податоците за правилната банкарска сметка, односно други соодветни податоци кои на издавачот му овозможуваат да ја изврши уплатата на соодветната обврска на сметка на имателот на обврзниците. За средствата по основ на доспеани обврски од обврзниците, во случај на нецелосни податоци за имателот, кои на издавачот не му

овозможуваат да ги уплати средствата по основ на доспеани обврски од обврзниците, на начинот кој е определен согласно Проспектот или на друг начин кој ќе го определи издвачот согласно со прописите од денот на доспеаноста на обврската од обврзниците, не се пресметува затезна камата.
Пресметката и исплатата на каматата ќе се врши еднаш годишно во денарска противвредност, сметано од денот на настанатиот прилив на парични средства во Банката.
Номиналната вредност на главницата доспева за исплата во целост на датумот на доспевање на обврзницата.

17.4.7.Рок на доспевање и амортизационен план на должничката хартија од вредност, вклучувајќи ја и постапката за отплата

Рок на доспевање на корпоративната обврзница е 6 (шест) години од датумот на запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (односно, од датумот на настанатиот прилив на парични средства во Банката).
Главницата на корпоративните обврзници ќе се исплати во целосен износ заедно со последната исплата на камата, односно по истекот на 6 (шест) години од датумот на настанатиот прилив на паричните средства во Банката.

	датум на доспевање	број на денови за пресметка на камата	број на обврзници	каматна стапка	неисплатен износ на главницата	исплата на камата	главница и камата	исплата на главница
прва година	__.__.____- __.__.____	365	1500	2,7	1.500.000,00	40.500,00	1.540.500,00	0,00
втора година	__.__.____- __.__.____	365	1500	2,7	1.500.000,00	40.500,00	1.581.00,00	0,00
трета година	__.__.____- __.__.____	365	1500	2,7	1.500.000,00	40.500,00	1.621.500,00	0,00
четврта година	__.__.____- __.__.____	365	1500	2,7	1.500.000,00	40.500,00	1.662.000,00	0,00
петта година	__.__.____- __.__.____	365	1500	2,7	1.500.000,00	40.500,00	1.702.500,00	0,00
шестата година	__.__.____- __.__.____	365	1500	2,7	1.500.000,00	40.500,00	1.743.000,00	0,00
главница	__.__.____	0	1.500	0	0,00	0,00	0	1.500.000,00
Вкупно за исплата					0,00	243.000,00	1.743.000,00	1.500.000,00

*под претпоставка дека ќе бидат запишани 100% од издадените корпоративни обврзници

17.4.8.Висина на основната главнина на издавачот и процентот на учество на емисија на должнички хартии од вредност во основната главнина и во главнината

Почетниот капитал (основната главнина) на Банката изнесува 907.888.000,00 денари и е поделена на 907.888 обични акции со поединечна номинална вредност од 1.000,00 денари, а долгорочните должнички хартии од вредност како капитален инструмент (корпоративна обврзница) во основната главнина учествуваат со 10,16%*.
*според среден курс на евро на НБРСМ на ден 05.11.2019 година.

17.4.9.Извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност

Обврските кои произлегуваат од корпоративните обврзници ќе се исплаќаат од сопствени извори на средства на Банката и од наплата на побарувања на Банката по основ на редовното работење.

17.4.10.Ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартии од вредност

Ограничувањата кои ги носи обврзницата за заштита на идните купувачи се подетално опишани во точките 17.4.4 и 17.4.5 од овој Проспект.

17.4.11.Опис на ограничувањата на трансферабилноста на хартиите од вредност, доколку има ограничувања

Не постојат ограничувања кои ги носат долгорочните должнички хартии од вредност - корпоративни обврзници, односно слободно може да се тргуваат на секундарен пазар.

17.4.12.Доколку се издаваат конвертибилни должнички хартии од вредност, потребно е да се дадат податоци за типот на хартии од вредност во кои се конвертираат, како и условите и процедурата за конверзијата

Обврзниците кои се предмет на оваа јавна понуда не се конвертираат во обични акции ниту во хибридни инструменти, односно не даваат права на замена со друг инструмент на Банката согласно Одлуката на Собрание на акционери бр.02-9009/1 од 05.11.2019 година.

18.РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА

18.1.Цена на хартиите од вредност

18.1.1.Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластената берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор

Цената по која купувачите ќе ги запишат и уплатат обврзниците е фиксна и изнесува 100% од номиналната вредност на обврзницата односно 1.000,00 ЕУР по обврзница, во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евро на денот на уплатата. Продажбата ќе се врши по пат на јавна понуда преку Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје, согласно Правилата за тргување на Македонска Берза за хартии од вредност, Анекс 3 според моделот на фиксна цена, со примена на принципот на приоритет на налози со порано време на внес на налоготво БЕСТ системот.

При давање приоритет на налози со порано време на внес на налог БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата на тој начин што приоритет добива налогот кој има порано време на внесување.

По издавањето на обврзницата, при секундарно тргување цената на обврзницата се изразува како процент од номиналната вредност без акумулираната камата.

Процентот се изразува со две децимални места.
При секундарното тргување со обврзниците, освен цената изразена како процент од номиналната вредност, купувачот на обврзниците треба да му ја плати акумулираната, но сéуште ненаплатена камата, пресметана од денот на тргување, согласно условите за пресметка на камата наведена во Проспектот за издавање.Пресметката на акумулираната камата ја врши овластен депозитар.

18.1.2.Податок за трошоците односно провизиите кои паѓаат на товар на запишувачот односно купувачот
Нема дополнителни трошоци, односно провизии кои паѓаат на товар на запишувачот односно купувачот, освен провизиите за платен промет и провизиите што ги наплатуваат овластените членки на Берзата преку која ги запишуваат обврзниците, па купувачот подлежи на трошоци кои ги плаќа во свое име и за своја сметка како и во свое име и за сметка на институциите на пазарот на капитал согласно нивните важечки Тарифи.

18.2.Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност предмет на понудата утврдени согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот

18.2.1.Вкупна вредност на понудата
Вкупна продажна вредност на јавната понуда изнесува 1.500.000,00 ЕВРА (еден милион и петстотини илјади евра) во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на уплатата.

18.2.2.Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година) и опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност;
Рок за започнување на јавната понуда е најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на одобрението за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници) од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Банката ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на корпоративната обврзница на македонски јазик и негово кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија во "Вечер"на ден 09.01.2019 година.
Истовремено, Банката ќе ги објави Проспектот и Поканата за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници) на нејзината интернет страница, како и на интернет страницата на Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје.
Датумот за започнување на рокот зазапишување и уплата на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници) е 14 календарски дена по објавата на Поканата за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност како капитален инструмент по пат на јавна понуда (корпоративна обврзница - втора емисија на обврзници), односно на ден 23.01.2020 година.

Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на корпоративната обврзница е 3 (три) месеци од денот на започнување на продавањето-запишување и уплата, односно на ден 23.04.2020 година.

Запишувањето на јавно понудените корпоративни обврзници ќе се врши преку Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје, ул.Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје, (тел.+38923122055)-овластена берза со која ТТК Банка АД Скопје склучи Договор, заведен кај издавачот под број 11-9731/1 од 27.11.2019 и заведен кај Македонската Берза АД Скопје под број 03-1788/1 од 26.11.2019.
Запишувањето на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница ќе се одржува во денови на тргување на Македонската берза за хартии од вредност во времетраење што ќе го одреди извршниот директор на Берзата.

Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје преку кој заинтересираните лица ќе можат да запишуваат и уплатат средства за купување на корпоративната обврзница по пат на јавна понуда:

Членка на Македонската берза АД Скопје	Адреса и град	телефони
ТТК БАНКА АД Скопје Оддел за работа со хартии од вредност	ул.Народен Фронт бр.19А, Скопје	+38923247000 лок.495,496,497;
ЕУРОХАУС АД Скопје	бул.Св.Климент Охридски бр.52-А/1/5, Скопје	+38923217095; +38923217078;
ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје	бул.Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8, Скопје	+38923296853; +38923213785;
ИНВЕСТ БРОКЕР АД Скопје,	ул.Истарска бр.33,Скопје	+38923110290; +38923103291;
ИНОВО БРОКЕР АД Скопје	бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4, кат 2, Скопје	+38923120941; +38923110950;
КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ Дирекција за тргување со хартии од вредност	ул.Орце Николов бр.3,Скопје	+3892 3168168; +3892 3247431; +38923213225;
НЛБ БАНКА АД Скопје	ул.Мајка Тереза бр.1, Скопје	+38925100354; +38923296219;
ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД Скопје	ул.Никола Кљусев бр.2, Скопје	+38923224300; +38923140120;
СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги,	бул.11 Октомври бр.7, Скопје	+38923295407; +38923295405; +38923295551;
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје	ул.Македонија бр.11А,Скопје	+38923219310;
Шпаркассе Банка Македонија АД Скопје	ул.Македонија бр.9/11,Скопје	+38923200785; +38923200592;

ТТК Банка АД Скопје, како овластено правно лице – членка на овластена берза и овластен депозитар, се застапува самата во постапката на запишување преку берза преку Одделот за работа со хартии од вредност.
Понудата и запишувањето на корпоративната обврзница по пат на јавна понуда ќе се реализира преку Македонската берза согласно моделот на фиксна цена, при што приоритет се дава на налози со порано време на внес на налогот.
При запишувањето секој купувач треба да пополни изјава (уписница), која се дава истовремено со давање на налог за купување на хартии од вредност од јавната понуда кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност-членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализација на налогот за купување.
Корпоратативните обврзници се уплатуваат во пари. Плаќањето на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзницасе врши во денари и согласно законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонска берза на хартии од вредност.
Уплатата се врши наеднаш. Средствата за запишување и уплата на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица – членки на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје. Членките на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје уплатените средства за купување на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница по пат на јавна понуда, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во ТТК Банка А.Д. Скопје отворена за таа намена на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

18.2.3.Процентот на успешност односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна;
Запишувањето на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница ќе се смета за успешно завршена, ако во дадениот рок (рок за реализација на запишување и уплата на корпоративна обврзница по пат на јавна понуда е 3 месеци од денот на започнување на продажбата), најмалку 60% од понудените корпоративни обврзници во Проспектот се запишани и уплатени.

18.2.4.Услови за затворање на јавната понуда
Банката ја затвора постапката на јавната понуда по истекот на предвидениот рок од 3 месеци од денотво точката 18.2.2. за запишување на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница.
Доколку,пред истекот на рокот за запишување и уплата на корпоративната обврзница, се запишат и уплатат 100% од понудените обврзници,Банкатаќе ја затвори јавната понуда и преку соопштение за успешно реализирана јавна понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и јавноста.

18.2.5.Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите
Доколку во дадениот рок (рок за реализација на запишување и уплата на долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзницапо пат на јавна понуда е 3 месеци од денот на започнување на продажбата) не се запишат и уплатат најмалку 60% од понудените корпоративни обврзници во Проспектот, ТТК Банка АД Скопје ќе ја прогласи јавната понуда за неуспешна.
По утврдување на неуспешност на јавната понуда, сите запишувања на корпоративната обврзница се поништуваат и сите уплатените средства по основ на јавната понуда,

зголемени за депозитна камата утврдена согласно член 2 став 1 точка 12 од Законот за хартии од вредност, се враќаат на купувачите најдоцна во рок од осум дена од денот за објавување на неуспешност на јавната понуда.

18.2.6.Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените

При запишувањето и распределбата на запишаните корпоративни обврзници се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на давање приоритет на налози со порано време на внес на налогот во БЕСТ системот преку Македонската берза АД Скопје. На тој начин не постои можност за продажба на повеќе корпоративни обврзници од понудените.

Уплатените средства на секое заинтересирано лице кое дало налог за купување на корпоративни обврзници од втората емисија, чијшто налог не се реализирал му се враќаат на дневна основа. Во случај да клиентот дал налог, а налогот не се реализирал целосно, тогаш повеќе уплатените средства се враќаат на клиентот на дневна основа.

18.2.7.Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише уплати

Еден (1) лот е една (1) обврзница.

18.2.8.Начин на плаќање на хартиите од вредност

Долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзница се уплатуваат од купувачите во пари, во целост. Плаќањето на корпоративната обврзница се врши во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евро на денот на уплататаи согласно законската и подзаконската регулатива и Правилата на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Правилата на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Уплатата се врши наеднаш. Средствата за купување на корпоративна обврзница купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица–членки на Македонска Берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје.Членките на Македонска Берза на хартии од вредност АД Скопје уплатените средства за запишување, купување на корпоративна обврзницапо пат на јавна понуда, на дневна основа ги пренесуваат на посебна сметка во ТТК Банка А.Д. Скопје отворена за таа намена со број 290-1000002121-85 која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

18.2.9.Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност

Правата од хартиите од вредност, долгорочните должнички хартии од вредност-корпоративна обврзницакои се предмет на јавната понуда, настануваатпо завршување на јавната понуда наведени во точката 17.4.5. во овој Проспект т.е. после порамнувањето преку Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и запишувањето на настанатата промена на сопственост на сметките на запишувачите по евидентирањето од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

18.2.10.Начин и време на известување за исходот на јавната понуда

ТТК Банка АД Скопје најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на јавната понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ

Република Северна Македонија за процентот на реализација на Јавната Понуда, преку бројот на запишаните и уплатени хартии од вредност.
ТТК Банка АД Скопје најдоцна во рок од 15 календарски дена од денот на завршувањето на јавната понуда ќе ја извести јавноста за процентот на реализација на јавната понуда преку објава во еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Северна Македонија на македонски јазик и на негово кирилско писмо.
Објавата за исходот на јавната понуда ќе биде објавен на интернет страната на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје и на интернет страната на Банката.

18.2.11.Доколку, согласно одлуката за издавање на акциите (корпоративна обврзница) понудата е поделена во транши односно е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори, проспектот ги содржи и следните податоци

Јавната понуда не е поделена на транши, односно не е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори.

18.2.11.1.Поделба на понудата на делови кои опфаќаат определен број на акции (корпоративна обврзница) вклучувајќи делови наменети за институционални инвеститори, делови наменети за мали инвеститори и други делови на кои е поделена понудата

Јавната понуда не е поделена на транши, односно не е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори.

18.2.11.2.Начинот на распределба во рамките на деловите од понудата во случај доколку има повеќе запишани и платени хартии од вредност

Јавната понуда не е поделена на транши, односно не е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори.

18.2.11.3.Временски редослед на реализирање и времетраење на траншите односно деловите резервирани за одделни групи на инвеститори во рамките на рокот за реализација на јавната понуда.

Јавната понуда не е поделена на делови, односно не е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори.

18.2.12.Во рамките на сознанијата на издавачот, податок дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на управниот и надзорниот одбор, односно одборот на директори, или на другите органи на издавачот имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда

Издавачот до моментот на поднесување на барањето за одобрување на јавната

понуда на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, нема сознание дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на Управниот и Надзорниот одборили другите органи на издавачот или некое друго лице имаат намера да запишатод понудените корпоративни обврзници повеќе од 5% од понудените хартии од вредност предмет на јавната понуда.

18.2.13.Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност- членка на овластената берза и овластениот депозитар, преку кој се врши купувањето на хартии од вредност, на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност од јавната понуда треба да им достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставата на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.*

18.3.Пласман на хартии од вредност

18.3.1.Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица - членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност.

Запишувањето на јавно понудените корпоративни обврзници од втора емисија ќе се врши преку Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје, ул. Орце Николов бр. 75 1000 Скопје, (тел. +38923122055)-овластена берза со која ТТК Банка АД Скопје склучи Договор за соработка при продавање на јавно понудени хартии од вредност, заведен кај издавачот под бр.11-9731/1 од 27.11.2019 година и заведен кај Македонската Берзана хартии од вредност А.Д. Скопје под број 03-1788/1 од 26.11.2019 година.

Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонската Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и уплатат корпоративни обврзници - втора емисија по пат на јавна понуда:

(*со напоменана извештајот дека време на стекнување започнува после порамнувањето преку Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и запишувањето на настанатата промена на сопственост на сметките на запишувачите по евидентирањето од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје)

Членка на Македонската берза АД Скопје	Адреса и град	телефони
ТТК БАНКА АД Скопје Оддел за работа со хартии од вредност	ул.Народен Фронт бр.19А, Скопје	+38923247000 лок.495,496,497;
ЕУРОХАУС АД Скопје	бул.Св.Климент Охридски бр.52-А/1/5, Скопје	+38923217095; +38923217078;
ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје	бул.Св.Климент Охридски бр.45 кат 1 локал 8, Скопје	+38923296853; +38923213785;
ИНВЕСТ БРОКЕР АД Скопје,	ул.Истарска бр.33,Скопје	+38923110290; +38923103291;
ИНОВО БРОКЕР АД Скопје	бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4, кат 2, Скопје	+38923120941; +38923110950;
КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ Дирекција за тргување со хартии од вредност	ул.Орце Николов бр.3,Скопје	+3892 3168168; +3892 3247431; +38923213225;
НЛБ БАНКА АД Скопје	ул.Мајка Тереза бр.1, Скопје	+38925100354; +38923296219;
ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД Скопје	ул.Никола Кљусев бр.2, Скопје	+38923224300; +38923140120;
СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги,	бул.11 Октомври бр.7, Скопје	+38923295407; +38923295405; +38923295551;
ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје	ул.Македонија бр.11А,Скопје	+38923219310;
Шпаркассе Банка Македонија АД Скопје	ул.Македонија бр.9/11,Скопје	+38923200785; +38923200592;

19.ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА

Податоци за тоа дали и кога издавачот ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластена берза

Акциите издадени од ТТК Банка АД Скопје се котирани на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје на Официјалниот пазар на подсегмент Берзанска котација и Банката редовно известува за секоја настаната промена согласно Правилата за котација.
Согласно член 8, став 3 од Правилата за котација на Македонската берза АД, долгорочните должнички хартии од вредност од издавачите чии акции веќе котираат на Официјалниот пазар на Македонската берза се внесуваат на котација по доставувањето на Проспектот за издавање на долгорочните-должнички хартии од вредност одобрен од Комисијата за хартии од вредност на РСМ.
Долгорочните-должнички хартии од вредност од прва емисија издадени од ТТК Банка АД Скопје на ден 18.09.2019 год.веќе се котирани на секундарен пазар од ден 28.10.2019 год. под ISIN:MKTKS200012.

20.ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ

Емисијата нема гарант. Проспектот се однесува на втората емисија на долгорочни должнички хартии од вредност – корпоративни обврзници по пат на јавна понуда, согласно Одлуката за издавање на долгорочните-должнички хартии од вредност – корпоративна

обврзница, донесена на Собрание на акционери одржано на ден 05.11.2019 година, во која издавачот се јавува како единствен исполнувач на обврските од хартиите од вредност.

21.ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ

21.1.Изјава за достапност на документите

Изјавуваме дека за времe на важноста на овој Проспект, следните документи, односно копии од истите ќе бидат на увид:

Прилог 1 :Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2016
Прилог 2 :Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2017
Прилог 3 :Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2018
Прилог 4 :Неревидирани финансиски извештаи од 01.01.2019 до 30.09.2019 година
Прилог 5 :Деловна политика и Развоен план на ТТК Банка за период 2019 - 2021 година
Прилог 6 :Статут на ТТК Банка АД Скопје

21.2 Податок за местото каде може да се изврши увид во документите

Увид во документацијата може да се изврши на интернет страната на ТТК Банка А.Д. Скопје – www.ttk.com.mk и во просториите на овластените правни лица-членки на Македонска Берза на хартии од вредност А.Д. Скопје- www.mse.mk, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат корпоративни обврзници издадени од ТТК Банка А.Д. Скопје.

Членови на Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

1.Д-р Драгољуб Арсовски - Претседател_____

2.Наталија Алексова - Член _____

Членови на Надзорниот одбор на ТТК Банка А.Д. Скопје

1.М-р Глигорие Гоговски - Претседател _____

2.Борислав Трповски - Член _____

3.Д-р Тито Беличанец –Член _____

4.Д-р Методија Несторовски – Независен Член _____

5.Златко Черепналкоски - Член _____

6.Д-р Арсен Јаневски – Независен Член _____

7. Трим Ќемали – Член_____

Лице назначено од издавачот како одговорно лице за содржината на Проспектот

Тања Поповска-овластен брокер во Оддел за работа со хартии од вредност_____

ТТК БАНКА АД - СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА (според Методологија на НБРМ)

Скопје, февруари 2017 година

СОДРЖИНА Страна

Извештај на независниот ревизор **1-2**

Биланс на успех 3

Извештај за сеопфатна добивка 4

Биланс на состојба 5

Извештај за промените во капиталот и резервите 6-7

Извештај за паричниот тек 8-9

Белешки кон финансиските извештаи 10-160

Додатоци

Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

Додаток 2- Годишна сметка

Додаток 3- Годишен Извештај за работење

MOORE STEPHENS
SKOPJE

Св.Кирил и Методиј 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 16 976

www.moorestephens.mk
www.moorestephens.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ТТК БАНКА АД - Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на ТТК БАНКА АД – Скопје (Банката), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2016 година, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Банката е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народната банка на Република Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Банката за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Банката. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (продолжение)
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ТТК БАНКА АД - Скопје

Мислење

Според нашето мислење, наведените финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ТТК БАНКА АД Скопје на 31 декември 2016 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината која што завршува тогаш, во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народната банка на Република Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Раководството на Банката е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2016 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ТТК БАНКА АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2016 година.

Скопје, 28 февруари 2017 година

овластен ревизор

Гоце Христов

управител и овластен ревизор

Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

Биланс на успех
за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016

	Белешка	*во илјади денари*	
		тековна година 31.12.2016	претходна година 31.12.2015
Приходи од камата		320,982	340,701
Расходи за камата		(56,960)	(72,232)
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**264,022**	**268,468**
Приходи од провизии и надомести		173,048	181,939
Расходи за провизии и надомести		(27,870)	(25,668)
Нето-прходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**145,179**	**156,270**
Нето-приходи од тргување	8	1,046	(8)
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	-	-
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	9,132	10,744
Останати приходи од дејноста	11	137,179	74,199
Удел во добивката на придружените друштва	24	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	12	(79,579)	(33,631)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	(52,464)	(70,838)
Трошоци за вработените	14	(156,104)	(153,145)
Амортизација	15	(22,220)	(25,305)
Останати расходи од дејноста	16	(152,575)	(184,160)
Удел во загубата на придружените друштва	24	-	-
Добивка/(загуба) пред оданочување		**93,616**	**42,594**
Данок на добивка	17	(9,936)	(4,465)
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**83,680**	**38,129**
Добивка/(Загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба*		-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година		**83,680**	**38,129**
Добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-
Заработка по акција:	41		
основна заработка по акција (во денари)		92	42
разводнета заработка по акција (во денари)		-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на ден 27.2.2017 година и истите се потпишани од страна на:

Наталија Алексова
член на Управен одбор

ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 1

Драгољуб Арсовски
претседател на Управен одбор

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2016	претходна година 31.12.2015
Добивка/(загуба) за финансиската година		83,680	38,129
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања			
- ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството		-	17,523
- намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех		(11,431)	(5,953)
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење		-	-
Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење		-	-
Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	24	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех		-	-
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	17	-	-
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех		**(11,431)**	**11,570**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година		**72,249**	**49,699**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи

Биланс на состојба
на ден 31.12.2016

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2016	претходна година 31.12.2015
Актива			
Парични средства и парични еквиваленти	18	1,934,872	1,791,563
Средства за тргување	19	9,046	8,334
Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање	20	-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик	21	-	-
Кредити на и побарувања од банки	22.1	89,912	-
Кредити на и побарувања од други комитенти	22.2	3,619,062	3,455,785
Вложувања во хартии од вредност	23	1,393,819	1,137,544
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина")	24	-	-
Побарувања за данок на добивка (тековен)	30.1	-	-
Останати побарувања	25	20,510	19,747
Зложени средства	26	-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	27	225,536	343,825
Нематеријлани средтсва	28	18,034	19,974
Недвижности и опрема	29	178,850	182,370
Одложени даночни средства	30.2	-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	31	-	-
Вкупна актива		**7,489,641**	**6,959,141**
Обврски			
Обврски за тргување	32	-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање	33	-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик	21	-	-
Депозити на банки	34.1	11	21,576
Депозити на други комитенти	34.2	5,854,193	5,273,079
Издадени должнички хартии од вредност	35	-	-
Обврски по кредити	36	449,473	522,462
Субординирани обврски	37	-	-
Посебна резерва и резервирања	38	10,323	5,444
Обврски за данок на добивка (тековен)	30.1	5,939	1,612
Одложени даночни обврски	30.2	-	-
Останати обврски	39	56,591	58,799
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31	-	-
Вкупно обврски		**6,376,530**	**5,882,972**
Капитал и резерви			
Запишан капитал	40	907,888	907,888
Премии од акции		127	127
Сопствени акции		-	-
Други сопственички инструменти		-	-
Реваloризациски резерви		27,538	38,969
Останати резерви		93,878	76,933
Задржана добивка/(Акумулирана загуба)		83,680	52,252
Вкупно капитал и резерви кои припаѓаат на акционерите на банката		**1,113,111**	**1,076,169**
Неконтролирано учество*		-	-
Вкупно капитал и резерви		**1,113,111**	**1,076,169**
Вкупно обврски и капитал и резерви		**7,489,641**	**6,959,141**
Потенцијални обврски	42	445,565	458,630
Потенцијални средства	42	12,000	12,000

* само за консолидираните финансиски извештаи

Извештај за промените во капиталот и резервите
за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016

во илјади денари	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка		(Акумулирани загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтролирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите				
На 1 јануари 2015 година (претходна година)	907,888	75	-	-	-	27,399	-	-	-	35,778	-	17,503	30,025	21,873	-	**1,040,542**	-	**1,040,542**
Корекции на почетната состојба																		
На 1 јануари 2015 година (претходна година), коригирано	**907,888**	**75**	**-**	**-**	**-**	**27,399**	**-**	**-**	**-**	**35,778**	**-**	**17,503**	**30,025**	**21,873**	**-**	**1,040,542**	**-**	**1,040,542**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	38,129	-	-	**38,129**	-	**38,129**
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Биланост на успех																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
_____	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
_____	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите																		
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	***38,129***	**-**	**-**	**38,129**	**-**	**38,129**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	-	1,780	-	21,873	(1,780)	(21,873)	-	**(0)**	-	**(0)**
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(14,123)	-	-	**(14,123)**	-	**(14,123)**
Откуп на сопствени акции	-	-	(14,122)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**(14,122)**	-	**(14,122)**
Продадени сопствени акции	-	52	14,122	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**14,174**	-	**14,174**
Нераспределена добивка		-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(14,123)	14,123	-	**-**	-	**-**
Ревалоризациска резерва за преземени средства		-	-	-	-	11,570	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**11,570**	-	**11,570**

Извештај за промените во капиталот и резервите
за периодот од 1.1.2016 до 31.12.2016

во илјади денари	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка					
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерви од курсни разлики од вложувања во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтролирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	**-**	**52**	**-**	**-**	**-**	**11,570**	**-**	**-**	**-**	**1,780**	**-**	**21,873**	**(30,025)**	**-7,750**	**-**	**(2,502)**	**-**	**(2,502)**
На 31 декември 2015 (претходна година)/1 јануари 2016 (тековна година)	**907,888**	**127**	**-**	**-**	**-**	**38,969**	**-**	**-**	**-**	**37,558**	**-**	**39,376**	**38,129**	**14,123**	**-**	**1,076,169**	**-**	**1,076,169**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	83,680	-	-	**83,680**	-	**83,680**
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Биланост на успех																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите																		
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	***83,680***	**-**	**-**	***83,680***		***83,680***
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	-	2,822	-	14,123	(2,822)	(14,123)	-	**-**	-	**-**
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(35,307)	-	-	**(35,307)**	-	**(35,307)**
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Нераспределена добивка		-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Ревалоризациска резерва за преземени средства		-	-	-	-	(11,431)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**(11,431)**	-	**(11,431)**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	**-**	**0**	**-**	**-**	**-**	**(11,431)**	**-**	**-**	**-**	**2,822**	**-**	**14,123**	**(38,129)**	**(14,123)**	**-**	**(46,738)**	**-**	**(46,738)**
На 31.12.2016 (тековна година)	**907,888**	**127**	**-**	**-**	**-**	**27,538**	**-**	**-**	**-**	**40,380**	**-**	**53,499**	**83,680**	**0**	**-**	**1,113,111**	**-**	**1,113,111**

* само за консолидираните финансиски извештаи

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2016	претходна година 31.12.2015
Паричен тек од основната дејност			
Добивка/(загуба) пред оданочувањето		93,616	42,594
Коригирана за:			
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех*		-	-
Амортизацијата на:			
нематеријални средства		4,649	4,545
недвижности и опрема		17,571	20,760
Капиталната добивка од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		(5,250)	(34,342)
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		(56,530)	(24,298)
Капиталната загуба од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	-
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		120	6,819
Приходи од камата		(320,982)	(340,701)
Расходи за камата		56,960	72,232
Нето-приходи од тргување		(712)	302
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа		-	-
дополнителна исправка на вредноста		147,565	132,875
ослободена исправка на вредноста		(67,985)	(99,244)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа			
дополнителни загуби поради оштетување		63,896	76,791
ослободени загуби поради оштетување		(11,431)	(5,953)
Посебна резерва			
дополнителни резервирања		7,864	3,872
ослободени резервирања		(2,989)	(6,718)
Приходи од дивиденди		(6,699)	(5,996)
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва		-	-
Останати корекции		11,803	2,086
Наплатени камати		322,540	345,041
Платени камати		(56,673)	(73,888)
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива		***197,329***	***116,778***
(Зголемување)/намалување на деловната актива:			
Средства за тргување		-	198
Дериватни средства чувани за управување со ризик		-	-
Кредити на и побарувања од банки		33	(90,039)
Кредити на и побарувања од други комитенти		(384,521)	(92,707)
Заложени средства		-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		205,568	118,743
Задолжителна резерва во странска валута		(3,624)	(3,597)
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи		-	-
Останати побарувања		16,448	21,637
Одложени даночни средства		-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување		-	-
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:		-	-
Обврски за тргување		-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик		-	-
Депозити на банки		(21,560)	47
Депозити на други комитенти		580,096	142,352
Останати обврски		(112,208)	104,122
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување		-	-
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето		**477,560**	**317,534**
(Платен)/повраток на данок на добивка		(5,610)	(5,142)
Нето паричен тек од основната дејност		**471,951**	**312,393**

	Белешка	*во илјади денари*	
		тековна година 31.12.2016	претходна година 31.12.2015
Паричен тек од инвестициската дејност			
(Вложувања во хартии од вредност)		(234,674)	(63,155)
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност		-	-
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)		-	-
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва		-	-
(Набавка на нематеријални средства)		(2,709)	(3,394)
Приливи од продажбата на нематеријалните средства			
(Набавка на недвижности и опрема)		(8,800)	106,411
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата		-	-
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)		-	-
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба		-	-
(Останати одливи од инвестициската дејност)		-	-
Останати приливи од инвестициската дејност		334	294
Нето паричен тек од инвестициската дејност		**(245,849)**	**40,156**
Паричен тек од финансирањето			
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)		-	-
Приливи од издадените должнички хартии од вредност		-	-
(Отплата на обврските по кредити)		(183,437)	(287,371)
Зголемување на обврските по кредити		221,174	167,864
(Отплата на издадените субординирани обврски)		-	-
Приливи од издадените субординирани обврски		-	-
Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот		-	-
(Откуп на сопствени акции)		-	-
Продадени сопствени акции		-	52
(Платени дивиденди)		(35,307)	(14,123)
(Останати одливи од финансирањето)		-	-
Останати приливи од финансирањето		-	-
Нето паричен тек од финансирањето		**2,431**	**(133,577)**
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти		273	(123)
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти		14	(22)
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти		**228,820**	**218,826**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари		1,536,700	1,317,874
Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември		**1,765,519**	**1,536,700**

* само за консолидираните финансиски извештаи

1. Општи информации

ТТК БАНКА АД Скопје (во понатамошниот текст „Банката“) е акционерско друштво основано во Република Македонија. Адресата на нејзиното регистрирано седиште е: ул. „Народен Фронт“ бр. 19а, Скопје, Република Македонија.

Банката е овластена од Народна банка на Република Македонија за вршење платен промет во земјата и странство, депозитни активности во земјата и странство и кредитирање во земјата.

Позначајни активности кои Банката ги извршува се следните:

- прибирање депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови);
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари;
- издавање платежни гаранции и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со девизни средства;
- тргување со хартии од вредност;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитната способност на правни лица;
- тргување со инструменти на пазар на пари.

Акциите на Банката котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност, а кодот под кој котираат е следниот:

шифра на хартија од вредност	ИСИН број
ТТК (обична акција)	МКТТКС101012

Вкупниот број вработени на Банката на 31 декември 2016 изнесува 278 (2015: 281) вработени.

Финансиски извештаи на Банката за годината што заврши на 31 декември 2016 беа одобрени за издавање од страна на Надзорниот одбор на Банката на 27.2.2017 година.

1.1 Основа за изготвување на финансиските извештаи

Банката ја води својата сметководствена евиденција и ги составува своите финансиски извештаи во согласност со Законот за банките и подзаконската регулатива пропишана од страна на Народната банка на Република Македонија („НБРМ“), Законот за трговските друштва и Правилникот за водење на сметководството.

Податоците во приложените финансиски извештаи на Банката се подготвени во согласност со Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11,24/11,166/12,70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 И 190/16), подзаконската регулатива пропишана од страна на Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст „НБРМ“), како и во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст „Методологија“) („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 165/12, 50/13 и 110/13) и Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 152/11, 54/12 и 166/13) пропишани од страна на НБРМ и кои се во примена во 2016 година. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади македонски денари (МКД).

Известувачка валута во која се прикажани овие финансиски извештаи е функционалната валута (македонски денар - МКД).

Онаму каде што е неопходно, презентацијата на споредбените податоци е прилагодена во согласност со промените во презентацијата во тековната година.

1.2. Значајни сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовка на овие финансиски извештаи. Утврдувањето на сметководствените политики на Банката се заснова на признаени, познати и практични искуства, на одредбите на Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, Одлуката за сметковниот план за банките, Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и останатите законски прописи. Овие политики се конзистентно применети за сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

1.2.1. Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Македонија кои важат на денот на нивното настанување.

Трансакција во странска валута е трансакција која гласи на странска валута или може да се претвори во странска валута.

Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба, додека, пак, сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Билансот на состојба деноминирани во странска валута се следните:

	31 декември 2016	31 декември 2015
1 ЕУР	61.4812 денари	61.5947 денари
1 УСД	58.3258 денари	56.3744 денари
1 ЦХФ	57.2504 денари	56.9583 денари

1.2. Значајни сметководствени политики

1.2.2 Пребивање (нетирање)

Финансиските средства и обврски се нетирани и презентирани во Билансот на состојба на нето-основа во случаи кога нетирањето на признаените износи е законски дозволено, понатаму, кога постои намера за исполнување на нето-основа, како и во случај на истовремена реализација на средството и исполнување на обврската.

1.2.3 Приходи и расходи по камати

Приходите и расходите по основ на камати се признаени во Билансот на успех за сите каматоносни финансиски средства и обврски со примена на методот на ефективна каматна стапка.

Методата на ефективна камата е метода за пресметување амортизирана набавна вредност на финансиското средство или финансиската обврска во текот на одреден период. Ефективната каматна стапка е стапката што точно ги дисконтира очекуваните приливи во текот на проценетиот век на употреба на финансиското средство или, доколку е соодветно, во пократок период за нето-евидентираната вредност на финансиските средства или финансиска обврска. При пресметката на методата на ефективна камата, Банката го одредува паричниот тек во однос на условите од финансиските инструменти, но не ги пресметува идните загуби по кредити. Пресметката ги вклучува сите суми кои се исплатени или добиени од двете договорни страни кои се составен дел од ефективната каматна стапка, трошоци при трансакции и други премии или попусти.

Приходите и расходите од камата се пресметани и наплатени во согласност со законските прописи на Република Македонија или со договор помеѓу доверителот и должникот.

Пресметаните, а недоспеани камати временски се разграничуваат. Исправка на истите се прави кога наплатата на пресметаните камати е сомнителна и спорна.

1.2.4 Приходи од надомести и провизии

Провизиите и надоместите, со исклучок на надоместите за одобрување кредити, се признаваат на пресметковна основа во периодот кога се врши услугата. Надомести за одобрување кредити се разграничуваат и амортизираат за времетраењето на кредитот со примена на методата на ефективната каматна стапка.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.5 Приходи и расходи од курсни разлики

Нето-приходите и расходите од курсни разлики вклучуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од порамнување на трансакциите во странска валута, како и од вреднување на средствата и обврските во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат. Преземените и потенцијалните обврски деноминирани во странска валута се преведуваат во денари со примена на официјалните девизни курсеви кои важат на датумот на Билансот на состојба.

1.2.6 Приходи од дивиденди

Дивидендите се признаваат во Билансот на успех кога ќе се обезбеди правото за примање исплата. Дивидендите се прикажани како дел од нето-приходите од тргување или како останати приходи од дејноста во зависност од соодветната класификација на инструментот.

1.2.7 Финансиски средства

Финансиските средства се класифицираат во следните категории: кредити и побарувања, финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства расположливи за продажба и финансиски средства кои се чуваат до доспевање. Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на иницијалното признавање.

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата ги вклучуваат сите побарувања кои произлегуваат од трансакциите со комитенти и банки, како и оние кои потекнуваат од Банката така и оние кои се купени на секундарен пазар.

Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се јавуваат кога Банката одобрува пари или услуги директно на комитентите без намера за размена на побарувањето, т.е. кога Банката станува странка на договорните одредби на инструментот. Почетно кредитите и побарувањата се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци кои што се директно поврзани со стекнувањето или издавањето на финансиското средство.

Последователно, кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.7 Финансиски средства (продолжува)

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување и хартии од вредност според објективна вредност преку добивки или загуби определени како такви при почетното признавање. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување добивка.

Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување. Средствата чувани за тргување се евидентираат по објективна вредност преку Билансот на успех. Финансиските средства по објективна вредност преку Билансот на успех почетно се признаваат по објективната вредност. Трансакциските трошоци не се вклучуваат во износот по кој првично се мери инструментот. Тие се евидентираат веднаш во Билансот на успех во позицијата „Приходи и расходи од провизии и надоместоци“. Добивките или загубите од последователното мерење по објективна вредност се вклучуваат во позицијата „Нето-приходи од тргување“.

Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се оние наменети за чување на неопределен временски период кои може да се продаваат доколку се појави потреба за ликвидност или промена на каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите.

Прикажаното портфолио е составено од сопственички хартии од вредност во претпријатија врз кои Банката нема контрола. Овие средства почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се недеривативни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои раководството на Банката има позитивна намера и способност да ги чува до нивното доспевање. Доколку Банката продаде значаен дел од финансиските средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на овие средства се прекласифицира во финансиски средства расположливи за продажба.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.7 Финансиски средства (продолжува)

Почетно овие средства се признаваат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци коишто се директно поврзани со стекнувањето или издавањето.

Последователно, финансиските средства кои се чуваат до достасување се мерат по амортизирана набавна вредност, со употреба на метод на ефективна каматна стапка. Добивките и загубите се признаваат во Билансот на успех.

Иницијално признавање и депризнавање

Набавките и продажбите на финансиските средства расположливи за продажба и оние кои се чуваат до доспевање се евидентираат на датумот на купувањето - датум на којшто Банката има обврска да го купи или да го продаде средството. Кредитите се признаваат кога готовината се авансира на позајмувачите. Финансиските средства, освен финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби, иницијално се признаваат по објективна вредност зголемена за трошоците на трансакцијата. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Банката ги пренела значително сите ризици и користи од сопственост.

Последователно мерење

По почетното признавање, Банката ги мери финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби и расположливите-за-продажба финансиски средства по нивната објективна вредност без какви било намалувања за трансакциските трошоци кои може да настанат при нивната продажба. Објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активниот пазар се базира на нивната куповна цена на денот на Извештајот за финансиска состојба. Доколку пазарот на кој котира финансиското средство не е активен, Банката ја утврдува објективната вредност на средството со примена на техники за вреднување. Техниките за вреднување вклучуваат употреба на нормални, комерцијални трансакции помеѓу запознаени, подготвени страни, ако се достапни, референца на тековната објективна вредност на друг инструмент, кој е во суштина ист, анализа на дисконтирани парични текови и алтернативни модели на одредување на цената. Доколку вредноста на сопственичките инструменти не може соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.7 Финансиски средства (продолжува)

Вложувањата чувани-до-доспевање и кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата намалени за евентуалните загуби поради оштетување.

Реализираните добивки и загуби како и нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на финансиските средства кои се определени како средства по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во добивките и загубите во периодот во кој настануваат.

Нето-промените во објективната вредност на финансиските средства класифицирани како средства по објективна вредност преку добивките и загубите го вклучуваат и приходот од камата.

Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на средствата расположливи-за-продажба се признаваат во останатата сеопфатна добивка, освен загубите од оштетување и добивките и загубите од курсни разлики на монетарните ставки како што се должничките хартии од вредност, кои се признаваат во добивките и загубите.

При продажба или оштетување на финансиските средства расположливи-за-продажба, кумулативните добивки и загуби кои претходно биле признаени во сеопфатната добивка се признаваат во добивките и загубите. Во случај кога финансиските средства расположливи за продажба носат камата, каматата пресметана со методот на ефективна камата се признава во добивките и загубите.

1.2.8 Оштетување на финансиските средства

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на билансирање, Банката проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Финансиските средства или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата, („случај на загуба“) и дека тој случај на загуба влијае на предвидениот иден паричен тек на финансиските средства или на група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.8 Оштетување на финансиските средства (продолжува)

Критериуми што Банката ги користи при утврдување на постоењето на објективен доказ за загуба од оштетување вклучуваат:

- Непочитување на договорените обврски за плаќање на главнината или каматата.
- Денови на доцнење при плаќање на главнина и камата.
- Тешкотии со паричните текови кај позајмувачот.
- Неисполнување на договорите или условите за кредитирање.
- Влошување на конкурентната позиција на позајмувачот.
- Започнување стечајна постапка.
- Намалување на вредноста на дадените гаранции - колатерал и
- Активирање на обезбедувањето.

Банката врши процена на постоењето на објективен доказ за оштетување на поединечна основа за поединечно значајни финансиски средства, како и збирно за финансиски средства што не се поединечно значајни.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот), дисконтирани со примена на ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за исправка на вредност на средството заради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Биланс на успех.

Во случај на ненаплативост на кредитот, истиот се отпишува наспроти соодветното резервирање поради оштетување. Таквите кредити се отпишуваат откако ќе се завршат сите неопходни процедури и ќе се утврди износот на загубата. Последователни надоместувања за претходно отпишани кредити се евидентираат во корист на тековните добивки.

Доколку последователно износот на загубата од оштетување се намали и намалувањето може објективно да се поврзе со настан кој се случува по признавањето на оштетувањето (како што е подобрување на кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба од оштетување се намалува преку корекција на сметката на исправка на вредност на средството заради оштетување. Износот на намалувањето се признава во корист на тековната добивка.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.8 Оштетување на финансиските средства (продолжува)

Средства евидентирани по објективна вредност

На секој датум на билансирање Банката проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средство. Значително или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од оштетување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба измерена како разлика помеѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во Билансот на успех.

1.2.9 Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се однесуваат на земјиште, згради, опрема и други вредности добиени во замена за ненаплатени побарувања. Одредено средство се смета за преземено во моментот на стекнување правна основа за запишување на сопственоста.

На датумот на преземање, преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се признаваат по почетната сметководствена вредност. Почетната сметководствена вредност е помалиот износ од проценетата вредност важечка на датумот на преземање и набавната вредност на преземеното средство. Набавната вредност на преземеното средство е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правната основа за стекнување право на сопственост на Банката над преземеното средство.

На датумот на преземање на средството, Банката е должна во Билансот на состојба да прикаже оштетување од најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство. Доколку износот на затворената исправка на вредноста/посебна резерва е поголем од оштетувањето од 20%, Банката е должна да ја признае оваа разлика како ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството.

Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, Банката е должна да ја утврди проценетата вредност на преземените средства и во Билансот на успех да признае и прокнижи загуба за оштетување еднаква најмалку на поголемиот износ од:

- негативната разлика помеѓу проценетата вредност и нето-вредноста на преземеното средство и
- 20% од нето-вредноста на преземеното средство.

Доколку Банката не успее да го продаде преземеното средство во рок од пет години по датумот на неговото преземање, должна е на крајот на петтата година да ја сведе нето-вредноста на преземеното средство на нула.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.10 Нематеријални средства

Нематеријално средство е немонетарно средство, без физичка содржина, коешто може самостојно да се идентификува. Нематеријалните средства вклучуваат капитализирани трошоци за развој, софтвери и други нематеријални средства, како права и лиценци кои се законски заштитени и кои не може да бидат одземени од овластениот сопственик без негова желба.

Почетно, нематеријалните средства се мерат по нивната набавна вредност.

Последователно истите се мерат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и за акумулираните загуби поради оштетување.

Компјутерски софтвер

Трошоците поврзани со развојот или одржувањето на компјутерски софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни софтверски производи контролирани од страната на Банката кои најверојатно ќе создадат економски користи кои ќе ги надминат трошоците по една година се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средства се амортизирани користејќи праволиниска метода во текот на период од десет години.

Останати нематеријални средства

Трошоците за стекнување права и лиценци се капитализираат и амортизираат користејќи праволиниска метода во текот на период од пет години.

1.2.11 Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се материјални вложувања за административни цели од кои се очекува да имаат користен век подолг од една година. Недвижностите, постројките и опремата се евидентирани по набавна вредност намалена за пресметаната амортизација и акумулираните загуби поради оштетување. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средството.

Амортизацијата се пресметува правопропорционално со примена на законски пропишани стапки со цел алокација на набавната вредност на имотот, зградите и опремата во текот на нивниот проценет век на употреба.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.11 Недвижности и опрема (продолжува)

Во продолжение е даден проценетиот век на употреба на некои позначајни ставки

Градежни објекти	40 години
Мебел и канцелариска опрема	5 до 10 години
Компјутерска опрема	4 години
Телекомуникациска опрема	4 години
Патнички моторни возила	4 години
Останата опрема	10 години

Последователните набавки се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Банката поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери.

Добивките и загубите поврзани со отуѓувањето се утврдуваат по пат на споредба на приливите со евидентираниот износ. Истите се вклучуваат во Билансот на успех.

1.2.12 Оштетување на нефинансиски средства

Средствата подложни на амортизација се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести.

Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето-продажната цена и употребната вредност на средствата.

1.2.13 Парични средства и еквиваленти

За потребите на Извештајот за паричните текови, паричните средства и еквиваленти вклучуваат сметки со достасаност помала од 3 месеци од датумот на набавка, вклучувајќи готовина и салда кај Народна банка на Република Македонија.

Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат по амортизирана набавна вредност. Таа вообичаено е еднаква со нивната номинална вредност.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.14 Резервирање

Резервирање се признава кога Банката има тековна обврска како резултат на настан од минатото и постои веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а воедно ќе биде направена веродостојна процена на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на известување и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

1.2.15 Надомести за вработените

Банката плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени, во согласност со домашната регулатива за социјално осигурување. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат во државниот Пензиски фонд и задолжителните приватни пензиски фондови. Не постои дополнителна обврска во врска со овие пензиски планови. Освен тоа, сите работодавци во Република Македонија имаат обврска да исплаќаат на вработените посебна минимална сума при пензионирањето во износ утврден со закон. Банката нема извршено резервирање за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

Банката не оперира со пензиски планови или планови за надомести при пензионирање, така што нема дополнителни обврски за пензии. Банката не е обврзана да обезбеди дополнителни надомести за тековните или претходните вработени.

1.2.16 Тековен и одложен данок од добивка

Данокот од добивка се пресметува во согласност со законските одредби во Република Македонија. Пресметката на месечната аконтација на данокот на добивка се плаќа однапред како што е определено од даночните органи.

Трошокот за данок од добивка претставува збир на тековниот и одложениот данок од добивка. Основица за пресметување на данокот од добивка по стапка од 10% претставува финансискиот резултат искажан во Билансот на успех коригиран за непризнаени расходи и даночни ослободувања. Тековниот данок од добивка се пресметува и плаќа во согласност со македонскиот Закон за данок од добивка.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.16 Тековен и одложен данок од добивка (продолжува)

Одложениот данок од добивка се евидентира во целост користејќи ја методата на обврска за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот данок од добивка се користат тековните важечки стапки. Одложениот данок од добивка се товари или одобрува во Билансот на успех, освен доколку се однесува на ставки кои директно го товарат или одобруваат капиталот во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот. Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположива оданочлива добивка. Банката нема евидентирано одложени даночни средства или обврски со состојба на 31 декември 2016 и 2015 година бидејќи не постојат времени разлики на овие датуми.

1.2.17 Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорениот аранжман. Сите финансиски обврски на Банката на датумите на известување се класифицирани како останати финансиски обврски по амортизирана набавна вредност и се состојат од обврски по кредити и останати обврски.

Обврски по кредити

Обврските по кредити иницијално се признаваат по објективна вредност, што претставува примени приливи (објективна вредност на примените надоместоци) коригирани за направените трошоци на трансакцијата. Обврските по кредити се евидентирани последователно според нивната амортизирана набавна вредност. Обврските по кредити престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

Депозити на банки и комитенти

Депозитите на банки и комитенти генерално претставуваат: тековни сметки, депозити по видување и орочени депозити на банки, правни и физички лица. Банката ги признава депозитите во својот Биланс на состојба само кога Банката станува странка на договорните одредби на инструментот. Депозитите на банки и комитенти почетно се мерат според нивната објективна вредност, коригирана за трансакциските трошоци кои директно се поврзани со преземањето или издавањето на финансиската обврска. Депозитите на банки и комитенти последователно се мерат според амортизираната набавна вредност, со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Депозитите на банки и комитенти престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.17 Финансиски обврски (продолжува)

Останати обврски

Останатите обврски иницијално се признаваат по објективна вредност, што претставува примени приливи (објективна вредност на примените надоместоци) коригирани за направените трошоци на трансакцијата. Останатите обврски се евидентирани последователно според нивната амортизирана набавна вредност. Останатите обврски престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

1.2.18 Капитал, резерви и прашања за дивиденди

(а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

(б) Трошоци поврзани со емисија на акции

Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето деловна активност се презентирани во капиталот како намалување на приливите, нето од данокот.

(в) Сопствени акции

Кога Банката откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции сè додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

(г) Резерви

Резервите се состојат од законски резерви, создадени во текот на периодите врз основа на распределба на акумулирани добивки во согласност со законската регулатива и одлуките на Собранието на Банката.

(д) Нераспределени добивки/(загуби)

Нераспределните добивки/(загуби) ги вклучуваат тековните, како и оние од претходните периоди, задржани добивки и загуби.

(е) Дивиденди на обични акции

Дивидендите на обичните акции се признаваат како обврски во периодот во којшто се одобрени од страна на акционерите на Банката.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.19 Наем

Утврдувањето дали еден договор претставува или содржи наем се базира на суштината на договорот во зависност дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

Банката како закупец

Финансискиот наем кој на Банката суштински ѝ ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственост на предметот на наем се капитализира во моментот на започнувањето на наемот по реална вредност на возилото/опремата кое е предмет на наем или, ако е пониска, тогаш по сегашната вредност на минималните плаќања за наем. Плаќањата за наем се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на обврските за наем со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот.

Средствата предмет на наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот век на средството или според периодот на наем, ако не постои реална сигурност дека Банката ќе стекне сопственост над средството до крајот на периодот на наем.

Плаќањата на оперативниот наем се признаваат како трошок во добивките и загубите по праволиниска метода во текот на периодот на наем. Однапред платените наемнини се признаваат како одложени расходи.

Банката како закуподавач

Наемот каде што Банката суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договарањето на оперативен наем во Билансот на состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како профит или загуба во текот на периодот на наем на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход. Банката нема класифицирано средства во оваа категорија.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.20 Известување според сегменти

Деловен сегмент претставува група средства или активности кои се ангажирани во обезбедувањето производи или услуги кои се предмет на ризици и надомести кои се разликуваат од оние во останатите деловни сегменти. Географскиот сегмент е ангажиран во обезбедување производи или услуги во одредено економско опкружување кое е предмет на ризици и надомести што се разликуваат од оние сегменти кои ги извршуваат активностите во други економски опкружувања.

1.2.21 Потенцијални и преземени обврски

Банката презема обврски во текот на своите деловни активности по основ на кредитни пласмани евидентирани на сметките од вонбилансната евиденција, што првенствено вклучуваат гаранции, акредитиви и неискористени кредитни лимити. Овие финансиски обврски се евидентираат во Билансот на состојба кога ќе можат да се повратат. Издвоената посебна резерва поради оштетување поврзано со вонбилансните потенцијални и преземени обврски е вклучено во Билансот на состојба како обврска.

1.2.22 Доверителски активности

Банката повремено делува како доверител и има останати доверителски својства што резултира во чување или пласирање средства во име на физички лица или останати институции. Овие средства не се вклучени во овие финансиски извештаи поради тоа што тие не се средства на Банката.

1.2.23 Настани по датумот на известување

Оние последователни настани кои даваат дополнителни информации за финансиската состојба на Банката на датумот на известувањето (корективни настани) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани по датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

1.3 Употреба на оцени и процени

При составување на финансиските извештаи, раководството на Банката дава процени и претпоставки кои влијаат врз примена на политиките и искажување на износите на средствата и обврските, како и објавување на потенцијалните преземени обврски на датумот на Биланс на состојба, како и износите на приходите и расходите. Проценитe и претпоставките се темелат на историско искуство и разни други факти кои се сметаат за разумни имајќи ги предвид околностите и информациите кои се расположливи на датумот на подготовка на финансиските извештаи, а коишто претставуваат основа за процена на вредноста на средствата и обврските за кои не може да се добијат процени од други извори. Вистинските резултати може да се разликуваат од овие процени. Проценитe и претпоставките поврзани со нив постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените процени се признаваат во периодот во кој проценатa се менува, доколку измената влијае само на тој период или во тековен и идни периоди доколку измената влијае на тековниот и идните периоди.

Оштетување на кредити одобрени на комитенти

Банката месечно го проверува своето кредитно портфолио со цел процена на неговата оштетеност. При одредувањето на потребата за признавање загуба од оштетување во Билансот на успех, Банката проценува дали постојат евидентни докази кои укажуваат на мерливо намалување во проценетите парични текови од кредитното портфолио пред идентификување на намалувањето на ниво на поединечен кредит во рамките на портфолиото на кредити и побарувања. Раководството употребува процени базирани на минати искуства поврзани со оштетувањето на средствата со карактеристики на кредитен ризик, како и објективни докази на оштетување слични на оние во портфолиото при распоредувањето на идните парични текови. Методологијата и претпоставките кои се користат за процена на износот и периодот на идните парични текови се проверуваат редовно, со цел намалување на какви било разлики помеѓу проценетите и фактичките загуби.

Оштетување на вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба

Банката утврдува дека постои оштетување кај вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба тогаш кога постои значителен пад на објективната вредност под нивото на нивната набавната вредност. Одредувањето на тоа што е значајно или пролонгирано бара соодветна процена.

Во формирањето на оваа процена, меѓу останатите фактори, Банката ја оценува нормалната непостојаност кај цените на акциите. Понатаму, оштетувањето може да биде соодветно кога постои доказ за влошување на финансиската состојба на инвеститорот, успешноста на индустрискиот сектор, промени во технологијата, како и оперативните и финансиски парични текови.

1.4 Промена на сметководствените политики, сметководствените оцени и корекција на грешки

Не постојат промени во сметководствените политики, сметководствените оцени и корекции на грешки во приложените финансиски извештаи.

1.5 Усогласеност со законската регулатива

Во текот на 2016 година работењето на Банката беше во целост усогласено со регулативата пропишана од Народната банка на Република Македонија, по однос на солвентноста и адекватноста на капиталот, лимитите на изложеност на Банката, вложувањата на Банката, ликвидноста на Банката и отворената девизна позиција.

2. Управување со ризици

Банката воспоставува интегриран систем за управување со сите материјални и нематеријални ризици на кои е изложена и кој е соодветен на природата, големината и сложеноста на финансиските активности коишто ги врши.

Банката во своето работење е изложена на следните видови ризици:

- Кредитен ризик;
- Ликвидносен ризик;
- Валутен ризик;
- Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности;
- Ризик од промена на цените на хартиите од вредност;
- Ризик од концентрација на изложеноста на Банката;
- Оперативен ризик;
- Стратегиски ризик;
- Правен ризик;
- Репутациски ризик.

Врз основа на Стратегијата за преземање и управување со ризици, Банката воспоставува посебни политики и процедури за преземање и управување со сите ризици на кои е изложена во своето работење.

Политиките за преземање и управување со ризиците содржат:

- Оцена на капацитетот на Банката за преземање одделни ризици;
- Организациска поставеност на функцијата за управување со ризиците;
- Основни елементи на управувањето со ризиците;
- Прифатливи инструменти за заштита од или намалување на ризиците;
- Внатрешна контрола и основни елементи на процесот за утврдување на интерниот капитал на Банката:
- Оцена на потребната адекватност на капиталот на Банката.

2. Управување со ризици (продолжува)

Исто така, Банката, во согласност со политиките за преземање и управување со ризиците, воспоставува процедури за преземање, мерење или оцена, следење, контрола или намалување на ризиците кои треба:

- Да овозможат навремено и сеопфатно идентификување на ризиците (мапирање на ризиците) со кои се соочува Банката;
- Да се засноваат врз квантитативни и/или квалитативни оцени за мерливите и немерливите ризици;
- Да вклучуваат правила, начини и постапки за намалување, диверзификација, трансфер и избегнување на ризиците, кои се идентификувани, мерени и оценети од страна на Банката;
- Да ги дефинираат фреквенцијата и методите за следење на ризиците.

Банката воспоставува организациска структура, со јасно дефинирани надлежности и одговорности при преземањето и управувањето со ризиците, која одговара на големината, видот и сложеноста на Банката и на финансиските активности кои ги врши.

Управувањето со ризиците во Банката се остварува на сите хиерархиски нивоа во организациската структура. Имено, на стратегиско ниво управувањето е во надлежност на Надзорниот одбор на Банката кој ги донесува политиките за управување со ризиците и ги дефинира стратегиските определби и преференции на Банката за изложување на секој одделен тип на ризик. Надзорниот одбор преку донесување на политиките ги дефинира генералните насоки и целите при управување со ризиците, прифатливото ниво на ризик, лимитите кои спречуваат ризик од концентрација, организациската поставеност во процесот на управување со ризиците, поделба на надлежностите, прифатливи инструменти за намалување на ризикот, поставеноста на информативниот систем и системот за внатрешна контрола и ревизија.

Врз основа на донесените политики, Управниот одбор усвојува процедури и методологии за управување со ризиците на Банката во кои подетално се разработени процесите и активностите за управување со ризиците и кои овозможуваат јасна поделба на надлежностите меѓу организациските делови кои се носители и кои преземаат ризици и организациските делови кои се надлежни за управување со истите.

Одборот за управување со ризици редовно го следи и оценува системот за управување со ризиците, ги разгледува извештаите за управување со одделните ризици, воспоставува лимити за изложеност на ризици и го следи нивното остварување, како и други активности во согласност со законските одредби кои се во доменот на стратегиско управување со ризиците.

2. Управување со ризици (продолжува)

Имплементацијата на политиките и процедурите се остварува на макониво, преку централизирано управување со ризиците од страна на Дирекцијата за управување со ризици која работи во рамките на Секторот за стратешко банкарство, од една страна, како и на микониво преку нивно почитување од страна на вработените во Секторот за комерцијално банкарство, односно лицата кои преку своите работни активности ја изложуваат Банката на ризик, од друга страна.

Банката во рамките на системот за управување со ризиците спроведува стрес-тест анализи за да го утврди влијанието на одделните ризици, но и на нивното меѓусебно влијание врз нејзината профитабилност и солвентност - коефициентот за адекватност на капиталот, кои, пак, претставуваат основа за антиципирање на настаните кои можат да имаат неповолно влијание врз идното работење.

2.1 Кредитен ризик

Кредитен ризик претставува ризик од загуба поради тоа што договорната страна нема да биде во можност да ги плати обврските кон Банката во целост и/или во договорените рокови.

Кредитниот ризик е најзначајниот ризик на кој е изложена Банката што произлегува оттаму што кредитната активност на Банката претставува доминантна позиција во нејзината вкупна актива. Имајќи го предвид големото значење на овој ризик во нејзиното целокупно работење, Банката постојано работи на унапредување на системот за управување со кредитниот ризик, и тоа како преку зголемување на ефикасноста на организацискатa структура така и преку модифицирање на методологијата за интерно рангирање на клиентите и утврдување исправка на вредност/посебна резерва.

Во насока на ефикасно управување со кредитниот ризик на кој е изложена Банката, во Политиката за управување со кредитен ризик дефинирани се лимити со кои се спречува ризикот од концентрација на кредитната изложеност и тоа од аспект на: сектор, дејност, географска локација, тип на обезбедување, тип на производ, валута и слично.

Изложеноста на кредитен ризик, исто така, се управува преку редовна анализа на способноста на позајмувачите да ги исполнат своите обврски по основ на камата и главнина.

Обезбедувањето претставува еден од најтрадиционалните и најчести начини за намалување на кредитниот ризик. Основните видови обезбедување за кредитите и побарувањата се следните:

2. Управување со ризици (продолжува)

2.1 Кредитен ризик (продолжува)

- Хипотеки над станбен имот и деловен простор;
- Залог врз деловни средства како што се: опрема, залихи и побарувања;
- Залог врз финансиски инструменти како што се акции;
- Паричен депозит;
- Меница.

Банката, доколку оцени, а со цел намалување на кредитниот ризик, може да побара дополнително обезбедување од своите комитенти.

Политики и процедури

Банката врши класификација на изложеноста на кредитен ризик и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва на поединечна и на групна основа.

Класификација и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва на групна основа се врши за побарувањата од физички лица кои припаѓаат во портфолијата на кредити (портфолио од дозволени пречекорувања на трансакциски сметки и портфолио од кредитни картички).

Стапката на очекувана загуба за побарувањата кои се дел од портфолијата на кредити се пресметува за секое портфолио одделно, и тоа како производ на веројатноста за ненаплата и стапката на загуба поради ненаплата. Веројатноста за ненаплата претставува веројатност изложеностите од портфолиото на кредити да добијат нефункционален статус во период од дванаесет месеци и се утврдува како повеќегодишен просек на годишни стапки на ненаплата. Банката пресметува стапка на загуба поради ненаплата за секое портфолио пооделно, во согласност со одредбите дефинирани во Одлуката за управување со кредитниот ризик.

За побарувањата кои не се дел од портфолиото на кредити се врши класификација и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва (на поединечна основа) преку утврдување сегашна вредност на идните парични текови кои ќе настанат врз основа на тие побарувања.

Износот на исправката на вредност за активните билансни побарувања на поединечна основа се утврдува како разлика помеѓу сметководствената вредност на билансните побарувања и сегашната вредност на идните очекувани парични текови врз основа на тие побарувања. Сегашната вредност на активните билансни побарувања се добива со дисконтирање на очекуваните

идни парични текови по тие побарувања со употреба на ефективна каматна стапка утврдена врз основа на договорот.

2. Управување со ризици (продолжува)

2.1 Кредитен ризик (продолжува)

Банката врши исправка на вредноста, односно издвојува посебна резерва, во рамките на следните граници:

- од 0% до 5% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „**А**“;
- над 5% до 20% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „**Б**“;
- над 20% до 45% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „**В**“;
- над 45% до 70% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „**Г**“;
- над 70% до 100% од кредитната изложеност класифицирана во категоријата на ризик „**Д**“.

2.1 Кредитен ризик

А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик

во илјади денари	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015
Сметководствена вредност на изложености за кои е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва																		
Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, пред исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа																		
категорија на ризик А	90.003	-	3.001.001	2.917.646	100.330	98.931	-	-	526.654	373.654	1.467	1.828	7.891	3.268	52.383	57.717	3.779.728	3.453.044
категорија на ризик Б	-	-	264.082	214.847	-	-	-	-	-	-	600	274	8	55	5.319	1.283	270.009	216.458
категорија на ризик В	-	-	136.846	107.953	-	-	-	-	-	-	703	1.431	2.370	1.054	647	103	140.566	110.541
категорија на ризик Г	-	-	38.248	15.199	-	-	-	-	-	-	908	861	395	197	-	-	39.550	16.258
категорија на ризик Д	-	-	73.070	381.213	-	21.615	-	-	-	-	11.898	26.521	24.158	44.119	-	2	109.125	473.470
	90.003	**-**	**3.513.245**	**3.636.857**	**100.330**	**120.546**	**-**	**-**	**526.654**	**373.654**	**15.575**	**30.915**	**34.822**	**48.695**	**58.349**	**59.104**	**4.338.978**	**4.269.772**
(Исправка на вредноста и посебна резерва на поединечна основа)	90	-	148.996	439.898	1.003	22.605	-	-	529	1.713	12.652	27.441	25.242	44.589	1.184	1.009	189.696	537.255
Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа	**89.912**	**-**	**3.364.249**	**3.196.959**	**99.327**	**97.941**	**-**	**-**	**526.125**	**371.941**	**2.924**	**3.474**	**9.580**	**4.106**	**57.166**	**58.095**	**4.149.282**	**3.732.517**
Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, пред исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-

2.1 Кредитен ризик

А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжува)

во илјади денари	Кредити на и побарувања од банки		Кредити на и побарувања од други комитенти		Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба		Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање		Парични средства и парични еквиваленти		Побарувања за провизии и надомести		Останати побарувања		Вонбилансни изложености		Вкупно	
	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015	тековна година 2016	претходна година 2015
поединечно незначајни изложености (портфолио на мали кредити)	-	-	201.105	206.387	-	-	-	-	-	-	616	562	-	-	122.296	116.785	324.017	323.734
поединечно значајни изложености кои не се оштетени на поединечна основа	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
	-	**-**	**201.105**	**206.387**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**616**	**562**	**-**	**-**	**122.296**	**116.785**	**324.017**	**323.734**
(Исправка на вредноста и посебна резерва на групна основа)	-	-	4.553	4.706	-	-	-	-	-	-	15	14	-	-	2.837	2.771	7.404	7.491
Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа	**-**	**-**	**196.552**	**201.681**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**602**	**549**	**-**	**-**	**119.460**	**114.013**	**316.613**	**316.243**
II. Сметководствена вредност на изложености за кои не е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва *достасани побарувања*	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	-	-
Старосна структура на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
до 30 дена	-	-	32	210	-	-	-	-	-	-	100	187	-	-	-	-	132	397
Сметководствена вредност на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредноста	-	-	32	210	-	-	-	-	-	-	100	187	-	-	-	-	132	397

2.1 Кредитен ризик

А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжува)

Освен тоа, разни правни спорови и побарувања може да се појават и во иднина во текот на редовното деловно работење на Банката. Поврзаните ризици се анализирани од веројатноста за нивна појава. Иако резултатот од ова проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, раководството на Банката смета дека потенцијалните правни спорови и побарувања нема да резултираат во материјално значајни обврски.

Даночен ризик

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Банката подлежат на даночна контроа од страна на даночните власти во период од 5 години од поднесување на даночниот извештај за финансиската година и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценитe на раководството на Банката, не постојат какви било дополнителни услови од кои може да произлезат потенцијално материјално значајни обврски по овој основ.

Капитални обврски

Не се евидентирани капитални обврски на денот на известување кои не се веќе признати во финансиските извештаи.

42.2 Потенцијални средства

Вкупно потенцијални средства

	во илјади денари	
	тековна година 2016	претходна година 2015
Побарување по основ на договор за отстапување на побарувања	12.000	12.000
	12.000	**12.000**

43. Работи во име и за сметка на трети лица

	во илјади денари					
	тековна година 2016			претходна година 2015		
	средства	обврски	нето-позиција	средства	обврски	нето позиција
Администрирање на средствата во име и за сметка на трети лица						
Депозити во денари	-	27.789	(27.789)	-	27.662	(27.662)
Депозити во странска валута		-			-	
Кредити во денари	27.789	-	27.789	27.662	-	27.662
Кредити во странска валута	-	-	-	-	-	-
Други побарувања во денари	-	-	-	-	-	-
Други побарувања во странска валута	-	-	-	-	-	-
Управување на средствата во име и за сметка на трети лица						
Депозити во денари	-	-	-	-	-	-
Депозити во странска валута	-	-	-	-	-	-
Кредити во денари	-	-	-	-	-	-
Кредити во странска валута	-	-	-	-	-	-
Други побарувања во денари	-	-	-	-	-	-
Други побарувања во странска валута	-	-	-	-	-	-
Старателски сметки	-	-	-	-	-	-
Останато	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**27.789**	**27.789**	**-**	**27.662**	**27.662**	**-**

Банката повремено делува како доверител и има останати доверителски својства што резултира во чување или пласирање средства во име на физички лица или останати институции. Овие средства не се вклучени во овие финансиски извештаи, поради тоа што тие не се средства на Банката.

44 Трансакции со поврзаните страни

Во согласност со Законот за банките како поврзани страни со Банката се: лица со посебни права и одговорности во Банката и со нив поврзаните лица, акционери со квалификувано учество во Банката (директно или индиректно поседување најмалку 5% од вкупниот број акции или од издадените акции со право на глас во Банката или овозможуваат значително влијание врз управувањето на Банката) и со нив поврзаните лица, како и одговорните лица на тие акционери - правни лица, подружници на Банката и други лица со кои Банката има блиски врски.

Банката кредитира, врши работи на платен промет и депонира средства на претпријатија и финансиски институции со кои е поврзана. Раководството на Банката смета дека овие трансакции се вршат врз нормални пазарни услови и во нормалниот тек на деловните активности. Салдата и обемот на трансакциите со поврзаните лица со Банката со состојба на и за годините што завршија на 31 декември 2016 и 2015 година се како што следува:

44. Трансакции со поврзаните страни

А. Биланс на состојба

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
Состојба на 31 декември 2016 (тековна година)						
Средства						
Тековни сметки	-	-	-	311	132	443
Средства за тргување	-	-	-	-	-	-
Кредити и побарувања						
хипотекарни кредити	-	-	-	-	-	-
потрошувачки кредити	-	-	-	3.453	924	4.376
побарувања по финансиски лизинг	-	-	-	-	-	-
побарувања по факторинг и форфетирање	-	-	-	-	-	-
останати кредити и побарувања	23	-	-	9.061	335	9.419
Вложувања во хартиите од вредност	-	-	-	-	-	-
(Исправка на вредноста)	(1)	-	-	(30)	(9)	(41)
Останати средства	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**21**	**-**	**-**	**12.795**	**1.381**	**14.198**

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)
Биланс на состојба (Продолжува)

А. Обврски

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
Обврски за тргување	-	-	-	-	-	-
Депозити	54.835	-	-	24.459	300.310	379.604
Издадени хартии од вредност	-	-	-	-	-	-
Обврски по кредити	-	-	-	-	-	-
Субординирани обврски	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	208	-	-	-	6	214
Вкупно	**55.044**	-	-	**24.459**	**300.316**	**379.819**
Потенцијални обврски						
Издадени гаранции	3.653	-	-	-	-	3.653
Издадени акредитиви	-	-	-	-	-	-
Останати потенцијални обврски	1.000	-	-	2.213	333	3.547
(Посебна резерва)	(13)	-	-	(50)	(7)	(70)
Вкупно	**4.640**	**-**	**-**	**2.163**	**327**	**7.130**
Потенцијални средства						
Примени гаранции	-	-	-	-	-	-
Останати потенцијални средства	-	-	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-	-	-

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)
А. Биланс на состојба (продолжува)

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
Состојба на 31 декември 2015 (претходна година)						
Средства						
Тековни сметки	-	-	-	233	149	382
Средства за тргување	-	-	-	-	-	-
Кредити и побарувања						
хипотекарни кредити	-	-	-	-	-	-
потрошувачки кредити	-	-	-	2.138	167	2.305
побарувања по финансиски лизинг	-	-	-	-	-	-
побарувања по факторинг и форфетирање	-	-	-	-	-	-
останати кредити и побарувања	25	-	-	7.006	1.715	8.746
Вложувања во хартиите од вредност	-	-	-	-	-	-
(Исправка на вредноста)	(1)	-	-	(24)	(15)	(40)
Останати средства	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**25**	**-**	**-**	**9.354**	**2.015**	**11.394**

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)

А. Биланс на состојба (продолжува)

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
Состојба на 31 декември 2015 (претходна година)						
Обврски						
Обврски за тргување	-	-	-	-	-	-
Депозити	62.650	-	-	32.155	41.252	136.057
Издадени хартии од вредност	-	-	-	-	-	-
Обврски по кредити	-	-	-	-	-	-
Субординирани обврски	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	209	-	-	-	-	209
		-	-			
Вкупно	**62.859**			**32.155**	**41.252**	**136.265**
Потенцијални обврски						
Издадени гаранции	4.236	-	-	-	-	4.236
Издадени акредитиви	-	-	-	-	-	-
Останати потенцијални обврски	197	-	-	2.478	334	3.009
(Посебна резерва)	(3)	-	-	(58)	(5)	(65)
Вкупно	**4.430**	-	-	**2.420**	**329**	**7.179**
Потенцијални средства						
Примени гаранции	-	-	-	-	-	-
Останати потенцијални средства	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)

Б. Приходи и расходи кои произлегуваат од трансакциите со поврзаните страни

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
2016 (тековна година)						
Приходи						
Приходи од камата	1	-	-	552	115	668
Приходи од провизии и надомести	526	-	-	92	64	681
Нето-приходи од тргување	-	-	-	-	-	-
Приходи од дивиденда	-	-	-	-	-	-
Капитална добивка од продажбата на нетековни средства	-	-	-	-	-	-
Останати приходи	-	-	-	-	-	-
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**527**	-	-	**644**	**178**	**1.349**
Расходи						
Расходи за камата	286	-	-	384	1.696	2.365
Расходи за провизии и надомести	-	-	-	-	-	-
Нето-загуби од тргување	-	-	-	-	-	-
Расходи за набавка на нетековните средства	-	-	-	-	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	1	-	-	7	(7)	2
Останати расходи	14.166	-	-	(7)	1.676	15.836
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**14.453**	-	-	**385**	**3.365**	**18.203**

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)

Б. Приходи и расходи кои произлегуваат од трансакциите со поврзаните страни

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
2015 (претходна година)						
Приходи						
Приходи од камата	1	-	-	543	146	690
Приходи од провизии и надомести	420	-	-	71	62	552
Нето-приходи од тргување	-	-	-	-	-	-
Приходи од дивиденда	-	-	-	-	-	-
Капитална добивка од продажбата на нетековни средства	-	-	-	-	-	-
Останати приходи	-	-	-	-	-	-
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**421**	-	-	**614**	**207**	**1.242**
Расходи						
Расходи за камата	203	-	-	486	287	976
Расходи за провизии и надомести	-	-	-	-	-	-
Нето-загуби од тргување	-	-	-	-	-	-
Расходи за набавка на нетековните средства	-	-	-	-	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	(1)	-	-	(15)	(6)	(22)
Останати расходи	13.728	-	-	(27)	1.742	15.442
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**13.930**	-	-	**444**	**2.023**	**16.397**

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)

В. Надомести на раководниот кадар на Банката

	во илјади денари	
	тековна година 2016	претходна година 2015
Краткорочни користи за вработените	41.818	36.983
Користи по престанокот на вработувањето	-	-
Користи поради престанок на вработувањето	-	-
Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со сопствени инструменти	-	-
Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со парични средства		
Останато	1.612	1.176
Вкупно	**43.430**	**38.159**

Со 31 декември 2016 година надоместите на лицата со посебни права и одговорности изнесуваат 43.430 илјади денари (2015: 38.159 илјади денари), од кои 41.818 илјади денари (2015: 36,983 илјади денари) се однесуваат на плати на 32 лица со посебни права и одговорности, а 1.612 илјади денари се однесуваат на награди на вработени од годишната добивка на Банката, на исплатени јубилејни награди на пет лица со посебни права и одговорности и на исплатен регрес за годишен одмор на 30 лица со посебни права и одговорности.

45. Наеми

А. Наемодавател

А.1 Побарувања по финансиски наеми

во илјади денари	Вкупно побарувања по финансиски наем	Период на достасување на побарувањата по финансиски наем		
		до 1 година	од 1 до 5 години	над 5 години
Состојба на 31 декември 2016 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2015 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-

45. Наеми (продолжува)
А.2. Побарувања по неотповикливи оперативни наеми

во илјади денари	Вкупно побарувања по неотповикливи оперативни наеми	Период на достасување на побарувањата по неотповикливи оперативни наеми		
		до 1 година	од 1 до 5 години	над 5 години
Состојба на 31 декември 2016 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2015 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Транспортни средства	Мебел и канцелариска опрема	Останата опрема	Други ставки на недвижностите и опремата	Вкупно
Вредност на имотот даден под оперативен наем:							
состојба на 31 декември 2016 (тековна година)	-	-	-	-	-	-	-
состојба на 31 декември 2015 (претходна година)	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-	-	-	-

45. Наеми (продолжува)

Б. Наемател

Б.1 Обврски по финансиски наеми

во илјади денари	Вкупно обврски по финансиски наем	Период на достасување на обврските по финансиски наем		
		до 1 година	од 1 до 5 години	над 5 години
Состојба на 31 декември 2016 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
	-	-	-	-
Вкупно	**-**	**-**	**-**	**-**
Состојба на 31 декември 2015 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
	-	-	-	-
Вкупно	**-**	**-**	**-**	**-**

45. Наеми (продолжува)

Б. Наемател (продолжува)

Б.1 Обврски по финансиски наеми (продолжува)

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Транспортни средства	Мебел и канцелариска опрема	Останата опрема	Други ставки на недвижностите и опремата	Вкупно
Вредност на имотот земен под финансиски наем:							
Набавна вредност							
Состојба на 1 јануари 2015 (претходна година)	-	-	1.692	-	-	-	1.692
зголемувања	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2015 (претходна година)	**-**	**-**	**1.692**	-	-	-	**1.692**
Состојба на 1 јануари 2016 (тековна година)	-	-	1.692	-	-	-	1.692
зголемувања	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2016 (тековна година)	**-**	**-**	**1.692**	**-**	**-**	**-**	**1.692**
Акумулирана амортизација и оштетување							
Состојба на 1 јануари 2015 (претходна година)	-	-	1.302	-	-	-	1.302
амортизација за годината	-	-	389	-	-	-	389
загуба поради оштетување во текот на годината	-	-	-	-	-	-	-
(ослободување на загубата поради оштетување во текот на годината)	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-

45. Наеми (продолжува)

Б. Наемател (продолжува)

Б.1 Обврски по финансиски наеми (продолжува)

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Транспортни средства	Мебел и канцелариска опрема	Останата опрема	Други ставки на недвижностите и опремата	Вкупно
Состојба на 31 декември 2015 (претходна година)	**-**	**-**	**1.691**	-	-	-	**1.691**
Состојба на 1 јануари 2016 (тековна година)	-	-	1.691	-	-	-	1.691
амортизација за годината	-	-	1	-	-	-	1
загуба поради оштетување во текот на годината	-	-	-	-	-	-	-
(ослободување на загубата поради оштетување во текот на годината)	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2016 (тековна година)	**-**	-	**1.692**	-	-	-	**1.692**
Сегашна сметководствена вредност							
на 1 јануари 2015 (претходна година)	-	-	-	-	-	-	-
на 31 декември 2015 (претходна година)	**-**	**-**	**1**	**-**	**-**	**-**	**1**
на 31 декември 2016 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**

46. Плаќања врз основа на акции

	во илјади денари	
	тековна година 2016	претходна година 2015
Датум на давање на опцијата	-	-
Датум на истекување на опцијата	-	-
Цена на реализација на опцијата	-	-
Цена на акцијата на датумот на давање на опцијата	-	-
Варијанса	-	-
Очекуван принос на дивидендата	-	-
Каматна стапка	-	-
Објективна вредност на датумот на давање на опцијата	-	-

	тековна година 2016		претходна година 2015	
	број на опциите за акции	пондерирана просечна цена за опциите за акции	број на опциите за акции	пондерирана просечна цена за опциите за акции
Состојба на 1 јануари	-	-	-	-
Промени во текот на годината:				
опции дадени на членовите на Надзорниот одбор	-	-	-	-
опции дадени на членовите на Управниот одбор	-	-	-	-
останати дадени опции	-	-	-	-
форфетирани опции	-	-	-	-
реализирани опции	-	-	-	-
опции со истечен краен рок	-	-	-	-
Состојба на 31 декември	-	-	-	-

47 Пензиски планови

Банката нема дефинирано планови за надомести при пензионирање или опции за надоместување базирани на акции со состојба на 31 декември 2016 и 2015 година. Раководството смета дека сегашната вредност на идните обврски кон вработените во врска со надоместите при пензионирање и јубилејни награди не е од материјално значење за финансиските извештаи со состојба на 31 декември 2016 и 2015 година.

48 Настани по датумот на известување

Нема значајни настани по датумот на известување кои би требало да се прикажат во овие финансиски извештаи.

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето согласно одредбите на ЗТД

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат трговските друштва вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки.

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Согласно член 477 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Друштвото го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење.

Годишна сметка за 2016 година
- Биланс на состојба
- Биланс на успех

Назив на банката **ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**
Адреса, седиште и телефон **Народен фронт 19 А Скопје**
Единствен даночен број **403006597638**

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
На ден 31.12.2016 година

(во денари)

Ред. бр.	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	ИЗНОС	
			Претходна година	Тековна година
1	2	3	4	5
	АКТИВА			
1.	Парични средства и парични еквиваленти	140	1.110.767.152	1.474.100.158
2	Вложувања во должнички ХВ кои може да се користат за рефинансирање во НБРМ (142+143+144)	141	0	0
2а.	Благајнички записи	142		
2б.	Државни хартии од вредност	143		
2в.	Исправка на вредноста	144		
3	Кредити на и побарувања од банки (146+147+148-149)	145	0	89.912.498
3а.	Кредити	146	0	90.002.500
3б.	Депозити	147	0	0
3в.	Останати побарувања	148		
3г.	Исправка на вредноста	149	0	90.002
4	Кредити на и побарувања од други коминтенти (151+152-153)	150	3.469.336.451	3.635.264.684
4а.	Кредити	151	3.915.432.790	3.814.906.572
4б.	Останати побарувања	152		
4в.	Исправка на вредноста	153	446.096.339	179.641.888
5	Должнички хартии од вредност (155+156+157-158)	154	1.619.450.821	1.743.278.430
5а.	Благајнички записи	155	591.409.766	460.520.770
5б.	Државни хартии од вредност	156	834.983.294	1.089.327.067
5в.	Останати должнички хартии од вредност	157	193.057.761	193.430.593
5г.	Исправка на вредноста	158	0	0
6.	Вложувања во сопственички инструменти	159	117.836.629	120.107.348
7	Вложувања во придружени друштва (161+162)	160	0	0
7а.	Вложувања во банки	161		
7б.	Останати вложувања во придружени претпријатија	162		
8.	Вложувања во подружници (164+165)	163	0	0

8а.	Вложувања во банки	164		
8б.	Останати вложувања во подружници	165		
9.	Заеднички вложувања (167+168)	166	0	0
9а.	Заеднички вложувања во банки	167		
9б.	Останати заеднички вложувања	168		
10.	Нематеријални средства (170+171+172+173+174)	169	19.973.988	18.033.949
10а.	Основачки издатоци	170		
10б.	Издатоци за истражување и развој	171		
10в.	Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	172	4.031.716	2.780.548
10г.	Гудвил	173		
10д.	Останати нематеријални средства	174	15.942.272	15.253.401
11.	Материјални средства (176+177+178)	175	182.369.896	178.849.828
11а.	Земјиште	176		
11б.	Недвижности и опрема	177	168.575.160	169.746.917
11в.	Останати материјални средства	178	13.794.736	9.102.911
12.	Останати средства/побарувања (180+181+182+183+184+185+186+187+188+189+190+191-192)	179	452.046.126	245.098.293
12а.	Ограничени депозити	180	89.386.049	251.073
12б.	Дериватни средства чувани за управување со ризик	181		
12в.	Вградени деривати	182		
12г.	Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	183		
12д.	Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	184	343.825.028	225.536.006
12ѓ.	Заложени средства	185		
12е.	Аванси за нематеријални средства	186		
12ж	Аванси за материјални средства	187		
12з	Побарување за данок од добивка	188	0	0
12s	Одложени даночни средства	189		
12и	Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	190		
12j	Останати побарувања	191	236.838.238	57.219.513
12к	Исправка на вредноста	192	218.003.189	37.908.299
13.	Одложени приходи и однапред платени трошоци	193	911.879	1.198.715
14.	**ВКУПНА АКТИВА** (140+141+145+150+154+159+160+163+166+169+	194	**6.972.692.942**	**7.505.843.903**

	ПАСИВА:			
15.	**ОБВРСКИ (196+202+208+213+222+223+227)**	195	5.896.523.849	6.392.732.824
16	Обврски кон банки (197+198+199+200+201)	196	541.725.360	447.171.495
16а.	Трансакциски сметки	197	12.787	10.584
16б.	Депозити	198	21.562.816	0
16в.	Ограничени депозити	199		
16г.	Обврски по кредити	200	520.149.757	447.160.911
16д.	Останати обврски	201		
17	Обврски кон други комитенти (203+204+205+206+207)	202	5.275.391.098	5.856.504.637
17а.	Трансакциски сметки	203	1.895.194.573	1.993.829.930
17б.	Депозити	204	3.224.452.121	3.725.699.618
17в.	Ограничени депозити	205	153.432.404	134.663.089
17г.	Обврски по кредити	206	2.312.000	2.312.000
17д.	Останати обврски	207		
18	Обврски по издадени должнички хартии од вредност (209+210+211	208	0	0
18а.	Издадени инструменти на пазарот на пари	209		
18б.	Издадени сертификати за депозит	210		
18в.	Издадени обврзници	211		
18г.	Останати издадени должнички хартии од вредност	212		
19	Останати обврски (214+215+216+217+218+219+220+221	213	70.460.213	74.866.996
19а.	Дериватни обврски чувани зауправување со ризик	214		
19б.	Вградени Деривати	215		
19в.	Обврски за тргување	216		
19г.	Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	217		
19д.	Обврски за данок на добивка	218	1.612.140	5.938.769
19ѓ.	Одложени даночни обврски	219		
19е.	Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на усп	220		
19ж.	Останати обврски	221	68.848.073	68.928.227
20	Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди	222	3.502.985	3.866.292
21	Резервирања за ризици и обврски (224+225+226)	223	5.444.193	10.323.404
21а.	Резервирања за вонбилансна кредитна изложеност	224	3.780.193	4.020.491

21б.	Резервирања за пензии и за други користи на вработените	225	0	0
21в.	Останати резервирања	226	1.664.000	6.302.913
22	Субординирани обврски	227		
23	**КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** (229+230 -231+232+235+230+236-237+238-2	228	1.076.169.093	1.113.111.079
24	Запишан капитал	229	907.888.000	907.888.000
25	Премии од акции	230	126.879	126.879
26	Откупени сопствени акции (-)	231		
27	Резерви (233+234)	232	76.933.483	93.878.313
27а.	Законска и статутарна резерва	233	76.933.483	93.878.313
27б.	Останати резерви	234		
28	Ревалоризациски резерви и остнати разлики од вреднувањето	235	38.969.181	27.537.822
29	Добивка за финансиската година	236	38.128.862	83.680.065
30	Загуба за финансиската година (-)	237	0	0
31	Задржана добивка	238	14.122.688	0
32	Пренесена загуба (-)	239	0	0
33	Малцинско учество	240		
34	**ВКУПНА ПАСИВА (195+228)**	241	**6.972.692.942**	**7.505.843.903**
	ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА			
35	Вонбилансна евиденција -актива	242	3.449.821.456	4.011.076.626
36	Вонбилансна евиденција -пасива	243	3.449.821.456	4.011.076.626

Назив на банката **ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**
Адреса, седиште и телефон **Народен фронт 19а Скопје**
Единствен даночен број **4030065976З8**

БИЛАНС НА УСПЕХ
На ден 31.12.2016 год

(во денари)

Ред. бр. 1	ПОЗИЦИЈА 2	Ознака на АОП 3	ИЗНОС Претходна година 4	ИЗНОС Тековна година 5
1.	Приходи од камата	001	340.700.715	320.982.130
2.	Расходи за камата	002	72.232.243	56.959.636
3	Приходи за провизиии и надомести	003	181.938.736	173.048.233
4	Расходи за провизиии и надомести	004	25.668.320	27.869.691
5.	Приходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички	005		
6.	Нето добивка од трансакции со хартии од вредноста	006	211.983	1.080.370
7	Нето загуба од трансакции со хартии од вредност	007		0
8	Нето добивка од курсни разлики	008	10.744.281	9.132.136
9	Нето загуба од курсни разлики	009	0	0
10	Останати приходи од дејноста	010	80.798.167	135.569.948
11	Трошоци за вработените (012+013+014)	011	153.145.185	156.104.183
11а.	Плати	012	99.633.439	101.241.324
11б.	Трошоци за даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување	013	48.466.008	49.279.886
11в.	Останати користи за вработените	014	5.045.738	5.582.973
12	Амортизација на нематеријални средства и материјални средства	015	25.305.247	22.219.682
13	Исправка на вредност на нематеријални средства и материјални средства	016	76.791.454	63.895.546
14	Исправка на вредност посебна резерва и резервирањата(018+019+020)	017	29.341.617	72.992.164
14а.	Исправка на вредноста на активните билансни побарувања	018	27.677.617	68.117.233
14б	Посебна резерва за вонбилансна кредитна изложеност	019		236.018
14в	Останати резервирања	020	1.664.000	4.638.913
15	Расходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички	021		
16	Останати расходи од дејноста	022	189.315.704	146.155.567
17	Добивка пред оданочување (001+003+005+006+008+010)-(002+004+007+009+011+015+016+017+021+022)	023	42.594.112	93.616.348
18	Загуба пред оданочување (002+004+007+009+011+015+016+017+021+022)-	024	0	0
19	Добивка од прекинато работење	025		
20	Загуба од прекинато работење	026		
21.	Добивка пред оданочување (023+025-026)	027	42.594.112	93.616.348
22	Загуба пред оданочување (024+026-025)	028	0	0
23	Данок од добивка (дел од Даночниот биланс)	029	4.465.250	9.936.283
24	Добивка за финансиската година (027-029)	030	38.128.862	83.680.065
25	Загуба за финансиската година (029-027) или (028+029)	031		
26	Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	032	278	280
27	Број на месеци на работење	033	12	12

Годишен извештај за 2016 година

ТТК БАНКА АД Бр.1
Бр. 02-851/8
30. 01 2017 год.
СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за работењето на Банката
во 2016 година

јануари 2017 г.

СОДРЖИНА

1. ПРОФИЛ НА БАНКАТА 3
2. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАБОТЕЊЕТО 6
3. МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ 7
4. ПОЗИЦИЈАТА НА ТТК БАНКА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР 12
5. РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 14
5.1. Корпоративно управување на Банката, акционерски капитал и сопственичка структура 14
5.2. Финансиски перформанси на Банката 27
6. АКТИВНОСТИ ПО СЕГМЕНТИ 34
6.1. Управување со ризици 34
6.2. Корпоративно банкарство – Корпоративни клиенти и МСП 38
6.3. Деловна мрежа 41
6.4. Картично работење 43
6.5. Платен промет во земјата и странство 43
6.6. Електронско банкарство 44
6.7. Средства и ликвидност 45
6.8. Маркетинг и развој на производи 46
6.9. Информатичка технологија и позадински работи 50
6.10.Човечки ресурси 51
6.11.Внатрешна ревизија 54
6.12.Контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам 55
ПРИЛОГ 1 - ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 56
ПРИЛОГ 2 – МРЕЖА НА ФИЛИЈАЛИ И ЕКСПОЗИТУРИ 57
ПРИЛОГ 3 – МРЕЖА НА БАНКОМАТИ 58

1. ПРОФИЛ НА БАНКАТА

ТТК Банка АД Скопје делува како акционерско друштво во својство на правно лице, од 1 јули 2006 година, а како резултат на спојувањето на **Тетекс – Кредитна банка АД Скопје** и **Тетовска банка АД Тетово** во нова банка - ТТК Банка АД Скопје. ТТК Банка е горд сведок на историјата на развојот на банкарскиот систем, уште од формирањето на најстарите банки во македонската банкарска историја.

Почетоците датираат уште од 1961 година кога е формирана Комунална Банка од Тетово, која, пак, во 1962 година се трансформира во Комерцијална Банка Тетово. Комерцијална Банка Тетово во 1973 година се спојува и делува во рамки на Стопанска Банка АД Скопје сè до независното издвојување како самостојна банка во 1995 година.

Правниот претходник, **Тетекс – Кредитна Банка АД Скопје**, датира од 2001 година, како резултат на спојувањето на Тетекс Банка АД Скопје (основана 25.12.1993 година) со Кредитна Банка АД Битола (основана, јуни 1993 година). Тетекс – Кредитна Банка АД Скопје во 2004 година имплементира нов интегриран банкарски систем како поддршка за целокупната услуга, кој при формирањето на ТТК Банка АД Скопје претставува значајна основа за работење и надградба на услугите на новата Банка.

Од друга страна, пак, другиот правен претходник на ТТК Банка АД Скопје, **Тетовска Банка АД Тетово** е основана во 1995 година, како една од петте филијали кои ги исполнуваат условите за самостојно банкарско работење и се издвојуваат како самостојни банки во рамки на процесот на реконструирањето на Стопанска Банка АД Скопје.

Така, на почетокот на втората половина од 2006 година се основа ТТК Банка АД Скопе, каде што како доминантен сопственик се јавува Тетекс АД Тетово, и Европската Банка за обнова и развој како сопственик на 25% од капиталот на Банката. Во текот на 2013 и 2014 година Европската банка за обнова и развој постепено го намалуваше своето учество во акционерскиот капитал на Банката и од 16.11.2015 година таа повеќе нема свое учество во акционерскиот капитал на Банката.

ТТК Банка АД Скопје е универзална банка која успешно ги реализира сите банкарски активности, и тоа: кредитно и документарно работење со физички и правни лица, денарско и девизно штедење, платежни картички, тековни сметки, платен промет во земјата, платен промет во странство, тргување со хартии од вредност, издавање платежни и кредитни картички, менувачки работи, брз трансфер на пари MoneyGram, електронско банкарство, мобилно банкарство, електронски услуги и сервиси, како и други банкарски активности. Постојано креира нови и развиени форми на производи и услуги во согласност со потребите на клиентите следејќи ги современите трендови на банкарскиот пазар.

Банката во 2007 година успешно ги пласира кредитните линии за развој на мали и средни претпријатија од средства на ЕБОР и ЕФСЕ. Во овој период Банката развива и промовира домашен бренд на дебитна и кредитна картичка.

Во 2008 година Банката го воведува интернационалниот бренд на дебитни и кредитни картички за физички и правни лица - VISA.

Во периодот од 2009 година до 2012 година, Банката имплементира нова модерна организациска структура, преку која се создава моделот на „универзален банкарски шалтер“ и децентрализирана продажба на производи и услуги за брз и едноставен пристап до клиентите на пазарот преку широката мрежа на филијали и

експозитури. Во овој период се спроведуваат активности за ребрендирање дел од еспозитурите и филијалите со цел создавање модерен, современ и унифициран изглед на истите. Во 2012 година Банката се вклучува во проектот за пласирање субвенционирани станбени кредити во организација на Министерството за финансии.

Во периодот од 2013 година до 2016 година, Банката делува во насока на ширење на мрежата на филијали и експозитури и унифицирање на изгледот на истите. Динамично се унапредуваат условите на кредитните производи за физички лица (потрошувачките, хипотекарните и станбените кредити), се надградуваат услугите во електронското банкарство, а се воведува и новата мобилна апликација за мобилно банкарство ТТК М-банк.

Банката континуирано од своето постоење успешно ги пласира кредитните линии на Македонската банка за поддршка на развојот за поддршка на мали и средни претпријатија.

Преку својата централа во Скопје и широката мрежа од 7 филијали, 24 експозитури, 4 шалтери на територијата на Македонија, Банката во 2016 година ги извршува сите банкарски активности следејќи ги основните принципи на банкарското работење - стабилност, ликвидност, профитабилност и солвентност.

ТТК Банка АД Скопје во изминатите години континуирано и успешно имплементира стратегија за корпоративна и општествена одговорност. Преку транспарентни и етички активности, Банката ги поддржува и ги промовира вредностите кои го претставуваат нејзиното работење: доверба, традиција, ентузијазам, искуство и знаење, тимски дух и професионализам. Искуството, посветеноста и отворената соработка со институциите и лицата од општеството придонесоа за развој на компанија која е општествено и корпоративно одговорна, давајќи поддршка на лица и институции за развој на нормално и здраво опкружување во кое секој поединец има еднакви права и можности. Активната поддршка што ТТК Банка ја дава на општеството е видлива од различните активности во форма на спонзорство или донација од Банката за културата, спортот, образованието, за што Банката има добиено многу награди за корпоративна и општествена одговорност.

За остварување на многубројните позитивни придобивки за заедницата, во изминитатиот период ТТК Банка повеќе пати беше добитник на награди за општествена одговорност од Министерство за економија (за 2008 и 2010) и награди за филантропија од Центарот за институционален развој (за 2009 и 2011) и др.

Во 2016 година ТТК Банка го доби признанието Национален шампион во категоријата Награда за иновација на 10-тите по ред Европските бизнис-награди (најголемиот престижен европски бизнис-натпревар, поддржан од бизнис-лидери, академици, медиуми и политички претставници од цела Европа кој инспирира подобрување на конкурентноста на бизнисите во Европа). Наградата е потврда за активното, континуирано и ефикасно ангажирање на Банката во процесот на изнаоѓање проактивни и современи технолошки решенија за поедноставни, поконкурентни и подостапни производи и услуги за крајните корисници, физички и правни лица.

- **Изјава за мисија на Банката**

Изјавата за Мисија ги содржи долгорочните цели и деловната филозофија на Банката.

Изјавата за Мисија е однапред определен патоказ за развој на стратегиите за управување на бизнисот на Банката.

Изјавата за Мисијата на ТТК Банка АД Скопје е:

Ние сме универзална банка-партнер за малите и средните претпријатија во Македонија, која креира вредности за своите акционери, клиенти и вработени, со помош на претприемачкиот и профитабилниот начин на размислување, оперативната ефикасност и градењето долгорочно партнерство.

Нашите вредности се:

Довербата – биди искрен, внимателен, доследен и транспарентен бидејќи довербата е основата на нашата работа;

Одговорноста – преземи иницијатива, донеси одлуки и застани зад нивната реализација; и

Тимската работа – креирај ефикасна и работна атмосфера, соработувај на сите нивоа со цел остварување подобри резултати.

2. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАБОТЕЊЕТО

во илјади денари	31.12.2015	31.12.2016	промена за периодот
Показатели на Билансот на состојба			
Вкупна актива	**6.959.141**	**7.489.641**	**7,6%**
Нето кредити на комитенти	**3.455.785**	**3.619.062**	**4,7%**
Кредити на Домаќинства	**1.685.531**	**1.857.010**	**10,2%**
Депозити од комитенти	**5.273.079**	**5.854.193**	**11,0%**
Капитал и резерви	**1.076.169**	**1.113.111**	**3,4%**
Преземени средства / Вкупна актива	**4,9%**	**3,0%**	**-1,9 пп**
Квалитет на кредитно портфолио			
Вкупна кредитна изложеност (билансна и вонбилансна)	**6.700.741**	**6.997.714**	**4,4%**
Вкупна исправка на вредност и посебна резерва	**544.746**	**197.100**	**-63,8%**
Адекватност на капиталот	**18,7%**	**19,0%**	**0,3 пп**
Просечно ниво на резервираност	**8,1%**	**2,8%**	**-5,3 пп**
Покриеност на нефункционалните кредити со вкупната пресметана исправка на вредност и посебна резерва	**165,2%**	**108,9%**	**-56,3 пп**
Показатели за ликвидноста			
Ликвидна актива/ Вкупна Актива	**33,6%**	**39,1%**	**5,4 пп**
Бруто кредити на комитенти / Депозити од комитенти	**74,0%**	**64,4%**	**-9,5 пп**
Показатели за профитабилноста и ефикасноста			
Добивка по оданочување	**38.129**	**83.680**	**119,5%**
Нето оперативен приход пред исправка на вредност на нефинансиски и финансиски средства	**147.063**	**225.660**	**53,4%**
Стапка на повраток на просечната актива (ROAA)	**0,6%**	**1,2%**	**0,6 пп**
Стапка на повраток на просечниот капитал (ROAE)	**3,7%**	**8,1%**	**4,4 пп**
Оперативни трошоци / оперативни приходи (Cost-to-income)	**71,1%**	**59,5%**	**-11,7 пп**
Добивка по оданочување/ вкупни редовни приходи	**7,4%**	**15,0%**	**7,6 пп**
Нето провизии / Вкупни трошоци	**43,1%**	**43,9%**	**0,8 пп**

Во 2016 година Банката го прослави својот 10-годишен јубилеј со остварување уште една успешна година, со солиден финансиски резултат. И покрај ризиците во макроекономското окружување, кои беа присутни во текот на годината, способноста на Банката да ги прилагоди своите стратегиски и финансиски цели на макроекономското окружување доведе до зголемување на профитабилноста, оперативната ефикасност, кредитно-депозитното работење и покрај силната конкуренција кај кредитните активности и услугите.

Во 2016 година, Банката оствари годишен пораст на депозитите од комитенти за 11,0% како резултат на пораст на депозитите од стопанство и финансиските институции. Соодветно на растот на изворите на средства, вкупната актива на Банката забележа пораст од 7,6%, односно во апсолутен износ 531 милиони денари. Притоа беше задржан и висок квалитет на кредитното портфолио со просечна резервираност од 2,8%, додека годишната стапка на раст на нето-кредитите на комитентите изнесува 4,7%.

Оперативната ефикасност на Банката за 2016 година изразена во апсолутен износ бележи зголемување за 53,4%. Зголеменото ниво на остварени оперативни приходи за 9,2% и заштеда на оперативните трошоци за 8,7% на годишно ниво резултираа и со подобрување на коефициентот CIR (Cost-to-income ratio) за 11,7 процентни поени.

Повисокиот финансиски резултат влијае и на подобрени коефициенти за поврат на активата и капиталот на Банката за 0,6пп и 4,4пп, соодветно.

Профитната маргина на Банката која го претставува односот на добивката од работењето и вкупните приходи од редовно работење забележа пораст за 7,6 пп во однос на минатата година.

Понискиот износ на преземени средства како резултат на зголемените активности од продажба на преземени средства во текот на 2016 година резултира со намален коефициент на учество на преземените средства во вкупната билансна сума за 1,9 процентни поени, односно од 4,9% на 31.12.2015 на 3,0% на 31.12.2016 година.

3. МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Меѓународно окружување. Глобалниот економски раст во првата половина од 2016 година изнесуваше 2,9% (до крајот на 2016 се очекува да изнесува околу 3%), што претставува забавување во однос на 2015 година. Американската економија, по солидните остварувања во првиот квартал од 2016 година (1,6%), во вториот квартал забележа забавување на растот (1,3%), пред сè заради намалувањето на инвестициската активност, особено во енергетскиот сектор. Економските остварувања на брзорастечките и економиите во развој во првата половина од 2016 година се различни, што делумно го одразува различното влијание од движењата на светските цени на примарните производи врз земјите извознички и увознички. Растот на кинеската економија во првата половина од 2016 година изнесуваше 6,7%, поддржан од ниските цени на енергенсите, како и од релативно стабилната побарувачка од развиените земји. Бразилската економија сè уште се соочува со предизвиците од ниските цени на примарните производи, како и од политичката нестабилност, додека кај руската економија се забележуваат знаци на закрепнување. Сепак, очекувањата за глобалниот раст остануваат под значително влијание на надолните ризици.

Европската економија продолжи да бележи умерен раст во првите три квартали од 2016 година (1,9%), при што мерките за поддршка на растот беа неутрализирани од зголемената геополитичка неизвесност, забавениот раст во земјите надвор од ЕУ и слабата светска трговија. Резултатите од одржаниот референдум во Велика Британија за членството во ЕУ ја зголеми политичката несигурност, што негативно ќе влијае врз економијата во еврозоната.

Последиците од кризата во одредени земји-членки, како што се нефункционалните кредити, високата задолженост на приватниот и јавниот сектор, процесот на намалување на задолженоста, како и обновување на билансите на банкарскиот сектор имаат негативен ефект врз растот. Ниските инвестиции во последните години негативно влијаат врз потенцијалниот раст, а, од друга страна, очекувањата за низок раст ја потиснуваат инвестициската активност. Монетарната и фискалната политика во 2016 година го поддржуваа растот, што не е случај со

надворешните фактори, како што се падот на цената на нафтата и депрецијацијата на еврото.

По реалниот раст на БДП во еврозоната од 2% во 2015 година, се очекува одредено забавување на растот на ниво од 1,7% во 2016 година. Растот се очекува да биде движен од домашната побарувачка поттикната од растот на вработеноста. Растот на БДП во ЕУ се очекува да ослабне од 2,2% во 2015 година на 1,8% во 2016 година.

Табела 1. Основни макроекономски индикатори во Еврозоната и ЕУ

	БДП			Инфлација			Стапка на невработеност		
Година	2016	2017	2018	2016	2017	2018	2016	2017	2018
Еврозона	1,7	1,5	1,7	0,3	1,4	1,4	10,1	9,7	9,2
ЕУ	1,8	1,6	1,8	0,3	1,6	1,7	8,6	8,3	7,9

Извор: EuropeanEconomicForecast (Autumn 2016)

Ризиците за очекувањата во ЕУ и во еврозоната се претежно надолни. Внатрешните ризици произлегуваат од брегзитот (излезот на Велика Британија од ЕУ), наследените проблеми (високи нефункционални кредити) од европската должничка криза, како и одложувањето на структурните реформи, додека надворешните ризици доаѓаат од отежнувачките геополитички конфликти, предизвиците со кои се соочува Кина во обидот за структурно ребалансирање на растот и нормализирањето на монетарната политика во САД.

Во **Македонија, БДП** во првите три квартали од 2016 година забележа раст од 2,7% на реална основа, во услови на зголемена политичка нестабилност во земјата. Значаен придонес врз економскиот раст во овој период, како и во изминатите години, имаше градежништвото коешто забележа раст од 15%. Земјоделството во овој период забележа раст од 6,1%, а растот на услужниот сектор изнесува 2,6%. Индустрискиот сектор во овој период забележа пад од 2%.

Анализирано според расходната страна на БДП, економскиот раст во првите три квартали од 2016 година беше придвижен од извозот и потрошувачката. Извозот на стоки и услуги забележа реален раст од 10,9% главно како резултат на растот на активноста на компаниите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на надворешната побарувачка, односно солиден раст на економската активност во ЕУ, како најзначајна дестинација за пласман на македонските производи. Растот на извозот беше придружен и со подобрување на структурата преку зголемување на учеството на производи со повисока додадена вредност, во услови на раст на извозот на машини и транспортни уреди од 22,4% и на хемиски производи од 12,2%. Увозот на стоки и услуги во овој период забележа понизок раст од извозот и изнесува 8,7%.

Потрошувачката во првите три квартали од 2016 година забележа реален раст од 3,3%, што се должи на растот и на приватната и на јавната потрошувачка. Приватната потрошувачка забележа раст од 3,8% на реална основа и во најголем дел се должи на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста и платите, а во помал дел и како резултат на кредитната поддршка од банките. Јавната потрошувачка порасна за 0,9% на реална основа. Позитивен придонес врз економската активност во овој период имаа и бруто-инвестициите, кои забележаа реален раст од 0,8% во услови на зголемена градежна активност.

Просечниот број **вработени** во првите три квартали од 2016 година беше повисок за 2,6% во однос на истиот период претходната година, при што најмногу работни места се креирани во трговската дејност (околу две петтини од вкупниот број), како и во градежништвото и во индустријата. Растот на вработеноста беше придружен со пад на бројот на невработени, со што стапката на невработеност во третиот квартал од 2016 година се намали на 23,4%, односно за околу 2 процентни поени споредено со истиот квартал претходната година. Просечната нето-плата во периодот јануари-октомври 2016 година забележа раст од 1,9% на номинална основа, односно раст од 2,1% на реална основа во однос на истиот период 2015 година.

Стапката на **инфлација** во периодот јануари-ноември 2016 година изнесуваше -0,2%. Падот на потрошувачките цени се должи главно на намалените цени на енергијата, посебно на нафтените деривати, коишто забележаа пад на цената од 8,5% и на прехранбените производи чиишто цени се намалени за 1,4%.

Монетарни движења. Амбиентот за спроведување на монетарната политика во текот на 2016 година беше главно одбележан со неизвесноста поврзана со домашната политичка ситуација и нејзиното влијание врз очекувањата. Неповолните ефекти беа главно присутни во периодот април-мај и истите пред сè се одразија врз движењата на менувачкиот пазар и депозитите на населението кај банките. При вакви околности, на почетокот на мај 2016 година беше извршено затегнување на монетарната политика преку зголемување на основната каматна стапка и соодветни промени кај дел од другите инструменти што заедно со интервенциите со нето-продажба на девизниот пазар и зајакнатата комуникација со јавноста, делуваше во насока на стабилизација на очекувањата во продолжение на годината. Покрај зголемувањето на основната каматна стапка од 3,25% на 4%, промените во останатите инструменти донесени во мај вклучуваа промени во системот на задолжителна резерва преку зголемување на стапката на задолжителна резерва за обврски на банките во домашна валута со валутна клаузула од 20% на 50%. Мерката беше насочена кон натамошно поттикнување на процесот на денаризација на депозитите во домашниот банкарски сектор. Со оглед на незначителното учество на овие обврски во билансите на банките, измените беа заради натамошно задржување на ниската склоност на економските субјекти за пласирање на овој вид на депозити во домашните деловни банки. Дополнително, во насока на одржување и зголемување на депозитите во домашниот банкарски сектор, НБРМ ги преиспита и ги подобри условите за пласирање девизни депозити на домашните банки кај Народната банка, со што банките добија можност да пласираат девизни депозити во централната банка по повисоки каматни стапки од тековните негативни каматни стапки коишто преовладуваат на меѓународните финансиски пазари. Оваа мерка престана да важи во октомври по постигнатото стабилизирање на состојбите и постепеното враќање на депозитите во банкарскиот сектор.

По шокот во април и мај, втората половина на годината беше одбележана со видливо стабилизирање на очекувањата на економските субјекти, што беше присутно и на двата пункта каде што политичката криза имаше најголем ефект – девизниот пазар и депозитите во банкарскиот сектор. Така, во услови на поволни движења на девизниот пазар, НБРМ во втората половина на годината во континуитет интервенираше на девизниот пазар со нето-откуп на девизи. Девизните резерви продолжија да се одржуваат на соодветно ниво коешто со ноември изнесува 2,5

милијарди евра. Истовремено, почнувајќи од јуни наваму на депозитниот пазар завладеа тренд на раст на штедењето на населението. Во вакви услови, во декември, НБРМ ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п. со што таа изнесува 3,75%. Во прилог на намалувањето на основната каматна стапка одеше и натамошното задржување на позитивни оценки за стабилноста на економските фундаменти, што сè заедно укажа на присутни услови за постепено приспособување на основната каматна стапка на нивото остварено пред мај.

Во декември се донесоа регулаторни промени во доменот на утврдување на адекватноста на капиталот, коишто значеа усогласување на домашната регулатива со реформите на меѓународниот капитален стандард Базел 3, како и со одредбите на европската регулатива 575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми во делот на структурата на сопствените средства на банките. Најзначајните измени поврзани со новата Одлука за изменување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот се однесуваат на зајакнување на квалитетот на сопствените средства, како од аспект на нивната структура така и од аспект на критериумите што треба да ги исполнат одредени позиции за да можат да бидат дел од сопствените средства на банките. Воедно, постојните ограничувања во однос на учеството на одделните елементи на сопствените средства се заменуваат со законски пропишаните минимални стапки од активата пондерирана според ризиците, и тоа: 4,5% за редовниот основен капитал, 6% за основниот капитал и 8% за сопствените средства. На овој начин, најголемо значење се дава на позициите од редовниот основен капитал (акции, резерви, задржана нераспределена добивка), како капитални позиции со највисок квалитет. Исто така, се воведува и нова компонента на сопствените средства - додатен основен капитал - во кој се вклучуваат инструменти коишто, меѓу другото, содржат клаузула за нивно претворање во инструменти од редовниот основен капитал или за нивни отпис на времена или на трајна основа (намалување на вредноста на нивната главница) доколку настане т.н. критичен настан.

Во услови на забавена економска активност и влошени очекувања заради политичката неизвесност, годишниот раст на најшироката парична маса М4 умерено забави на 4,6% во ноември 2016 година (наспроти 6,8% на крајот на 2015 година). Забавување забележаа и вкупните депозити на приватниот сектор кои во ноември 2016 година беа повисоки за 4,4% на годишна основа (наспроти растот од 6,5% на крајот на 2015 година). Од секторски аспект, ова главно се должи на забавувањето на депозитите на домаќинствата. Имено, под влијание на неизвесноста и шпекулациите во однос на девизниот курс и банкарскиот систем, растот на депозитите на домаќинствата во вториот квартал на 2016 година забави на 0,2% (наспроти 4,1% на крајот на 2015 година). Позитивните преносни ефекти од мерките преземени од НБРМ и делумното смирување на домашните политички превирања, го сопреа повлекувањето на депозитите од нефинансиските субјекти во текот на третиот квартал. На крајот на ноември 2016 година, вкупните депозити на домаќинствата оствариј година, раст од 1,8%, а депозитите на претпријатијата се повисоки за 11,8%, при што 64% од остварениот годишен раст на вкупните депозити произлегува од растот на депозитите на претпријатијата.

Истовремено, во текот на 2016 година, под влијание на политичката неизвесност, вклучително и шпекулациите во однос на банкарските систем и

девизниот курс, дојде и до промена на валутните преференции. На крајот на ноември 2016 година, побрз годишен раст бележеа девизните депозити (7%), наспроти растот кај денарските депозити (2,6%), при што растот на денарските депозити креира околу една третина од годишниот раст на вкупните депозити. Следствено, наспроти неколкугодишниот тренд на намалување на просечното учество на депозитите со валутна компонента во вкупните депозити во кризниот период од 2009 година наваму, нивното учество во ноември 2016 година малку се зголеми и изнесуваше 42,4% (наспроти 41,6% во ноември 2015 година), што сепак и натаму е значително пониско наспроти нивото на почетокот на глобалната криза.

Банкарските кредити кај приватниот сектор во периодот јануари-ноември 2016 година остварија поволни движења, при што до средината на годината годишните промени беа под влијание на мерката на НБРМ за пренесување во вонбилансна евиденција на нефункционалните пласмани кои се целосно покриени подолго од две години. На крајот на ноември 2016 година кредитите остварија годишен пораст од 1,3%, додека коригирано за извршениот отпис, растот изнесува 6,8%. Во услови на забавен депозитен раст, показателот за соодносот на кредитите и депозитите во периодот јануари-ноември се одржуваше на умерено повисоко ниво (во просек околу 96%, наспроти просекот за истиот период лани од околу 92%). Од секторски аспект, коригирано за ефектот од отписите, поинтензивен годишен раст бележат кредитите на населението (11,2%) наспроти растот на кредитите кон претпријатијата (2,5%). Од валутен аспект, коригирано за ефектот од отписите, кредитниот раст во целост се објаснува преку растот на денарските кредити, додека девизните кредити бележат благ пад на годишна основа.

4. ПОЗИЦИЈАТА НА ТТК БАНКА ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР[1]

Позиција на ТТК Банка АД Скопје се изразува низ една динамичка еволуција на перцепцијата, од Банка со добар имиџ, преку Банка со потврден имиџ до Банка со квалитетен имиџ.

Високата конкуренција во банкарскиот систем на РМ влијаше на потребата Банката постојано да го негува своето скромно учество во банкарскиот пазар, и истовремено претставуваше поттик да ја зајакне сопствената позиција како Банка која е блиска и флексибилна за малите и средните компании и која води посебна грижа за секторот население, прилагодувајќи ги постојните и воведувајќи нови иновативни производи кои ќе ги задоволат потребите на комитентите.

Пазарното учество на ТТК Банка на ниво на банкарски систем во одделни сегменти и билансни позиции е прикажано во следната табела:

Пазарно учество на ТТК Банка во банкарскиот систем			
Опис	**30.09.2015**	**31.12.2015**	**30.09.2016**
Билансна сума	1,7%	1,6%	1,6%
Депозити од нефинансиски сектор	1,7%	1,6%	1,6%
Капитал и резерви	2,3%	2,3%	2,1%
Кредити на нефинансиски сектор	1,4%	1,4%	1,3%

Банката во анализираниот период кредитирањето го насочи кон секторот население, со што може да се заклучи дека растот на кредитите од овој сектор е далеку повисок од растот на истите од групата мали банки, а речиси на исто ниво на банкарски сектор.

Од страната на депозитите карактеристичен е растот на депозитната база од секторот стопанство за разлика од негативните движење на депозитната база на ниво на банкарскиот сектор.

Вкупна актива, кредити и депозити на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор									
	Банкарски сектор			**Мали Банки**			**ТТК Банка АД Скопје**		
Опис	дек.15	сеп.16	промена %	дек.15	сеп.16	промена %	дек.15	сеп.16	промена %
Вкупна актива	**423.668**	**423.691**	**0,0%**	**15.488**	**14.616**	**-5,6%**	**6.973**	**6.678**	**-4,2%**
Бруто кредити на клиенти	**277.533**	**273.582**	**-1,4%**	**9.791**	**9.051**	**-7,6%**	**3.765**	**3.529**	**-6,3%**
претпријатија	157.242	146.753	-6,7%	5.454	4.552	-16,5%	2.072	1.738	-16,1%
домаќинства	116.844	123.765	5,9%	4.312	4.479	3,9%	1.688	1.787	5,8%
Депозити на клиенти	**306.190**	**302.591**	**-1,2%**	**10.922**	**10.325**	**-5,5%**	**4.996**	**4.902**	**-1,9%**
претпријатија	80.119	77.864	-2,8%	3.458	2.921	-15,5%	1.169	1.266	8,3%
домаќинства	215.429	213.293	-1,0%	6.878	6.745	-1,9%	3.679	3.506	-4,7%

[1]Народна Банка - Извештај за ризиците во банкарскиот систем на Република Македонија во вториот квартал од 2016 година и Показатели и податоци за банкарскиот систем за 30.9.2016 година.

ТТК Банка континуирано во текот на 2016 година одржуваше висока и стабилна ликвидносна позиција која се потврдува преку движењето на ликвидносните показатели и стапките на ликвидност.

Показатели за ликвидносен ризик на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор									
Показатели	Банкарски систем			Мали банки			ТТК Банка		
	30.09.2015	31.12.2015	30.09.2016	30.09.2015	31.12.2015	30.09.2016	30.09.2015	31.12.2015	30.09.2016
Ликвидна актива / Вкупна актива	31,7%	31,4%	29,7%	30,6%	34,6%	32,4%	36,1%	36,4%	38,0%
Ликвидна актива / Краткорочни обврски	56,9%	54,9%	52,9%	56,3%	59,8%	55,6%	63,0%	62,3%	64,3%
Ликвидна актива / Депозити на домаќинства	59,3%	59,5%	57,0%	64,2%	77,2%	67,5%	66,4%	68,5%	72,1%

Банката одржува повисоко ниво на стапка на адекватност на капиталот, во однос на банкарскиот систем, со што се потврдува нејзината солвентност и стабилност во работењето. Сопствените средства на Банката за 2,5 пати го надминуваат капиталот за покривање на ризиците, што упатува на заклучок дека Банката поседува доволно ниво на сопствени средства за апсорпција на неочекуваните загуби.

Стапка на адекватност на капиталот на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор				
Група	31.12.2014	30.09.2015	31.12.2015	30.09.2016
Банкарски систем	15,7%	16,1%	15,5%	15,7%
Мали банки	18,7%	18,3%	18,7%	19,8%
ТТК Банка АД Скопје	19,0%	18,7%	18,7%	20,8%

Профитабилноста на банкарскиот систем и натаму се подобрува. Главен фактор за подоброто профитабилно работење и понатаму се намалените каматни расходи, намалената исправка на преземениот имот како и растот на другите редовни приходи. Показателите за профитабилноста се подобрени, а зголемена е и оперативната способност на банките за создавање приходи коишто ги покриваат расходите од работењето, и покрај растот на оперативните трошоци на банките. ТТК Банка во анализираниот период успеа да ја подобри својата оперативна ефикасност, преку раст на оперативните приходи и воедно заштеда на материјалните трошоци и сета тоа позитивно влијаеше врз профитната маргина.

Показатели за профитабилноста на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор						
Показатели	Банкарски систем		Мали банки		ТТК Банка	
	31.12.2015	30.09.2016	31.12.2015	30.09.2016	31.12.2015	30.09.2016
Стапка на повраток на просечната актива (ROAA)	1,1%	1,6%	-0,1%	0,1%	0,55%	0,26%
Стапка на повраток на просечниот капитал (ROAE)	10,4%	13,9%	-0,9%	0,8%	3,72%	1,72%
Оперативни трошоци /Вкупни редовни приходи (Cost-to-income)	51,6%	50,5%	89,9%	75,6%	71,1%	63,9%
Нето каматен приход /Вкупни редовни приходи	67,1%	67,9%	61,1%	65,5%	51,8%	53,7%
Нето каматен приход/оперативни трошоци	130,1%	134,3%	68,0%	86,7%	73,6%	83,9%

5. РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

5.1. Корпоративно управување на Банката, акционерски капитал и сопственичка структура

- **Состав и функционирање на органите на Банката:**

  - **Собрание на акционери**

Собранието на акционери е орган на Банката во кој акционерите на Банката ги остваруваат своите права, а на секој акционер запишан во акционерската книга на Банката, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас. Во согласност со Статутот на Банката, секоја обична акција дава право на глас во Собранието на акционери, а секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Банката.

Во текот на 2016 година Собранието на акционери работите од своја надлежност определени со закон и Статутот на Банката ги вршеше на двете одржани седници, и тоа: на 25. седница, која се одржа на 14.4.2016 година, што всушност беше годишно Собрание на акционерите на ТТК Банка, и на 26. седница, која се одржа на 31.10.2016 година, како седница која се одржа помеѓу две годишни собранија на акционери, можност што е предвидена со Законот за трговските друштва, во случаи кога тоа го бара интересот на Банката и на акционерите.

На 25. седница, која се одржа на 14.4.2016 година, со оглед дека беше годишно Собрание на акционерите на ТТК Банка, во согласност со Законот за банките, Законот за трговските друштва и други закони и подзаконски акти, се разгледуваа годишните извештаи за работењето на Банката и на органите на Банката, како и други предлог-одлуки и предлог-акти кои се во надлежност за усвојување/донесување од страна на Собранието на акционери. Притоа беа (-) усвоени: Годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2015 година и Мислење по истиот од Надзорниот одбор, Финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година ревидирани од Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и Мислењето за извештаите од Надзорниот одбор, Годишната сметка на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година, Извештајот и оцената на работата на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје во 2015 година, Извештајот и оцената на работата на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје во 2015 година, Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2015 година и Мислење по истиот од Надзорниот одбор, Листата на нето-должници на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година, Развојниот план на ТТК Банка АД Скопје за периодот 2016-2018 година, Деловната политика и финансискиот план (Буџет) на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година, и (-) донесени: Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година, Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2015 година (дивиденден календар), Одлуката за измена на Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Одлуката за измена на Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје и Одлуката за именување член на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје, со која Златко Черепналкоски е реизбран за член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

На одржаната 26. седница на 31.10.2016 година, како седница одржана помеѓу две годишни собранија на акционери, се разгледуваа предлог-одлуки кои ги налагаа интересите на Банката и на акционерите на Банката, а се во надлежност за донесување од страна на Собранието на акционери. Имено, на одржаната 26. седница на ден 31.10.2016 година беа донесени: (1) Одлуката за именување членови на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје, со која се реизбрани м-р Глигорие Гоговски, Борислав Трповски, проф. д-р Тито Беличанец и Доне Таневски за членови на Надзорниот одбор на Банката, а проф. д-р Методија Несторовски и проф. д-р Арсен Јаневски за независни членови на Надзорниот одбор на Банката и (-) Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

- **Надзорен одбор**

Надзорниот одбор е орган на Банката кој врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење финансиски активности и го надгледува нивното спроведување и е одговорен за стабилноста и ефикасноста на Банката, односно да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, и за заштита на депонентите на Банката.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува и ги разрешува Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје во согласност со закон и Статутот на Банката, а за нивното именување потребно е да се добие претходна согласност од гувернерот на Народна банка на РМ.

Во согласност со член 48 од Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од седум членови, од кои два се независни членови. Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат претседател на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор на ТТК Банка се именувани под услови, критериуми и спроведена постапка во согласност со закон и подзаконски акти на НБРМ и Статутот на Банката, при што е утврдено исполнувањето на потребните услови и критериуми за нивното именување, а за независните членови и критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови на Надзорниот одбор и физичките лица поврзани со нив не се вработени и не се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката и не застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија кое во тој период вршело ревизија на работењето на Банката и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката во вредност која просечно годишно надминува 3 милиони денари.

Членовите на Надзорниот одбор имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности и посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банките, и избегнуваат судир на интересите, притоа императивно почитувајќи ги правилата пропишани во случај на појавен судир на интереси и обврските за давање писмени изјави.

Во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување и е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно известување на Народна банка на Република Македонија.

Надзорниот одбор на Банката кој функционираше во текот на 2016 година го сочинуваат: м-р Глигорие Гоговски, претседател; Борислав Трповски, Тито Беличанец, Доне Таневски и Златко Черепналкоски, членови; и Методија Несторовски и Арсен Јаневски, независни членови.

1. Претседателот на Надзорниот одбор м-р Глигорие Гоговски е магистер по електротехнички науки, а надвор од Банката има функција на извршен директор на Одборот на директори во Тетекс АД Тетово (генерален директор).
2. Борислав Трповски е дипломиран правник со положен правосуден испит, а надвор од Банката има функција на претседател на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово.
3. Тито Беличанец е доктор на правни науки, а надвор од Банката има функција на неизвршен член на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово, член на Надзорниот одбор на Македонија турист АД Скопје и член на АД УСА-МАК-КОМПЈУТЕРС Скопје.
4. Доне Таневски е дипломиран економист, а надвор од Банката има функција на претседател на Управниот одбор на Македонија турист АД Скопје.
5. Златко Черепналкоски е дипломиран електроинженер, а надвор од Банката има функција на директор за малопродажба во Енерџи Деливери Солушнс ЕДС ДОО, Снабдување со електрична енергија.
6. Методија Несторовски е доктор по економски науки, а надвор од Банката има функција на редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Економски факултет и на независен член на Одборот на директори на КБ Публикум Инвест АД Скопје.
7. Арсен Јаневски е доктор по правни науки, а надвор од Банката до 14.9.2016 година имал функција на редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Правен факултет, сега е професор во пензија.

Во текот на 2016 година Надзорниот одбор ги извршуваше своите надлежности во рамките на определените со закон и подзаконски акти, Статутот и другите интерни акти на Банката, на одржаните дванаесет редовни и една вонредна седница, како и со донесување одлуки со писмена согласност на членовите.

Притоа Надзорниот одбор постојано го следеше работењето и економско-финансиската и ликвидносната состојба на Банката, кредитното портфолио, наплатата на побарувањата и текот на судските постапки, портфолиото на преземени средства и своите активности и работење ги насочи кон остварување на финансиските цели на Банката утврдени со Деловната политика и Финансискиот план на Банката за 2016 година и продолжување на доброто, стабилно и профитабилно работење на Банката и квалитетно и континуирано управување со ризиците во работењето на Банката, сигурноста на информативниот систем, усогласеноста на работењето на Банката со прописите и од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам. Во таа насока, Надзорниот одбор врз основа на транспарентните, конструктивните и советодавните дискусии на претседателот и на членовите на Надзорниот одбор, нивните стручни познавања, знаења и сознанија за светските економски движења и глобалните движења во еврозоната, макроекономските движења во земјата, а особено од банкарскиот сектор, донесуваше соодветни заклучоци за конкретни клучни прашања од работењето на Банката и за потребните претстојни активности во правец на подобрување на работењето на Банката, одржување на вредноста на капиталот на

Банката, максимизирање на профитабилноста на работењето со преземање прифатливи ризици, одржување на стабилноста, сигурноста и ликвидноста на Банката, одржување на добриот имиџ на Банката.

Со цел квалитетно управување со ризиците во работењето на Банката, усогласување со промените во работењето на Банката и промените во деловното опкружување и/или законската и подзаконската регулатива, Надзорниот одбор во согласност со своите надлежности ја оценуваше соодветноста на воспоставените политики за управување со ризици и, имајќи ја предвид не/измената на регулативата од страна на Народна банка на РМ, како и не/променетите услови во работењето на Банката, одобри нивно целосно ревидирање, нивна измена и/или дополнување или ја продолжи нивната важност за следниот период и одобри и други измени и/или дополнувања во политики и акти поврзани со останатото работење на Банката. Надзорниот одбор го одобри и Годишниот план на внатрешна ревизија за 2017 година, а разгледа и одобри и акти и одлуки кои во согласност со закон се доставуваат на усвојување/донесување до Собранието на акционери на Банката, како акти и одлуки чие усвојување/донесување е во надлежност на Собранието на акционери.

Надзорниот одбор на своите седници разгледа/усвои месечни, квартални и годишни извештаи за управување со кредитен ризик и останати видови ризици на кои е изложена Банката во своето работење, како и во врска со управувањето со преземените средства стекнати по основ на наплата на побарувања на Банката, извршени стрес-тест анализи на изложености на Банката на поедини ризици и комбиниран стрес-тест за заедничкото влијание на повеќе ризици истовремено, извештаи/прегледи од Секторот за правни работи и проблематични пласмани за текот на судските постапки од/против Банката и поведените извршни постапки за наплата на побарувањата на Банката по основ на реализација на хипотеки/залози и други основи, како и други информации, анализи, извештаи од негова надлежност.

Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои извештаите за работа на Одборот за управување со ризици во текот на 2016 година, како и Извештајот со содржана оцена за работата на Одборот за управување со ризици во 2015/колективно и од аспект на поединечните членови/, кварталните извештаи за работа на Одборот за ревизија во текот на 2016 година, како и Извештајот со содржана оцена за работата на Одборот за ревизија во 2015 година /колективно и од аспект на поединечните членови/, Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2015 година, по однос на кој даде и писмено мислење до Собранието на акционери, Извештајот на Управниот одбор за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола во 2015 година.

Надзорниот одбор на своите седници ги разгледа и ги усвои и извештаите на Службата за внатрешна ревизија, ги анализираше наодите содржани во истите и го следеше статусот на реализација на препораките на Внатрешна ревизија по однос на констатираните наоди од ревизиите, како и причините за неисполнување на препораки во дадените рокови добиени од одговорните лица.

Исто така, во согласност со законската и со подзаконската регулатива, ги разгледа и ги усвои кварталните извештаи за работа на Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и Одделот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во текот на 2016 година, кварталните извештаи за износот и видот на преземени средства, преземени активности за продажба и реализирање на плановите за продажба и износот на продадените

преземени средства, како и останати квартални извештаи произлезени од законската и подзаконската регулатива и од интерните акти на Банката, а кои претежно беа од делот на управување со ризиците на кои е изложена Банката во своето работење.

Надзорниот одбор на полугодишно ниво ги разгледа и ги усвои и извештаите од одговорното лице за обезбедување сигурност на информативниот систем на Банката (ОСИС).

Исто така, разгледуваше и записници и/или извештаи од извршени непосредни контроли од страна на Народна банка на РМ и други надлежни институции.

Надзорниот одбор во согласност со Одлуката на Народна банка за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка достави Извештај за своето работење во 2015 година до Собранието на Банката. Исто така, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, изврши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го извести Собранието на Банката во рамките на доставениот Извештај за своето работење во 2015 година.

- **Управен одбор**

Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје го сочинуваат 2 члена, и тоа:

1. претседателот на Управниот одбор проф. д-р Драгољуб Арсовски, кој е доктор на економски науки и
2. членот на Управниот одбор Наталија Алексова, дипломиран економист, која надвор од Банката е и член на Управниот одбор во Академијата за банкарство и информатичка технологија, Скопје.

Членовите на Управниот одбор на ТТК Банка се именувани под услови, критериуми и спроведена постапка во согласност со закон и со подзаконски акти на НБРМ и Статутот на ТТК Банка, при што е утврдено исполнувањето на потребните услови и критериуми за нивното именување.

Управниот одбор во текот на 2016 година континуирано ги извршуваше работите поврзани со управувањето и застапувањето на Банката и водењето на работењето на Банката кои им се ставени во надлежност со законската и подзаконската регулатива, Статутот и другите акти на Банката. Одлучуваше за уредување прашања од тековен карактер, презеде повеќе мерки и активности за развој и подобрување на ефикасноста на внатрешната контрола на сите нивоа, како и за подобрување на внатрешната организација на Банката со цел зајакнување на функционирањето на системот на организациската поставеност на Банката, административната и сметководствената контрола и овозможување поефикасно следење и контрола на исполнување на оперативните цели, обезбедување точност во изработка на финансиските извештаи, обезбедување усогласеност на работењето на Банката со интерните политики и акти и законите и регулативата која го уредува работењето на банките, зголемување на ефикасноста на вкупното работење и унапредување на ефикасноста на управувањето.

Управниот одбор донесе повеќе измени и дополнувања на интерните акти на Банката - основни процедури, процедури, методологии, со цел усогласување со ревидираните и/или изменети и/или дополнети политики за управување со ризиците од страна на Надзорниот одбор на Банката во процесот на оцена на нивната соодветност со променетата регулатива од страна на Народна банка на РМ,

променетите услови во работењето на Банката, макроекономските фактори. Исто така, донесе измени и дополнувања и на други правилници, методологии и процедури поврзани со останатото работење на Банката, во кои беа дефинирани основни правила на внатрешна контрола при извршување на оперативните активности во Банката.

Управниот одбор ги разгледуваше извештаите на внатрешната ревизија и ги анализираше наодите содржани во истите, како и извештаите на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање на тероризам и на одговорното лице за обезбедување сигурност на информативниот систем на Банката (ОСИС).

Во текот на 2016 година Управниот одбор преземаше мерки и активности за реализирање на одлуките и заклучоците на Надзорниот одбор, препораките од Службата за внатрешна ревизија.

Управниот одбор до Надзорниот одбор доставуваше месечни извештаи за работењето на Банката во 2016 година, со што во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката го известуваше Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш месечно.

Постапувајќи во согласност со Законот за банките, изготвени се: Развоен план на ТТК Банка АД Скопје за период 2016-2018 година, Деловна политика и Финансиски план (Буџет) на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година, Листа на нето-должници на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година, Годишен извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2015 година.

Исто така, во согласност со Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка на Народна банка на РМ, изготвен е Извештај за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола во 2015 година и изготвениот Извештај е доставен до Надзорниот одбор на Банката.

Во континуитет продолжи со преземање активности за зајакнување на информативниот систем за следење на адекватноста и ефикасноста на поставените системи на внатрешна контрола и на процесот за управување со сигурноста на информативниот систем од аспект на обезбедување доверливост, интегритет и расположивост, како и обезбедување континуиран пристап до сите потребни информации на вработените во Банката.

Истовремено, преку воспоставените системи на организација и работа на Банката и внатрешна контрола во сите области од работењето на Банката, Управниот одбор обезбеди непречено функционирање на Службата за внатрешна ревизија и на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање на тероризам и пристап до документацијата и до вработените во Банката со цел непречено спроведување на нивните активности и овластувања.

Управниот одбор редовно ги следеше и извештајните анализи извршени од страна на менаџментот и од другите надлежни лица од организациски единици и делови на Банката.

Во текот на 2016 година Управниот одбор одржа состаноци по укажана потреба, одржуваше редовни контакти со средниот менаџмент на Банката и со раководните и други лица од организациските единици и делови на Банката, како и работни состаноци по поодделни области од целокупното работење на Банката, на кои се

разгледуваа и се одлучуваше по прашања од областа на работењето на одделните организациони единица и делови поврзани со редовното работење и со ефикасноста на системите на внатрешна контрола. Од состаноците произлегуваа заклучоци и соодветни одлуки со кои се дефинираа обврски и активности кои имаа за цел јакнење на механизми и контролни правила во клучните области од работењето на Банката. Управниот одбор редовно ја следеше реализацијата на обврските и задолженијата по однос на заклучоците и донесените одлуки.

Во текот на 2016 година Управниот одбор одлучуваше и без одржување состанок, но со давање писмена согласност за донесување поединечни интерни акти и одлуки по прашањата од негова надлежност определени со законска и подзаконска регулатива, Статутот и другите акти на Банката, како и по согледана потреба за уредување настанати ситуации или појавени потреби од тековен карактер и заради јакнење на механизмите и контролните правила во клучните области од работењето на Банката.

- **Одбор за управување со ризици**

Одборот за управување со ризици на ТТК Банка АД Скопје се состои од 5 (пет) члена и го сочинуваат:

1. Наталија Алексова, претседател на Одборот за управување со ризици, која е дипломиран економист, а е член на Управниот одбор на Банката.
2. Душица Иванџикова, заменик-претседател на Одборот за управување со ризици, која е магистер по економски науки од областа на монетарната економија, а е директор на Дирекција за управување со ризици.
3. Димитри Трпоски, член на Одборот за управување со ризици, кој е магистер по бизнис администрација, а е директор на Сектор Стратешко банкарство.
4. Зоран Колев, член на Одборот за управување со ризици, кој е доктор по економски науки, а е заменик-директор на Сектор за комерцијално банкарство.
5. Јованка Ралевиќ, член на Одборот за управување со ризици, која е дипломиран економист, а е директор на Дирекција за средства и ликвидност.

Составот на Одборот за управување со ризици е во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката и го сочинува еден од членовите на Управниот одбор (според Статутот тоа е членот на Управниот одбор во чија надлежност е Секторот Стратешко банкарство), а другите членови се лица со посебни права и одговорности именувани во согласност со одредбите од Статутот на Банката, каде што точно е определено од кои организациски единици и кои носители на раководни функции треба да го сочинуваат.

Именуваните членови ги исполнуваат потребните услови и критериуми предвидени со Законот за банките и Статутот на Банката и имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, како и познавање на работењето на Банката, нејзините производи и услуги и за ризиците на кои е изложена Банката во своето работење.

Одборот за управување со ризици во 2016 година работеше и одлучуваше во рамките на своите надлежности утврдени со закон и подзаконски акти, Статутот и другите интерни акти на Банката, на своите седници, кои во согласност со Законот за банките се одржуваа еднаш неделно.

На своите седници Одборот за управување со ризици редовно ги следеше ризиците на кои е изложена Банката во своето работење и го следеше и оценуваше

степенот на ризичност на Банката преку разгледување соодветни/воспоставени извештаи произлезени од закон, подзаконски акти и интерните акти на Банката кои го регулираат управувањето со ризиците, како и останата извештајна документација припремена по укажана потреба во насока на надминување одредени воочени слабости и/или подобрување на управувањето и следењето на ризиците на кои е изложена Банката во работењето и/или изготвена на барање на Одборот по оценета потреба за дополнително согледување потенцијални ризици во работењето на Банката.

Преку оваа документација, Одборот за управување со ризици вршеше и оцена на системите на управување со ризиците на Банката и ги анализираше ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, го следеше спроведувањето на стратегијата за управување со ризици и воспоставените политики за управување со ризиците, се грижеше за воспоставување соодветни политики преку нивно ревидирање во согласност со променетата подзаконска регулатива на НБРМ и/или променетите услови во работењето на Банката и обезбедување формално правно одобрување од страна на Надзорниот одбор на Банката. Исто така, преку разгледување на истата оваа документација, Одборот за управување со ризици го следеше и спроведувањето на интерните акти донесени од Управниот одбор на Банката во врска со одделните видови ризици на кои е изложена Банката во своето работење.

Во согласност со своите надлежности, Одборот за управување со ризици ја следеше и усогласеноста на работењето на Банката со прописите од областа на управувањето со ризици и ги следеше и ги оценуваше системите на внатрешна контрола и контролните правила и механизми воспоставени за идентификување, мерење, оцена и следење на ризиците на кои е изложена Банката, како и по однос на тестирање на изложеноста на Банката кон истите.

Во периодот 1.1.-31.12.2016 година Одборот за управување со ризици одржа 54 седници, на кои донесе одлуки за ревидирање на воспоставените политики за управување со ризиците, утврди ревидирани политики или ја продолжи важноста на веќе воспоставени политики, како и заклучоци, насоки, препораки и инструкции во врска со појавени и/или потенцијални ризици во тековното работење на Банката.

Одборот за управување со ризици, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, доставуваше месечни извештаи за својата работа до Надзорниот одбор на Банката, а до Одборот за ревизија на сите седници кои се одржаа во текот на 2016 година.

Во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, Одборот за управување со ризици изврши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истата ја достави до Надзорниот одбор на Банката.

- **Одбор за ревизија**

Во согласност со Статутот на Банката, Одборот за ревизија се состои од шест членови, од кои четири членови се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката и два се независни членови, од кои најмалку еден мора да биде овластен ревизор.

Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје кој функционираше во текот на 2016 година го сочинуваат:

1. Душко Апостолоски, претседател и независен член на Одборот за ревизија, кој е дипломиран економист, а надвор од Банката е управител на Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово.
2. Данче Зографска, независен член на Одборот за ревизија, која е дипломиран економист, а надвор од Банката е управител на Друштво за ревизија и проценка Елит ДООЕЛ Скопје.
3. М-р Глигорие Гоговски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, каде по функција е претседател на Надзорниот одбор, магистер е по електротехнички науки, а надвор од Банката има функција на извршен директор на Одбор на директори (генерален директор) на Тетекс АД Тетово.
4. Борислав Трповски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, а надвор од Банката има функција на претседател на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово.
5. Методија Несторовски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, кој е доктор по економски науки, а надвор од Банката редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Економски факултет и независен член на Одбор на директори на КБ Публикум Инвест АД Скопје.
6. Златко Черепналкоски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, кој е дипломиран електроинженер, а надвор од Банката има функција на директор за малопродажба во Енерџи Деливери Солушнс ЕДС ДОО, Снабдување со електрична енергија.

Претседателот на Одборот за ревизија Душко Апостоловски и членот на Одборот за ревизија Данче Зографска се и овластени ревизори.

Членовите на Одборот за ревизија на ТТК Банка ги исполнуваат потребните услови и критериуми предвидени со Законот за банките и Статутот на Банката, а независните членови и критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови на Одборот за ревизија Душко Апостоловски и Данче Зографска и физичките лица поврзани со нив не се вработени и не се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката и не застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија кое во тој период вршело ревизија на работењето на Банката и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката во вредност која просечно годишно надминува 3 милиони денари.

Во текот на 2016 година Одборот за ревизија ги вршеше работите кои му се ставени во надлежност со Законот за банките, со друга законска и подзаконска регулатива и со Статутот и интерните акти на Банката.

Одборот за ревизија во текот на 2016 година работите од своја надлежност ги извршуваше на одржаните пет седници на кои присуствуваа членовите на Управниот одбор и раководителот на Службата за внатрешна ревизија.

Во согласност со своите надлежности, Одборот за ревизија ја следеше усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи и точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката

во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди, ги оценуваше системите за внатрешна контрола, ја следеше работата и ја оценуваше ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија, ја следеше респонзивноста за реализација на препораките на Внатрешна ревизија од страна на одговорните лица и причините за неисполнување на препораките во дадените рокови добиени од одговорните лица, го следеше процесот на ревизија на Банката и ја оценуваше работата на Друштвото за ревизија.

На одржаните седници Одборот за ревизија: разгледа и/или усвои/одобри/прифати: неревидирани финансиски извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година, извештаи на независниот ревизор - Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје и финансиски извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година изготвени во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија и Меѓународните стандарди за финансиско известување, Дополнителен извештај на независниот ревизор – Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје до Надзорниот одбор на Банката за извршената ревизија на работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2015 година, како и Писмото доставено од ова Друштво до Управниот одбор на Банката за ревизијата на финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година, извештаи за работењето на Банката во текот на 2016 година, извештаи за работењето на Одборот за управување со ризици во текот на 2016 година, извештаи на Службата за внатрешна ревизија, и тоа: извештаи за извршени ревизии во согласност со Годишниот план за 2016 година и од извршени инцидентни непланирани ад-хок ревизии, Извештаи за следење реализација на дадените препораки и информации за причините за неисполнување препораки во дадените рокови добиени од одговорните лица, Годишен извештај за 2015 година и Извештај за работењето за период јануари-јуни 2016 година, како и Годишниот план на внатрешната ревизија за 2017 година.

Исто така, Одборот за ревизија во согласност со своите надлежности одржуваше состаноци со Управниот одбор, со Службата за внатрешна ревизија и со Друштвото за ревизија, во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите во работењето на Банката.

Одборот за ревизија ги исполни и своите деловнички обврски и во согласност со својот Деловник за работа одржа поединечни состаноци со Службата за внатрешна ревизија и со Друштвото за ревизија, без присуство на Управниот одбор.

Одборот за ревизија, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, го ценеше своето работење во 2015 година од аспект на поединечните членови и колективно и даде оцена која заедно со писмениот Извештај за работењето во 2015 година ја достави до Надзорниот одбор и до Собранието на Банката, а за својата работа во текот на 2016 година достави квартални извештаи до Надзорниот одбор на Банката.

- **Информации и податоци кои се поврзани со примена на Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје**

Кодексот за корпоративно управување на ТТК Банка АД Скопје е донесен на седницата на Собранието на Банката одржана на 28.4.2010 година. Во согласност со Одлуката за основните начела и принципи за корпоративното управување во Банка („Сл. весник на РМ“ бр.159/2007), кој предвидува дека Кодексот на корпоративно

управување се ревидира најмалку еднаш годишно, на собранијата на акционери одржани на 29.4.2011, 30.11.2011, 3.5.2012, 29.4.2013 и 14.4.2016 година донесени се одлуки за измена и/или дополнување на Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје, а со донесените одлуки на седниците на Собранието на акционери одржани на 28.4.2014 година и 28.5.2015 година се изврши продолжување на важноста на Кодексот за едногодишни периоди.

Во Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје опфатени се задолжителните елементи предвидени со Одлуката на НБРМ за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка, уредени се основните начела и принципи за корпоративното управување во Банката и подетално се определени стандардите на управување и раководење на органите на Банката во рамки на управувачката структура. Исто така, одредбите од Кодексот за корпоративно управување се во согласност со важечкиот Статут на ТТК Банка, Законот за банките, Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и во истиот се инкорпорирани принципите воведени во Кодексот за добро работење на банките и штедилниците во Република Македонија усвоен на Здружението на банкарството на ден 11.2.2013 година.

Банката во своето работење се придржува кон основните принципи на корпоративно управување утврдени во Кодексот и кон одредбите кои се однесуваат на:

- Надлежности на Собранието на акционери, постапката за свикување Собрание, постапката на гласање на Собрание на акционери, правата на акционерите вклучувајќи го и правото на малцинските акционери.
- Составот и мандатот на членовите на Надзорниот одбор, критериумите и правилата за именување членови на Надзорниот одбор и начинот за нивно наградување, надлежностите на Надзорниот одбор, одржувањето седници и одлучувањето на Надзорниот одбор, видот, роковите и начините на кои Надзорниот одбор доставува извештаи до Собранието на акционери, наградувањето на членовите на Надзорниот одбор.
- Составот и мандатот на членовите на Управниот одбор, критериумите и правилата за именување на членовите на Управниот одбор и начинот за нивно наградување, надлежностите на Управниот одбор, одржувањето на состаноците и одлучувањето на Управниот одбор, видот, роковите и начините на кои Управниот одбор доставува информации и документи до Надзорниот одбор; наградувањето на членовите на Управниот одбор.
- Соработка помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор.
- Составот и мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици, критериумите и правилата за именување на членовите на Одборот за управување со ризици, надлежностите на Одборот за управување со ризици, одржувањето на седниците и одлучувањето на Одборот за управување со ризици, видот, роковите и начините на кои Одборот за управување со ризици доставува извештаи до Надзорниот одбор и до Одборот за ревизија.
- Составот и мандатот на членовите на Одборот за ревизија, критериумите и правилата за именување на членовите на Одборот за ревизија, надлежностите на Одборот за ревизија, одржувањето на седниците и одлучувањето на Одборот за ревизија, видот, роковите и начините на кои Одборот за ревизија доставува

извештаи до Надзорниот одбор и до Собранието на акционери, наградувањето на членовите на Одборот за ревизија.
- Начинот на постапување во ситуации кога при одлучувањето на органите на управување на Банката постои судир на интереси.
- Работењето на Службата за внатрешна ревизија и на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите.

Членовите на органите на Банката и лицата со посебни права и одговорности назначени од Управниот одбор на Банката се избираат во согласност со критериумите и правилата за именување утврдени со Кодексот и Статутот на Банката, а врз основа на законската и подзаконската регулатива. Во своето работење ја почитуваат и ја применуваат законската регулатива, подзаконските акти, Статутот на Банката и интерните акти на Банката со кои се регулираат нивните надлежности и ги исполнуваат пропишаните обврски и одговорности и начинот на работа.

- **Информации и податоци за политиката на Банката за спречување судир на интереси**

Банката во 2016 година работеше во согласност со Политиката за идентификување и спречување на судир на интереси донесена од Надзорниот одбор на Банката на седницата од 31.7.2013 година.

Политиката е во согласност со Законот за банките, Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка и останата регулатива која уредува прашања поврзани со судир на интереси, како и во согласност со прифатени професионални стандарди и кодекси на однесување.

Со оваа Политика се дефинирани општите правила и генерални насоки за идентификување, избегнување и спречување судири на интереси, како и за преземање мерки и активности во случаите кога постои судир на интереси.

Политиката е обврзувачка за лицата со посебни права и одговорности во Банката и за сите вработени во Банката.

Конзистентната примена на оваа Политика овозможува навремено идентификување на судирите на интереси и преземање соодветни мерки и активности во случаите на постоење судир на интереси.

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, Одборот за ревизија, Одборот за управување со ризици и лицата со посебни права и одговорности кои во согласност со Статутот на Банката се назначени од Управниот одбор на Банката на секои шест месеци даваат писмена изјава за не/постоење судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

За постоење судир на интереси членовите на органите на Банката даваат писмена изјава пред одржување на седницата која се доставува до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на Банката и во која се наведува основот од кој произлегува судирот на интереси. Членовите на органите на Банката не присуствуваат при донесувањето на одлуките доколку нивната објективност е доведена во прашање поради постоење судир помеѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

- **Организациска структура на ТТК Банка АД Скопје**

Организациската поставеност на ТТК Банка АД Скопје во 2016 година не претрпе значајни промени. Во ноември 2016 година беше формиран нов Оддел за развој на деловни апликации во состав на Сектор за стратешко банкарство, а со завршување на годината затворени се експозитурата во Кривогаштани и шалтерот во Брвеница.

Организациската шема ја сочинуваа 4 сектори, 12 дирекции (од кои една самостојна), една самостојна Служба за внатрешна ревизија под надлежност на Надзорниот одбор, Секретаријат, една самостојна Служба за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање на тероризам, 26 оддели, 2 одделенија, 7 филијали (Скопје, Тетово, Битола, Куманово, Охрид, Штип, Струмица), 24 експозитури и 4 шалтери.

Организациската структура на Банката е приложена во Прилог 1 од Годишниот извештај.

- **Акционерски капитал и сопственичка структура**

Акционерскиот капитал на Банката на 31.12.2016 година се состои од 907.888 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари по акција или вкупно 907.888.000 денари. Акциите се регистрирани и се водат кај Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ.

Во текот на 2016 година Банката нема извршено откуп на сопствени акции, ниту има издадено нова емисија на акции.

Обичните акции на сопствениците им даваат право на глас на седница на Собранието на акционери, по принципот „една акција-еден глас“ и право на исплата на дивиденда.

Број на акционери заклучно со 31.12.2016 година изнесува 1.860, од нив 1.723 се физички лица и 137 се правни лица.

Акциите на Банката котираат на Македонската берза на хартии од вредност, во сегментот на задолжителна котација. Банката во согласност со Правилата за котација на Македонската берза ги објавува ценовно чувствителните информации.

- **Политика на дивиденди**

Во 2016 година, во согласност со Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на ТТК Банка АД Скопје за 2015 година донесена на Годишното собрание на акционери на Банката, нето-добивката во вкупен износ од 38.128.862 денари се распредели на дел за резерви во износ од 2.822.142 денари и дел за дивиденда во вкупен износ од 35.306.720 денари или 38,88885 денари бруто по акција. Дивидендата се исплати во мај 2016 година.

- **Акционери со најмалку 5% од акциите на Банката**

АД Тетекс Тетово заедно со поврзаните лица поседува 49,594% од вкупниот број акции на Банката.

5.2. Финансиски перформанси на Банката

o Биланс на успех

во илјади денари	Остварено 01.01.-31.12.2015	Остварено 01.01.-31.12.2016	Индекс апс.	Индекс (%)
Нето приходи од камата	268.468	264.022	-4.446	98,3%
Нето приходи од провизии	156.270	145.179	-11.092	92,9%
Нето приходи од курсни разлики	10.744	9.132	-1.612	85,0%
Останати приходи од дејноста	74.191	138.225	64.034	186,3%
Вкупни оперативни приходи	**509.674**	**556.558**	**46.884**	**109,2%**
Оперативни трошоци	**-362.611**	**-330.898**	**31.712**	**91,3%**
Нето оперативен приход	**147.063**	**225.660**	**78.597**	**153,4%**
Исправка на вредност на нефинансиски средства	-70.838	-52.464	18.374	74,1%
Исправка на вредноста на финансиски средства	-33.631	-79.579	-45.949	236,6%
Добивка (загуба) пред оданочување	**42.594**	**93.616**	**51.022**	**219,8%**
Данок на добивка	-4.465	-9.936	-5.471	222,5%
Добивка (загуба) по оданочување	**38.129**	**83.680**	**45.551**	**219,5%**

Во периодот 1.1.-31.12.2016 година Банката оствари **добивка по оданочување** во износ од 83,7 милиони денари, која е двојно, односно за 45,6 милиони денари повисока од истата за 2015 година, при издвоени исправки на вредност за финансиските средства на нето-основа во износ од 79,6 милиони денари и исправки на вредност за нефинансиски средства на нето-основа во износ од 52,5 милиони денари.


Позитивното оперативно работење на Банката во текот на 2016 година кое е одраз на зголемените оперативни приходи и истовремено заштеда на оперативните трошоци придонесе нето-оперативниот приход на Банката да ја надмине бројката од 2015 година и да забележи раст за 53,4%.

Најголем придонес за порастот на оперативните приходи има порастот на останатите приходи од дејност кои бележат зголемување во апсолутен износ од 64 милиони денари како резултат на зголемените активности од продажба на преземените средства и остварување капитални добивки од продажбата, како и од приходи врз основа на судски тужби и наплата на претходно отпишани побарувања.

Нето-приходите од камати и понатаму остануваат основна компонента во формирање на вкупниот оперативен приход на Банката, со учество од 47,4%. Намаленото учество на нето-приходите од камати на годишно ниво за 1,7 пп се резултат првенствено на намалените приходи од камати од секторот стопанство кои произлегуваат од забавената кредитна активност кај овој сектор, како и од предвремената наплата на побарувањата од комитентите по основ на кредити. Кај секторот домаќинства приходите од камати бележат раст кој потекнува од континуираната динамичка активност во тој сегмент.



Во тековната 2016 година, како резултат на забрзаното кредитирање кон секторот домаќинства, **приходите од камати** генерирани од овој сектор се повисоки, при што нивното учество се зајакнува и станува најзастапена компонента во структурата на приходите од камата. За сметка на нивниот раст се намалува учеството на приходите од камата од нефинансиските друштва.



Доминантна компонента во структурата на **расходите од камата** и натаму има секторот домаќинства, кој е и главен носител на депозитното јадро. Нивното учество во текот на 2016 година се намалува за сметка на зголеменото учество на секторот стопанство, кој во овој период се карактеризираше со зголемена депозитна база и влијаеше на повисоки расходи за камати, при што нивното учество се зголеми за 5пп. На годишна основа, учеството на расходите од камата од секторот домаќинства има опаѓачки тренд и се намалува за 5,7пп. Причина за ова движење во најголем дел се намалените пасивни каматни стапки, во согласност со пазарните трендови, како и одлив на депозитната база, особено изразен во вториот квартал од 2016 година, тренд кој беше забележан на ниво на цел банкарски сектор.

Нето-приходите од провизии се втор значаен приход во структурата на вкупните приходи на Банката. Вкупните приходи од провизии за 2016 година изнесуваат 173 милиони денари и споредено со 2015 година се пониски за 9 милиони денари или за 4,9%, кои во најголем дел потекнуваат од кредитните активности на сегментот стопанство. Во доменот на платен промет во земјата пак се забележува зголемување на провизиите за 2%. Расходите за провизии и надоместоците изнесуваат 28 милиони денари и, споредено со 2015 година, зголемени се за 2 милиони денари или за 8,6% како резултат на вклучените расходи за провизии кои потекнуваат од платниот промет во земјата и зголемениот обем на активности со странство (девизно работење, брз трансфер на пари и сл.).

Во структурата на приходите од провизии учествата по сегменти забележуваат мали промени во однос на минатата година. Учеството на провизии остварени од нефинансиските правни лица, кои досега ја заземаа доминантната позиција, сега се намалува и изнесува 47,7% (2015: 52,2%), од кои 49,1% потекнуваат од платниот промет во земјата, 32,6% од провизии од кредитни активности и 10,6% од платниот промет со странство. Учеството на провизиите од секторот домаќинства во оваа година изнесува 48,1%, од кои 62,1% се провизии остварени од платниот промет во земјата, 14,1% се провизии остварени во доменот на картичното работење, 12,6% од провизии од кредитни активности и 10,0% се провизии остварени од платниот промет со странство.

Оперативните трошоци во текот на 2016 година бележат намалување за 32 милиони денари или годишна стапка на пад од 8,7%. Намалувањето во најголем дел произлегува од позицијата материјални, останати и административни трошоци, и тоа од трошоци за судски решенија, од заштеда на трошоци за фиксна телефонија, трошоци за непроизводни услуги и други. Исто така, во анализираниот период намалување се забележува и кај трошоците за амортизација на основни средства.

Исправката на вредност на нефинансиските средства на Банката на нето-основа изнесува 52,5 милиони денари, што е за 25,9% пониско оштетување во однос на минатата година. Подобрувањето на споменатата позиција се должи на континуирани напори за продажба на преземените средства.

Исправката на вредност на финансиски средства на нето-основа за 2016 година изнесува 79,6 милиони денари и издвоените исправки на вредност во анализираниот период соодветствуваат со обемот, структурата и квалитетот на пласманите на Банката.

o Извори на средства

Динамиката и структурата на позначајните позиции во рамки на вкупните извори на средства на Банката со состојба на 31.12.2016 година е следна:

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити од Банки	21.576	0,3%	11	0,0%	-21.565	0,0%
Депозити од Комитенти	5.273.079	75,8%	5.854.193	78,2%	581.114	111,0%
Обврски по кредити	522.462	7,5%	449.473	6,0%	-72.989	86,0%
Посебна резерва и резервирања	5.444	0,1%	10.323	0,1%	4.879	189,6%
ПВР и останата пасива	60.411	0,9%	62.530	0,8%	2.119	103,5%
Акционерски капитал и резерви	1.076.169	15,5%	1.113.111	14,9%	36.942	103,4%
ВКУПНА ПАСИВА	**6.959.141**	**100,0%**	**7.489.641**	**100,0%**	**530.499**	**107,6%**

Вкупните извори на средства на Банката на крајот на 2016 година изнесуваат 7.490 милиони денари и на годишно ниво бележат зголемување за 531 милиони денари или за 7,6%. Растот на изворите на средства целосно произлегува од зголемувањето на депозитната база од други комитенти за 581 милиони денари или 11,0% годишна стапка на раст.

Обврските по кредити бележат намалување во однос на 2015 година, што се должи на намалените краткорочни обврски кон пазарот на пари во 2016 година, како и

отплата на доспеаните рати од кредитните линии користени преку МБПР (ЕИБ, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Италијанска кредитна линија и Посебен кредитен фонд). Истовремено беа повлекувани и нови транши од кредитните линии на МБПР за кредитирање на стопанството.

Во делот на капиталот и резервите, промената на годишно ниво се должи во најголем дел на реализираната добивка по одаточување за годината, како и од зајакнување на резервниот фонд на Банката.

o Депозити

o Секторска структура

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити од Банки	21.576	0,4%	11	0,0%	-21.565	0,0%
Депозити од Финансиски институции	274.775	5,2%	473.067	8,1%	198.293	172,2%
Депозити од Претпријатија	1.299.643	24,5%	1.730.450	29,6%	430.808	133,1%
Депозити од Домаќинства	3.698.661	69,9%	3.650.675	62,4%	-47.987	98,7%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД БАНКИ И ДР.КОМИТЕНТИ	**5.294.654**	**100,0%**	**5.854.203**	**100,0%**	**559.549**	**110,6%**

Во текот на 2016 година вкупната депозитна база на Банката се зголеми за 560 милиони денари или годишна стапка на раст од 10,6%. Растот потекнува од депозитите од нефинансиски правни лица кои бележат зголемување за 431 милиони денари со годишна стапка на раст од 33,1%, при што нивното учество во вкупната депозитна база се зајакнува за 5 пп, односно од 24,5% во 2015 година на 29,6% на крајот на 2016 година. Карактеристична промена се забележува и кај депозитите од финансиски институции со годишен раст од 72,2% или во апсолутен износ за 198 милиони денари. Депозитната база од секторот домаќинства во 2016 година се карактеризира со одлив на депозити и намалена состојба за 48 милиони денари, но и натаму имаат доминантна позиција во вкупната депозитна база на Банката со учество од 62,4%.

o Валутна структура

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Денарски депозити	3.478.872	66,0%	4.089.739	69,9%	610.867	117,6%
Денарски депозити со девизна клаузула	109.955	2,1%	41.237	0,7%	-68.719	37,5%
Девизни депозити	1.684.252	31,9%	1.723.218	29,4%	38.966	102,3%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД КОМИТЕНТИ	**5.273.079**	**100,0%**	**5.854.193**	**100,0%**	**581.114**	**111,0%**

Од аспект на валутната структура, годишната промена на депозитната база укажува на раст на денарските депозити за 17,6% и истите натаму го задржуваат доминатното учество од 70,0%. Промената на денарските депозити со девизна клаузула потекнува од еден комитент кај кој депозитот е префрлен на чисто денарска валута.

- Рочна структура

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити по видување	2.148.194	40,7%	2.302.878	39,3%	154.684	107,2%
Краткорочни депозити	1.785.541	33,9%	2.170.696	37,1%	385.155	121,6%
Долгорочни депозити	1.339.344	25,4%	1.380.619	23,6%	41.276	103,1%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД КОМИТЕНТИ	**5.273.079**	**100,0%**	**5.854.193**	**100,0%**	**581.114**	**111,0%**

Порастот на вкупните депозити е резултат на пораст на сите рочни структури. Особено изразен пораст се забележува кај краткорочните депозити во износ од 385 милиони денари и истите целосно потекнуваат од секторот стопанство и финансиски институции. Депозитите по видување бележат апсолутен пораст од 155 милиони денари, кој во најголем дел произлегува од зголемената состојба на денарските и девизните тековни сметки од секторот домаќинства.

- Средства и пласмани

Позначајните позиции во рамки на вкупните средства на Банката во текот на 2016 година ја прикажаа следнава динамика и структура:

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Парични средства и парични еквиваленти	1.791.563	25,7%	1.934.872	25,8%	143.309	108,0%
Вложувања во хартии од вредност и средства за тргување	1.145.878	16,5%	1.402.865	18,7%	256.987	122,4%
Кредити на и побарувања од банки	0	0,0%	89.912	1,2%	89.912	-
Кредити на комитенти, нето	3.455.785	49,7%	3.619.062	48,3%	163.277	104,7%
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	343.825	4,9%	225.536	3,0%	-118.289	65,6%
Основни средства	202.344	2,9%	196.884	2,6%	-5.460	97,3%
АВР и останата актива	19.747	0,3%	20.510	0,3%	763	103,9%
ВКУПНА АКТИВА	**6.959.141**	**100,0%**	**7.489.641**	**100,0%**	**530.500**	**107,6%**

Динамиката на вкупната актива на Банката е во согласност со движењето на вкупните извори на средства. Притоа, доминантното учество во вкупната актива и во текот на 2016 година се нето-кредитите на комитенти кои во овој период забележуваат годишна стапка на раст од 4,7% како резултат на кредитната динамика кај секторот домаќинства со раст од 10,2% на годишно ниво. Во овој период значајна промена се забележува кај вложувањето во безризични хартиии од вредност, чиј тренд продолжува и во 2016 година и истите се зголемени за 22,4%, како и паричните средства и еквиваленти со годишна стапка на раст од 8,0%.

Значајна промена се забележува и на позицијата преземени средства, кај која, како резултат на реализирани продажби во текот на 2016 година, истите бележат намалување за 34,4% или во апсолутен износ 118,3 милиони денари.

o Кредити

Годишните промени упатуваат на забрзување на кредитниот раст, а како носители на растот се кредитите од секторот домаќинства. Годишната стапка на раст на кредитите покажува подобри остварувања во однос на очекуваните од октомвриската проекција. Во услови на сè уште неизвесен амбиент и присутност на ризиците кај реалниот сектор, потребно е време за да се оцени постојаноста на позитивните придвижувања на кредитниот пазар.

o Секторска структура

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Кредити на претпријатија	2.214.858	56,8%	1.915.600	50,8%	-299.258	86,5%
Кредити на домаќинства	1.685.531	43,2%	1.857.010	49,2%	171.479	110,2%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**3.900.389**	**100,0%**	**3.772.610**	**100,0%**	**-127.779**	**96,7%**

На годишно ниво, бруто-кредитите на комитенти забележуваат намалување во износ од 128 милиони денари или 3,3%. Годишните промени на кредитите ги одразуваат и ефектите од Одлуката на Народната банка во однос на нефункционалните пласмани, при што без овој ефект годишниот кредитен раст изнесува 4,4%. Иако учеството на кредитите на правните лица се намалува за сметка на учеството на кредитите на домаќинства, кредитите на правните лица и во 2016 година останаа со доминантно учество во вкупните кредити на Банката од 50,8%. Кај секторот домаќинства продолжи постојаниот тренд на зголемување и во 2016 година, при што годишниот апсолутен раст изнесува 172 милиони денари или 10,2%. Доколку се исклучи ефектот од преносот на сомнителните и спорни побарувања од билансна на вонбилансна евиденција, кредитите на секторот домаќинства бележат годишен раст од 15,3%. Најголем придонес во растот имаат станбените кредити, потрошувачките и хипотекарните кредити. Ваквото зголемување придонесе за зголемување на нивното учество во вкупното кредитно портфолио на Банката за 6пп, односно, од 43,2% на 49,2%.

Промената и зголемувањето на учеството на кредитите од секторот домаќинства во вкупните кредити соодветствува и со движењата на ниво на банкарски сектор каде што се забележува раздвижување на кредитната активност, при што годишните промени упатуваат на побрзо зголемување на кредитите на населението од кредитите на правните лица.

o Валутна структура

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Денарски кредити	2.160.296	55,4%	2.052.278	54,4%	-108.018	95,0%
Денарски кредити со девизна клаузула	1.449.647	37,2%	1.318.958	35,0%	-130.689	91,0%
Девизни кредити	290.447	7,4%	401.375	10,6%	110.928	138,2%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**3.900.389**	**100,0%**	**3.772.610**	**100,0%**	**-127.779**	**96,7%**

Во однос на валутната структура на кредитите, годишниот раст на девизните кредити за 38,2% придонесе за зајакнување на нивното учество во вкупните бруто-кредити. Порастот произлегува од секторот стопанство како резултат главно на пласираните девизни кредити преку кредитните линии на МБПР. Во структурата на бруто-кредитите и натаму доминираат денарските кредити и покрај нивното намалување во текот на 2016 година.

- Рочна структура

во илјади денари	31.12.2015		31.12.2016		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Краткорочни кредити	377.645	9,7%	308.135	8,2%	-69.510	81,6%
Долгорочни кредити	3.048.283	78,2%	3.283.515	87,0%	235.232	107,7%
Нефункционални кредити*	474.461	12,2%	180.960	4,8%	-293.501	38,1%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**3.900.389**	**100,0%**	**3.772.610**	**100,0%**	**-127.779**	**96,7%**

Во однос на рочната структура, долгорочните редовни кредити ја задржаа и ја зајакнаа доминантната позиција во рочната структура на кредитите, додека учество на краткорочните редовни кредити се намалува. На годишна основа, краткорочните кредити бележат намалување за 18,4% како резултат во најголем дел на поголемата наплата на достасаните побарувања кај правните лица. Долгорочните кредити се зголемуваат на годишно ниво за 7,7%, кое произлегува од порастот на потрошувачките и станбените кредити кај секторот домаќинства, како и од пласирани средства кај правните лица.

Нефункционалните кредити бележат намалување споредено со 2015 година кое е предизвикано пред сè од извршените отписи во согласност со измените во регулативата, од преземените средства во текот на 2016 година, но и од наплатата на доспеаните обврски.

6. АКТИВНОСТИ ПО СЕГМЕНТИ

6.1. Управување со ризици

Управувањето со ризиците претставува значајна функција во работењето на Банката, која обезбедува стабилност на долг рок и остварување на поставените цели со изложување на прифатливо ниво на ризик. Поради важноста на управувањето со ризиците при остварување на финансиските и деловните цели на Банката, во текот на 2016 година се спроведоа мерки и активности кои дејствуваа во насока на унапредување на воспоставениот систем за управување со ризици.

Во согласност со организациската поставеност, управувањето со ризиците се спроведува на сите нивоа во организациската хиерархиска структура, и тоа на:

1. Стратегиско ниво – од страна на Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за управување со ризици;
2. Макониво – од страна на Дирекцијата за управување со ризици и
3. Микониво – од страна на вработените, кои при преземање на ризикот својата улога во управувањето со ризиците ја остваруваат преку конзистентна примена на интерните акти на Банката.

Управувањето со одделните ризици ги опфаќа активностите поврзани со идентификување, мерење/оцена, следење и контрола на ризиците, со што се создава основа за исполнување на следните цели:

- Вработените кои ги преземаат ризиците и вработените кои управуваат со ризиците јасно да ги разбираат истите;
- Изложеноста на одделни ризици и вкупниот профил на ризик на Банката да биде во согласност со стратегијата и рамката поставена од страна на Надзорниот одбор;
- Одлуките за изложување на одделни видови ризици да бидат во согласност со целите поставени во Развојниот план на Банката;
- Воспоставување и одржување прифатлив сооднос помеѓу стапката на принос и преземените ризици;
- Одржување адекватно ниво на капитал за покривање на сите преземени ризици.

o **Адекватност на капиталот**



Составен дел од системот за управување со ризици претставува управувањето со капиталот на Банката и одржување на соодветна стапка на адекватност на капиталот. Во рамките на овој процес Банката пресметува интерен капитал потребен за покривање на материјалните ризици на кои е изложена. На крајот на 2016 година стапката на адекватноста на капиталот изнесува 18,97%, што претставува минимално зголемување

од 0,26 процентни поени на годишна основа. На годишна основа има намалување на активата пондерирана за кредитен и валутен ризик, а зголемување за оперативен ризик.

- **Кредитен ризик**

Во текот на 2016 година кредитниот ризик претставуваше ризик со најголемо значење за работењето на Банката, а произлегува оттаму што кредитната активност на Банката претставува доминантна позиција во нејзината вкупна актива.

Во текот на годината беа спроведени повеќе мерки кои имаа за цел унапредување на целокупниот процес на управување со кредитен ризик, и тоа од фазата на одобрување, преку фазата на следење и мерење на кредитниот ризик, сè до фазата на присилна наплата на побарувањата.

Во 2016 година Банката вршеше класификација на кредитната изложеност и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва на поединечна и групна основа. Класификација и пресметка на исправка на вредност и посебна резерва на групна основа се вршеше само за побарувањата од физички лица кои припаѓаат во портфолијата на кредити (портфолио од дозволени пречекорувања на трансакциски сметки и портфолио од кредитни картички).

Преку постојано следење на диверзификацијата на изложеноста од аспект на: сектор, дејност, географска локација, тип на обезбедување, тип на производ, валута и слично, се обезбеди дисперзирање на кредитниот ризик и оптимизирање на квалитетот на кредитната изложеност.

Вкупната кредитна изложеност на Банката на 31.12.2016 година изнесува 6.998 милиони денари и во однос на 31.12.2015 година е зголемена за 4,4%.

На крајот на годината вкупниот износ на пресметана исправка на вредност/ посебна резерва изнесува 197 милиони денари и истата на годишно ниво е намалена за 348 милиони денари. Значајно влијание врз намалување на износот на исправка на вредност имаат отписите извшени во согласност со измените во Одлуката за управување со кредитен ризик кои се применуваат од 30.6.2016 година. Во текот на 2016 година износот на испрвка на вредност е намален по основа на отпишани побарувања за 387 милиони денари и по основ на затворена изложеност со преземен колатерал за 41 милиони денари.



- **Ликвидносен ризик**

Во текот на 2016 година Банката на континуирана основа управуваше со ликвидносниот ризик во согласност со законските одредби и интерните акти, и тоа преку одржување соодветно ниво на ликвидни средства, усогласена рочна структура на средствата и обврските, одржување соодветни стапки на ликвидност, како и почитување на интерните лимити за показателите за ликвидност.

Во текот на целата година Банката одржуваше солидна ликвидносна позиција преку одржување високо учество на ликвидната актива во вкупната актива, висока вредност на стапките на ликвидност и преку воспоставување усогласена очекувана рочност на средствата и на обврските.

Ликвидната актива на 31.12.2016 година изнесува 2.927 милиони денари денари и на годишна основа е зголемена за 586 милиони денари, односно за 25%. Најзначајни промени во структурата на ликвидната актива е трендот на зголемување на учеството на пласманите во други банки, а намалување на учеството на благајничките записи. На крајот на годината учеството на ликвидната во вкупната актива изнесува 39,1%, а покриеноста на краткорочните обврски со ликвидна актива е 65,4%.

- **Пазарни ризици**

Преку следење на флуктуациите на пазарните цени на хартиите од вредност кои се дел од портфолиото за тргување, Банката на редовна основа управуваше со пазарниот ризик.

Поради минималното учество на портфолиото за тргување во вкупната актива на Банката, ризикот кој произлегува од промена на цените на финансиските инструменти немаше значајно влијание врз нејзиното работење.

Во рамките на пазарните ризици, Банката управува и со каматниот и валутниот ризик. Банката на редовна месечна основа го утврдува ефектот од промените на каматните стапки врз економската вредност на портфолиото на банкарските активности, за што доставува извештаи до органите на управување и до НБРМ. Каматниот ризик мерен преку учеството на промената на економската вредност на портфолиото на банкарски активности во сопствените средства бележи зголемување, од 6,58% на крајот од 2015 на 9,43% на крајот на 2016 година, како резултат на зголемените пласмани во станбени кредити со фиксен тип на каматна стапка со подолги рокови на отплата.

Управувањето со валутниот ризик се остварува преку почитување на законските и интерно дефинираните лимити со кои се ограничуваат отворените девизни позиции по одделни валути и агрегатно, како и преку дефинирање и примена на прифатливи инструменти за ублажување на истиот. Во текот на годината споменатите показатели се движеа во рамките на воспоставените лимити.

На 31.12.2016 година отворената девизна позиција на Банката е долга и изнесува 216 милиони денари, што претставува 21,9% од сопствените средства на Банката.

- **Оперативен ризик**

Следењето и управувањето со оперативниот ризик кој се појавува како последица на неадекватни или погрешни интерни процеси, поради грешки на вработените, грешки на системот или поради влијанието на надворешни настани во Банката се спроведуваше во согласност со Политиката за управување со оперативен ризик.

Од извршената анализа на пријавените оперативни ризици во текот на 2016 година, најчеста причина за појава на ризични настани бил човечкиот фактор.

Управувањето со оперативните ризици се врши децентрализирано од страна на сите вработени и организациски единици, додека следењето и известувањето се надлежност на Дирекцијата за управување со ризици. Управувањето со оперативниот ризик е сложен процес кој бара активно учество на сите вработени во Банката со цел минимизирање на можноста за настанување штетни настани, ограничување на обемот на потенцијалните загуби и веројатноста за нивна реализација на ниво кое е прифатливо за Банката.

- **Други немерливи ризици**

Врз основа на добиените материјали од надлежните организациски единици, Дирекцијата за управување со ризици на квартална основа изработуваше извештаи за следење на стратегискиот и репутацискиот ризик, кои ги доставуваше до Одборот за управување со ризици, Управниот одбор и до Надзорниот одбор.

Преземените мерки за унапредување на системот за управување со ризици придонесоа Банката да оствари ефикасно управување со истите, односно изложеноста на ризиците од оваа група да ја одржува на умерено ниво.

- **Стрес-тест анализи**

Дел од системот за управување со ризици претставуваат и стрес-тест анализите кои се спроведуваат најмалку на годишна основа. Банката изврши стрес-тестирање на изложеноста на одделните ризици, како и нивното меѓусебно влијание преку спроведување комбинирано сценарио со состојба на 31.12.2016 година. Резултатите од стрес-тест анализата го рефлектираат влијанието на одделните ризици врз финансискиот резултат и стапката на адекватност на капиталот на Банката, при што истите покажаа дека солвентноста и ликвидноста нема да бидат загрозени и при реализација на претспоставките дефинирани во поодделните сценарија.

6.2. Корпоративно банкарство – Корпоративни клиенти и МСП

o Кредитирање корпоративни клиенти и МСП

Во текот на 2016 година, Банката ја зајакнуваше соработката со постојните квалитетни клиенти поддржувајќи ја нивната ефикасност и успешност со понуда на индивидуални решенија и продукти, а со цел создавање и одржување на долгорочно партнерство.

Преку редовни контакти и посети на клиенти, континуирано се следеа потребите и задоволството од соработката, што придонесе за поквалитетно управување со конкурентноста на понудата на кредитните продукти, услугите од областа на платните промети, документарното работење и електронското банкарство.

Во продажбата се таргетираа нови бонитетни компании со развоен потенцијал, со одржливи и профитабилни инвестициски проекти и со способност за сервисирање на обврските.

Континуирано се преземаа активности за засилен мониторинг на работењето на клиентите со повисок кредитен ризик што резултираше со подобрување на наплатата на редовните и побарувањата во доцнење.

Од аспект на структурата на кредитното портфолио на Банката на 31.12.2016 година, учеството на кредитите на корпоративните клиенти изнесува 43,2%, а кредитите на МСП учествуваат со 56,8% во вкупните кредити на правни лица.



Според валутната структура, во кредитното портфолио на големите клиенти е остварен раст на учеството на девизните кредити од 6,6% на 26,2% во 2016 година во однос на 2015 година за сметка на намалување на учеството на денарските кредити со девизна клаузула од 36,5% на 25,2% и намалувањето на учеството на денарските кредити од 56,9% на 48,6%.



Во однос на рочната структура, во кредитното портфолио на големите клиенти евидентно е намалувањето на учеството на краткорочните кредити за сметка на долгорочните кредити и истите со 31.12.2016 учествуваат со 82,3% во вкупното кредитно портфолио на големите клиенти. Ова зголемување се должи главно на пласираните кредити преку кредитните линии на МБПР.

Нивото на квалитет на кредитното портфолио се зголеми и во делот на работа со малите и средните претпријатија (МСП) преку градење стабилни и трајни односи со клиентите, прудентно управување со кредитниот ризик, како и ефикасна организирана функција на наплата.



Според валутната структура, во кредитното портфолио на МСП се забележува пораст на учеството на денарските кредити за 12,6 процентни поени, а намалување на учеството на денарските кредити со девизна клаузула и девизните кредити за 10,6 и 2 процентни поени, соодветно.



Во однос на рочната структура, кредитното портфолио на МСП се карактеризира со намалување на учеството на краткорочните кредити за сметка на долгорочните кредити кои го зголемуваат своето учество за 8,9 процентни поени како резултат на кредитните пласмани преку МБПР-кредитните линии.

- **Депозитно работење на корпоративни клиенти**

И покрај зголемената потреба кај компаниите за користење сопствени средства за финансирање, ликвидност и инвестиции во нови проекти, во текот на 2016 година движењето на депозитната база на портфолијата на ГК и МСП бележи нагорен тренд. Во текот на 2016 година, депозитите на корпоративните клиенти бележат речиси двојно зголемување на состојбата како резултат на значителниот пораст на орочените депозити.



Во однос на валутната структура, учеството на денарските депозити се зголемува и тие натаму остануваат носители на депозитната база на големите клиенти со процентуално учество од 94,8%.



Анализата на депозитите на големите клиенти покажува значителен пораст на учеството на орочените депозити (од 13,1% во 2015 на 68,3% во 2016 година), пораст кој е особено изразен во втората половина од годината, додека, пак, депозитите по видување во 2016 година покажуваат пад, при што нивното учество се намалува од 87,0% на 31,7%.

Депозитната активност во делот на МСП бележи раст за 5,1 % и ја одразува стабилноста на депозитната база.



Анализирано по валутна структура, оваа година доминантно и зголемено учество во депозитната база на МСП имаат денарските депозити со 82,4%, а мал раст на учеството од 2 процентни поени се забележува и кај девизните депозити. За сметка на зголеменото учество на денарските депозити се намалува учеството на денарските депозити со девизна клаузула, односно од 11,8% во 2015 на 4,2% во 2016 година.



Во рочната структура на вкупните депозити на МСП нема голема промена во текот на 2016 година, односно процентуалното учество е 72,7% во корист на депозитите по видување во однос на 27,3% учество на орочените депозити на МСП.

6.3. Деловна мрежа

Преку Деловната мрежа Банката на своите клиенти им овозможи професионално користење на производите и услугите, притоа ставајќи го акцентот на ефикасноста на своите услуги и квалитетното и брзо опслужување.

Банката и во текот на 2016 година фокусот на работењето во сегментот Деловна мрежа го насочи кон остварување на поставените деловни цели, и тоа:

- Подобрување на квалитетот на услугата, а со тоа зголемување на задоволството и на лојалноста на клиентите кон Банката;
- Преземање активности за дополнителна продажба на производи и услуги на постојните клиенти;
- Обуки, тренинзи и тестирање на вработените со цел зајакнување на стручноста и на знаењето на вработените во филијалите и во експозитурите;
- Континуирана поддршка на вработените за остварување на продажните цели и следење на степенот на остварување;
- Подобрување на организацијата на работење и ефикасноста на процесите.

➢ Физички лица

Банката во текот на 2016 година во однос на минатата година оствари пораст на кредитното портфолио.

Во текот на годината Банката, активно во согласност со пазарните услови, потребите и барањата на корисниците ја прилагодуваше понудата преку измена на условите и воведување продажни промоции со акцент на потрошувачките и станбените кредити.

Конкурентноста на понудата овозможи успешна реализација и зголемување на портфолиото на кредити кај физичките лица.

Во вкупните кредити одобрени на физички лица најголемо процентуално учество имаат потрошувачките кредити со 57,3%, потоа следуваат станбените кредити со 29,3% и кредитните картички и негативните салда на тековни сметки со 11,5%.


Во текот на 2016 година, станбените кредити забележуваат поизразена динамика со остварен годишен раст од 48,1%, при што нивното учество расте за сметка на учеството на потрошувачките кредити кои остварија годишен раст од 3,2%.



Во областа на депозитното работење, во 2016 година, Банката и натаму продолжи со систематскиот пристап во спроведувањето на стратегијата на задржување на постојното депозитно портфолио и селектирање на новите депозити во согласност со пазарните услови. Во текот на 2016 година во структурата на депозитите кај физичките лица се забележа пораст, пред сè, од штедењето во странска валута чие учество се зголемува од 41,0% во 2015 година на 42,5% во 2016 година. За сметка на девизното, учеството на денарското штедење се намалува од 59,0% на 57,5%

Во однос на рочната структура, депозитите по видување учествуваат со 37,0%, додека орочените депозити до и над една година со 63,0%. Се забележува тренд на пораст на депозитите по видување за 20,1% во однос на 2015 година, кој во најголем дел произлегува од зголемената состојба на денарските и девизните тековни сметки кај домаќинствата.





6.4. Картично работење

Во текот на 2016 година картичното портфолио забележа раст од 1,0% со издадени вкупно 33.789 издадени VISA картички (дебитни и кредитни за физички лица, односно кредитни картички за правни лица).

Во текот на минатата година се реализираа многубројни презентации кај правни лица со цел зголемување на директната продажба на картичките, аквизиција на правни лица за исплата на плата преку дебитни картички, како и воспоставување стабилни и постојани деловни односи со клиентите.

Во 2016 година со Visa картичките на ТТК Банка реализиран е зголемен број трансакции за 11,1%, односно зголемен вкупен промет за 4,0% во однос на 2015 година. Прометот на ПОС-мрежа е зголемен за 14,6% во однос на 2015 година.

Со цел зголемување на прометот на ПОС-мрежата, како и задоволување на потребите на клиентите, Банката во 2016 година набави 15 нови пос-терминали.

6.5. Платен промет во земјата и странство

Во 2016 година Банката продолжи успешно да ги извршува активностите во делот на платните промети и максимално да се ангажира во задржување на довербата и задоволување на потребите на своите комитенти.

Банката континуирано работеше на зајакнување на контролните механизми во тековното работење за да обезбеди поддршка на Деловната мрежа, а со тоа и да обезбеди брза и квалитетна услуга на клиентите.

➢ Платен промет во земјата

Во текот на 2016 година, Банката вршеше услуги од денарскиот платен промет преку мрежата на филијали и експозитури и преку електронското банкарство наменето за физички и правни лица, нудејќи квалитетен, комплетен и ефикасен банкарски сервис.

Според податоците во 2016 година, евидентирани се позитивни движења во доменот на денарскиот платен промет.

Износот на обработени трансакции на задолжување во денарскиот платен промет изнесува 84.862 милиони денари и бележи зголемување од 4,5% во однос на 2015 година.

Од вкупниот број обработени трансакции на задолжување, бројот на трансакции реализирани преку МИПС системот бележи пораст од 58% во споредба со претходна година. Покрај вообичаените стандардни услуги од платниот промет, Банката и во 2016 година продолжи да го промовира и да го развива користењето на електронското и мобилното банкарство.

Зголемениот обем на работа во делот на платниот промет во земјата резултираше со зголемени провизии и надоместоци од денарскиот платен промет за 1,8%. Зголемувањето во најголем дел потекнува од работењето со физичките лица.

➢ Платен промет со странство

Банката и во 2016 година продолжи со комплетна и брза банкарска услуга, со цел ефикасно, квалитетно и навремено задоволување на барањата на клиентите. Банката вршеше услуги на клиентите од платниот промет со странство преку мрежата на филијали и експозитури. Притоа, вкупниот број остварени трансакции во платниот промет со странство за физички и правни лица реализирани преку Банката во 2016 година изнесува 13.963 трансакции во вредност од 4.044.085 илјади денари и споредено со 2015 година бележи пораст за 1%.

Банката во делот на платниот промет со странство ќе продолжи да се стреми кон поквалитетен банкарски сервис.

6.6. Електронско банкарство

Во текот на 2016 година, Банката продолжи да ја развива платформата за електронско банкарство, кое го задржа позитивниот тренд на раст, во бројот на корисници и во бројот на реализирани налози. На зголемување на бројот на корисници дополнително влијаеше и тоа што Банката континуирано оваа услуга ја нуди без фиксни трошоци за приклучок и со најниски надоместоци.

Во текот на 2016 година расте бројот на корисници и на апликацијата за мобилно банкарство ТТК m-banking со единствен, модерен и препознатлив дизајн, кој овозможува користење на производите и услугите на Банката, односно управување со сопствените финансии преку целосна достапност на банкарските услуги на мобилните телефони со оперативен систем Android и iOS, независно од времето и од локацијата на корисникот.

Во 2016 година расте бројот на корисници на електронските сервиси за информирање (смс и е-маил), што укажува на фактот дека клиентите ја препознаваат предноста на овој сервис, кој овозможува брзо и сигурно информирање и контрола на состојбите на сметките, како и поголема безбедност и заштита при реализација на трансакции.

6.7. Средства и ликвидност

Во текот на 2016 година, Банката преку Дирекцијата за средства и ликвидност успешно управуваше со активата и пасивата, ликвидносниот, валутниот и останатите пазарни ризици, како и со оперативната и стратегиската ликвидност, а во линија со поставените цели и задачи од Комисијата за управување со актива и пасива, Одборот за управување со ризици и Комисијата за управување со ликвидност. Банката, паралено со извршување на стратегиските активности обезбедува и широка палета на услуги за финансиските пазари на својата клиентска база.

Во текот на 2016 година, банкарскиот сектор продолжи да функционира во услови на структурен вишок ликвидност vis-a-vis НБРМ. Каматната стапка на основниот инструмент за монетарно регулирање, благајничките записи (БЗ), се движеше помеѓу 3,25% и 4,00%. Зголемувањето на каматната стапка на основниот инструмент на НБРМ се должеше на ликвидносната криза предизвикана од турбуленциите на девизниот пазар и преференциите на населението за валута евра во услови на политичка нестабилност.

Долгот на Министерството за финансии по основ на континуираните хартии од вредност во текот на 2016 година се зголеми за 3,7% и ја заврши годината со номинален износ од 81 милјарда денари. Во текот на 2016 година банкарскиот сектор останува доминантен инвеститор во континуираните ДХВ и неговото учество во вкупниот долг на крајот на годината изнесува 40,0%. Каматните стапки на државните хартии од вредност во текот на 2016 година имаа тенденција на раст со зголемување на стапката на принос на 12-месечните денарски државни записи за 10 базични поени.

Во изминатата година, коефициентот на ликвидната актива, како однос на ликвидната актива и вкупната актива, анализиран на месечно ниво, се движи во интервалот од 31% до 40%[2] и е повисок од нивото на ликвидност на банкарскиот сектор во целина. Во текот на целиот период Банката ефикасно и ефективно ја исполнува обврската за задолжителна резерва и успешно се справи со ликвидносната криза на банкарскиот сектор и турбуленциите на девизниот пазар во земјата во април/мај 2016. Банката ја следи девизната ликвидност преку интерни оперативни лимити, со цел максимизирање на можностите за валутна и рочна трансформација на изворите на средства со едновремено исполнување на обврската за девизна задолжителна резерва.

Структурата на ликвидната актива којашто ја одржува Банката овозможува ефикасно управување со ликвидноста, обезбедувајќи принос на вишокот ликвидност над пресметката на задолжителната резерва со пласманите во државни хартии од вредност (ДХВ) и благајнички записи (БЗ). Номиналниот износ на ДХВ и БЗ на крајот на годината изнесува 1.7 милијарди денари и е зголемен за 130 милиони денари во однос на крајот на минатата година. ТТК Банка во текот на 2016 година го зголеми портфолиото на ДХВ за 25,3% преку категориите на 6 и 12-месечни денарски државни записи.

Банката континуирано во текот на целата година одржува агрегатна отворена девизна позиција која е во рамки на лимитот поставен со регулативата на НБРМ и Политиката за управување со валутен ризик, како и ефикасно управува со девизниот

[2] Коефицинетот на ликвидна актива, во согласност со Политиката за упраување со ликвидносен ризик на Банката, не ги вклучува пласманите на Банката во континуираните државни обврзници на Министерство за финансии.

ризик минимизирајќи ја веројатноста од настанување загуба, како резултат на неповолно движење на интервалутарните односи на девизниот пазар.

Банката во текот на годината ги исполнува и регулаторните обврски за стапките на ликвидност до 30 и 180 дена и ефикасно управува со рочната структура на активата и пасивата во рамки на прифатливото ниво на ризик.

Користењето средства од кредитните линии одобрени од страна на Македонската банка за поддршка и развој (МБПР) во денари со девизна клаузула и девизи во текот на 2016 година покажува зголемување за 9%.

Трезорот во 2016 година вршеше редовни активности како снабдување на филијалите и експозитурите со готовина, обработка на домашна и странска валута, опслужување на банкоматите кои се наоѓаат во изнајмени простории, како и дистрибуција на пари наменети за полнење банкомати лоцирани во филијали и во експозитури на Банката. Почитувајќи го Законот за приватно обезбедување, трезорот има успешна соработка со правниот субјект со кого Банката има склучено договор за соработка во делот транспорт и пренос на готовина. Постапувајќи по одлуката на НБРМ за проверка на автентичност и соодветност, услови на враќање во оптек на книжни и ковани пари, трезорот вршеше обработка и пречистување на книжните пари со машините кои Банката ги набави за оваа намена.

Трезорот и во 2016 година во делот издавање сефови за граѓани и правни лица нудеше квалитетна и ефикасна услуга за корисниците на сефови, при што сите постојни сефови беа издадени.

6.8. Маркетинг и развој на производи

Следејќи ги потребите на корисниците и пазарните услови, ТТК Банка во текот на 2016 година континуирано обезбедуваше конкурентни услови за кредитирање. Активно се преземаа активности за постојано подобрување на условите на производите со цел обезбедување максимална поддршка за корисници.

Во доменот на кредитни производи за физички лица, Банката одржуваше диференцирана понуда на производи по категории на корисници со оптимални цени и услови.

Развојните активности беа насочени кон управување со условите на ПРЕМИУМ кредитните производи и СУПЕР станбениот кредит. Премиум производите и во текот на 2016 година во својот фокус го имаа јакнењето и проширувањето на соработката со постојните клиенти како и аквизиција на нови клиенти кои ќе ја префрлат платата во ТТК Банка. Премиум СМАРТ потрошувачките кредити со поповолни услови беа понудени и на вработените во приватните фирми приматели на плата во Банката, а дополнително се прошири намената на СУПЕР станбениот кредит за реновирање, адаптација, реконструкција на станбен простор. Беа воведени поповолни услови (пониска каматна стапка, подолг рок на отплата) за кредитот за купување преземени средства во сопственост на Банката за примателии непримателина плата/пензија во Банката. И оваа година беше популарен ненаменскиот потрошувачки МОЈ кредит, кој нуди атрактивни ниски фиксни каматни стапки за пократки рокови на отплата за примателии непримателина плата/пензија во Банката.

Во текот на целата година се применуваа промотивни ценовни поволности преку изземање или намалување на одредени надоместоци и трошоци при одобрување станбени кредити и потрошувачки кредити кои наидоа на одличен одзив.

Доброутврдениот концепт на унифицирани услови, дефиниран за сите наменски и ненаменски кредитни производи, како и оптималниот број производи прилагодени за поширока група корисници и во текот на изминатата година придонесуваше за полесно комуницирање на карактеристиките на производите, успешна и ефикасна продажба.

Подобрените услови на производите, специјалните продажни промоции и промотивните активности придонесоа за зголемување на вкупниот број одобрени апликации. Продажбата на кредитни производи на физички лица во 2016 година забележа најдобри резултати од постоењето на брендот ТТК Банка од 2006 година. Како најдобро продавани производи се издвојуваат ненаменските потрошувачки и станбните кредити за физички лица.

Релативно новата платформа за мобилно банкарство, како и унапредувањето на услугите во електронското банкарство ја овозможија посакуваната функционалност за постојните клиенти, а овозможија аквизиција и на нови. На клиентите им беа понудени неопходните можности кои претставуваат квалитетна база за дополнителен развој на дигиталните банкарски канали.

Во делот на работењето со правните лица, основна карактеристика на деловниот однос беше диференцираниот пристап за сегментите на корпоративни и МСП-корисници.

Достапноста, флексибилноста и индивидуалниот пристап на соработниците за кредитирање како веќе проверен и докажан концепт придонесе кон изнаоѓање ефикасни финансиски решенија и зачувување на долгорочните деловни односи со постојните корисници.

Банката активно ги пласираше поволните кредитни линии обезбедени преку МБПР со цел обезбедување свеж капитал за поддршка на малите и средните претпријатија за реализација на нови инвестициски проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.

Екстерната комуникација како интегрален дел од маркетингот и промотивните активности и оваа година се фокусираше на реализација на маркетинг-целите, зголемување на свеста и создавање интерес за производите и услугите што ги нуди Банката со цел раст на имиџот и пораст на продажбата.

Сите новости во врска со промените во производите и услугите редовно се комуницираа во рекламните материјали со препознатлив имиџ и со примена на единствен конзистентен начин на пренесување на информацијата до корисниците.







Во текот на изминатата година, со присуство на традиционалните медиуми (радио, локални ТВ) и новите медиуми, Банката континуирано спроведуваше продажни промоции и кампањи, од кои позначајни се реализираните со фокус на продажбата на ненаменските потрошувачки кредити и станбените кредити.

ТТК Банка продолжи успешно да го споведува проектот „Купи куќа, купи стан“ - субвенционирани станбени кредити во соработка со Министерството за финансии.

Редовно беа комуницирани и дистрибуирани сите информации, промени и рекламни материјали до вработените, со што навремено беа запознати со сите новини во работењето на Банката.

Банката редовно и транспарентно ја известуваше јавноста и медиумите за сите значајни настани поврзани со работењето на Банката преку директна соработка со истите и преку својата интернет-страница.

Во делот на *грижата за корисници*, Банката реализираше брза и навремена реакција во однос на добиените поплаки што влијаеше позитивно врз имиџот на Банката, на подобрување на процесот на директна комуникација со крајните корисници и јакнење на довербата кон Банката.

➢ Корпоративна општествена одговорност

Како дел од бизнис-секторот, ТТК Банка во своето работење се грижи и делува за добробитот на општеството во кое работи. Во улога на општествено одговорна компанија, ТТК Банка настојува да ги сплоти ентузијазмот на своите вработени, заемната соработка и отворената комуникација со партнерите и со институциите, етичкото управување и транспарентноста во работењето кон сите засегнати страни, грижата за корисниците, како и поддршката во реализацијата на целите на заедницата. Корпоративната општествена одговорност е фундаментална вредност на ТТК Банка, којашто интегрира социјална, хумана и етичка димензија. Посветеноста на

ТТК Банка АД Скопје кон достојно спроведување на стратегијата за општествена одговорност придонесе за Банката да оствари позитивни и успешни резултати во подигнување на свесноста за Банката, за градење имиџ на Банката како корпоративна општествена одговорна компанија, како и кон остварување многубројни позитивни придобивки за заедницата.

Во делот на *корпоративна општествена одговорност*, во изминатите неколку години, ТТК Банка ја зацврсти својата позиција меѓу лидерите на полето на спроведување општествено одговорни практики. Во 2016 година Банката го задржа континуитетот за поддршка на потребите и барањата на заедницата. Беа реализирани спонзорства и донации во културата, образованието, науката, здравството, спортот и ранливите групи на граѓани.

Етичко управување - Одговорното однесување е императив за ТТК Банка. Банката редовно и навремено ги ажурира и транспарентно ги објавува податоци и информации поврзани со работењето. Поставувањето ефикасен систем на корпоративно управување позитивно влијае на: јакнење на довербата на нашите соработници, корисници и вработените во Банката, зголемување на транспарентноста на работењето, јасна организациска структура како и ефикасни системи на следење и контрола на ризиците.

Кон крајот на 2016 година ТТК Банка го доби признанието Национален шампион во категоријата Награда за иновација на десеттите по ред Европските бизнис-награди (најголемиот престижен европски бизнис-натпревар, поддржан од бизнис-лидери, академици, медиуми и политички претставници од цела Европа кој инспирира подобрување на конкурентноста на бизнисите во Европа). Наградата е потврда за активното, континуирано и ефикасно ангажирање на Банката во процесот на изнаоѓање проактивни и современи технолошки решенија за поедноставни, поконкурентни и подостапни производи и услуги за крајните корисници, физички и правни лица.

Изминатата година ја одбележа и 10-годишното постоење на брендот ТТК Банка АД Скопје кој функционира од 1.7.2006 година со спојувањето на Тетекс-Кредитна Банка Скопје и Тетовска Банка Тетово. Традицијата, искуството, компетентноста, ентузијазмот и одговорноста се основите на кои ТТК Банка изминатите 10 години ја гради довербата на своите корисници, деловните партнери, вработените и јавноста, а чиј број од година во година значително расте.

Со континуиран умерен и стабилен раст, висока ликвидност и капитална покриеност, позитивен финансиски резултат ТТК Банка сигурно го одржува своето место на пазарот.

Одбележувајќи ја годишнината, логото на ТТК Банка доби свој симболичен роденденски дизајн.



6.9. Информатичка технологија и позадински работи

Во 2016 година, Банката продолжи со имплементација на проекти од информатичката технологија во областа на инфраструктурата и системскиот развој, со кои се надгради хардверската и виртуелната инфраструктура, се поддржа комерцијалниот развој на продукти, се консолидираа решенијата за автоматизација на работењето, беа развиени нови интерни решенија и додадени нови можности во електронското банкарство. Се надгради апликативното решение за управување со ризици, беа имплементирани измени за усогласување со новите регулаторни барања, се прошири и се подигна нивото на контрола, а беа завршени и логистичките проекти за развој на експозитурната мрежа и мрежата на банкомати. Измените и подобрувањата на ИТ-системите овозможија Банката ефикасно да го следи растот на пазарот и обемот на работа и лесно да се прилагодува кон промените во организацијата, промените во регулативата и кон решенијата за нови продукти и услуги.

o Развој на софтвер

Во 2016 година во делот на софтверскиот развој беа направени следниве надградби и имплементации на нови апликативни решенија:

- Имплементирано е ново софтверско решение за брокерско работење и берза.
- Извршена е надградба на решението за мобилно банкарство, за Andorid и iOS оперативни системи.
- Имплементирано е решение за автоматско раснижување на девизен извод.
- Направени се надградби и измени на сетот на извештаи поврзани со новата методологија за известување за платежна статистика на НБРМ.
- Стабилизирани се автоматизациите за отписи и направени се контролни извештаи.
- Извршена е надградба на апликацијата за E-mail известувања.
- Имплементирани се дополнувања во интерната апликација за финансиски мониторинг.
- Во склоп на настојувањата за поголема автоматизација на процесите, имплементирани се измени и развиени се апликативни решенија за автоматско визирање и книжење на 1450 обрасци во модулот за девизен платен промет како и на курсирања во главна книга и во девизното работење.
- Во рамките на електронското банкарство направена е измена во начинот на потпишување на платните налози со дигитален сертификат со користење на ActiveX компонента, со што Банката подготвено ја дочека промената од 01.01.2017 од кога интернет-прегледувачите веќе не го поддржуваат програмскиот јазик JAVA. Исто така, дополнително е развиен уште еден начин на потпишување електронски налози со користење софтверски ОТП токен.

- **Инфраструктирни и системски проекти од информатичката технологија**

- Надградена е мрежата на ПОС-терминали со набавка на нови 5 GPRS POS терминали.
- Надградена е мрежата на АТМ уреди. Набавени се 5 нови банкомати и ставени во функција во Штип, Тетово и Битола.
- Направени се надградби на платформата за меѓународни плаќања SWIFT-сервер (SWIFT Alliance Entry 7.1.20).
- Кон средината на 2016 година извршена е дислокација на експозитурата во Палма Мол.
- Извршена е обнова на постоечките и набавен е нов сертификат за електронска достава на налози за тргување со хартии од вредност ebroker и iTrade и извршена е миграција на нов сервер за ebroker web сервис, како и поставување на iTrade со можност за пристап и работа на клиентите со апликациите преку интернет.
- Поставени се нови податочни поврзувања со Регионална Берза СЕЕ ЛИНК.

Во 2016 година, Банката успешно ги реализира планираните надградби за изградба на модерен и ефикасен информативен систем, обезбедувајќи платформа која силно го поддржува развојот и активностите на Банката и обезбедувајќи континуирано висок квалитет на сервисите кон своите клиенти.

- **Позадинско работење**

Во текот на 2016 година Банката ја подобри ефикасноста во администрирањето на производите и на услугите. Континуирано ги имплементираше неопходните измени во процесите и системската евиденција, произлезени од промените во законската регулатива и воведувањето нови производи и услуги. Банката ги унапреди интерните системи за внатрешна контрола, мониторирање и управување со процесите.

6.10. Човечки ресурси

Активностите насочени кон квалитетно управување со човечките ресурси претставува клучен фактор за успех на една современа организација каква што е ТТК Банка. Оттаму и активностите на Банката се засноваа на современ пристап во управувањето со човечките ресурси. Минатата година беше обележана со засилување и унапредување на менаџментот на Банката. Беше регрутиран високопрофесионален кадар со дополнителни знаења и вештини, што придонесе во развојот на процесите и услугите во Банката, како и во градењето современа корпоративна култура. И во овој период главни задачи при управувањето со човечките ресурси беа зголемувањето на продуктивноста кај вработените, како и подобрување на услугата кон клиентите. Активностите од ова подрачје беа насочени, пред сè, кон регрутирање и селекција на квалитетни кандидати, развој и мотивација на постојните вработени и придонес кон севкупното успешно работење на Банката. Од голема важност е следењето и развојот на информатичките технологии, како и новите алатки чија цел е да овозможат стекнување знаење и евалуација на вработените.

Интензивната тимска соработка овозможи одлична координација и организација при извршување на деловните процеси во Банката, обезбеди унапредување на ефикасноста и обезбеди квалитетна и брза услуга за клиентите и примена на најдобрите меѓународни практики на прудентно управување со ризиците.

Банката работеше на зголемување на квалитетот на услугата преку унапредување на интерната комуникација, советодавни консултации и појаснувања на законската регулатива.


Во 2016 година беа ревидирани повеќе процедури кои се однесуваа на сите вработени и чија цел беше да го подобрат нивното функционирање во Банката, како и да ја унапредат културата на почитување на пропишаните правила и политики. Навремено и ажурно се примени и се имплементираше законската регулатива од сите аспекти на исполнување на обврските и одговорностите на Банката како работодавец, работните односи, заштита од вознемирување на работно место, безбедност и здравје при работа.

- **Структура на вработени**

Во текот на 2016 година Банката имаше вообичаена флуктуација на вработени. Вкупниот број на вработени заклучно со 31.12.2016 година изнесува 278 вработени.

Просечната старост на вработените изнесува 40 години.





- **Стручно усовршување**

ТТК Банка, како организација, не ја сочинуваат само работните процеси, услугите или производите што ги нуди, туку таа ја прават луѓето, како носители на активностите. Преку развојот на вработените, ТТК Банка го обезбедува и својот развој. Следствено, инвестирањето во човечкиот капитал овозможува зголемување на квалификациите и на компетенциите на вработените, подобрување на нивната изведба и квалитетот на работењето. Обуката сфатена како начин за подобрување на компетенциите на вработениот со цел да се постигнат работните цели и да се подобри изведбата на работното место не доведува само до подобрување на капацитетите на вработените, туку претставува и средство за унапредување и за задржување на кадарот во организацијата, а придонесува и за негова мобилност во рамките на Банката.

Од овие причини ТТК Банка и во 2016 година им даде големо значење на обуките на начин што им овозможи на поголем број вработени да бидат учесници на повеќе стручни и технички обуки, семинари, конференции и настани од информативен карактер. ТТК Банка и оваа година продолжи да го поттикнува организирањето на интерните обуки со кои истовремено, покрај пренесувањето на знаењето, ќе се зацврстат и ќе се подобрат комуникацијата и довербата меѓу вработените. Вработените во 2016 година посетија околу 50 екстерни обуки од различни области, а беа организирани и десетина интерни обуки.

ТТК Банка во текот на 2016 година безрезервно им овозможуваше практична настава на студентите од повеќе универзитети во Македонија. На тој начин ТТК Банка интензивно се трудеше да привлече едуциран и квалификуван кадар во својата организација и да создаде од нив успешни банкари со стекнати потребни компетенции и вештини. Во текот на годината беа овозможени и успешно завршени практични настави за триесетина студенти.

Заклучно со 31.12.2016 година, исплатени се вкупно 42.308 илјади денари во бруто-износ по основ на плати и други примања (регрес за годишен одмор, јубилејни награди) на членовите на Управниот одбор и лицата со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција во Банката; 773 илјади денари во бруто-износ за

деловна успешност за 2015 година на членовите на Управниот одбор, 2.391 илјади денари во бруто-износ за деловна успешност за 2015 година на членовите на Надзорниот одбор, 2.080 илјади денари во бруто-износ за месечен надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор и 483 илјади денари во бруто-износ за членовите на Одборот за ревизија.

За период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година, вкупно одобрените кредити и други облици на изложеност кон лицата со посебни права и одговорности и со нив поврзаните лица изнесува 8.840 илјади денари.

6.11. Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со Законот за банки, Одлуката за корпоративно управување и другите законски прописи, како и политиката и процедурите за внатрешна ревизија.

Активностите на Службата за внатрешна ревизија се вршат во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија базиран на ризиците, а одобрен од Надзорниот одбор на Банката. Во текот на 2016 година, истите беа насочени кон ревидирање на процесите за кредитирање на правни и физички лица, класификација на изложеноста, процесот на сигурност на ИС, управување со правен ризик, активности во Оддел за СПП и ФТ, развој на производи, управување со проблематични пласмани, активности во платен промет во земјата и во странство, екстерното известување како и работењето во мрежата на филијали/експозитури во Банката.

Внатрешната ревизија во целост го исполни Годишниот план во однос на планираните редовни ревизии, а спроведе и 8 вонредни ревизии на управување со готовина. За наодите, идентификуваните слабости и препораките за надминување на истите, информирани се надлежните одговорни лица и органите на Банката преку писмени извештаи.

На месечна основа, внатрешната ревизија ја следеше имплементацијата на предложените препораки и ги известуваше органите на Банката за статусот на нивната реализација.

Покрај реализацијата на поставените цели со Годишниот план за ревизија и спроведување на вонредните ревизии, во извештајниот период внатрешната ревизија вршеше и консултативна и советодавна улога на барање на раководните лица од одделни организациски делови по прашања од повеќе области.

6.12. Контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам

Службата за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање на тероризам ги извршуваше своите активности во насока на обезбедување на работење во согласност со прописите и минимизирање на ризиците од неусогласеност односно ризиците од изречени мерки од регулаторните органи кои би довеле до финансиски загуби или загуби на угледот на Банката.


Во насока на остварување на функцијата контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите, Службата ги реализираше следните активности: следење на новодонесените прописи и информирање и преземање активности за обезбедување нивно навремено и соодветно имплементирање; вршење процена на потенцијалните ризици од промени и новини во прописите; преземање активности за идентификација и следење на ризици од неусогласеност; давање поддршка во стандардизација на процедурите и контролните правила за остварување на целите на усогласеност; спроведување контрола и тестирање во согласност со Програмата и Годишниот план; информирање на вработените за начините на имплементирање на соодветните прописи во нивното секојдневно работење; остварување контакти со надлежните институции и известување на органите на управување на Банката за реализираните активности.

За реализација на активностите за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Банката во целост ги има имплементирано сите мерки и активности коишто произлегуваат од законската регулатива. Банката има усвоено Програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и интерни акти кои ја регулираат оваа област и истите доследно ги применува во работењето. И во текот на 2016 година се преземаа мерки и активности за спречување инволвираност на Банката во перење пари или финансирање тероризам и евентуално нејзино инволвирање во други криминални активности од страна на нејзините клиенти, со коешто се обезбедува заштита на угледот и репутацијата, што е една од примарните задачи на Банката.

Претседател на Надзорен одбор

м-р Глигорие Гоговски

ПРИЛОГ 1 - ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ



ПРИЛОГ 2 – МРЕЖА НА ФИЛИЈАЛИ И ЕКСПОЗИТУРИ



ПРИЛОГ 3 – МРЕЖА НА БАНКОМАТИ

СКОПЈЕ	
Филијала Капиштец	ул. Народен Фронт 19 а, тц. Беверли Хилс
Филијала Аеродром	ул. Јане Сандански 26, влез 2, локал бр. 4
Експозитура Центар	ул. Даме Груев бр.7
Тетекс продавница	Ул. Димитрие Чуповски бр.1
Експозитура Ѓорче Петров	бул. Партизански Одреди бр.171а, локал бр. 12
Експозитура Автокоманда	ул. 16-та Македонска Бригада бр.4
Експозитура Кисела Вода	ул. Сава Ковачевич бр.43, локал бр.12
Експозитура Карпош 3	бул. Партизански Одреди бр. 62/2-17
ВЕЛЕС	
Експозитура Велес	ул. 8-ми Септември бр. 42
ТЕТОВО	
Експозитура Ловец	ул. Илиинденска бб
Експозитура АРМ	ул. Методија Андонов Ченто бр.2
Експозитура Илинденска	ул. Илинденска бр.226
Продавница РИМЕС	ул. Благоја Тоска бр. 208/1
Експозитура Палма мол Тетово	ул. Скопски Пат бр. 8
ГОСТИВАР	
Експозитура Гостивар	ул. Иво Лола Рибар бр.18
КИЧЕВО	
Експозитура Кичево	ул. 11 Септември бр.101/8
ДЕБАР	
Експозитура Дебар	ул. Братство и Единство бр. 84
БИТОЛА	
Експозитура Вартекс Битола	ул. Столарска бр. 7
АТ Пазар Битола-Прод. Комодоре	ул Прилепска бр. 42
Експозитура Битола-нов пазар	ул. Генерал Васко Карангелевски бр. 41
Агенција Дора Битола	ул. Столарска бр. 1-г
ОХРИД	
Експозитура Охрид	ул. Македонски Просветители бб
ШТИП	
Филијала Штип	ул. Ванчо Прке бр.7
Текси Пром Штип	ул . Сремски Фронт бр . 26 , Штип
ПРОБИШТИП	
Експозитура Пробиштип	ул. Јаким Стојковски бр.7а
КОЧАНИ	
Експозитура Кочани	ул. Кеј на револуција 13
РАДОВИШ	
Експозитура Радовиш	ул. 22 Октомври бр.11
КУМАНОВО	
Филијала Куманово	ул. Гоце Делчев бр. 38
Експозитура Куманово	ул. ЈНА бр.102
ПРИЛЕП	
Експозитура Прилеп	ул. Борис Кидрич бб
КАВАДАРЦИ	
Експозитура Кавадарци	ул. Илинденска бр. 11
СТРУГА	
Експозитура Струга	ул. Пролетерски Бригади 43
СТРУМИЦА	
Филијала Струмица	ул. Благој Јанков – Мучето бр.1
ВИНИЦА	
Експозитура Виница	ул. Никола Карев бр. 1

ТТК БАНКА АД - СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА (според Методологија на НБРМ)

Скопје, февруари 2018 година

СОДРЖИНА Страна

Извештај на независниот ревизор **1-2**

Биланс на успех 3

Извештај за сеопфатна добивка 4

Биланс на состојба 5

Извештај за промените во капиталот и резервите 6-7

Извештај за паричниот тек 8-9

Белешки кон финансиските извештаи 10-164

Додатоци

Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

Додаток 2- Годишна сметка

Додаток 3- Годишен Извештај за работење

MOORE STEPHENS
SKOPJE

Св.Кирил и Методиј 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 16 976

www.moorestephens.mk
www.moorestephens.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ТТК БАНКА АД - Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на ТТК БАНКА АД – Скопје (Банката), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2017 година, како и Билансот на успех, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Банката е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народната банка на Република Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Службен Весник на Република Македонија (79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Банката за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Банката. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (продолжение)
ДО
АКЦИОНЕРИТЕ НА
ТТК БАНКА АД - Скопје

Мислење

Според нашето мислење, наведените финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на ТТК БАНКА АД Скопје на 31 декември 2017 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината која што завршува тогаш, во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи издадена од страна на Народната банка на Република Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Раководството на Банката е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2017 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ТТК БАНКА АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2017 година.

Скопје, 28 февруари 2018 година

овластен ревизор

Гоце Христов

управител и овластен ревизор

Антонио Велјанов

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

Биланс на успех
за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017

	Белешка	*во илјади денари*	
		тековна година 31.12.2017	претходна година 31.12.2016
Приходи од камата		332,845	320,982
Расходи за камата		(67,713)	(56,960)
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**265,133**	**264,022**
Приходи од провизии и надомести		152,238	173,048
Расходи за провизии и надомести		(25,665)	(27,870)
Нето-прходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**126,573**	**145,179**
Нето-приходи од тргување	8	3,114	1,046
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	-	-
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	9,281	9,132
Останати приходи од дејноста	11	98,689	137,179
Удел во добивката на придружените друштва	24	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	12	(36,088)	(79,579)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	(23,487)	(52,464)
Трошоци за вработените	14	(164,384)	(156,104)
Амортизација	15	(22,951)	(22,220)
Останати расходи од дејноста	16	(143,982)	(152,575)
Удел во загубата на придружените друштва	24	-	-
Добивка/(загуба) пред оданочување		**111,897**	**93,616**
Данок на добивка	17	(11,769)	(9,936)
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**100,128**	**83,680**
Добивка/(Загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба*		-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година		**100,128**	**83,680**
Добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-
Заработка по акција:	41		
основна заработка по акција (во денари)		110	92
разводнета заработка по акција (во денари)		-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на ден 27.02.2018 година и истите се потпишани од страна на:

Наталија Алексова
член на Управен одбор

ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 1

Драгољуб Арсовски
претседател на Управен одбор

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2017	претходна година 31.12.2016
Добивка/(загуба) за финансиската година		100,128	83,680
Останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања			
- ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството		1,177	-
- намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех		(21,702)	(11,431)
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење		-	-
Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење		-	-
Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	24	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех		-	-
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) коишто не се прикажуваат во Билансот на успех	17	-	-
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот коишто не се прикажуваат во Билансот на успех		**(20,525)**	**(11,431)**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година		**79,603**	**72,249**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи

Биланс на состојба
на ден 31.12.2017

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2017	претходна година 31.12.2016
Актива			
Парични средства и парични еквиваленти	18	1,692,694	1,934,872
Средства за тргување	19	18,256	9,046
Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање	20	-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик	21	-	-
Кредити на и побарувања од банки	22.1	99,913	89,912
Кредити на и побарувања од други комитенти	22.2	4,345,434	3,619,062
Вложувања во хартии од вредност	23	1,275,742	1,393,819
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина")	24	-	-
Побарувања за данок на добивка (тековен)	30.1	-	-
Останати побарувања	25	22,262	20,510
Зложени средства	26	-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	27	121,184	225,536
Нематеријлани средтсва	28	17,965	18,034
Недвижности и опрема	29	213,651	178,850
Одложени даночни средства	30.2	-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	31	-	-
Вкупна актива		**7,807,103**	**7,489,641**
Обврски			
Обврски за тргување	32	-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање	33	-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик	21	-	-
Депозити на банки	34.1	55,393	11
Депозити на други комитенти	34.2	6,160,150	5,854,193
Издадени должнички хартии од вредност	35	-	-
Обврски по кредити	36	389,810	449,473
Субординирани обврски	37	-	-
Посебна резерва и резервирања	38	11,132	10,323
Обврски за данок на добивка (тековен)	30.1	2,944	5,939
Одложени даночни обврски	30.2	-	-
Останати обврски	39	69,608	56,591
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31	-	-
Вкупно обврски		**6,689,038**	**6,376,530**
Капитал и резерви			
Запишан капитал	40	907,888	907,888
Премии од акции		127	127
Сопствени акции		-	-
Други сопственички инструменти		-	-
Реваloризациски резерви		7,013	27,538
Останати резерви		98,521	93,878
Задржана добивка/(Акумулирана загуба)		104,516	83,680
Вкупно капитал и резерви кои припаѓаат на акционерите на банката		**1,118,065**	**1,113,111**
Неконтролирано учество*		-	-
Вкупно капитал и резерви		**1,118,065**	**1,113,111**
Вкупно обврски и капитал и резерви		**7,807,103**	**7,489,641**
Потенцијални обврски	42	455,750	445,565
Потенцијални средства	42	12,000	12,000

* само за консолидираните финансиски извештаи

Извештај за промените во капиталот и резервите
за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017

во илјади денари	Капитал				Реваоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка		(Акумулирани загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтролирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Реваоризациска резерва за средства расположливи за продажба	Реваоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати реваоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите				
На 1 јануари 2016 година (претходна година)	907,888	127	-	-	-	38,969	-	-	-	37,558	-	39,376	38,129	14,123	-	**1,076,169**	-	**1,076,169**
Корекции на почетната состојба																		
На 1 јануари 2016 година (претходна година), коригирано	**907,888**	**127**	**-**	**-**	**-**	**38,969**	**-**	**-**	**-**	**37,558**	**-**	**39,376**	**38,129**	**14,123**	**-**	**1,076,169**	**-**	**1,076,169**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	83,680	-	-	**83,680**	-	**83,680**
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Биланост на успех																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
_____	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
_____	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите																		
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	***83,680***	**-**	**-**	**83,680**	**-**	**83,680**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	-	2,822	-	14,123	(2,822)	(14,123)	-	**-**	-	**-**
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(35,307)	-	-	**(35,307)**	-	**(35,307)**
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Нераспределена добивка		-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Реваоризациска резерва за преземени средства		-	-	-	-	(11,431)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**(11,431)**	-	**(11,431)**

Извештај за промените во капиталот и резервите
за периодот од 1.1.2017 до 31.12.2017

во илјади денари	Капитал				Ревалоризациски резерви					Останати резерви			Задржана добивка					
	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба	Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања	Резерва за заштита од ризикот	Резерви од курсни разлики од вложувања во странско работење	Останати ревалоризациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумулирани загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтролирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	**-**	**0**	**-**	**-**	**-**	**-11,431**	**-**	**-**	**-**	**2,822**	**-**	**14,123**	**(38,129)**	**-14,123**	**-**	**(46,738)**	**-**	**(46,738)**
На 31 декември 2016 (претходна година)/1 јануари 2017 (тековна година)	**907,888**	**127**	**-**	**-**	**-**	**27,538**	**-**	**-**	**-**	**40,380**	**-**	**53,499**	**83,680**	**0**	**-**	**1,113,111**	**-**	**1,113,111**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																		
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	100,128	-	-	**100,128**	-	**100,128**
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Биланост на успех																		
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-		-	**-**
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите																		
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	***100,128***	**-**	**-**	***100,128***		***100,128***
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																		
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	-	4,643	-	-	(4,643)	-	-	**-**	-	**-**
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(74,648)	-	-	**(74,648)**	-	**(74,648)**
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**	-	**-**
Нераспределена добивка		-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(4,388)	4,388	-	**-**	-	**-**
Ревалоризациска резерва за преземени средства		-	-	-	-	(20,525)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**(20,525)**	-	**(20,525)**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**(20,525)**	**-**	**-**	**-**	**4,643**	**-**	**-**	**(83,680)**	**4,388**	**-**	**(95,174)**	**-**	**(95,174)**
На 31.12.2017 (тековна година)	**907,888**	**127**	**-**	**-**	**-**	**7,013**	**-**	**-**	**-**	**45,023**	**-**	**53,499**	**100,128**	**4,388**	**-**	**1,118,065**	**-**	**1,118,065**

* само за консолидираните финансиски извештаи

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2017	претходна година 31.12.2016
Паричен тек од основната дејност			
Добивка/(загуба) пред оданочувањето		111,897	93,616
Коригирана за:			
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех*		-	-
Амортизацијата на:			
нематеријални средства		4,212	4,649
недвижности и опрема		18,740	17,571
Капиталната добивка од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		(1,509)	(5,250)
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		(56,469)	(56,530)
Капиталната загуба од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	-
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		763	120
Приходи од камата		(332,845)	(320,982)
Расходи за камата		67,713	56,960
Нето-приходи од тргување		(2,718)	(712)
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа		-	-
дополнителна исправка на вредноста		86,737	147,565
ослободена исправка на вредноста		(50,650)	(67,985)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа			
дополнителни загуби поради оштетување		45,189	63,896
ослободени загуби поради оштетување		(21,702)	(11,431)
Посебна резерва			
дополнителни резервирања		1,997	7,864
ослободени резервирања		(1,173)	(2,989)
Приходи од дивиденди		(7,665)	(6,699)
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва		-	-
Останати корекции		(7,927)	11,803
Наплатени камати		330,855	322,540
Платени камати		(68,138)	(56,673)
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива		***117,306***	***197,329***
(Зголемување)/намалување на деловната актива:			
Средства за тргување		(6,492)	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик		-	-
Кредити на и побарувања од банки		(13,339)	33
Кредити на и побарувања од други комитенти		(823,568)	(384,521)
Заложени средства		-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		145,992	205,568
Задолжителна резерва во странска валута		5,513	(3,624)
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи		-	-
Останати побарувања		3,700	16,448
Одложени даночни средства		-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување		-	-
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:		-	-
Обврски за тргување		-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик		-	-
Депозити на банки		55,359	(21,560)
Депозити на други комитенти		306,269	580,096
Останати обврски		13,017	(112,208)
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување		-	-
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето		**(196,244)**	**477,560**
(Платен)/поврат на данок на добивка		(14,763)	(5,610)
Нето паричен тек од основната дејност		**(211,007)**	**471,951**

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 31.12.2017	претходна година 31.12.2016
Паричен тек од инвестициската дејност			
(Вложувања во хартии од вредност)		118,054	(234,674)
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност		-	-
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)		-	-
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва		-	-
(Набавка на нематеријални средства)		(4,143)	(2,709)
Приливи од продажбата на нематеријалните средства			
(Набавка на недвижности и опрема)		(9,251)	(8,800)
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата		-	-
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)		-	-
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба		-	-
(Останати одливи од инвестициската дејност)		-	-
Останати приливи од инвестициската дејност		396	334
Нето паричен тек од инвестициската дејност		**105,055**	**(245,849)**
Паричен тек од финансирањето			
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)		-	-
Приливи од издадените должнички хартии од вредност		-	-
(Отплата на обврските по кредити)		(173,552)	(183,437)
Зголемување на обврските по кредити		114,025	221,174
(Отплата на издадените субординирани обврски)		-	-
Приливи од издадените субординирани обврски		-	-
Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот		-	-
(Откуп на сопствени акции)		-	-
Продадени сопствени акции		-	-
(Платени дивиденди)		(74,648)	(35,307)
(Останати одливи од финансирањето)		-	-
Останати приливи од финансирањето		-	-
Нето паричен тек од финансирањето		**(134,175)**	**2,431**
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти		108	273
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти		23	14
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти		**(239,995)**	**228,820**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари		1,765,519	1,536,700
Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември		**1,525,524**	**1,765,519**

* само за консолидираните финансиски извештаи

1. Општи информации

ТТК БАНКА АД Скопје (во понатамошниот текст „Банката“) е акционерско друштво основано во Република Македонија. Адресата на нејзиното регистрирано седиште е: ул. „Народен Фронт“ бр. 19а, Скопје, Република Македонија.

Банката е овластена од Народна банка на Република Македонија за вршење платен промет во земјата и странство, депозитни активности во земјата и странство и кредитирање во земјата.

Позначајни активности кои Банката ги извршува се следните:

- прибирање депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови);
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари;
- издавање платежни гаранции и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со девизни средства;
- тргување со хартии од вредност;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитната способност на правни лица;
- тргување со инструменти на пазар на пари.

Акциите на Банката котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност, а кодот под кој котираат е следниот:

шифра на хартија од вредност	ИСИН број
ТТК (обична акција)	МКТТКС101012

Вкупниот број вработени на Банката на 31 декември 2017 изнесува 257 (2016: 278) вработени.

Финансиски извештаи на Банката за годината што заврши на 31 декември 2017 беа одобрени за издавање од страна на Надзорниот одбор на Банката на 27.2.2018 година.

1.1 Основа за изготвување на финансиските извештаи

Банката ја води својата сметководствена евиденција и ги составува своите финансиски извештаи во согласност со Законот за банките и подзаконската регулатива пропишана од страна на Народната банка на Република Македонија („НБРМ“), Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководството.

Податоците во приложените финансиски извештаи на Банката се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), подзаконската регулатива пропишана од страна на Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст „НБРМ“), како и во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст „Методологија“) („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 165/12, 50/13 и 110/13) [1]. и Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 152/11, 54/12 и 166/13) [2], пропишани од страна на НБРМ. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади македонски денари (МКД).

Известувачка валута во која се прикажани овие финансиски извештаи е функционалната валута (македонски денар - МКД).

Онаму каде што е неопходно, презентацијата на споредбените податоци е прилагодена во согласност со промените во презентацијата во тековната година.

[1] Советот на НБРМ донесе Одлука за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи , со почеток на примена од 01.01.2018 година (Сл.весник бр. 83/17 на 22.06.2017 г).

[2] Советот на НБРМ донесе Одлука за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи, со почеток на примена од 01.01.2018 година (Сл.весник бр. 83/17 на 22.06.2017 г).

1.2. Значајни сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовка на овие финансиски извештаи. Утврдувањето на сметководствените политики на Банката се заснова на признаени, познати и практични искуства, на одредбите на Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, Одлуката за сметковниот план за банките, Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и останатите законски прописи. Овие политики се конзистентно применети за сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

1.2.1. Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Македонија кои важат на денот на нивното настанување.

Трансакција во странска валута е трансакција која гласи на странска валута или може да се претвори во странска валута.

Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба, додека, пак, сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Билансот на состојба деноминирани во странска валута се следните:

	31 декември 2017	31 декември 2016
1 ЕУР	61.4907 денари	61.4812 денари
1 УСД	51.2722 денари	58.3258 денари
1 ЦХФ	52.5472 денари	57.2504 денари

1.2. Значајни сметководствени политики

1.2.2 Пребивање (нетирање)

Финансиските средства и обврски се нетирани и презентирани во Билансот на состојба на нето-основа во случаи кога нетирањето на признаените износи е законски дозволено, понатаму, кога постои намера за исполнување на нето-основа, како и во случај на истовремена реализација на средството и исполнување на обврската.

1.2.3 Приходи и расходи по камати

Приходите и расходите по основ на камати се признаени во Билансот на успех за сите каматоносни финансиски средства и обврски со примена на методот на ефективна каматна стапка.

Методата на ефективна камата е метода за пресметување амортизирана набавна вредност на финансиското средство или финансиската обврска во текот на одреден период. Ефективната каматна стапка е стапката што точно ги дисконтира очекуваните приливи во текот на проценетиот век на употреба на финансиското средство или, доколку е соодветно, во пократок период за нето-евидентираната вредност на финансиските средства или финансиска обврска. При пресметката на методата на ефективна камата, Банката го одредува паричниот тек во однос на условите од финансиските инструменти, но не ги пресметува идните загуби по кредити. Пресметката ги вклучува сите суми кои се исплатени или добиени од двете договорни страни кои се составен дел од ефективната каматна стапка, трошоци при трансакции и други премии или попусти.

Приходите и расходите од камата се пресметани и наплатени во согласност со законските прописи на Република Македонија или со договор помеѓу доверителот и должникот.

Пресметаните, а недоспеани камати временски се разграничуваат. Исправка на истите се прави кога наплатата на пресметаните камати е сомнителна и спорна.

1.2.4 Приходи од надомести и провизии

Провизиите и надоместите, со исклучок на надоместите за одобрување кредити, се признаваат на пресметковна основа во периодот кога се врши услугата. Надомести за одобрување кредити се разграничуваат и амортизираат за времетраењето на кредитот со примена на методата на ефективната каматна стапка.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.5 Приходи и расходи од курсни разлики

Нето-приходите и расходите од курсни разлики вклучуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од порамнување на трансакциите во странска валута, како и од вреднување на средствата и обврските во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат. Преземените и потенцијалните обврски деноминирани во странска валута се преведуваат во денари со примена на официјалните девизни курсеви кои важат на датумот на Билансот на состојба.

1.2.6 Приходи од дивиденди

Дивидендите се признаваат во Билансот на успех кога ќе се обезбеди правото за примање исплата. Дивидендите се прикажани како дел од нето-приходите од тргување или како останати приходи од дејноста во зависност од соодветната класификација на инструментот.

1.2.7 Финансиски средства

Финансиските средства се класифицираат во следните категории: кредити и побарувања, финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства расположливи за продажба и финансиски средства кои се чуваат до доспевање. Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на иницијалното признавање.

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата ги вклучуваат сите побарувања кои произлегуваат од трансакциите со комитенти и банки, како и оние кои потекнуваат од Банката така и оние кои се купени на секундарен пазар.

Кредитите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања кои не котираат на активен пазар. Тие се јавуваат кога Банката одобрува пари или услуги директно на комитентите без намера за размена на побарувањето, т.е. кога Банката станува странка на договорните одредби на инструментот. Почетно кредитите и побарувањата се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци кои што се директно поврзани со стекнувањето или издавањето на финансиското средство.

Последователно, кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.7 Финансиски средства (продолжува)

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби

Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување и хартии од вредност според објективна вредност преку добивки или загуби определени како такви при почетното признавање. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување добивка.

Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување. Средствата чувани за тргување се евидентираат по објективна вредност преку Билансот на успех. Финансиските средства по објективна вредност преку Билансот на успех почетно се признаваат по објективната вредност. Трансакциските трошоци не се вклучуваат во износот по кој првично се мери инструментот. Тие се евидентираат веднаш во Билансот на успех во позицијата „Приходи и расходи од провизии и надоместоци“. Добивките или загубите од последователното мерење по објективна вредност се вклучуваат во позицијата „Нето-приходи од тргување“.

Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се оние наменети за чување на неопределен временски период кои може да се продаваат доколку се појави потреба за ликвидност или промена на каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите.

Прикажаното портфолио е составено од сопственички хартии од вредност во претпријатија врз кои Банката нема контрола. Овие средства почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите.

Финансиски средства кои се чуваат до доспевање

Финансиските средства кои се чуваат до доспевање се недеривативни финансиски средства со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои раководството на Банката има позитивна намера и способност да ги чува до нивното доспевање. Доколку Банката продаде значаен дел од финансиските средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на овие средства се прекласифицира во финансиски средства расположливи за продажба.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.7 Финансиски средства (продолжува)

Почетно овие средства се признаваат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци коишто се директно поврзани со стекнувањето или издавањето.

Последователно, финансиските средства кои се чуваат до достасување се мерат по амортизирана набавна вредност, со употреба на метод на ефективна каматна стапка. Добивките и загубите се признаваат во Билансот на успех.

Иницијално признавање и депризнавање

Набавките и продажбите на финансиските средства расположливи за продажба и оние кои се чуваат до доспевање се евидентираат на датумот на купувањето - датум на којшто Банката има обврска да го купи или да го продаде средството. Кредитите се признаваат кога готовината се авансира на позајмувачите. Финансиските средства, освен финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби, иницијално се признаваат по објективна вредност зголемена за трошоците на трансакцијата. Финансиските средства престануваат да се признаваат по истекот на правата за примање на паричните текови од финансиските средства или по нивното пренесување, а Банката ги пренела значително сите ризици и користи од сопственост.

Последователно мерење

По почетното признавање, Банката ги мери финансиските средства по објективна вредност преку добивки и загуби и расположливите-за-продажба финансиски средства по нивната објективна вредност без какви било намалувања за трансакциските трошоци кои може да настанат при нивната продажба. Објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активниот пазар се базира на нивната куповна цена на денот на Извештајот за финансиска состојба. Доколку пазарот на кој котира финансиското средство не е активен, Банката ја утврдува објективната вредност на средството со примена на техники за вреднување. Техниките за вреднување вклучуваат употреба на нормални, комерцијални трансакции помеѓу запознаени, подготвени страни, ако се достапни, референца на тековната објективна вредност на друг инструмент, кој е во суштина ист, анализа на дисконтирани парични текови и алтернативни модели на одредување на цената. Доколку вредноста на сопственичките инструменти не може соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност.

1.2. Значајни сметководствени политики (продолжува)

1.2.7 Финансиски средства (продолжува)

Вложувањата чувани-до-доспевање и кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата намалени за евентуалните загуби поради оштетување.

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
Состојба на 31 декември 2016 (претходна година)						
Обврски						
Обврски за тргување	-	-	-	-	-	-
Депозити	54.835	-	-	24.459	300.310	379.604
Издадени хартии од вредност	-	-	-	-	-	-
Обврски по кредити	-	-	-	-	-	-
Субординирани обврски	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	208	-	-	-	6	214
Вкупно	**55.044**	-	-	**24.459**	**300.316**	**379.819**
Потенцијални обврски						
Издадени гаранции	3.653	-	-	-	-	3.653
Издадени акредитиви	-	-	-	-	-	-
Останати потенцијални обврски	1.000	-	-	2.213	333	3.547
(Посебна резерва)	(13)	-	-	(50)	(7)	(70)
Вкупно	**4.640**	**-**	**-**	**2.163**	**327**	**7.130**
Потенцијални средства						
Примени гаранции						
Останати потенцијални средства						
Вкупно	-	-	-	-	-	-

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)

Б. Приходи и расходи кои произлегуваат од трансакциите со поврзаните страни

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
2017 (тековна година)						
Приходи						
Приходи од камата	39	-	-	754	133	926
Приходи од провизии и надомести	482	-	-	119	70	672
Нето-приходи од тргување	-	-	-	-	-	-
Приходи од дивиденда	-	-	-	-	-	-
Капитална добивка од продажбата на нетековни средства	-	-	-	-	-	-
Останати приходи	-	-	-	-	-	-
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**521**	-	-	**873**	**203**	**1.598**
Расходи						
Расходи за камата	509	-	-	360	9.382	10.251
Расходи за провизии и надомести	-	-	-	-	-	-
Нето-загуби од тргување	-			-	-	-
Расходи за набавка на нетековните средства	-	-	-	-	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	15	-	-	5	4	23
Останати расходи	15.403	-	-	3	1.634	17.041
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**15.927**	-	-	**368**	**11.020**	**27.315**

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)

Б. Приходи и расходи кои произлегуваат од трансакциите со поврзаните страни

во илјади денари	Матично друштво	Подружници	Придружени друштва	Раководен кадар на Банката	Останати поврзани страни	Вкупно
2016 (претходна година)						
Приходи						
Приходи од камата	1	-	-	552	115	668
Приходи од провизии и надомести	526	-	-	92	64	681
Нето-приходи од тргување	-	-	-	-	-	-
Приходи од дивиденда	-	-	-	-	-	-
Капитална добивка од продажбата на нетековни средства	-	-	-	-	-	-
Останати приходи	-	-	-	-	-	-
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**527**	-	-	**644**	**178**	**1.349**
Расходи						
Расходи за камата	286	-	-	384	1.696	2.365
Расходи за провизии и надомести	-	-	-	-	-	-
Нето-загуби од тргување	-	-	-	-	-	-
Расходи за набавка на нетековните средства	-	-	-	-	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	1	-	-	7	(7)	2
Останати расходи	14.166	-	-	(7)	1.676	15.836
Трансфери помеѓу субјектите	-	-	-	-	-	-
Вкупно	**14.453**	-	-	**385**	**3.365**	**18.203**

44. Трансакции со поврзаните страни (продолжува)

В. Надомести на раководниот кадар на Банката

	во илјади денари	
	тековна година 2017	претходна година 2016
Краткорочни користи за вработените	39.149	41.818
Користи по престанокот на вработувањето	-	-
Користи поради престанок на вработувањето	-	-
Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со сопствени инструменти	-	-
Плаќања на вработените врз основа на акции, подмирени со парични средства		
Останато	2.793	1.612
Вкупно	**41.942**	**43.430**

Со 31 Декември 2017 година надоместите на лицата со посебни права и одговорности изнесуваат 41.942 илјади денари (2016: 43.430 илјади денари), од кои 39.149 илјади денари (2016: 41.818 илјади денари) се однесуваат на плати на 36 лица со посебни права и одговорности, а 2.793 илјади денари се однесуваат на награди на членовите на Управен Одбор и лицата со посебни права и одговорности од годишната добивка на Банката, на исплатени јубилејни награди на лицата со посебни права и одговорности, на исплатен регрес за годишен одмор на 35 лица со посебни права и одговорности.

45. Наеми

А. Наемодавател

А.1 Побарувања по финансиски наеми

во илјади денари	Вкупно побарувања по финансиски наем	Период на достасување на побарувањата по финансиски наем		
		до 1 година	од 1 до 5 години	над 5 години
Состојба на 31 декември 2017 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2016 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-

45. Наеми (продолжува)
А.2. Побарувања по неотповикливи оперативни наеми

во илјади денари	Вкупно побарувања по неотповикливи оперативни наеми	Период на достасување на побарувањата по неотповикливи оперативни наеми		
		до 1 година	од 1 до 5 години	над 5 години
Состојба на 31 декември 2017 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2016 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
Сегашна вредност на минималните плаќања за наемот				
	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Транспортни средства	Мебел и канцелариска опрема	Останата опрема	Други ставки на недвижностите и опремата	Вкупно
Вредност на имотот даден под оперативен наем:							
состојба на 31 декември 2017 (тековна година)	-	-	-	-	-	-	-
состојба на 31 декември 2016 (претходна година)	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно	-	-	-	-	-	-	-

45. Наеми (продолжува)

Б. Наемател

Б.1 Обврски по финансиски наеми

во илјади денари	Вкупно обврски по финансиски наем	Период на достасување на обврските по финансиски наем		
		до 1 година	од 1 до 5 години	над 5 години
Состојба на 31 декември 2017 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
	-	-	-	-
Вкупно	**-**	**-**	**-**	**-**
Состојба на 31 декември 2016 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**
	-	-	-	-
Вкупно	**-**	**-**	**-**	**-**

45. Наеми (продолжува)

Б. Наемател (продолжува)

Б.1 Обврски по финансиски наеми (продолжува)

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Транспортни средства	Мебел и канцелариска опрема	Останата опрема	Други ставки на недвижностите и опремата	Вкупно
Вредност на имотот земен под финансиски наем:							
Набавна вредност							
Состојба на 1 јануари 2016 (претходна година)	-	-	-	-	-	-	-
зголемувања	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2016 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	-	-	-	**-**
Состојба на 1 јануари 2017 (тековна година)	-	-	-	-	-	-	-
зголемувања	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2017 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	-	-	-	**-**
Акумулирана амортизација и оштетување							
Состојба на 1 јануари 2016 (претходна година)	-	-	-	-	-	-	-
амортизација за годината	-	-	-	-	-	-	-
загуба поради оштетување во текот на годината	-	-	-	-	-	-	-
(ослободување на загубата поради оштетување во текот на годината)	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-

45. Наеми (продолжува)

Б. Наемател (продолжува)

Б.1 Обврски по финансиски наеми (продолжува)

во илјади денари	Земјиште	Градежни објекти	Транспортни средства	Мебел и канцелариска опрема	Останата опрема	Други ставки на недвижностите и опремата	Вкупно
Состојба на 31 декември 2016 (претходна година)	**-**	-	**-**	-	-	-	**-**
Состојба на 1 јануари 2017 (тековна година)	-	-	-	-	-	-	-
амортизација за годината	-	-	-	-	-	-	-
загуба поради оштетување во текот на годината	-	-	-	-	-	-	-
(ослободување на загубата поради оштетување во текот на годината)	-	-	-	-	-	-	-
(отуѓување и расходување)	-	-	-	-	-	-	-
останато	-	-	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2017 (тековна година)	-	-	-	-	-	-	-
Сегашна сметководствена вредност							
на 1 јануари 2016 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**
на 31 декември 2016 (претходна година)	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**
на 31 декември 2017 (тековна година)	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**

46. Плаќања врз основа на акции

	во илјади денари	
	тековна година 2017	претходна година 2016
Датум на давање на опцијата	-	-
Датум на истекување на опцијата	-	-
Цена на реализација на опцијата	-	-
Цена на акцијата на датумот на давање на опцијата	-	-
Варијанса	-	-
Очекуван принос на дивидендата	-	-
Каматна стапка	-	-
Објективна вредност на датумот на давање на опцијата	-	-

	тековна година 2017		претходна година 2016	
	број на опциите за акции	пондерирана просечна цена за опциите за акции	број на опциите за акции	пондерирана просечна цена за опциите за акции
Состојба на 1 јануари	-	-	-	-
Промени во текот на годината:				
опции дадени на членовите на Надзорниот одбор	-	-	-	-
опции дадени на членовите на Управниот одбор	-	-	-	-
останати дадени опции	-	-	-	-
форфетирани опции	-	-	-	-
реализирани опции	-	-	-	-
опции со истечен краен рок	-	-	-	-
Состојба на 31 декември	-	-	-	-

47 Пензиски планови

Банката нема дефинирано планови за надомести при пензионирање или опции за надоместување базирани на акции со состојба на 31 декември 2017 и 2016 година. Раководството смета дека сегашната вредност на идните обврски кон вработените во врска со надоместите при пензионирање и јубилејни награди не е од материјално значење за финансиските извештаи со состојба на 31 декември 2017 и 2016 година.

48 Настани по датумот на известување

Согласно барањата на Меѓународниот сметководствен стандард 10 (Настани по датумот на билансот на состојба), Банката има обврска да изврши обелоденување на некорективните настани кои се случиле после датумот на билансот на состојба, односно помеѓу крајот на периодот на известување и датумот кога финансиските извештаи се одобрени за издавање.

Банката, со датум 01.01.2018 година изврши усогласувања согласно измените во Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки за подготовка на финансиските извештаи донесена од страна на НБРМ и стапувањето во сила на стандардот МСФИ 9, кој го замени постоечкиот МСС 39. Истите стапуваат во сила на 01.01.2018 година.

Банката изврши оценка на сите финансиски средства на 01.01.2018 година. Во зависност од деловната цел, Банката изврши нивно класифицирање во соодветен деловен модел и го утврди начинот на мерење на објективната вредност на финансиските инструменти.

Должничките инструменти кои се класифицирани во деловниот модел кој има за цел наплата на договорените парични текови и единствено отплати на главница и камата, се мерат по амортизирана набавна вредност. Согласно барањата на МСФИ 9, Банката на 01.01.2018 година изврши класифицирање на портфолиото на должнички инструменти во категорија на финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност, и истото немаше влијание врз билансите на Банката.

48 Настани по датумот на известување

Сопственичките инструменти се класифицираат и се мерат по објективна вредност (немаат договорни парични текови врз основа на главница и камата, односно не го исполнуваат условот СППИ). Сопственичките инструменти кои Банката ги чува за тргување, задолжително се мерат по објективна вредност и сите промени во објективната вредност се евидентираат во Билансот на успех. За сопственичките инструменти со кои не се тргува, Банката при првичното признавање избира дали промените на објективната вредност ќе ги евидентира во Билансот на успех или во Ревалоризациските резерви во рамки на Останата сеопфатна добивка.

Согласно барањата на МСФИ 9, Банката на 01.01.2018 година изврши класифицирање на портфолиото на сопственички инструменти кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка и сопственички инструменти кои се мерат по објективна вредност преку Билансот на успех. За вложувањата на Банката во одредени специфични институции (како КИБС, ЦДХВ и сл.) за коишто нема активен пазар и чиешто поседување е утврдено со закон и/или е поврзано со можноста за користење на услугите коишто ги вршат овие институции, може да се смета дека нивната набавна вредност ја одразува нивната објективна вредност. Банката ги класифицира овие вложувања како финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка.

Материјалниот ефект на Банката на 01.01.2018 година, како разлика помеѓу објективната и сметководствената вредност на сопственичките инструменти изнесува 3.892 илјади мкд евидентирана акумулирана загуба.

Кредитното портфолио согласно избраниот деловен модел и спроведениот СППИ тест, како и до 01.01.2018 година, ќе продолжи да се мери по амортизирана набавна вредност. За усогласување со барањата на МСФИ 9, Банката не изврши прекнижување на други сметки и нема влијание врз билансите на Банката.

Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето согласно одредбите на ЗТД

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат трговските друштва вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки.

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Согласно член 477 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Друштвото го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење.

Годишна сметка за 2017 година
- Биланс на состојба
- Биланс на успех

Назив на банката **ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**
Адреса и седиште **Народен фронт 19А Скопје**
Единствен даночен број **4030006597638**

БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
На ден 31.12.2017 година

(во денари)

р.б.	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	ИЗНОС	
			Претходна година	Тековна година
1	2	3	4	5
	АКТИВА			
1.	Парични средства и парични еквиваленти	140	1.474.100.158	1.096.112.333
2	Вложувања во должнички ХВ кои може да се користат за рефинансирање во НБРМ (142+143+144)	141	0	0
2а.	Благајнички записи	142		
2б.	Државни хартии од вредност	143		
2в.	Исправка на вредноста	144		
3	Кредити на и побарувања од банки (146+147+148-149)	145	89.912.498	99.913.302
3а.	Кредити	146	90.002.500	100.013.333
3б.	Депозити	147	0	0
3в.	Останати побарувања	148		
3г.	Исправка на вредноста	149	90.002	100.031
4	Кредити на и побарувања од други коминтенти (151+152-153)	150	3.635.264.685	4.362.972.172
4а.	Кредити	151	3.814.906.572	4.495.278.063
4б.	Останати побарувања	152		
4в.	Исправка на вредноста	153	179.641.888	132.305.891
5	Должнички хартии од вредност (155+156+157-158)	154	1.743.278.430	1.699.747.319
5а.	Благајнички записи	155	460.520.770	525.573.406
5б.	Државни хартии од вредност	156	1.089.327.067	938.264.575
5в.	Останати должнички хартии од вредност	157	193.430.593	235.909.338
5г.	Исправка на вредноста	158	0	0
6.	Вложувања во сопственички инструменти	159	120.107.348	119.824.826
7	Вложувања во придружени друштва (161+162)	160	0	0
7а.	Вложувања во банки	161		
7б.	Останати вложувања во придружени претпријатија	162		
8.	Вложувања во подружници (164+165)	163	0	0

8а.	Вложувања во банки	164		
8б.	Останати вложувања во подружници	165		
9.	Заеднички вложувања (167+168)	166	0	0
9а.	Заеднички вложувања во банки	167		
9б.	Останати заеднички вложувања	168		
10.	Нематеријални средства (170+171+172+173+174)	169	18.033.949	17.965.041
10а.	Основачки издатоци	170		
10б.	Издатоци за истражување и развој	171		
10в.	Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	172	2.780.548	3.376.131
10г.	Гудвил	173		
10д.	Останати нематеријални средства	174	15.253.401	14.588.910
11.	Материјални средства (176+177+178)	175	178.849.828	213.650.649
11а.	Земјиште	176		
11б.	Недвижности и опрема	177	169.746.917	165.078.559
11в.	Останати материјални средства	178	9.102.911	48.572.090
12.	Останати средства/побарувања (180+181+182+183+184+185+186+187+188+189+190+191-192)	179	245.098.293	213.336.640
12а.	Ограничени депозити	180	251.073	71.008.739
12б.	Дериватни средства чувани за управување со ризик	181		
12в.	Вградени деривати	182		
12г.	Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	183		
12д.	Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	184	225.536.006	121.183.910
12ѓ.	Заложени средства	185		
12е.	Аванси за нематеријални средства	186		
12ж	Аванси за материјални средства	187		
12з	Побарување за данок од добивка	188	0	0
12s	Одложени даночни средства	189		
12и	Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање	190		
12ј	Останати побарувања	191	57.219.513	48.231.617
12к	Исправка на вредноста	192	37.908.299	27.087.626
13.	Одложени приходи и однапред платени трошоци	193	1.198.715	1.118.292
14.	**ВКУПНА АКТИВА** (140+141+145+150+154+159+160+163+166+169+175+179+193)	194	**7.505.843.903**	**7.824.640.574**
	ПАСИВА:			

15.	**ОБВРСКИ (196+202+208+213+222+223+227)**	195	6.392.732.824	6.706.575.130
16	Обврски кон банки (197+198+199+200+201)	196	447.171.495	442.890.788
16а.	Трансакциски сметки	197	10.584	27.947
16б.	Депозити	198	0	55.365.150
16в.	Ограничени депозити	199		
16г.	Обврски по кредити	200	447.160.911	387.497.691
16д.	Останати обврски	201		
17	Обврски кон други комитенти (203+204+205+206+207)	202	5.856.504.637	6.162.461.963
17а.	Трансакциски сметки	203	1.993.829.930	2.267.887.763
17б.	Депозити	204	3.725.699.618	3.742.295.554
17в.	Ограничени депозити	205	134.663.089	149.966.646
17г.	Обврски по кредити	206	2.312.000	2.312.000
17д.	Останати обврски	207		
18	Обврски по издадени должнички хартии од вредност (209+210+211+212)	208	0	0
18а.	Издадени инструменти на пазарот на пари	209		
18б.	Издадени сертификати за депозит	210		
18в.	Издадени обврзници	211		
18г.	Останати издадени должнички хартии од вредност	212		
19	Останати обврски (214+215+216+217+218+219+220+221	213	74.866.996	86.235.275
19а.	Дериватни обврски чувани зауправување со ризик	214		
19б.	Вградени Деривати	215		
19в.	Обврски за тргување	216		
19г.	Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	217		
19д.	Обврски за данок на добивка	218	5.938.769	2.944.057
19ѓ.	Одложени даночни обврски	219		
19е.	Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех	220		
19ж.	Останати обврски	221	68.928.227	83.291.218
20	Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди	222	3.866.292	3.854.763
21	Резервирања за ризици и обврски (224+225+226)	223	10.323.404	11.132.341
21а.	Резервирања за вонбилансна кредитна изложеност	224	4.020.491	4.691.758
21б.	Резервирања за пензии и за други користи на вработените	225	0	137.670
21в.	Останати резервирања	226	6.302.913	6.302.913

22	Субординирани обврски	227		
23	**КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** (229+230 -231+232+235+230+236-237+238-239+240)	228	1.113.111.079	1.118.065.444
24	Запишан капитал	229	907.888.000	907.888.000
25	Премии од акции	230	126.879	126.879
26	Откупени сопствени акции (-)	231		
27	Резерви (233+234)	232	93.878.313	98.521.451
27а.	Законска и статутарна резерва	233	93.878.313	98.521.451
27б.	Останати резерви	234		
28	Ревалоризациски резерви и остнати разлики од вреднувањето	235	27.537.822	7.012.351
29	Добивка за финансиската година	236	83.680.065	100.128.330
30	Загуба за финансиската година (-)	237	0	0
31	Задржана добивка	238	0	4.388.433
32	Пренесена загуба (-)	239	0	0
33	Малцинско учество	240		
34	**ВКУПНА ПАСИВА (195+228)**	241	**7.505.843.903**	**7.824.640.574**
	ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА			
35	Вонбилансна евиденција -актива	242	4.011.076.626	4.283.792.988
36	Вонбилансна евиденција -пасива	243	4.011.076.626	4.283.792.988

Назив на банката **ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**

Адреса, седиште и телефон **Народен фронт 19А Скопје**

Единствен даночен број **4030006597638**

БИЛАНС НА УСПЕХ

На ден 31.12.2017 година

(во денари)

Ред. бр. 1	ПОЗИЦИЈА 2	Ознака на АОП 3	ИЗНОС	
			Претходна година 4	Тековна година 5
1.	Приходи од камата	001	320.982.130	332.845.435
2.	Расходи за камата	002	56.959.636	67.712.657
3	Приходи за провизиии и надомести	003	173.048.233	152.237.614
4	Расходи за провизиии и надомести	004	27.869.691	25.664.758
5.	Приходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички	005		
6.	Нето добивка од трансакции со хартии од вредноста	006	1.080.370	3.763.159
7	Нето загуба од трансакции со хартии од вредност	007		0
8	Нето добивка од курсни разлики	008	9.132.136	9.280.556
9	Нето загуба од курсни разлики	009	0	0
10	Останати приходи од дејноста	010	135.569.948	98.802.574
11	Трошоци за вработените (012+013+014)	011	156.104.183	164.246.301
11а.	Плати	012	101.241.324	105.578.692
11б.	Трошоци за даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување	013	49.279.886	51.373.517
11в.	Останати користи за вработените	014	5.582.973	7.294.092
12	Амортизација на нематеријални средства и материјални средства	015	22.219.682	22.951.386
13	Исправка на вредност на нематеријални средства и материјални средства	016	63.895.546	45.189.203
14	Исправка на вредност посебна резерва и резервирањата(018+019+020)	017	72.992.164	15.208.529
14а.	Исправка на вредноста на активните билансни побарувања	018	68.117.233	14.385.343
14б	Посебна резерва за вонбилансна кредитна изложеност	019	236.018	685.516
14в	Останати резервирања	020	4.638.913	137.670
15	Расходи од вложувања во придружени друштва, подружници и заеднички	021		
16	Останати расходи од дејноста	022	146.155.567	144.059.544
17	Добивка пред оданочување (001+003+005+006+008+010)-(002+004+007+009+011+015+016+017+021+022)	023	93.616.348	111.896.960
18	Загуба пред оданочување (002+004+007+009+011+015+016+017+021+022)-	024	0	0
19	Добивка од прекинато работење	025		
20	Загуба од прекинато работење	026		
21.	Добивка пред оданочување (023+025-026)	027	93.616.348	111.896.960
22	Загуба пред оданочување (024+026-025)	028	0	0
23	Данок од добивка (дел од Даночниот биланс)	029	9.936.283	11.768.630
24	Добивка за финансиската година (027-029)	030	83.680.065	100.128.330
25	Загуба за финансиската година (029-027) или (028+029)	031		
26	Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во	032	280	269
27	Број на месеци на работење	033	12	12

Годишен извештај за 2017 година

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работењето на Банката

во 2017 година

јануари, 2018 г.

СОДРЖИНА

1. ПРОФИЛ НА БАНКАТА 3
2. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАБОТЕЊЕТО 6
3. МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ 7
4. ПОЗИЦИЈАТА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР 10
5. РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 12
5.1. Корпоративно управување на Банката, акционерски капитал и сопственичка структура 12
- Информации и податоци поврзани со примена на Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје 24
- Информации и податоци за политиката на Банката за спречување судир на интереси 25
- Организациска структура на ТТК Банка АД Скопје 26
- Акционерски капитал и сопственичка структура 26
- Политика на дивиденди 27
- Акционери со најмалку 5% од акциите на Банката 27

5.2. Финансиски перформанси на Банката 27
6. АКТИВНОСТИ ПО СЕГМЕНТИ 33
6.1. Управување со ризици 33
6.2. Корпоративно банкарство – Корпоративни клиенти и МСП 388
6.3. Деловна мрежа 43
6.4. Картично работење 45
6.5. Платен промет во земјата и странство 466
6.6. Електронско банкарство 477
6.7. Средства и ликвидност 477
6.8. Маркетинг и развој на производи 499
6.9. Информатичка технологија и позадински работи 522
6.10. Човечки ресурси 544
6.11. Внатрешна ревизија 566
6.12. Контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам 588
ПРИЛОГ 1 - ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 599
ПРИЛОГ 2 – МРЕЖА НА ФИЛИЈАЛИ И ЕКСПОЗИТУРИ 60
ПРИЛОГ 3 – МРЕЖА НА БАНКОМАТИ
.....611

1. ПРОФИЛ НА БАНКАТА

ТТК Банка АД Скопје опстојува како акционерско друштво во својство на правно лице од 1 јули 2006 година, а како резултат на спојувањето на **Тетекс – Кредитна банка АД Скопје** и **Тетовска банка АД Тетово** во нова банка - ТТК Банка АД Скопје. ТТК Банка АД Скопје е горд сведок на историјата на развојот на банкарскиот систем уште од формирањето на најстарите банки во македонската банкарска историја.

Почетоците датираат уште од 1961 година кога е формирана Комунална Банка од Тетово којашто, пак, во 1962 година се трансформира во Комерцијална Банка Тетово. Во 1973 година Комерцијална Банка Тетово се спојува и работи во рамките на Стопанска Банка АД Скопје сè до независното издвојување како самостојна банка во 1995 година.

Правниот претходник, **Тетекс – Кредитна Банка АД Скопје**, датира од 2001 година, како резултат на спојувањето на Тетекс Банка АД Скопје (основана 25.12.1993 година) со Кредитна Банка АД Битола (основана во јуни 1993 година). Во 2004 година Тетекс – Кредитна Банка АД Скопје имплементира нов интегриран банкарски систем како поддршка за целокупната услуга кој, при формирањето на ТТК Банка АД Скопје, претставува значајна основа за работењето и надградбата на услугите на новата Банка.

Од друга страна, пак, другиот правен претходник на ТТК Банка АД Скопје, **Тетовска Банка АД Тетово** е основана во 1995 година како една од петте филијали коишто ги исполнуваат условите за самостојно банкарско работење и се издвојуваат како самостојни банки во рамките на процесот на реконструирањето на Стопанска Банка АД Скопје.

Така, на почетокот на втората половина од 2006 година се основа ТТК Банка АД Скопје, каде што како доминантен сопственик се јавува Тетекс АД Тетово, а Европската банка за обнова и развој како сопственик на 25% од капиталот на Банката. Во текот на 2013 и 2014 година Европската банка за обнова и развој постепено го намалуваше своето учество во акционерскиот капитал на Банката и од 16.11.2015 година таа повеќе нема свое учество во акционерскиот капитал на Банката.

ТТК Банка АД Скопје е универзална банка којашто успешно ги реализира сите банкарски активности, и тоа: кредитно и документарно работење со физички и правни лица, денарско и девизно штедење, платежни картички, тековни сметки, платен промет во земјата, платен промет во странство, тргување со хартии од вредност, издавање платежни и кредитни картички, менувачки работи, брз трансфер на пари MoneyGram, електронско банкарство, мобилно банкарство, електронски услуги и сервиси, како и други банкарски активности. Постојано креира нови и развиени форми на производи и услуги во согласност со потребите на клиентите следејќи ги современите трендови на банкарскиот пазар.

Во 2007 година Банката успешно ги пласира кредитните линии за развој на мали и средни претпријатија од средства на ЕБОР и ЕФСЕ. Во овој период Банката развива и промовира домашен бренд на дебитна и кредитна картичка.

Во 2008 година Банката го воведува интернационалниот бренд на дебитни и кредитни картички за физички и правни лица - VISA.

Во периодот од 2009 година до 2012 година, Банката имплементира нова модерна организациска структура преку која се создава моделот на „универзален банкарски шалтер“ и децентрализирана продажба на производи и услуги за брз и едноставен пристап до клиентите на пазарот преку широката мрежа на филијали и експозитури. Во овој период се спроведуваат активности за ребрендирање на дел од експозитурите и филијалите со цел создавање модерен, современ и унифициран изглед на истите. Во 2012 година Банката се вклучува во проектот за пласирање субвенционирани станбени кредити во организација на Министерството за финансии.

Во периодот од 2013 година до 2016 година, Банката делува во насока на проширување на мрежата на филијали и експозитури и унифицирање на изгледот на истите. Континуирано се унапредуваат условите на кредитните производи за физички лица, се надградуваат услугите во електронското банкарство, а се воведува и новата мобилна апликација за мобилно банкарство ТТК М-банк.

Во 2017 година, во согласност со пазарните услови и потребата за понуда на иновативни технолошки напредни банкарски производи и услуги, Банката за прв пат воведува ненаменски потрошувачки кредит – Инстант кредит достапен преку електронското банкарство, со целосно автоматизиран процес на анализа и одобрување. Континуирано се унапредуваат условите на кредитните производи за физички лица и се постигнува најголем обем во продажбата на кредитните производи од 2006 година.

Од своето постоење Банката континуирано успешно ги пласира кредитните линии за поддршка на мали и средни претпријатија на Македонската банка за поддршка на развојот.

Преку својата централа во Скопје и широката мрежа од 7 филијали, 21 експозитура, 2 шалтери на територијата на Македонија заклучно со крајот на 2017 година Банката ги извршува сите банкарски активности следејќи ги основните принципи на банкарското работење - стабилност, ликвидност, профитабилност и солвентност.

ТТК Банка АД Скопје во изминатите години континуирано и успешно имплементира стратегија за корпоративна и општествена одговорност. Преку транспарентни и етички активности, Банката ги поддржува и ги промовира вредностите коишто го претставуваат нејзиното работење: доверба, традиција, ентузијазам, искуство и знаење, тимски дух и професионализам. Искуството, посветеноста и отворената соработка со институциите и лицата од општеството придонесоа за развој на компанија којашто е општествено и корпоративно одговорна, давајќи поддршка на лица и институции за развој на нормално и здраво опкружување во кое секој поединец има еднакви права и можности. Активната поддршка што ТТК Банка АД Скопје ја дава на општеството е видлива од различните активности во форма на спонзорство или донација од Банката за културата, спортот и образованието, за што Банката има добиено многу награди за корпоративна и општествена одговорност.

За остварување на многубројните позитивни придобивки за заедницата, во изминатиот период ТТК Банка АД Скопје повеќе пати беше добитник на награди за општествена одговорност од Министерство за економија (за 2008 и 2010 година) и награди за филантропија од Центарот за институционален развој (за 2009 и 2011 година) и др.

Во 2016 година ТТК Банка АД Скопје го доби признанието Национален шампион во категоријата Награда за иновација на 10-тите по ред Европски бизнис-награди (најголемиот престижен европски бизнис-натпревар, поддржан од бизнис-лидери, академици, медиуми и политички претставници од цела Европа кој инспирира подобрување на конкурентноста на бизнисите во Европа). Наградата е потврда за активното, континуирано и ефикасно ангажирање на Банката во процесот на изнаоѓање проактивни и современи технолошки решенија за поедноставни, поконкурентни и подостапни производи и услуги за крајните корисници, физичките и правните лица.

- **Изјава за мисија на Банката**

Изјавата за Мисија ги содржи долгорочните цели и деловната филозофија на Банката.

Изјавата за Мисија е однапред определен патоказ за развој на стратегиите за управување на бизнисот на Банката.

Изјавата за Мисијата на ТТК Банка АД Скопје е:

Ние сме универзална банка-партнер за малите и средните претпријатија во Македонија којашто креира вредности за своите акционери, клиенти и вработени, со помош на претприемачкиот и профитабилниот начин на размислување, оперативната ефикасност и градењето долгорочно партнерство.

Нашите вредности се:

Довербата – биди искрен, внимателен, доследен и транспарентен бидејќи довербата е основата на нашата работа;

Одговорноста – преземи иницијатива, донеси одлуки и застани зад нивната реализација; и

Тимската работа – креирај ефикасна и работна атмосфера, соработувај на сите нивоа со цел остварување подобри резултати.

2. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАБОТЕЊЕТО

во илјади денари	31.12.2016	31.12.2017	промена за периодот
Показатели на билансот на состојба			
Вкупна актива	**7.489.641**	**7.807.103**	**4,2%**
Нето кредити на комитенти	**3.619.062**	**4.345.434**	**20,1%**
Бруто кредити на домаќинства	**1.857.010**	**2.263.908**	**21,9%**
Бруто кредити на стопанство	**1.915.600**	**2.201.077**	**14,9%**
Депозити од комитенти	**5.854.193**	**6.160.150**	**5,2%**
Капитал и резерви	**1.113.111**	**1.118.065**	**0,4%**
Преземени средства/Вкупна актива	**3,0%**	**1,6%**	**-1,4 пп**
Квалитет на кредитно портфолио			
Вкупна кредитна изложеност (билансна и вонбилансна)	**6.997.714**	**7.351.485**	**5,1%**
Вкупна исправка на вредност и посебна резерва	**197.100**	**152.851**	**-22,5%**
Адекватност на капиталот	**19,0%**	**16,7%**	**-2,3 пп**
Просечно ниво на резервираност	**2,8%**	**2,1%**	**-0,7 пп**
Покриеност на нефункционалните кредити со вкупната пресметана исправка на вредност и посебна резерва	**108,9%**	**113,7%**	**4,8 пп**
Показатели за ликвидноста			
Ликвидна актива/Вкупна актива	**39,1%**	**31,6%**	**-7,5 пп**
Бруто кредити на комитенти/Депозити од комитенти	**64,4%**	**72,5%**	**8,1 пп**
Показатели за профитабилноста и ефикасноста			
Добивка по оданочување	**83.680**	**100.128**	**19,7%**
Нето оперативен приход пред исправка на вредност на нефинансиски и финансиски средства	**225.660**	**171.472**	**-24,0%**
Стапка на повраток на просечната актива (ROAA)	**1,2%**	**1,3%**	**0,1 пп**
Стапка на повраток на просечниот капитал (ROAE)	**8,1%**	**9,8%**	**1,7 пп**
Оперативни трошоци/оперативни приходи (Cost-to-income)	**59,5%**	**65,9%**	**6,4 пп**
Добивка по оданочување/ вкупни редовни приходи	**15,0%**	**19,8%**	**4,8 пп**
Нето провизии/Вкупни трошоци	**43,9%**	**38,2%**	**-5,7 пп**

Во 2017 година Банката оствари уште една успешна година, со солиден финансиски резултат. И покрај ризиците во макроекономското опкружување коишто беа присутни во текот на годината, способноста на Банката да ги прилагоди своите стратегиски и финансиски цели на макроекономското опкружување доведе до зголемување на профитабилноста, оперативната ефикасност, кредитно-депозитното работење и покрај силната конкуренција кај кредитните активности и услугите.

Во 2017 година Банката оствари годишен пораст на депозитите од комитенти за 5,2% како резултат на порастот на депозитите од населението и финансиските институции. Соодветно на растот на изворите на средства, вкупната актива на Банката забележа пораст од 4,2%, односно во апсолутен износ 317 милиони денари. Притоа беше задржан и висок квалитет на кредитното портфолио со просечна резервираност од 2,1%, додека годишната стапка на раст на нето-кредитите на комитентите изнесува 20,1%, при што бруто кредитите од секторот домаќинства се зголемија за 21,9% и бруто кредитите од секторот стопанство за 14,9%.

Повисокиот финансиски резултат влијае и на подобрени коефициенти за повраток на активата и капиталот на Банката за 0,1пп и 1,7пп, соодветно.

Профитната маргина на Банката којашто го претставува односот на добивката од работењето и вкупните приходи од редовното работење забележа пораст за 4,8пп во однос на минатата година.

Понискиот износ на преземени средства како резултат на зголемените активности од продажбата на преземените средства во текот на 2017 година резултира со намален коефициент на учество на преземените средства во вкупната билансна сума за 1,4 процентни поени, односно од 3,0% на 31.12.2016 на 1,6% на 31.12.2017 година.

3. МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Меѓународно опкружување. Економските показатели продолжија да упатуваат на континуирано зголемување на глобалната економска активност што доведе до зголемен оптимизам во поглед на проекциите за глобалниот раст. Сепак, и натаму се присутни негативни ризици околу глобалниот раст во наредниот период, коишто особено се однесуваат на евентуалниот зголемен протекционизам на светско ниво, неизвесноста околу можните ефекти од Брегзит, ефектите од темпото на нормализација на монетарните политики на централните банки во развиените земји, можната зголемена променливост на финансиските пазари, како и зголемените геополитички ризици. Во текот на месец декември, во фокусот на вниманието на пазарните учесници на меѓународните финансиски пазари беа состаноците на ЕЦБ и на ФЕД. На состанокот на ЕЦБ беше потврден ставот за продолжување на програмата за откуп на хартии од вредност најмалку до септември 2018 година, додека прогнозите за економскиот раст на еврозоната беа ревидирани нагоре. Притоа, и во текот на минатиот месец, објавените макроекономски податоци за еврозоната беа поволни, што овозможи зајакнување на вредноста на еврото. Како резултат на тоа, во текот на 2017 година еврото забележа апрецијација од околу 14% во однос на американскиот долар, што главно се поврзува со намалените согледувања за политичките ризици и солидните економски остварувања во еврозоната. Во САД, на состанокот на ФЕД, беше донесена одлука за зголемување на таргетот за распонот на каматните стапки за 25 базични поени, на ниво од 1,25% до 1,5% при натамошно подобрување на условите на пазарот на труд и солидни економски остварувања. Исто така, беше усвоена даночната реформа во согласност со предлозите на американскиот претседател што придонесе за зголемување на приносите на американските државни обврзници.

Европската економија. Темпото на економското заздравување на еврозоната продолжува да се засилува, при што во третиот квартал на 2017 година овој наш клучен економски партнер забележа раст на реалниот БДП од 2,5% на годишна основа (2,3% во претходниот квартал). Исто така, најновите високофреквентни податоци и анкетни истражувања на домаќинствата и претпријатијата упатуваат на веројатност за остварување солиден економски раст и во последниот квартал од годината. На пазарот на труд во еврозоната и натаму се забележуваат поволни поместувања, при што невработеноста во третиот квартал се намали на 9% наспроти 9,1% во претходниот квартал, со тенденција на нејзино натамошно намалување, имајќи го предвид остварувањето во октомври (8,8%). Во однос на инфлацијата, најновите

податоци за ноември покажуваат мало забрзување на годишната стапка на 1,5% (од 1,4% во октомври). Ова забрзување во целост се должи на засиленият раст на цените на енергијата (од 4,7%) при минимално понизок раст на цените на храната, алкохолните пијалаци и тутунот (2,2%) и стабилна стапка на базичната инфлација од 0,9% на годишна основа. Според најновите оцени, во 2017 година се очекува каматната стапка ЕУРИБОР да биде на ниво на октомвриската проекција, додека за 2018 и 2019 година е извршена мала надолна корекција во согласност со продолжувањето на политиката за квантитативно олеснување на ЕЦБ иако, при намален обем, без дефинитивен датум за нејзиното целосно прекинување, и дадените насоки за задржување на ниските референтни каматни стапки подолг период во иднина. Според новите оцени за девизниот курс евро/САД-долар, се очекува дека САД-доларот ќе забележи поголема депрецијација во периодот 2018 - 2019 година во споредба со октомвриските проекции. Во поглед на цените на примарните производи на светските берзи, споредбата со октомври главно упатува на нагорни ревизии на цените во 2017 година, дивергентни насоки во 2018 година и претежно надолни ревизии во 2019 година. Гледано по одделни производи, најновите оцени за светските цени на нафтата упатуваат на малку повисок ценовен раст во 2017 и 2018 година и поголем пад во 2019 година во однос на октомвриският циклус.

Во Македонија. Споредбата на последните макроекономски показатели за домашната економија со нивната проектирана динамика во рамки на априлскиот циклус проекции упатува на одредени отстапувања во одделните сегменти од економијата. Во согласност со објавените проценети податоци за БДП, економската активност бележи пад во првата половина од годината, наспроти очекувањата за раст според априлската проекција. Отстапувања се забележуваат кај сите расходни компоненти, а највисок придонес имаат бруто-инвестициите каде што намалувањето е значително поголемо во однос на очекувањата. Во однос на најновите макроекономски показатели, по падот на активноста во првата половина на 2017 година и умереното закрепнување во третиот квартал, досега расположливите високофреквентни показатели за активноста во последното тримесечје од минатата година, генерално упатуваат на понатамошно закрепнување на економијата. На ваква констатација посочуваат податоците за активноста во индустријата и во трговијата, додека градежната активност продолжи да се намалува. Воедно, на подобри економски услови во последното тримесечје посочуваат и показателите за економскиот сентимент на економските субјекти. Податоците за инфлацијата за 2017 година покажуваат просечен годишен раст на ценовното ниво од 1,4% кој се должи на растот на базичната инфлација, а во мал дел и на енергетската компонента. Остварувањата кај инфлацијата се во согласност со проектираната просечна инфлација за 2017 година од 1,3%. Во услови на остварувања во рамки на проекцијата, а при истовремена ревизија на очекувањата за одделните увозни цени во различни насоки, засега ризиците околу проектираната инфлација од 2% за 2018 година се оценуваат како урамнотежени. Во последното тримесечје од минатата година, девизните резерви забележаа раст, во услови на поволни движења на девизниот пазар и интервенции на НБРМ со нето-откуп на девизи. Движењата на резервите во последниот период се подобри од очекувањата, а сите показатели за адекватноста на девизните резерви и натаму се движат во сигурната зона. Бројот на расположливи податоци за надворешниот сектор за последното тримесечје е

ограничен, но засега достапните податоци за надворешната трговија заклучно со ноември минатата година и податоците за менувачкото работење како клучни компоненти на тековната сметка, упатуваат на нешто помал дефицит во тековната сметка од очекуваниот.

Монетарни движења. Во јануари 2018 година Комитетот за оперативна монетарна политика на НБРМ ги разгледа најновите остварувања во домашната економија во контекст на макроекономските проекции од ноември минатата година, при што беше заклучено дека економските основи се здрави, без присуство на нерамнотежи во економијата. Во вакви услови на здрави економски основи, но и понатаму присутни ризици, потребна е внимателност во однос на промените во монетарната поставеност.

Во отсуство на нови податоци за монетарните и кредитните агрегати и понатаму остануваат оцените дадени во ноемвриските податоци според кои депозитните и кредитните текови се движат во согласност со очекувањата. Монетарните податоци за ноември минатата година, слично како и во октомври, покажаа солиден месечен прираст на вкупните депозити во банкарскиот систем како резултат на депозитите на населението, но и на прирастот на корпоративните депозити. На годишна основа, во ноември, вкупните депозити забележаа раст од 5,7%. На кредитниот пазар кредитирањето продолжи забрзано да се зголемува, при речиси рамномерна распределба на кредитите кај секторот „население“ и кај корпоративниот сектор, при што вкупната кредитна активност забележа годишен раст од 5,6%.

Во периодот јануари – октомври 2017 година, во Буџетот на Република Македонија беше остварен дефицит од 11.322 милиони денари, кој беше финансиран од домашни извори, односно преку повлекување депозити од сметката на државата кај Народната банка и со нето-емисија на нови државни хартии од вредност на домашниот пазар. Остварениот дефицит во Буџетот претставува 61% од предвидениот дефицит со Ребалансот на буџетот за 2017 година.

4. ПОЗИЦИЈАТА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР[1]

Позиција на ТТК Банка АД Скопје се изразува низ една динамичка еволуција на перцепцијата, од Банка со добар имиџ, преку Банка со потврден имиџ до Банка со квалитетен имиџ.

Високата конкуренција во банкарскиот систем на РМ влијаше на потребата Банката постојано да го негува своето скромно учество на банкарскиот пазар, и истовремено претставуваше поттик да ја зајакне сопствената позиција како Банка што е блиска и флексибилна за малите и средните компании и којашто води посебна грижа за секторот население, прилагодувајќи ги постојните и воведувајќи нови иновативни производи што ќе ги задоволат потребите на комитентите.

Пазарното учество на ТТК Банка АД Скопје на ниво на банкарски систем во сите сегменти и билансни позиции забележа раст од 0,1 п.п.

Пазарно учество на ТТК Банка АД Скопје во банкарскиот систем			
Опис	**30.9.2016**	**31.12.2016**	**30.9.2017**
Билансна сума	1,6%	1,7%	1,7%
Депозити од нефинансиски сектор	1,6%	1,7%	1,7%
Капитал и резерви	2,1%	2,4%	2,2%
Кредити на нефинансиски сектор	1,3%	1,3%	1,4%

Во анализираниот период Банката го насочи кредитирањето кон секторот население и може да се заклучи дека растот на кредитите од овој сектор е далеку повисок од растот на истите од групата мали банки и на ниво на банкарски сектор. Истовремено, Банката бележи раст на кредитирање на претпријатијата, наспроти падот на истите на ниво на банкарски сектор и мали банки.

Вкупна актива, кредити и депозити на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор									
	Банкарски сектор			**Мали банки**			**ТТК Банка АД Скопје**		
Опис	дек.16	сеп.17	промена %	дек.16	сеп.17	промена %	дек.16	сеп.17	промена %
Вкупна актива	**444.680**	**440.672**	**-0,9%**	**16.306**	**16.711**	**2,5%**	**7.506**	**7.654**	**2,0%**
Бруто кредити на клиенти	**280.962**	**285.458**	**1,6%**	**9.501**	**9.667**	**1,7%**	**3.781**	**4.104**	**8,5%**
претпријатија	151.202	146.105	-3,4%	4.896	4.656	-4,9%	1.921	1.968	2,4%
домаќинства	126.588	136.162	7,6%	4.586	4.966	8,3%	1.855	2.133	15,0%
Депозити на клиенти	**322.797**	**319.570**	**-1,0%**	**11.310**	**11.476**	**1,5%**	**5.378**	**5.384**	**0,1%**
претпријатија	90.302	82.784	-8,3%	3.451	3.511	1,7%	1.624	1.537	-5,4%
домаќинства	221.096	225.634	2,1%	7.083	7.281	2,8%	3.641	3.718	2,1%

[1]Народна банка на Република Македонија - Показатели и податоци за банкарскиот систем за 30.9.2017 година.

На страната на депозитите Банката бележи пораст на депозитната база за разлика од падот на депозитната база на ниво на банкарскиот сектор.

Показатели за ликвидносен ризик на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор									
Показатели	Банкарски систем			Мали банки			ТТК Банка АД Скопје		
	30.9.2016	31.12.2016	30.9.2017	30.9.2016	31.12.2016	30.9.2017	30.9.2016	31.12.2016	30.9.2017
Ликвидна актива / Вкупна актива	29,7%	30,9%	29,5%	32,4%	34,9%	37,4%	38,0%	41,7%	38,2%
Ликвидна актива / Краткорочни обврски	52,9%	53,5%	51,7%	55,6%	61,0%	63,8%	64,3%	69,7%	63,1%
Ликвидна актива / Депозити на домаќинства	57,0%	60,0%	55,8%	67,5%	80,4%	86,0%	72,1%	85,5%	78,3%

ТТК Банка АД Скопје континуирано во текот на 2017 година одржуваше висока и стабилна ликвидносна позиција којашто се потврдува преку движењето на ликвидносните показатели и стапките на ликвидност.

Банката одржува повисоко ниво на стапка на адекватност на капиталот во однос на банкарскиот систем, со што се потврдува нејзината солвентност и стабилност во работењето.

Стапка на адекватност на капиталот на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор				
Група	**31.12.2015**	**30.9.2016**	**31.12.2016**	**30.9.2017**
Банкарски систем	15,5%	15,7%	15,2%	16,2%
Мали банки	18,7%	19,8%	19,2%	17,7%
ТТК Банка АД Скопје	18,7%	20,8%	19,0%	17,8%

Во анализираниот период ТТК Банка АД Скопје успеа да ја подобри својата профитабилност, преку раст на нето каматните приходи и одржување на материјалните трошоци на едно стабилно ниво.

Показатели за профитабилноста на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор						
Показатели	Банкарски систем		Мали банки		ТТК Банка АД Скопје	
	31.12.2016	30.9.2017	31.12.2016	30.9.2017	31.12.2016	30.9.2017
Стапка на поврат на просечната актива (ROAA)	1,5%	1,4%	0,6%	-1,1%	1,2%	0,9%
Стапка на поврат на просечниот капитал (ROAE)	13,6%	12,6%	5,2%	-10,3%	8,1%	6,4%
Оперативни трошоци /Вкупни редовни приходи (Cost-to-income)	49,8%	50,0%	71,6%	81,8%	59,5%	67,8%
Нето каматен приход /Вкупни редовни приходи	67,3%	67,3%	58,1%	61,7%	47,3%	55,1%
Нето каматен приход/оперативни трошоци	135,3%	134,6%	81,1%	75,4%	79,5%	81,3%

5. РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

5.1. Корпоративно управување на Банката, акционерски капитал и сопственичка структура

- **Состав и функционирање на органите на Банката:**

  - **Собрание на акционери**

Собранието на акционери е орган на Банката во кој акционерите на Банката ги остваруваат своите права, а на секој акционер запишан во акционерската книга на Банката, од денот на уписот, му припаѓа правото на учество во работата на собранието и правото на глас. Во согласност со Статутот на Банката, секоја обична акција дава право на глас во Собранието на акционери, а секоја акција којашто дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Банката.

Во текот на 2017 година Собранието на акционери ги вршеше работите од својата надлежност определени со закон и со Статутот на Банката меѓу кои и својата 27-ма седница којашто се одржа на 31.3.2017 година, којашто всушност беше годишно Собрание на акционерите на ТТК Банка АД Скопје. На 27-та седница којашто се одржа на 31.3.2017 година, а со оглед на тоа дека тоа беше годишно Собрание на акционерите на ТТК Банка АД Скопје, во согласност со Законот за банките, Законот за трговските друштва и други закони и подзаконски акти, се разгледуваа годишните извештаи за работењето на Банката и на органите на Банката, како и други предлог-одлуки и предлог-акти коишто се во надлежност за усвојување/донесување од страна на Собранието на акционери. Притоа беа усвоени: Годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2016 година и Мислење по истиот од Надзорниот одбор, Финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година ревидирани од Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и Мислењето за извештаите од Надзорниот одбор, Годишната сметка на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година, Извештајот и оцената на работата на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје во 2016 година, и донесени: Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година, Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2016 година (дивиденден календар), Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Одлуката за ставање вон сила на Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје и Одлуката за продолжување на мандатот на Одборот за наградување (кој има надлежност да ги разгледува прашањата во врска со надоместоците на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија).

  - **Надзорен одбор**

Надзорниот одбор е орган на Банката кој врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување и е одговорен за стабилноста и ефикасноста на Банката, односно да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и обезбедување заштита на депонентите на Банката.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува и разрешува Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје во согласност со закон и Статутот на Банката, а за нивното именување е потребно да се добие претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на РМ.

Во согласност со член 48 и член 51 од Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од седум членови, од кои два се независни членови. Членовите на Надзорниот одбор, од своите редови, избираат претседател на Надзорниот одбор. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години, а во случај на предвремено престанување на функцијата на член/ови на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на собранието на Банката се врши избор за испразнетите места за остатокот од мандатот. Исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор подолго од три последователни мандати.

Членовите на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје се именувани под услови, критериуми и спроведена постапка во согласност со закон и подзаконски акти на НБРМ и Статутот на Банката, при што е утврдено исполнувањето на потребните услови и критериуми за нивното именување, а за независните членови и критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови на Надзорниот одбор и физичките лица поврзани со нив не се вработени и не се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката и не застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија коешто во тој период вршело ревизија на работењето на Банката и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката во вредност што просечно годишно надминува 3 милиони денари.

Членовите на Надзорниот одбор имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности и посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банките и избегнуваат судир на интересите, притоа императивно почитувајќи ги правилата пропишани во случај на појавен судир на интереси и обврските за давање писмени изјави.

Во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување и е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно известување на Народна банка на Република Македонија.

Членовите на Надзорниот одбор поседуваат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на Банката, а особено за разбирање на активностите што ги врши Банката и материјалните ризици на коишто е изложена.

Надзорниот одбор на Банката што функционираше во текот на 2017 година го сочинуваат: м-р Глигорие Гоговски, претседател; Борислав Трповски, Тито Беличанец, Доне Таневски и Златко Черепналкоски, членови; и Методија Несторовски и Арсен Јаневски, независни членови.

1. Претседателот на Надзорниот одбор м-р Глигорие Гоговски е магистер по електротехнички науки, а надвор од Банката има функција на извршен директор на Одборот на директори во Тетекс АД Тетово (генерален директор).

2. Борислав Трповски е дипломиран правник со положен правосуден испит, а надвор од Банката има функција на претседател на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово.
3. Тито Беличанец е доктор по правни науки, а надвор од Банката има функција на неизвршен член на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово и член на Надзорниот одбор на „Македонија турист“ АД Скопје.
4. Доне Таневски е дипломиран економист, а надвор од Банката има функција на претседател на Управниот одбор на „Македонија турист“ АД Скопје.
5. Златко Черепналкоски е дипломиран електроинженер, а надвор од Банката има функција на директор за малопродажба во „Енерџи Деливери Солушнс“ ЕДС ДОО, Снабдување со електрична енергија.
6. Методија Несторовски е доктор по економски науки, а надвор од Банката има функција на редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Економски факултет и на независен член на Одборот на директори на КБ „Публикум Инвест“ АД Скопје.
7. Арсен Јаневски е доктор по правни науки, тој е професор во пензија, а надвор од Банката нема функции.

Во текот на 2017 година Надзорниот одбор ги извршуваше работите од својата надлежност определени со закон, притоа прилагодувајќи го своето работење во поглед на остварувањето на своите надлежности во согласност со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година, како и во согласност со подзаконските акти, Статутот и другите интерни акти на Банката. Надзорниот одбор, иако во согласност со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр. 190 од 17.10.2016 година треба да се состанува најмалку еднаш квартално, заради редовно следење и надзор на работењето на Банката, стабилноста и ефикасноста на Банката, обезбедување добро работење и управување и стабилност на Банката, во текот на 2017 година се состануваше на месечно ниво и одржа дванаесет редовни седници, но исто така донесуваше одлуки и со писмена согласност на членовите.

Притоа, Надзорниот одбор постојано го следеше работењето и економско-финансиската и ликвидносната состојба на Банката, кредитното портфолио, наплатата на побарувањата и текот на судските постапки, портфолиото на преземените средства и своите активности и работење ги насочи кон остварување на финансиските цели на Банката утврдени со Деловната политика и Финансискиот план на Банката за 2017 година и продолжување на доброто, стабилно и профитабилно работење на Банката коешто во 2017 година се одрази со највисоко ниво на остварена добивка во досегашното работење на Банката, квалитетно и континуирано управување со ризиците во работењето на Банката, сигурноста на информативниот систем, усогласеноста на работењето на Банката со прописите и од областа на спречување перење пари и финансирање тероризам. Во таа насока, Надзорниот одбор врз основа на транспарентните, конструктивните и советодавните дискусии на Претседателот и на членовите на Надзорниот одбор, нивните стручни познавања, знаења и сознанија за светските економски движења и глобалните движења во еврозоната, макроекономските движења во земјата, а особено од банкарскиот сектор, донесуваше

соодветни заклучоци за конкретни клучни прашања од работењето на Банката и за потребните претстојни активности во правец на подобрување на работењето на Банката, одржување на вредноста на капиталот на Банката, максимизирање на профитабилноста на работењето со преземање прифатливи ризици, одржување на стабилноста, сигурноста и ликвидноста на Банката како и одржување на добриот имиџ на Банката.

Со цел квалитетно управување со ризиците во работењето на Банката, усогласување со промените во работењето на Банката и промените во деловното опкружување и/или законската и подзаконската регулатива, Надзорниот одбор, во согласност со своите надлежности, ја оценуваше соодветноста на воспоставените политики за управување со ризици и имајќи ја предвид не/измената на регулативата од страна на Народна банка на РМ, како и не/променетите услови во работењето на Банката, одобри или усвои нивно целосно ревидирање, нивна измена и/или дополнување или ја продолжи нивната важност за следниот период и одобри или усвои и други измени и/или дополнувања во политики и акти поврзани со останатото работење на Банката. Надзорниот одбор, усогласувајќи го своето работење со измените и дополнувањата на Законот за банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година, усвои Кодекс за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје и Деловна политика и Развоен план на ТТК Банка АД Скопје за период од 2017-2019 година при што во тој акт беше содржан и финансискиот план (Буџет) за 2017 година, а неговото усвојување со овие измени и дополнувања на Законот за банките премина, од надлежност на Собранието, во надлежност на Надзорниот одбор, и донесе Политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор, како новововедена надлежност. Исто така, Надзорниот одбор разгледа и одобри и акти и одлуки коишто, во согласност со закон, се доставуваат на усвојување/донесување до Собранието на акционери на Банката, како акти и одлуки чиешто усвојување/донесување е во надлежност на Собранието на акционери.

На своите седници Надзорниот одбор разгледа/усвои месечни, квартални и годишни извештаи за управување со кредитен ризик и останати видови ризици на коишто е изложена Банката во своето работење, како и во врска со управувањето со преземените средства стекнати по основ на наплата на побарувања на Банката, извршени стрес-тест анализи на изложености на Банката на поедини ризици и комбиниран стрес-тест за заедничкото влијание на повеќе ризици истовремено, извештаи/прегледи од Секторот за правни работи и проблематични пласмани за текот на судските постапки од/против Банката и поведените извршни постапки за наплата на побарувањата на Банката по основ на реализација на хипотеки/залози и други основи, како и други информации, анализи, извештаи од негова надлежност.

Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои извештаите за работа на Одборот за управување со ризици во текот на 2017 година, како и Извештајот со содржана оцена за работата на Одборот за управување со ризици во 2016/колективно и од аспект на поединечните членови/, кварталните извештаи за работа на Одборот за ревизија во текот на 2017 година, Полугодишниот извештај за работа на Одборот за ревизија во периодот јануари-јуни 2017 година, како и Годишниот извештај со содржана оцена за работата на Одборот за ревизија во 2016 година/колективно и од аспект на поединечните членови, Полугодишниот извештај за работа на Службата за внатрешна

ревизија во периодот јануари-јуни 2017 година, како и Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2016 година и Извештајот на Управниот одбор за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола во 2016 година.

Надзорниот одбор на своите седници ги разгледа и ги усвои и извештаите на Службата за внатрешна ревизија, ги анализираше наодите содржани во истите и го следеше статусот на реализација на препораките на Службата за внатрешна ревизија по однос на констатираните наоди од ревизиите. Притоа, Надзорниот одбор остана доследен на својот став дека треба да се преземаат казнени мерки против вработените кај кои од Службата за внатрешна ревизија се констатирани недостатоци во работењето и тоа го изразуваше преку донесување на заклучоците произлезени при разгледувањето на Извештаите на Службата за внатрешна ревизија на седниците на Надзорниот одбор.

Исто така, во согласност со законската и подзаконската регулатива, ги разгледа и ги усвои извештаите на Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и Одделот за спречување на перење пари и финансирање тероризам и тоа: Извештајот за тримесечни активности во Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и Одделот за спречување на перење пари и финансирање тероризам за период декември 2016-февруари 2017 година, Полугодишниот извештај за активности во Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и СПП и ФТ за периодот од јануари до јуни 2017 година, како и извештаите за тримесечни активности во Одделот за спречување на перење пари и финансирање тероризам, кварталните извештаи за износот и видот на преземени средства, преземени активности за продажба и реализирање на плановите за продажба и износот на продадените преземени средства, како и останати квартални и годишни извештаи произлезени од законската и подзаконската регулатива и од интерните акти на Банката, а кои претежно беа од делот на управување со ризиците на кои е изложена Банката во своето работење.

Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои и извештаите од одговорното лице за обезбедување сигурност на информативниот систем на Банката (ОСИС) и тоа: Извештајот за информативна сигурност за период јули-декември 2016 година и Извештајот за информативна сигурност за период јануари-јуни 2017 година.

Исто така, разгледуваше и записници и/или извештаи од извршени непосредни контроли од страна на Народна банка на РМ и други надлежни институции.

Надзорниот одбор во согласност со Одлуката на Народна банка за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка достави Извештај за своето работење во 2016 година до Собранието на Банката. Исто така, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, изврши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го извести Собранието на Банката во рамките на доставениот Извештај за своето работење во 2016 година.

Надзорниот одбор го усогласи и својот Деловник за работа со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година.

- **Управен одбор**

Управниот одбор е орган на управување на Банката кој е одговорен да ги врши работите определени со Законот за банките и другите законски и подзаконски прописи, Статутот и другите акти на Банката, освен оние коишто се во исклучителна надлежност на Собранието и на Надзорниот одбор на Банката и во согласност со Законот за банките треба да се состои од најмалку две лица.

Во согласност со член 64 од Статутот на Банката, Управниот одбор на Банката се состои од две лица. Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката во согласност со закон и Статутот на Банката, а за нивното именување потребно е да се добие претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на РМ. Претседателот на Управниот одбор го бира Надзорниот одбор од редот на членовите на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор и членот на Управниот одбор се именуваат за период од четири години со можност за повторно именување. Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се уредуваат со договор што го склучуваат членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор во име на Банката, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор. Доколку на член/овите на Управниот одбор им престане членството и пред истекот на мандатот, Надзорниот одбор, од своите редови, именува вршител/и на должноста член на Управен одбор.

Членовите на Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје се именувани под услови, критериуми и спроведена постапка во согласност со закон и подзаконски акти на НБРМ и Статутот на ТТК Банка АД Скопје, при што е утврдено исполнувањето на потребните услови и критериуми за нивното именување.

Членовите на Управниот одбор ги исполнуваат и критериумите воведени со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година, така што заедно поседуваат стручни знаења и искуство за независно управување на Банката и разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на коишто е изложена, во согласност со правилата за корпоративно управување пропишани од страна на Советот на Народната банка донесени во согласност со меѓународните стандарди.

Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје кој во текот на 2017 година го водеше работењето и управувањето со Банката, ги вршете работите и ги остваруваше надлежностите што му се ставени со Законот за банките и други законски и подзаконски прописи, Статутот и другите интерни акти на Банката, го сочинуваат:

1. Претседателот на Управниот одбор проф. д-р Драгољуб Арсовски, кој е доктор по економски науки и
2. Членот на Управниот одбор Наталија Алексова, дипломиран економист, која надвор од Банката е и член на Управниот одбор во Академијата за банкарство и информатичка технологија, Скопје.

Управниот одбор во текот на 2017 година континуирано ги извршуваше работите поврзани со управувањето и застапувањето на Банката и водењето на работењето на Банката коишто им се ставени во надлежност со законската и подзаконската регулатива, Статутот и другите акти на Банката. Одлучуваше за уредување прашања од тековен карактер, презеде повеќе мерки и активности за

развој и подобрување на ефикасноста на внатрешната контрола на сите нивоа, како и за подобрување на внатрешна организација на Банката со цел зајакнување на функционирањето на системот на организациската поставеност на Банката, административната и сметководствената контрола и овозможување поефикасно следење и контрола на исполнување на оперативните цели, обезбедување точност во изработка на финансиските извештаи, обезбедување усогласеност на работењето на Банката со интерните политики и акти и законите и регулативата којашто го уредува работењето на банките, зголемувањето на ефикасноста на вкупното работење и унапредувањето на ефикасноста на управувањето.

Управниот одбор донесе повеќе измени и дополнувања на интерните акти на Банката - основни процедури, процедури, методологии, со цел усогласување со ревидираните и/или изменети и/или дополнети политики за управување со ризиците од страна на Надзорниот одбор на Банката во процесот на оцена на нивната соодветност со променетата регулатива од страна на Народна банка на РМ, променетите услови во работењето на Банката како и макроекономските фактори. Исто така, донесе измени и дополнувања и на други правилници, методологии и процедури поврзани со останатото работење на Банката во кои беа дефинирани основни правила на внатрешна контрола при извршување на оперативните активности во Банката.

Управниот одбор во согласност со ново воведената надлежност со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година донесе Политика за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на лицата со посебни права и одговорности, освен за членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија и управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

Управниот одбор ги разгледуваше извештаите на внатрешната ревизија и ги анализираше наодите содржани во истите, како и извештаите на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам и на Одговорното лице за обезбедување сигурност на информативниот систем на Банката (ОСИС).

Во текот на 2017 година Управниот одбор преземаше мерки и активности за реализирање на одлуките и заклучоците на Надзорниот одбор и на препораките од Службата за внатрешна ревизија.

Во согласност со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година, Управниот одбор има обврска да го известува Надзорниот одбор за своето работење најмалку еднаш квартално. Со оглед на тоа дека во текот на 2017 година Надзорниот одбор ги одржуваше своите седници на месечно ниво, Управниот одбор доставуваше до Надзорниот одбор месечни извештаи за работењето на Банката во 2017 година преку кои го известуваше Надзорниот одбор за своето работење.

Постапувајќи во согласност со Законот за банките, изготвени се: Деловна политика и Развоен план на ТТК Банка АД Скопје за период од 2017-2019 година и во него беше содржан и финансискиот план (Буџет) за 2017 година, Годишен извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2016 година, Политика за сигурност на информативниот систем на Банката, Етички кодекс на Банката.

Исто така, во согласност со Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка на Народна банка на РМ, изготвен е Извештај за

поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола во 2016 година и изготвениот Извештај е доставен до Надзорниот одбор на Банката.

Во континуитет продолжи со преземање активности за зајакнување на информативниот систем за следење на адекватноста и ефикасноста на поставените системи на внатрешна контрола и на процесот за управување со сигурноста на информативниот систем од аспект на обезбедување доверливост, интегритет и расположливост, како и обезбедување континуиран пристап до сите потребни информации на вработените во Банката.

Истовремено, преку воспоставените системи на организација и работа на Банката и внатрешната контрола во сите области од работењето на Банката, Управниот одбор обезбеди непречено функционирање на Службата за внатрешна ревизија и на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам и пристап до документацијата и до вработените во Банката со цел непречено спроведување на нивните активности и овластувања.

Управниот одбор редовно ги следеше и извештајните анализи извршени од страна на менаџментот и од другите надлежни лица од организациските единици и делови на Банката.

Во текот на 2017 година Управниот одбор одржа состаноци по укажана потреба, одржуваше редовни контакти со средниот менаџмент на Банката и со раководните и други лица од организациските единици и делови на Банката, како и работни состаноци по поодделни области од целокупното работење на Банката, на коишто се разгледуваа и се одлучуваше по прашања од областа на работењето на одделните организациски единица и делови поврзани со редовното работење и со ефикасноста на системите на внатрешна контрола. Од состаноците произлегуваа заклучоци и соодветни одлуки со кои се дефинираа обврски и активности коишто имаа за цел јакнење механизми и контролни правила во клучните области од работењето на Банката. Управниот одбор редовно ја следеше реализацијата на обврските и задолженијата по однос на заклучоците и донесените одлуки.

Во текот на 2017 година Управниот одбор одлучуваше и без одржување состанок, но со давање писмена согласност за донесување поединечни интерни акти и одлуки по прашањата од негова надлежност определени со законска и подзаконска регулатива, Статутот и другите акти на Банката, како и по согледана потреба за уредување на настанати ситуации или појавени потреби од тековен карактер и заради јакнење на механизмите и контролните правила во клучните области од работењето на Банката.

Управниот одбор го усогласи и својот Деловник за работа со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година.

- **Одбор за управување со ризици**

Во согласност со член 58 од Статутот на Банката, Одборот за управување со ризици на ТТК Банка АД Скопје се состои од пет члена именувани од Надзорниот одбор на Банката и него го сочинуваат:

1. Наталија Алексова, претседател на Одборот за управување со ризици, која е дипломиран економист, а е член на Управниот одбор на Банката.
2. Душица Иванџикова, заменик-претседател на Одборот за управување со ризици, која е магистер по економски науки од областа на монетарната економија, а е директор на Дирекцијата за управување со ризици.
3. Димитри Трпоски, член на Одборот за управување со ризици, кој е магистер по бизнис администрација, а е директор на Секторот Стратешко банкарство.
4. Зоран Колев, член на Одборот за управување со ризици, кој е доктор по економски науки, а е заменик-директор на Секторот за комерцијално банкарство.
5. Јованка Ралевиќ, член на Одборот за управување со ризици, која е дипломиран економист, а е директор на Дирекцијата за средства и ликвидност.

Мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици трае четири години, а претседателот и заменик-претседателот на Одборот за управување со ризици се бираат од редот на именуваните членови на Одборот за управување со ризици.

Составот на Одборот за управување со ризици е во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката и го сочинува еден од членовите на Управниот одбор (според Статутот тоа е членот на Управниот одбор во чијашто надлежност е Секторот Стратешко банкарство), а другите членови се лица со посебни права и одговорности именувани во согласност со одредбите од Статутот на Банката, каде што точно е определено од кои организациски единици и кои носители на раководни функции треба да го сочинуваат.

Именуваните членови ги исполнуваат потребните услови и критериуми предвидени со Законот за банките и Статутот на Банката и имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, како и познавање на работењето на Банката, нејзините производи и услуги и на ризиците на кои е изложена Банката во своето работење.

Одборот за управување со ризици во 2017 година работеше и одлучуваше во рамките на своите надлежности утврдени со закон и подзаконски акти, Статутот и другите интерни акти на Банката, на своите седници коишто, во согласност со Законот за банките, се одржуваа еднаш неделно.

На своите седници Одборот за управување со ризици редовно ги следеше ризиците на кои е изложена Банката во своето работење и го следеше и оценуваше степенот на ризичност на Банката преку разгледување соодветни/воспоставени извештаи произлезени од закон, подзаконски акти и интерните акти на Банката коишто го регулираат управувањето со ризиците, како и останата извештајна документација подготвена по укажана потреба во насока на надминување одредени воочени слабости и/или подобрување на управувањето и следењето на ризиците на коишто е изложена Банката во работењето и/или изготвена на барање на Одборот по оценета потреба за дополнително согледување потенцијални ризици во работењето на Банката.

Преку оваа документација, Одборот за управување со ризици вршеше и оценка на системите на управување со ризиците на Банката и ги анализираше ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, го следеше спроведувањето на стратегијата за управување со ризици и воспоставените политики за управување со ризиците, се грижеше за воспоставување соодветни политики преку нивно ревидирање во согласност со променетата подзаконска регулатива на НБРМ и/или променетите услови во работењето на Банката и обезбедување формално правно одобрување од страна на Надзорниот одбор на Банката. Исто така, преку разгледување на истата оваа документација, Одборот за управување со ризици го следеше и спроведувањето на интерните акти донесени од Управниот одбор на Банката во врска со одделните видови ризици на коишто е изложена Банката во своето работење.

Во согласност со своите надлежности, Одборот за управување со ризици ја следеше и усогласеноста на работењето на Банката со прописите од областа на управувањето со ризици и ги следеше и оценуваше системите на внатрешна контрола и контролните правила и механизми воспоставени за идентификување, мерење, оцена и следење на ризиците на кои е изложена Банката, како и по однос на тестирање на изложеноста на Банката кон истите.

Во периодот 1.1.2017 - 31.12.2017 година Одборот за управување со ризици одржа 52 седници на кои донесе одлуки за ревидирање на воспоставените политики за управување со ризиците, утврди ревидирани политики или ја продолжи важноста на веќе воспоставени политики, како и заклучоци, насоки, препораки и инструкции во врска со појавени и/или потенцијални ризици во тековното работење на Банката. Исто така Одборот за управување со ризици во согласност со ново воведената надлежност со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година одобруваше и изложености кон лица од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката.

Одборот за управување со ризици, во согласност со Законот за банките и измените и дополнувањата на истиот објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година и Статутот на Банката, најмалку еднаш месечно, односно квартално доставуваше извештаи за својата работа до Надзорниот одбор на Банката, а најмалку еднаш во три месеци до Одборот за ревизија на седниците коишто се одржаа во текот на 2017 година.

Во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, Одборот за управување со ризици изврши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истата ја достави до Надзорниот одбор на Банката.

Одборот за управување со ризици го усогласи и својот Деловник за работа со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година.

- **Одбор за ревизија**

Во согласност со член 61 од Статутот на Банката, Одборот за ревизија се состои од шест членови, од кои четири членови се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката и два се независни членови, од кои најмалку еден мора да биде овластен ревизор. Мандатот на членовите на Одборот за ревизија трае

четири години, а претседателот на Одборот за ревизија се избира од редот на именуваните членови на Одборот за ревизија.

Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје што функционираше во текот на 2017 година го сочинуваат:

1. Душко Апостолоски, претседател и независен член на Одборот за ревизија, кој е дипломиран економист, а надвор од Банката е управител на „Бенд Ревизија и Консалтинг“ ДОО Тетово.
2. Данче Зографска, независен член на Одборот за ревизија, која е дипломиран економист, а надвор од Банката е управител на Друштво за ревизија и проценка „Елит“ ДООЕЛ Скопје.
3. м-р Глигорие Гоговски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, каде по функција е претседател на Надзорниот одбор, магистер е по електротехнички науки, а надвор од Банката има функција на извршен директор на Одбор на директори (генерален директор) на Тетекс АД Тетово.
4. Борислав Трповски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, а надвор од Банката има функција на претседател на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово.
5. Методија Несторовски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, кој е доктор по економски науки, а надвор од Банката редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Економски факултет и независен член на Одбор на директори на КБ „Публикум Инвест“ АД Скопје.
6. Златко Черепналкоски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, кој е дипломиран електроинженер, а надвор од Банката има функција на директор за малопродажба во „Енерџи Деливери Солушнс“ ЕДС ДОО, Снабдување со електрична енергија.

Претседателот на Одборот за ревизија Душко Апостоловски и членот на Одборот за ревизија Данче Зографска се и овластени ревизори.

Членовите на Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје ги исполнуваат потребните услови и критериуми предвидени со Законот за банките и Статутот на Банката, а независните членови ги исполнуваат и критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови на Одборот за ревизија Душко Апостоловски и Данче Зографска и физичките лица поврзани со нив не се вработени и не се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката и не застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија коешто во тој период вршело ревизија на работењето на Банката и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката во вредност којашто просечно годишно надминува 3 милиони денари.

Во текот на 2017 година Одборот за ревизија ги вршеше работите коишто му се ставени во надлежност со Законот за банките, со други законски и подзаконски прописи и со Статутот и интерните акти на Банката.

Во текот на 2017 година Одборот за ревизија ги извршуваше работите од своја надлежност на одржаните пет седници на коишто присуствуваа членовите на Управниот одбор и раководителот на Службата за внатрешна ревизија.

Во согласност со своите надлежности, Одборот за ревизија ја следеше усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи и точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди, ги оценуваше системите за внатрешна контрола, ја следеше работата и ја оценуваше ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија, ја следеше респонзивноста за реализација на препораките на Службата за внатрешна ревизија од страна на одговорните лица, го следеше процесот на ревизија на Банката и ја оценуваше работата на Друштвото за ревизија.

На одржаните седници Одборот за ревизија: разгледа и/или усвои/одобри/прифати: неревидирани финансиски извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година, извештаи на независниот ревизор - Друштво за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и финансиски извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година изготвени во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија и Меѓународните стандарди за финансиско известување, Дополнителен извештај на независниот ревизор–Друштво за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје до Надзорниот одбор на Банката за извршената ревизија на работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2016 година, извештаи за работењето на Банката во текот на 2017 година, извештаите за работењето на Одборот за управување со ризици во текот на 2017 година коишто се разгледуваа најмалку на три месеци, извештаи на Службата за внатрешна ревизија, и тоа: извештаи за извршени ревизии во согласност со Годишниот план за 2016 година и од извршени инцидентни непланирани ад-хок ревизии, Извештаи за следење на реализацијата на дадените препораки, Годишен извештај за 2016 година и Извештај за работењето за период јануари-јуни 2017 година, како и Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2017 година.

Одборот за ревизија, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, го ценеше своето работење во 2016 година од аспект на поединечните членови и колективно и даде оцена којашто заедно со писмениот Извештај за работењето во 2016 година ја достави до Надзорниот одбор на Банката. Исто така Одборот за ревизија во согласност со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година најмалку еднаш во три месеци го известуваше Надзорниот одбор за својата работа и поднесе и полугодишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор.

Одборот за ревизија го усогласи и својот Деловник за работа со измените и дополнувањата на Законот на банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година.

- **Информации и податоци поврзани со примена на Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со измените и дополнувањата на Законот за банките објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година, Кодексот за корпоративно управување и надлежноста за усвојување на Кодексот за корпоративно управување премина од Собранието на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор на Банката усвои Кодекс за корпоративно управување на ТТК Банка АД Скопје на седницата одржана на 28.4.2017 година, откако претходно, на годишното Собрание на Банката одржано на 31.3.2017 година, донесе Одлука /арх.бр.02-3270/1 од 31.3.2017 година/ за ставање вон сила на Кодексот за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје и неговите измени и дополнувања донесени од Собранието на Банката и со истата определи дека за уредувањето на правилата за управување и за надзор на Банката ќе биде усвоен Кодекс за корпоративно управување од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Донесениот Кодекс за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје е усогласен со Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр.02-3320/2 од 3.4.2017 година, а со оглед на тоа дека во овој пречистен текст на Статутот се имплементирани донесените измени и дополнувања на Законот за банките и на Законот за трговските друштва, истовремено е направено и негово усогласување со истите.

Исто така при донесувањето на истиот се имаше предвид и Одлуката за основните начела и принципи за корпоративното управување во банка („Сл. весник на РМ“ бр.159/2007), така што во согласност со истата со Кодексот се опфатени задолжителните елементи коишто се предвидени, уредени се основните начела и принципи за корпоративното управување во Банката и подетално се определени стандардите на управување и раководење на органите на Банката во рамките на управувачката структура, а инкорпорирани се и принципите воведени во Кодексот за добро работење на банките и штедилниците во Република Македонија усвоен на Здружението на банкарството на 11.2.2013 година.

Во своето работење Банката се придржува кон основните принципи на корпоративно управување утврдени во Кодексот и кон одредбите коишто се однесуваат на:

- Надлежности на Собранието на акционери, постапката за свикување Собрание, постапката на гласање на Собрание на акционери, правата на акционерите вклучувајќи го и правото на малцинските акционери.
- Составот и мандатот на членовите на Надзорниот одбор, критериумите и правилата за именување членови на Надзорниот одбор и начинот за нивно наградување, надлежностите на Надзорниот одбор, одржувањето седници и одлучувањето на Надзорниот одбор, видот, роковите и начините на кои Надзорниот одбор доставува извештаи до Собранието на акционери, наградувањето на членовите на Надзорниот одбор.
- Составот и мандатот на членовите на Управниот одбор, критериумите и правилата за именување на членовите на Управниот одбор и начинот за нивно наградување, надлежностите на Управниот одбор, одржувањето на состаноците и одлучувањето на Управниот одбор, видот, роковите и начините на кои Управниот одбор

доставува информации и документи до Надзорниот одбор; наградувањето на членовите на Управниот одбор.

- Соработка меѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор.
- Составот и мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици, критериумите и правилата за именување на членовите на Одборот за управување со ризици, надлежностите на Одборот за управување со ризици, одржувањето на седниците и одлучувањето на Одборот за управување со ризици, видот, роковите и начините на кои Одборот за управување со ризици доставува извештаи до Надзорниот одбор и до Одборот за ревизија.
- Составот и мандатот на членовите на Одборот за ревизија, критериумите и правилата за именување на членовите на Одборот за ревизија, надлежностите на Одборот за ревизија, одржувањето на седниците и одлучувањето на Одборот за ревизија, видот, роковите и начините на кои Одборот за ревизија доставува извештаи до Надзорниот одбор и до Собранието на акционери и наградувањето на членовите на Одборот за ревизија.
- Начинот на постапување во ситуации кога при одлучувањето на органите на управување на Банката постои судир на интереси.
- Работењето на Службата за внатрешна ревизија и на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите.

Членовите на органите на Банката и лицата со посебни права и одговорности назначени од Управниот одбор на Банката се избираат во согласност со критериумите и правилата за именување утврдени со Кодексот и Статутот на Банката, а врз основа на законската и подзаконската регулатива. Во своето работење ги почитуваат и ги применуваат законските и подзаконските прописи, Статутот на Банката и интерните акти на Банката со коишто се регулираат нивните надлежности и ги исполнуваат пропишаните обврски и одговорности и начинот на работа.

- **Информации и податоци за политиката на Банката за спречување судир на интереси**

Во 2017 година Банката работеше во согласност со Политиката за идентификување и спречување судир на интереси усвоена од Надзорниот одбор на Банката на седницата од 27.7.2017 година.

Политиката е во согласност со Законот за банките и неговите измени и дополнувања објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.190 од 17.10.2016 година, Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка и останатата регулатива којашто уредува прашања поврзани со судир на интереси, како и во согласност со прифатени професионални стандарди и кодекси на однесување.

Со оваа Политика се дефинирани општите правила и генерални насоки за идентификување, избегнување и спречување судири на интереси, како и за преземање мерки и активности во случаите кога постои судир на интереси.

Политиката е обврзувачка за лицата со посебни права и одговорности во Банката и за сите вработени во Банката.

Конзистентната примена на оваа Политика овозможува навремено идентификување на судирите на интереси и преземање соодветни мерки и активности во случаите на постоење судир на интереси.

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици и лицата со посебни права и одговорности кои во согласност со Статутот на Банката се назначени од Управниот одбор на Банката на секои шест месеци даваат писмена изјава за не/постоење судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

За постоење судир на интереси, пред одржување на седницата, членовите на органите на Банката даваат писмена изјава којашто се доставува до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на Банката и во која се наведува основот од кој произлегува судирот на интереси. Членовите на органите на Банката не присуствуваат при донесувањето на одлуките доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење судир меѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

- ***Организациска структура на ТТК Банка АД Скопје***

Организациската поставеност на ТТК Банка АД Скопје во 2017 година претрпе одредени промени. Од почетокот на годината, платата започна да се администрира во Одделот за човечки ресурси, организација и плати во рамките на Дирекцијата за човечки ресурси, организација и поддршка, а како резултат на подобрување на ефикасноста во работењето и заради оптимизација на трошоците, дојде до реорганизација на одредени активности и оддели и намалување за пет организациски делови и единици.

Организациската шема заклучно со 31.12.2017 година ја сочинуваат 4 сектори, 12 дирекции (од кои една самостојна), една самостојна Служба за внатрешна ревизија под надлежност на Надзорниот одбор, Секретаријат, една самостојна Служба за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам, ОСИС – лице за обезбедување сигурност на информативниот систем, 24 оддели, 2 одделенија, 7 филијали (Скопје, Тетово, Битола, Куманово, Охрид, Штип, Струмица), 21 експозитура и 2 шалтери.

Организациската структура на Банката е приложена во Прилог 1 од Годишниот извештај.

- **Акционерски капитал и сопственичка структура**

На 31.12.2017 година акционерскиот капитал на Банката се состоеше од 907.888 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари по акција или вкупно 907.888.000 денари. Акциите се регистрирани и се водат кај Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ.

Во текот на 2017 година Банката нема извршено откуп на сопствени акции, ниту има издадено нова емисија на акции.

Обичните акции на сопствениците им даваат право на глас на седница на Собранието на акционери, по принципот „една акција - еден глас“ и право на исплата на дивиденда.

Бројот на акционери заклучно со 31.12.2017 година изнесува 1.931, од нив 1.790 се физички лица и 141 се правни лица.

Акциите на Банката котираат на Македонската берза на хартии од вредност, во сегментот на задолжителна котација. Во согласност со Правилата за котација на Македонската берза Банката ги објавува ценовно чувствителните информации.

- **Политика на дивиденди**

Во 2017 година, во согласност со Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на ТТК Банка АД Скопје за 2016 година донесена на Годишното собрание на акционери на Банката, нето-добивката во вкупен износ од 83.680.065 денари се распредели на дел за резерви во износ од 4.643.138 денари и дел за дивиденда во вкупен износ од 74.648.494 денари или 82,2221 денари бруто по акција и дел се распредели во нераспределена добивка за ослободување на ревалоризациска резерва на преземени средства во износ од 4.388.433 денари. Дивидендата се исплати во мај 2017 година.

- **Акционери со најмалку 5% од акциите на Банката**


АД Тетекс Тетово заедно со поврзаните лица поседува 49,76% од вкупниот број акции на Банката.

5.2. Финансиски перформанси на Банката

- **Биланс на успех**


во илјади денари	Остварено 1.1.-31.12.2016	Остварено 1.1.-31.12.2017	Индекс апс.	Индекс (%)
Нето приходи од камата	264.022	265.133	1.110	100,4%
Нето приходи од провизии	145.179	126.573	-18.606	87,2%
Нето приходи од курсни разлики	9.132	9.281	148	101,6%
Останати приходи од дејноста	138.225	101.803	-36.422	73,7%
Вкупни оперативни приходи	**556.558**	**502.789**	**-53.769**	**90,3%**
Оперативни трошоци	**-330.898**	**-331.318**	**-419**	**100,1%**
Нето оперативен приход	**225.660**	**171.472**	**-54.188**	**76,0%**
Исправка на вредност на нефинансиски средства	-52.464	-23.487	28.977	44,8%
Исправка на вредноста на финансиски средства	-79.579	-36.088	43.492	45,3%
Добивка (загуба) пред оданочување	**93.616**	**111.897**	**18.281**	**119,5%**
Данок на добивка	-9.936	-11.769	-1.832	118,4%
Добивка (загуба) по оданочување	**83.680**	**100.128**	**16.449**	**119,7%**

Во периодот од 1.1.2017 - 31.12.2017 година Банката оствари **добивка по оданочување** во износ од 100,1 милиони денари, којашто е за 16,4 милиони денари повисока од истата за 2016 година, при издвоени исправки на вредност за финансиските средства на нето-основа во износ од 36,1 милиони денари и исправки на вредност за нефинансиски средства на нето-основа во износ од 23,5 милиони денари.



Нето-приходите од камати и понатаму остануваат основна компонента во формирањето на вкупниот оперативен приход на Банката, со учество од 52,7%. Зголеменото учество на нето-приходите од камати на годишно ниво за 5,3 пп е резултат на зголемените приходи од камати од секторот стопанство и секторот домаќинства, кој потекнува од континуираната динамичка активност во овие сегменти.

Во тековната 2017 година, како резултат на забрзаното кредитирање кон секторот домаќинства, **приходите од камати** генерирани од овој сектор се повисоки, при што нивното учество се зајакнува и станува најзастапена компонента во структурата на приходите од камата. Во тековната година се забележува и раст на приходите од камати од секторот банки и финансиски институции. За сметка на нивниот раст се намалува учеството на приходите од камата од нефинансиските друштва.



Доминантна компонента во структурата на **расходите од камата** и натаму има секторот домаќинства, но истиот бележи намалување во однос на минатата година. Нивното учество во текот на 2017 година се намалува за сметка на зголеменото учество на секторот стопанство и секторот банки и финансиски институции. На годишна основа, учеството на расходите од камата од секторот домаќинства има опаѓачки тренд и се намалува за 16,57пп. Причина за ова движење, во најголем дел, се намалените пасивни каматни стапки, во согласност со пазарните трендови, како и одливот на депозитната база на почетокот од вториот квартал од 2017 година, тренд што беше забележан на ниво на цел банкарски сектор.

Нето-приходите од провизии се втор значаен приход во структурата на вкупните приходи на Банката. Вкупните приходи од провизии за 2017 година изнесуваат 126 милиони денари и споредено со 2016 година се пониски за 18,6 милиони денари или за 12,8%, кои во најголем дел потекнуваат од кредитните активности на сегментот стопанство. Во структурата на приходите од провизии учествата по сегменти забележуваат мали промени во однос на минатата година. Учеството на провизии остварени од нефинансиските правни лица, кои досега ја заземаа доминантната позиција, сега се намалува и изнесува 43,8% (2016: 47,7%), од кои 26,03% потекнуваат од платниот промет во земјата, 8,99% од провизии од кредитни активности и 5,04% од платниот промет со странство. Учеството на провизиите од секторот домаќинства во оваа година изнесува 49,4%, од кои 62,6% се провизии остварени од платниот промет во земјата, 15,3% се провизии остварени во доменот на картичното работење, 9,1% од провизии од кредитни активности и 10,5% се провизии остварени од платниот промет со странство.

Оперативните трошоци во текот на 2017 година бележат зголемување за 412 илјади денари или годишна стапка на раст од 0,13%. Зголемувањето во најголем дел произлегува од позицијата материјали и услуги и тоа од трошоци за непроизводни услуги. Во 2017 година има намалување на трошоците за осигурување на имот и вработени, осигурување на депозити, како и на позицијата останати трошоци вклучувајќи ги и резервирањата за потенцијални обврски.

Исправката на вредноста на нефинансиските средства на Банката на нето-основа изнесува 23,5 милиони денари, што е за 55,2% пониско оштетување во однос на минатата година. Подобрувањето на споменатата позиција се должи на континуираните напори за продажба на преземените средства.

Исправката на вредноста на финансиските средства на нето-основа за 2017 година изнесува 36,1 милиони денари и издвоените исправки на вредност во анализираниот период соодветствуваат со обемот, структурата и квалитетот на пласманите на Банката.

- **Извори на средства**

Динамиката и структурата на позначајните позиции во рамките на вкупните извори на средства на Банката со состојба на 31.12.2017 година е следна:

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити од банки	11	0,0%	55.393	0,7%	55.383	523369,2%
Депозити од комитенти	5.854.193	78,2%	6.160.150	78,9%	305.957	105,2%
Обврски по кредити	449.473	6,0%	389.810	5,0%	-59.663	86,7%
Посебна резерва и резервирања	10.323	0,1%	11.132	0,1%	809	107,8%
ПВР и останата пасива	62.530	0,8%	72.552	0,9%	10.022	116,0%
Акционерски капитал и резерви	1.113.111	14,9%	1.118.065	14,3%	4.954	100,4%
ВКУПНА ПАСИВА	**7.489.641**	**100,0%**	**7.807.103**	**100,0%**	**317.462**	**104,2%**

Вкупните извори на средства на Банката на крајот на 2017 година изнесуваат 7.807 милиони денари и на годишно ниво бележат зголемување за 317 милиони денари или за 4,2%. Депозитите од комитенти изнесуваат 6.160 милиони денари и истите се зголемени за 306 милиони денари или 5,2%.

Обврските по кредити бележат намалување во однос на 2016 година, што се должи на отплата на доспеаните рати од кредитните линии користени преку МБПР (ЕИБ, Земјоделски кредитен дисконтен фонд, Италијанска кредитна линија и Посебен кредитен фонд). Истовремено беа повлекувани и нови транши од кредитните линии на МБПР за кредитирање на стопанството.

Во делот на капиталот и резервите, промената на годишно ниво, во најголем дел, се должи на реализираната добивка по одаточување за годината, како и од зајакнување на резервниот фонд на Банката.

- **Депозити**

- Секторска структура

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити од банки	11	0,0%	55.393	0,9%	55.382	523365%
Депозити од финансиски институции	473.067	8,1%	623.926	10,0%	150.859	131,9%
Депозити од претпријатија	1.730.450	29,6%	1.684.880	27,1%	-45.571	97,4%
Депозити од домаќинства	3.650.675	62,4%	3.851.344	62,0%	200.669	105,5%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД БАНКИ И ДР.КОМИТЕНТИ	**5.854.203**	**100,0%**	**6.215.543**	**100,0%**	**361.339**	**106,2%**

Во текот на 2017 година вкупната депозитна база на Банката се зголеми за 361 милиони денари или годишна стапка на раст од 6,2%. Растот потекнува од депозитите од финансиски институции коишто бележат зголемување за 151 милион денари со годишна стапка на раст од 31,9%, при што нивното учество во вкупната депозитна база се зголемува за 1,9 пп. Карактеристична промена се забележува и кај депозитите од домаќинства со годишен раст од 5,5% или во апсолутен износ 201 милиони денари. Депозитите од домаќинства имаат доминантно учество со 62% во вкупната депозитна база. Депозитната база од секторот стопанство во 2017 година се карактеризира со одлив на депозити и намалена состојба за 45,5 милиони денари.

- Валутна структура

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Денарски депозити	4.089.739	69,9%	4.377.142	71,1%	287.403	107,0%
Денарски депозити со девизна клаузула	41.237	0,7%	41.245	0,7%	8	100,0%
Девизни депозити	1.723.218	29,4%	1.741.763	28,3%	18.545	101,1%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД КОМИТЕНТИ	**5.854.193**	**100,0%**	**6.160.150**	**100,0%**	**305.957**	**105,2%**

Од аспект на валутната структура, годишната промена на депозитната база укажува на раст на денарските депозити за 7,0% и истите и натаму го задржуваат доминатното учество од 71,1%.

- Рочна структура

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити по видување	2.302.878	39,3%	2.634.384	42,8%	331.506	114,4%
Краткорочни депозити	2.170.696	37,1%	1.909.487	31,0%	-261.209	88,0%
Долгорочни депозити	1.380.619	23,6%	1.616.279	26,2%	235.660	117,1%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД КОМИТЕНТИ	**5.854.193**	**100,0%**	**6.160.150**	**100,0%**	**305.957**	**105,2%**

Порастот на вкупните депозити е резултат на порастот на депозитите по видување и долгорочните депозити. Депозитите по видување се зголемени за 14,4% или во апсолутен износ од 331 милион денари и истите потекнуваат од секторот домаќинства и стопанство. Долгорочните депозити бележат апсолутен пораст од 236 милиони денари или 17,1%, кој во најголем дел произлегува од секторот домаќинства.

- **Средства и пласмани**

Позначајните позиции во рамки на вкупните средства на Банката во текот на 2017 година ја прикажаа следнава динамика и структура:

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Парични средства и парични еквиваленти	1.934.872	25,8%	1.692.694	21,7%	-242.177	87,5%
Вложувања во хартии од вредност и средства за тргување	1.402.865	18,7%	1.293.999	16,6%	-108.866	92,2%
Кредити на и побарувања од банки	89.912	1,2%	99.913	1,3%	10.001	111,1%
Кредити на комитенти, нето	3.619.062	48,3%	4.345.434	55,7%	726.373	120,1%
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	225.536	3,0%	121.184	1,6%	-104.352	53,7%
Основни средства	196.884	2,6%	231.616	3,0%	34.732	117,6%
АВР и останата актива	20.510	0,3%	22.262	0,3%	1.752	108,5%
ВКУПНА АКТИВА	**7.489.641**	**100,0%**	**7.807.103**	**100,0%**	**317.462**	**104,2%**

Динамиката на вкупната актива на Банката е во согласност со движењето на вкупните извори на средства. Притоа, доминантното учество во вкупната актива и во текот на 2017 година се нето-кредитите на комитенти коишто во овој период забележуваат раст кај секторот домаќинства и секторот големи клиенти. Во овој период значајна промена се забележува кај преземените средства врз основа на ненаплатените побарувања и истите се намалени за 46,3% или 104,3 милиони денари во апсолутен износ како резултат на реализирани продажби во текот на 2017 година.

- **Кредити**

  - Секторска структура

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Кредити на претпријатија	1.915.600	50,8%	2.201.077	49,3%	285.477	114,9%
Кредити на домаќинства	1.857.010	49,2%	2.263.908	50,7%	406.898	121,9%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**3.772.610**	**100,0%**	**4.464.985**	**100,0%**	**692.375**	**118,4%**

На годишно ниво, бруто-кредитите на комитентите забележуваат зголемување во износ од 692 милиони денари или 18,4%. Кредитите на правните лица го намалуваат своето учество од 50,8% во 2016 на 49,3% во 2017 година, или за 1,5пп. Кредитите на правните лица во 2017 година бележат раст за 14,9% или 285 милиони денари. Кредитите дадени на домаќинствата во 2017 година имаат учество од 50,7% во вкупните кредити на Банката. Кај секторот домаќинства продолжи постојаниот тренд на зголемување и во 2017 година, при што годишниот апсолутен раст изнесува 407 милиони денари или 21,9%. Најголем придонес во растот имаат станбените, потрошувачките и хипотекарните кредити.

Промената и зголемувањето на учеството на кредитите од секторот домаќинства во вкупните кредити соодветствува и со движењата на ниво на банкарски сектор каде што се забележува раздвижување на кредитната активност, при што годишните промени упатуваат на побрзо зголемување на кредитите на населението од кредитите на правните лица.

  - Валутна структура

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Денарски кредити	2.052.278	54,4%	2.686.329	60,2%	634.051	130,9%
Денарски кредити со девизна клаузула	1.318.958	35,0%	1.413.080	31,6%	94.122	107,1%
Девизни кредити	401.375	10,6%	365.576	8,2%	-35.799	91,1%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**3.772.610**	**100,0%**	**4.464.985**	**100,0%**	**692.375**	**118,4%**

Во однос на валутната структура на кредитите, годишниот раст на денарските кредити за 30,9% придонесе за зајакнување на нивното учество во вкупните бруто-кредити. Порастот произлегува од порастот на краткорочните и долгорочните кредити од секторот стопанство. Во структурата на бруто-кредитите и натаму доминираат денарските кредити со 60,2% од вкупните бруто кредити.

  - Рочна структура

во илјади денари	31.12.2016		31.12.2017		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Краткорочни кредити	308.135	8,2%	592.836	13,3%	284.701	192,4%
Долгорочни кредити	3.283.515	87,0%	3.737.682	83,7%	454.167	113,8%
Нефункционални кредити*	180.960	4,8%	134.467	3,0%	-46.493	74,3%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**3.772.610**	**100,0%**	**4.464.985**	**100,0%**	**692.375**	**118,4%**

Во однос на рочната структура, учеството на краткорочните редовни кредити бележи тренд на раст во 2017 година, но долгорочните редовни кредити ја задржаа и

ја зајакнаа доминантната позиција во рочната структура на кредитите. На годишна основа, краткорочните кредити бележат зголемување за 92,4%. Долгорочните кредити се зголемуваат на годишно ниво за 13,8%, коешто произлегува од порастот на потрошувачките, хипотекарните и станбените кредити кај секторот домаќинства, како и од пласирани средства кај правните лица.
Нефункционалните кредити бележат намалување споредено со 2016 година и тоа за 25,7%. Намалувањето во 2017 година е предизвикано од преземените средства во текот на 2017 година, но и од наплатата на доспеаните обврски.

6. АКТИВНОСТИ ПО СЕГМЕНТИ

6.1. Управување со ризици

Управувањето со ризиците претставува значајна функција во работењето на Банката, којашто обезбедува стабилност на долг рок и остварување на поставените цели со изложување на прифатливо ниво на ризик. Поради важноста на управувањето со ризиците при остварување на финансиските и деловните цели на Банката, во текот на 2017 година се спроведоа мерки и активности коишто дејствуваа во насока на унапредување на воспоставениот систем за управување со ризици.

Во согласност со организациската поставеност, управувањето со ризиците се спроведува на сите нивоа во организациската хиерархиска структура, и тоа на:

1. Стратегиско ниво – од страна на Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за управување со ризици;
2. Макро ниво – од страна на Дирекцијата за управување со ризици и
3. Микро ниво – од страна на вработените, кои при преземање на ризикот, ја остваруваат својата улога во управувањето со ризиците преку конзистентна примена на интерните акти на Банката.

Управувањето со одделните ризици ги опфаќа активностите поврзани со идентификување, мерење/оцена, следење и контрола на ризиците, со што се создава основа за исполнување на следните цели:

- Вработените кои ги преземаат ризиците и вработените кои управуваат со ризиците јасно да ги разбираат истите;
- Изложеноста на одделни ризици и вкупниот профил на ризик на Банката да биде во согласност со стратегијата и рамката поставена од страна на Надзорниот одбор;
- Одлуките за изложување на одделни видови ризици да бидат во согласност со целите поставени во Развојниот план на Банката;
- Воспоставување и одржување прифатлив сооднос меѓу стапката на принос и преземените ризици;
- Одржување адекватно ниво на капитал за покривање на сите преземени ризици.

- **Адекватност на капиталот**

Управувањето со капиталот на Банката и одржување соодветна стапка на адекватност на капиталот претставува составен дел од системот за управување со ризици . Во рамките на овој процес Банката пресметува интерен капитал потребен за покривање на материјалните ризици на коишто е изложена. На крајот на 2017 година стапката на адекватноста на капиталот изнесува 16,71%, што претставува намалување од 2,26 процентни поени на годишна основа. На годишна основа има зголемување на активата пондерирана за кредитен и оперативен ризик, а намалување за валутен ризик.



- **Кредитен ризик**

Во текот на 2017 година кредитниот ризик претставуваше ризик со најголемо значење за работењето на Банката, а произлегува оттаму што кредитната активност на Банката претставува доминантна позиција во нејзината вкупна актива.

Во текот на годината беа спроведени повеќе мерки коишто имаа цел унапредување на целокупниот процес на управување со кредитниот ризик, и тоа од фазата на одобрување, преку фазата на следење и мерење на кредитниот ризик, сè до фазата на присилна наплата на побарувањата.

Во 2017 година Банката вршеше класификација на кредитната изложеност и пресметка на исправка на вредноста и посебната резерва на поединечна и групна основа. Класификација и пресметка на исправка на вредноста и посебната резерва на групна основа се вршеше само за побарувањата од физички лица кои припаѓаат во портфолијата на кредити (портфолио од дозволени пречекорувања на трансакциски сметки и портфолио од кредитни картички).

Преку постојано следење на диверзификацијата на изложеноста од аспект на: сектор, дејност, географска локација, тип на обезбедување, тип на производ, валута и слично, се обезбеди дисперзирање на кредитниот ризик и оптимизирање на квалитетот на кредитната изложеност.

Вкупната кредитна изложеност на Банката на 31.12.2017 година изнесува 7.351 милиони денари и во однос на 31.12.2016 година е зголемена за 5,1%.

На крајот на годината вкупниот износ на пресметана исправка на вредност/посебна резерва изнесува 152 милиони денари и истата на годишно ниво е намалена за 44 милиони денари.

Во прилог е претставена секторската структура на кредитната изложеност за 2017 и 2016 година. На годишно ниво е намалено учеството на изложеноста кон финансиските институции и државата за сметка на зголеменото учество на нефинансиските правни и физички лица.



- **Ликвидносен ризик**

Во текот на 2017 година Банката на континуирана основа управуваше со ликвидносниот ризик во согласност со законските одредби и интерните акти и тоа преку одржување соодветно ниво на ликвидни средства, усогласена рочна структура на средствата и обврските, одржување соодветни стапки на ликвидност, како и почитување на интерните лимити за показателите за ликвидност.

Во текот на целата година Банката одржуваше солидна ликвидносна позиција преку одржување високо учество на ликвидната актива во вкупната актива, висока вредност на стапките на ликвидност и преку воспоставување усогласена очекувана рочност на средствата и на обврските.

Ликвидната актива на 31.12.2017 година изнесува 2.464 милиони денари денари и на годишна основа е намалена за 462 милиони денари, односно за 7,6%. Најзначајни промени во структурата на ликвидната актива е трендот на намалување на учеството на пласманите во други банки и пласмани во краткорочни хартии од вредност издадени од држава.

На крајот на годината учеството на ликвидната во вкупната актива изнесува 31,5%, а покриеноста на краткорочните обврски со ликвидна актива е 53,5%.

- **Пазарни ризици**

Преку следење на флуктуациите на пазарните цени на хартиите од вредност кои се дел од портфолиото за тргување, Банката на редовна основа управуваше со пазарниот ризик.

Поради минималното учество на портфолиото за тргување во вкупната актива на Банката, ризикот што произлегува од промената на цените на финансиските инструменти немаше значајно влијание врз нејзиното работење.

Во рамките на пазарните ризици, Банката управува и со каматниот и валутниот ризик. Банката на редовна месечна основа го утврдува ефектот од промените на каматните стапки врз економската вредност на портфолиото на банкарските активности, за што доставува извештаи до органите на управување и до НБРМ. Каматниот ризик мерен преку учеството на промената на економската вредност на портфолиото на банкарските активности во сопствените средства бележи зголемување од 9,4% на крајот од 2016 година на 12,2% на крајот на 2017 година, како резултат на зголемените пласмани во станбени кредити со фиксен тип на каматна стапка со подолги рокови на отплата.

Ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности сè уште има ограничено влијание врз резултатите од работењето на Банката, поради сè уште значајното учество на прилагодливите каматни стапки на страната на активата и пасивата (32% во каматоносната актива и 43% во каматоносната пасива на 31.12.2017 година). Оваа структура бележи значителни промени, откако се спроведе проектот за напуштање на примената на прилагодливите каматни стапки и нивна замена со фиксни или варијабилни, кој започна да се применува во третиот квартал на 2017 година.[2] Овие измени на типовите на каматните стапки ќе дејствуваат во насока на зголемување на значењето на каматниот ризик во наредниот период, што ќе наметне потреба од проактивно и интегрирано управување со каматниот ризик.

Управувањето со валутниот ризик се остварува преку почитување на законските и интерно дефинираните лимити со кои се ограничуваат отворените

[2] Спроведувањето на овој проект беше во согласност со писмена препорака од Гувернерот на НБРМ од октомври 2016 година.

девизни позиции по одделни валути и агрегатно, како и преку дефинирање и примена на прифатливи инструменти за ублажување на истиот. Во текот на годината споменатите показатели се движеа во рамките на воспоставените лимити.

На 31.12.2017 година отворената девизна позиција на Банката е долга и изнесува 115 милиони денари, што претставува 11,9% од сопствените средства на Банката.

- **Оперативен ризик**

Следењето и управувањето со оперативниот ризик што се појавува како последица на неадекватни или погрешни интерни процеси, поради грешки на вработените, грешки на системот или поради влијанието на надворешни настани во Банката се спроведуваше во согласност со Политиката за управување со оперативен ризик.

Од извршената анализа на пријавените оперативни ризици во текот на 2017 година, најчеста причина за појава на ризични настани бил човечкиот фактор.

Управувањето со оперативните ризици се врши децентрализирано од страна на сите вработени и организациски единици, додека следењето и известувањето се надлежност на Дирекцијата за управување со ризици. Управувањето со оперативниот ризик е сложен процес кој бара активно учество на сите вработени во Банката со цел минимизирање на можноста за настанување штетни настани, ограничување на обемот на потенцијалните загуби и веројатноста за нивна реализација на ниво коешто е прифатливо за Банката.

- **Други немерливи ризици**

Врз основа на добиените материјали од надлежните организациски единици, Дирекцијата за управување со ризици на квартална основа изработуваше извештаи за следење на стратегискиот и репутацискиот ризик, коишто ги доставуваше до Одборот за управување со ризици, Управниот одбор и до Надзорниот одбор.

Преземените мерки за унапредување на системот за управување со ризици придонесоа Банката да оствари ефикасно управување со истите, односно да ја одржува изложеноста на ризиците од оваа група на умерено ниво.

- **Стрес-тест анализи**

Дел од системот за управување со ризици претставуваат и стрес-тест анализите коишто се спроведуваат најмалку на годишна основа. Банката изврши стрес-тестирање на изложеноста на одделните ризици, како и нивното меѓусебно влијание преку спроведување комбинирано сценарио со состојба на 31.12.2017 година. Резултатите од стрес-тест анализата го рефлектираат влијанието на одделните ризици врз финансискиот резултат и стапката на адекватност на капиталот на Банката, при што истите покажаа дека солвентноста и ликвидноста нема да бидат загрозени и при реализација на претпоставките дефинирани во пооделните сценарија.

6.2. Корпоративно банкарство – Корпоративни клиенти и МСП

o Кредитирање корпоративни клиенти и МСП


Во текот на 2017 година, Банката ја зајакнуваше соработката со постојните квалитетни клиенти поддржувајќи ја нивната ефикасност и успешност со понуда на индивидуални решенија и продукти, а со цел создавање и одржување долгорочно партнерство.

Преку редовни контакти и посети на клиенти, континуирано се следеа потребите и задоволството од соработката, што придонесе за поквалитетно управување со конкурентноста на понудата на кредитните продукти, услугите од областа на платните промети, документарното работење и електронското банкарство.


Во продажбата се таргетираа нови бонитетни компании со развоен потенцијал, со одржливи и профитабилни инвестициски проекти и со способност за сервисирање на обврските.

Континуирано се преземаа активности за засилен мониторинг на работењето на клиентите со повисок кредитен ризик што резултираше со подобрување на наплатата на редовните и побарувањата во доцнење.

Од аспект на структурата на кредитното портфолио на Банката на 31.12.2017 година, учеството на кредитите на корпоративните клиенти изнесува 53,1%, а кредитите н а МСП учествуваат со 46,9% во вкупните кредити на правните лица.



Според валутната структура, во кредитното портфолио на големите клиенти е остварен пораст на учеството на денарските кредити од 48,6% на 76,2% во 2017 година во однос на 2016 година, за сметка на намалување на учеството на девизните кредити од 26,2% на 15,9% и намалување на учеството на денарските кредити со девизна клаузула од 25,2% на 7,9% за 2017 година во однос на 2016 година.



Во однос на рочната структура, во кредитното портфолио на големите клиенти евидентен е порастот на учеството на краткорочните кредити за сметка на долгорочните кредити со 31.12.2017 година. Краткорочните кредити заклучно со 31.12.2017 година учествуваат со 32,6% во вкупното кредитно портфолио на големите клиенти. Ова зголемување се должи главно на фокусирањето на банката на кредитирање големи и успешни компании коишто во овој период имаа најголема потреба за користење краткорочни кредити. Долгорочните кредити и во 2017 година имаат доминантно учество во вкупното кредитно портфолио на големите клиенти од 67,4%.

Нивото на квалитет на кредитното портфолио се зголеми преку градење стабилни и трајни односи со клиентите, прудентно управување со кредитниот ризик, како и ефикасна организирана функција на наплата.




Според валутната структура, во кредитното портфолио на МСП се забележува пораст на учеството на денарските кредити за 4,1 процентни поени и тоа од 57,5% на 61,6%, како и на девизните кредити за 0,5 процентни поени во 2017 година во однос на 2016 година, а на сметка на овој пораст има намалување на учеството на денарските кредити со девизна клаузула и тоа за 4,8 процентни поени, односно од 29,1% на 24,3%.



Во однос на рочната структура, кредитното портфолио на МСП се карактеризира со доминантно учество на долгорочните кредити, односно 82,8% како и зголемување на учеството на краткорочните кредити за сметка на долгорочните кредити коишто го зголемуваат своето учество за 1,4 процентни поени.

- **Депозитно работење на корпоративни клиенти**

И покрај зголемената потреба кај компаниите за користење сопствени средства за финансирање, ликвидност и инвестиции во нови проекти, во текот на 2017 година депозитната база на портфолијата на ГК и МСП се одржува на слично ниво како и за претходната година.



Во текот на 2017 година, депозитите на корпоративните клиенти бележат намалување на состојбата за околу 98 милиони денари во однос на претходната година. Тоа пред сè се должи на намалувањето на депозитите по видување. Како што може да се забележи по рочната структура на депозитите, орочените депозити процентуално имаат пораст од 6,8 процентни поени за 2017 година во однос на 2016 година.



Во однос на валутната структура, учеството на девизните депозити значително се зголемува во однос на претходната година. Девизните депозити имаат процентуално учество од 11%, што претставува пораст за 5,8 процентни поени во однос на 2016 година.

Депозитната активност во делот на МСП бележи раст за 5,4% и ја одразува стабилноста на депозитната база.



Анализирано по валутна структура, оваа година денарските депозити имаат доминантно и зголемено учество во депозитната база на МСП со 88,7%, што претставува пораст од 6,3 процентни поени во однос на претходната година. За сметка на зголеменото учество на денарските депозити се намалува учеството на девизните депозити, односно од 13,4% во 2016 на 7,3% во 2017 година.



Во рочната структура на вкупните депозити на МСП се забележува значително намалување на орочените депозити за 2017 година во однос на 2016 година. За 2017 година има намалување за 8,9 процентни поени во однос на 2016 година или во апсолутен износ за 77,7 милиони денари. Во 2017 година депозитите по видување имаат доминантно учество од 81,6% во вкупните депозити на МСП.

6.3. Деловна мрежа

Преку Деловната мрежа Банката им овозможи на своите клиенти професионално користење на производите и услугите, притоа ставајќи го акцентот на ефикасноста на своите услуги и квалитетното и брзо опслужување.

И во текот на 2017 година Банката го насочи фокусот на работењето во сегментот Деловна мрежа кон остварување на поставените деловни цели, и тоа:

- Подобрување на квалитетот на услугата, а со тоа зголемување на задоволството и на лојалноста на клиентите кон Банката;
- Преземање активности за дополнителна продажба на производи и услуги на постојните клиенти;
- Обуки, тренинзи и тестирање на вработените со цел зајакнување на стручноста и на знаењето на вработените во филијалите и во експозитурите;
- Континуирана поддршка на вработените за остварување на продажните цели и следење на степенот на остварување;
- Подобрување на организацијата на работење и ефикасноста на процесите.

➢ **Физички лица**


Во текот на 2017 година Банката оствари пораст на кредитното портфолио во однос на минатата година.

Во текот на годината Банката активно и во согласност со пазарните услови, потребите и барањата на корисниците ја прилагодуваше понудата преку измена на

условите и воведување продажни промоции со акцент на потрошувачките и станбените кредити.

Конкурентноста на понудата овозможи успешна реализација и зголемување на портфолиото на кредитите кај физичките лица.

Во вкупните кредити одобрени на физички лица најголемо процентуално учество имаат потрошувачките и хипотекарните кредити со 57,1%, потоа следуваат станбените кредити со 32% и кредитните картички и негативните салда на тековни сметки со 9,3%.



Во областа на депозитното работење, во 2017 година, Банката и натаму продолжи со систематскиот пристап во спроведувањето на стратегијата на задржување на постојното депозитно портфолио и селектирање на новите депозити во согласност со пазарните услови. Во текот на 2017 година во структурата на депозитите кај физичките лица, штедењето во странска валута изнесува 41,4% од вкупното депозитно портфолио, додека пак учеството на денарското штедење изнесува 58,6% од вкупното депозитно портфолио.



Во однос на рочната структура, депозитите по видување учествуваат со 42,2%, додека орочените депозити до и над една година со 57,8%. Се забележува тренд на пораст на депозитите по видување за 5,3% во однос на 2016 година.



6.4. Картично работење

Во текот на 2017 година картичното портфолио се задржа на приближно исто ниво како и во текот на 2016 година со издадени вкупно 33.471 VISA картички (дебитни и кредитни за физички лица, односно кредитни картички за правни лица).

Во текот на 2017 година се реализираа многубројни презентации кај правни лица со цел зголемување на директната продажба на картичките, аквизиција на

правни лица за исплата на плата преку дебитни картички, како и воспоставување стабилни и постојани деловни односи со клиентите.
Во 2017 година реализиран е зголемен број трансакции со VISA картичките на ТТК Банка АД Скопје за 9,00%, односно зголемен вкупен промет за 8,0% во однос на 2016 година. Прометот на ПОС-мрежа е зголемен за 18,00% во однос на 2016 година. Со цел зголемување на прометот на ПОС-мрежата, како и задоволување на потребите на клиентите, во 2017 година Банката набави 100 нови ГПРС пос-терминали.

6.5. Платен промет во земјата и странство

Во 2017 година Банката продолжи успешно да ги извршува активностите во делот на платните промети и максимално да се ангажира во задржување на довербата и задоволување на потребите на своите комитенти.

Банката работеше на доближување на производите до постојните клиенти и привлекување нови преку понуди прилагодени на потребите на клиентот, и продолжи со обезбедување брза и квалитетна услуга.

- **Платен промет во земјата**

Во текот на 2017 година, Банката вршеше услуги од денарскиот платен промет преку мрежата на филијали и експозитури и преку електронското банкарство наменето за физички и правни лица, нудејќи квалитетен, комплетен и ефикасен банкарски сервис.

Во 2017 година се евидентирани позитивни движења во доменот на денарскиот платен промет.

Износот на обработени трансакции на задолжување во денарскиот платен промет изнесува 89.710 милиони денари и бележи зголемување од 5,7% во однос на 2016 година.

Покрај вообичаените стандардни услуги од платниот промет, и во 2017 година Банката продолжи да го промовира и да го развива користењето на електронското и мобилното банкарство.

- **Платен промет со странство**

И во 2017 година Банката продолжи со комплетна и брза банкарска услуга, со цел ефикасно, квалитетно и навремено задоволување на барањата на клиентите. Банката вршеше услуги на клиентите од платниот промет со странство преку мрежата на филијали и експозитури. Во делот на платниот промет со странство ќе продолжи да се стреми кон поквалитетен банкарски сервис.

Во таа насока е и приклучувањето кон новиот сервис на НБРМ со коешто се овозможи реализирање на плаќања и наплати во валута ЕУР преку најголемиот платен систем во Европската унија ТАРГЕТ 2 .

6.6. Електронско банкарство

Во текот на 2017 година, Банката продолжи да ја развива платформата за електронско банкарство и го задржа позитивниот тренд на раст и во бројот на корисници и според бројот на реализирани налози. На зголемувањето на бројот на корисници дополнително влијаеше и тоа што Банката континуирано ја нуди оваа услуга без фиксни трошоци за приклучок и со најниски надоместоци.

Во текот на 2017 година е евидентиран растеж и во бројот на корисници на апликацијата за мобилно банкарство ТТК m-banking со единствен, модерен и препознатлив дизајн, кој овозможува користење на производите и услугите на Банката, односно управување со сопствените финансии преку целосна достапност на банкарските услуги на мобилните телефони со оперативен систем Android и iOS, независно од времето и од локацијата на корисникот.

Во 2017 година е евидентиран растеж и во бројот на корисници на електронските сервиси за информирање (смс и е-пошта), што укажува на фактот дека клиентите ја препознаваат предноста на овој сервис, што овозможува брзо и сигурно информирање и контрола на состојбите на сметките, како и поголема безбедност и заштита при реализацијата на трансакциите.

6.7. Средства и ликвидност

Во текот на 2017 година, Банката успешно управуваше со активата и пасивата, ликвидносниот, валутниот и останатите пазарни ризици, како и со оперативната и стратегиската ликвидност, во согласност со законските и подзаконските акти, а во линија со поставените цели и задачи од Комисијата за управување со актива и пасива, Одборот за управување со ризици и Комисијата за управување со ликвидност, притоа почитувајќи ги дефинираните регулаторни и интерни лимити за изложеност кон ликвиносниот ризик. Банката, паралено со извршувањето на стратегиските активности, обезбедува и широка палета на услуги за финансиските пазари на својата клиентска база.

Во текот на 2017 година, банкарскиот сектор продолжи да функционира во услови на структурен вишок на ликвидност. Каматната стапка на основниот инструмент за монетарно регулирање и благајничките записи (БЗ) се движеше меѓу 3,5% и 3,25%. Намалувањето на каматната стапка на основниот инструмент на НБРМ се должи на нормализацијата на монетарната политика како одраз на стабилизирање на очекувањата и довербата на економските субјекти, а како резултат на намалувањето на влијанието на политичката криза врз економијата.

Долгот на Министерството за финансии по основ на континуираните хартии од вредност во текот на 2017 година се зголеми за 13,8% и ја заврши годината со номинален износ од 92,5 милијарди денари. Каматните стапки на државните хартии од вредност во текот на 2017 година имаа тенденција на опаѓање со намалување на стапката на принос на 12-месечните денарски државни записи за 55 базични поени.

Банката го пласираше вишокот на ликвидни средства во хартии од вредност издадени од државата и НБРМ на меѓубанкарскиот пазар на пари и преку монетарните инструменти на НБРМ. Видот и инструментите што беа користени за пласирање на вишокот на средствата зависеа од тековната и планираната рочна структура на

средствата и обврските на краток и долг рок и движењата на каматните стапки на пазарот на пари и хартии од вредност. Тековните потреби од ликвидни средства главно беа задоволени на домашниот меѓубанкарскиот пазар на пари.

Во изминатата година, коефициентот на ликвидната актива, како однос на ликвидната актива и вкупната актива, анализиран на месечно ниво, се движи во интервалот од 31% до 41%[3] и е повисок од нивото на ликвидност на банкарскиот сектор во целина. Во текот на целиот период Банката ефикасно и ефективно ја исполнува обврската за задолжителна резерва и просечно месечно постигнува коефициент на исполнување на денарската задолжителна резерва од 101,1%. Банката ја следи девизната ликвидност преку интерни оперативни лимити, со цел максимизирање на можностите за валутна и рочна трансформација на изворите на средства со едновремено исполнување на обврската за девизна задолжителна резерва во согласност со измените во законската регулатива при што Банката ја исполнува обврската за задолжителна резерва во евра со издвојување на средства на девизната сметка на Народна банка во странство најмалку еднакво на 95% од пресметката, а 5% од пресметаната задолжителна резерва во евра ги издвојува на девизната сметка во евра во МИПС во НБРМ.

Структурата на ликвидната актива којашто ја одржува Банката овозможува ефикасно управување со ликвидноста, обезбедувајќи принос на вишокот ликвидност над пресметката на задолжителната резерва со пласманите во државни хартии од вредност (ДХВ) и благајнички записи (БЗ). Номиналниот износ на ДХВ и БЗ на крајот на годината изнесува 1.705,13 милијарди денари и е минимално намален за 51,9 милиони денари во однос на крајот на минатата година. ТТК Банка АД Скопје во текот на 2017 година го намали портфолиото на ДХВ за 9,0% преку категориите на 12-месечни денарски државни записи.

Во текот на целата година Банката континуирано одржува агрегатна отворена девизна позиција којашто е во рамките на лимитот поставен со регулативата на НБРМ и Политиката за управување со валутен ризик, и ефикасно управува со девизниот ризик минимизирајќи ја веројатноста од настанување загуба, како резултат на неповолно движење на интервалутарните односи на девизниот пазар.

Во текот на годината Банката ги исполнува и регулаторните обврски за стапките на ликвидност до 30 и 180 дена и ефикасно управува со рочната структура на активата и пасивата во рамки на прифатливото ниво на ризик, како дел од процесот на управување со ликвидносниот ризик. Банката го пресметува и следи нивото на концентрација и учеството на најголемите депоненти во просечната депозитна база и ги исполнува интерните ликвидносни показатели дефинирани во Политиката за ликвидносен ризик.

Во текот на 2017 година, Банката продолжи со континуирано следење и сервисирање на обврските кон склучени кредитни линии одобрени од страна на Македонската банка за поддршка и развој (МБПР) во денари со девизна клаузула и девизи како и повлекување нови средства за финансирање инвестициски проекти и за обртни средства, при што состојбата на кредитните обврски на Банката на 31.12.2017 година се намали за 13%.

[3] Коефициентот на ликвидна актива, во согласност со Политиката за упраување со ликвидносен ризик на Банката, не ги вклучува пласманите на Банката во континуираните државни обврзници на Министерството за финансии.

Во 2017 година Трезорот вршеше редовни активности како снабдување на филијалите и експозитурите со готовина, обработка на домашна и странска валута, опслужување на банкоматите коишто се наоѓаат во изнајмени простории, како и дистрибуција на пари наменети за полнење банкомати лоцирани во филијали и во експозитури на Банката. Трезорот има успешна соработка со правниот субјект со кого Банката има склучено договор за соработка во делот на транспорт и пренос на готовина. Постапувајќи по одлуката на НБРМ за проверка на автентичноста и соодветноста, условите на враќање во оптек на книжни и ковани пари, Трезорот вршеше обработка и пречистување на книжните пари со машините што ги набави Банката за оваа намена. Во 2017 година, како дополнување на планот, Банката изврши набавка на машина којашто е успешно тестирана од стручни лица во НБРМ.

И во 2017 година, во делот издавање сефови за граѓани и правни лица Трезорот нудеше квалитетна и ефикасна услуга за корисниците на сефови, при што сите постојни сефови беа издадени на клиенти правни и физички лица.

6.8. Маркетинг и развој на производи

Следејќи ги потребите на корисниците и пазарните услови, ТТК Банка АД Скопје во текот на 2017 година континуирано нудеше конкурентни производи и услуги со цел обезбедување максимална поддршка за корисниците.

Понудата на кредитните производи за физички лица и во текот на 2017 година ја карактеризираа диференцирани производи по категории на корисници со конкурентни цени и услови.

Активностите за развој на понудата беа насочени кон подобрување на условите на потрошувачките кредити, СУПЕР станбениот кредит и хипотекарните кредити како и управување со тарифникот и депозитните производи на Банката.

Одржувањето конкурентни услови на кредитните производи, јакнењето и проширувањето на соработката со постојните клиенти како и привлекувањето нови клиенти со плата/пензија во ТТК Банка АД Скопје придонесе за значителен раст на кредитните пласмани во изминатата година.

Во согласност со пазарните услови и потребата за понуда на иновативни технолошки напредни банкарски производи и услуги во 2017 година Банката понуди кредитен производ преку електорнско банкарство - Инстант кредит со целосно автоматизиран процес на анализа и оодобрување. Активностите за развој и изработка на техничко решение за овој кредитен производ отвораат можности за понатамошен развој и користење нови, современи канали за продажба како и зголемување на ефикасноста на процесите.

Преку активно управување со пасивните каматни стапки и воведување промотивни депозити во девизи за физички и правни лица се настојуваше да се одржи стабилна депозитна база.

Еден од позначајните проекти што беше спроведен во 2017 година се однесуваше на промената на типот на каматните стапки на целокупната понуда на кредитни и депозитни производи на Банката за физички и правни лица, односно

Банката ја модифицираше понудата на кредитни и депозитни проиводи со примена на единствено фиксни и варијабилни каматни стапки.

Во текот на целата година се применуваа промотивни ценовни поволности преку намалување на одредени надоместоци и трошоци при одобрување станбени кредити и потрошувачки кредити коишто наидоа на одличен одзив.

Доброутврдениот концепт на унифицирани услови, дефиниран за сите наменски и ненаменски кредитни производи, како и оптималниот број производи прилагодени за поширока група корисници и во текот на изминатата година придонесуваше за полесно комуницирање на карактеристиките на производите, успешна и ефикасна продажба.

Подобрените услови на производите, специјалните продажни промоции и промотивните активности придонесоа за зголемување на вкупниот број одобрени апликации. Продажбата на кредитни производи на физички лица во 2017 година забележа најдобри резултати од постоењето на брендот ТТК Банка АД Скопје од 2006 година.

Широкиот распон на услуги достапни преку електронското банкарство како и модерната платформа за мобилно банкарство во 2017 година ги обезбедија посакуваните функционалности за постојните корисници, а овозможија привлекување и на нови.

Во доменот на работењето со правните лица, основна карактеристика на деловниот однос беше диференцираниот пристап за сегментите на корпоративни и МСП-корисници.

Прилагодувањето на условите на кредитните производи во согласност со пазарните услови, достапноста, флексибилноста и индивидуалниот пристап на соработниците за кредитирање како веќе проверен и докажан концепт придонесоа за изнаоѓање ефикасни финансиски решенија и зачувување на долгорочните деловни односи со постојните корисници.

Банката активно ги пласираше поволните кредитни линии обезбедени преку МБПР со цел обезбедување свеж капитал за поддршка на малите и средните претпријатија за реализација на нови инвестициски проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.

Екстерната комуникација како интегрален дел од маркетингот и промотивните активности и оваа година се фокусираше на реализација на маркетинг-целите, зголемување на свеста и создавање интерес за производите и услугите што ги нуди Банката со цел раст на имиџот и пораст на продажбата.

Сите новости во врска со промените во производите и услугите редовно се комуницираа во рекламните материјали со препознатлив имиџ и со примена на единствен конзистентен начин на пренесување на информацијата до корисниците.

Во текот на изминатата година, со присуство на традиционалните и нови медиуми, Банката спроведуваше продажни промоции и кампањи од кои позначајни се реализираните со фокус на понудата на ненаменските потрошувачки кредити, станбените кредити како и промотивните депозити.

Редовно беа комуницирани и дистрибуирани сите информации, промени и рекламни материјали до вработените, со што навремено беа запознати со сите новини во работењето на Банката.

Банката редовно и транспарентно ја известуваше јавноста и медиумите за сите значајни настани поврзани со работењето на Банката преку директна соработка со истите и преку својата интернет-страница.

Во делот на *грижата за корисници*, Банката реализираше брза и навремена реакција во однос на добиените поплаки што позитивно влијаеше врз имиџот на Банката, на подобрување на процесот на директна комуникација со крајните корисници и јакнење на довербата кон Банката.

- **Корпоративна општествена одговорност**

Како дел од бизнис-секторот, ТТК Банка АД Скопје, во своето работење, се грижи и делува за добробитот на општеството во коешто работи. Во улога на општествено одговорна компанија, ТТК Банка АД Скопје настојува да ги сплоти ентузијазмот на своите вработени, заемната соработка и отворената комуникација со партнерите и со институциите, етичкото управување и транспарентноста во работењето кон сите засегнати страни, грижата за корисниците, како и поддршката во реализацијата на целите на заедницата. Корпоративната општествена одговорност е фундаментална вредност на ТТК Банка АД Скопје, којашто интегрира социјална, хумана и етичка димензија. Посветеноста на ТТК Банка АД Скопје кон достојно спроведување на стратегијата за општествена одговорност придонесе Банката да оствари позитивни и успешни резултати во подигнување на свесноста за Банката, за градење имиџ на Банката како корпоративна општествено одговорна компанија, како и кон остварување многубројни позитивни придобивки за заедницата.

Во делот на *корпоративна општествена одговорност*, во изминатите неколку години, ТТК Банка АД Скопје ја зацврсти својата позиција меѓу лидерите на полето на спроведување општествено одговорни практики. Во 2017 година Банката го задржа континуитетот за поддршка на потребите и барањата на заедницата. Беа реализирани спонзорства и донации во културата, образованието, здравството, спортот и ранливите групи граѓани.

Етичко управување - Одговорното однесување е императив за ТТК Банка АД Скопје. Банката редовно и навремено ги ажурира и транспарентно објавува податоци и информации поврзани со работењето. Поставувањето ефикасен систем на корпоративно управување позитивно влијае на: јакнењето на довербата на нашите соработници, корисници и вработените во Банката, зголемувањето на транспарентноста на работењето, јасната организациска структура како и ефикасните системи на следење и контрола на ризиците.

6.9. Информатичка технологија и позадински работи

Во 2017 година, Банката продолжи со имплементација на проекти од информатичката технологија во областа на инфраструктурата и системскиот развој, со коишто се надгради хардверската и виртуелната инфраструктура, се поддржа комерцијалниот развој на продукти, се консолидираа решенијата за автоматизација на работењето, беа развиени нови интерни решенија и додадени нови можности во електронското банкарство. Се надгради апликативното решение за управување со ризици, беа имплементирани измени за усогласување со новите регулаторни барања, се прошири и се подигна нивото на контрола, а беа завршени и логистичките проекти за развој на мрежата на банкомати. Измените и подобрувањата на ИТ-системите овозможија Банката ефикасно да го следи растот на пазарот и обемот на работа и лесно да се прилагодува кон промените во организацијата, промените во регулативата и кон решенијата за нови продукти и услуги.

o Развој на софтвер

Во 2017 година во делот на софтверскиот развој беа направени следниве надградби и имплементации на нови апликативни решенија:

- Имплементирана е системска надградба на апликативното решение за девизно работење за поддршка на работење со ТАРГЕТ 2 системот.
- Извршена е надградба на решението за денарски ПП, во согласност со упатството за видот, формата и начинот на размена на податоци, како и во согласност со измените во законот за извршување
- Извршена е надградба и прилагодување на решението за размена на податоци со и кон УЈП
- Надградени се апликациите за адекватност на капитал и класификација на актива во дирекцијата за ризици во согласност со барањата на НБРМ и методологијата на банката
- Надградени се можностите на АМЛ софтверот во согласност со донесените законски измени донесени од страна на УФР
- Извршена е надградба на решението за мобилно банкарство, за Andorid и iOS оперативни системи
- Направени се надградби и измени на сетот на извештаи поврзани со новата методологија за известување за платежна статистика на НБРМ.
- Имплементирани се надградби на апликативниот софтвер за работа со фиксни каматни стапки кај депозитите, а во согласност со препораките од НБРМ
- Стабилизирани се автоматизациите за отписи и направени се контролни извештаи
- Извршена е надградба на апликациите за е-банкинг и м-банкинг и поставен е нов производ - инстант кредит што се нуди исклучиво преку електронските канали, кој во рок од 4 часа, со многу минимална човечка интервенција, ги одобрува и пушта средствата кон крајниот корисник кој е кредитоспособен. Надградена е и апликацијата со известувања преку Е-пошта.
- Во склоп на настојувањата за поголема автоматизација на процесите, имплементирани се измени и развиени се апликативни решенија за автоматско

визирање, рутирање кон европскиот платен систем ТАРГЕТ2 и книжење на 1450 обрасците во модулот за девизен платен промет

- Автоматизирани се процесите на дневните курсирања по модули и во главна книга кај девизното работење

- **Инфраструктурни и системски проекти од информатичката технологија**

- Извршена е миграција на главниот податочен сервер во виртуелна околина, со што банката веќе комплетно работи на виртуелна VMware платформа
- Набавен е и ставен во продукција нов магацин за податоци, кој ќе ги задоволи потребите на Банката најмалку за наредните 3 години
- Надградени се мрежите на АТМ уреди и на ПОС-терминали со набавка на нови АТМ уреди и безжични POS терминали
- Направени се надградби на SWIFT платформата за меѓународни плаќања
- Поставени се нови податочни поврзувања на резервната локација на банката , со примарните и секундарните локации на НБРМ , МИПС, КИБС, FIRST DATA и SWIFT
- Банката успешно учествуваше во тестирањето од НБРМ на планот за континуитет на процесите поврзани со МИПС системот, а без поголеми забелешки помина и тестирањето на сопствениот план за континуитет во работењето. Исто така, независното годишно надворешно пенетрациско тестирање покажа добро ниво на техничка подготвеност на банката за справување со тековните сајбер безбедносни ризици.
в) Значајни сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики кои се користени при подготовка на овие финансиски извештаи. Утврдувањето на сметководствените политики на Банката се заснова на признаени, познати и практични искуства, на одредбите на Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, Одлуката за сметковниот план за банките, Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и останатите законски прописи. Овие политики се конзистентно применети за сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

1. Трансакции во странска валута

Трансакциите деноминирани во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Македонија кои важат на денот на нивното настанување.

Трансакција во странска валута е трансакција која гласи на странска валута или може да се претвори во странска валута.

Средствата и обврските кои гласат во странски валути се искажани во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба, додека, пак, сите позитивни и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на Билансот на состојба деноминирани во странска валута се следните:

	31 декември 2018	**31 декември 2017**
1 ЕУР	61.4950 денари	61.4907 денари
1 УСД	53.6887 денари	51.2722 денари
1 ЦХФ	54.7742 денари	52.5472 денари

2.Пребивање (нетирање)

Финансиските средства и обврски се пребиваат, а разликата се признава во Билансот на состојба, само во случаи кога нетирањето на признаените износи е законски дозволено, понатаму, кога постои намера исплатата да се изврши на нето-основа, како и во случај на истовремена реализација на средството и исполнување на обврската.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)

3.Приходи и расходи по камати

Приходите и расходите по камати се признаени во Билансот на успех за сите каматоносни финансиски средства и обврски според амортизирана набавна вредност со примена на методата на ефективна каматна стапка. Методот на ефективна каматна стапка е метод за пресметка на амортизирана набавна вредност на финансиските средства или финансиските обврски преку алокација на приходите од камата и расходите за камата во соодветниот период. Ефективна каматна стапка е стапка со чијашто примена сегашната вредност на сите идни парични приливи се изедначува со сегашната вредност на сите идни парични одливи, во текот на очекуваниот век на финансискиот инструмент.

Приходите и расходите од камата се пресметани и наплатени во согласност со законските прописи на Република Македонија, или со договор помеѓу доверителот и должникот. Пресметаните, а недоспеани камати временски се разграничуваат. Исправка на истите се прави кога наплатата на пресметаните камати е сомнителна и спорна.

4.Приходи од надомести и провизии

Провизиите и надоместоците, со исклучок на надоместоците за одобрување на кредити, генерално се признаваат на пресметковна основа во периодот кога се врши услугата. Останатите надоместоци за одобрување на кредити се разграничуваат и амортизираат за времетраењето на кредитот со примена на методот на ефективна каматна стапка и истите се признаваат како приходи од камата.

5.Приходи и расходи од курсни разлики

Нето-приходите и расходите од курсни разлики вклучуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од порамнување на трансакциите во странска валута, како и од вреднување на средствата и обврските во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Преземените и потенцијалните обврски деноминирани во странска валута се пресметани во денари со примена на официјалните девизни курсеви кои важат на датумот на Билансот на состојба.

6. Приходи од дивиденди

Дивидендите се признаваат во Билансот на успех кога ќе се обезбеди правото за примање исплата. Дивидендите се прикажани како дел од нето-приходите од тргување или како останати приходи од дејноста во зависност од соодветната класификација на инструментот.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)

7. Нето приходи од тргување

Нето приходите од тргување претставуваат реализирани и нереализирани промени во објективната вредност при последователно мерење, добивка или загуба при отуѓување, дивиденди, приходи и расходи од камати на средствата и обврските за тргување.

Нето приходите од тргување се мерат според промената на објективната вредност на финансиските средства и обврски за тргување која претставува разлика помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност, на датумот на Билансот на состојба.

8. Финансиски средства

Банката ги признава финансиските средства и обврски во книгите, само доколку е една страна во договорните одредби на инструментот. Финансиските средства се признаваат и депризнаваат на датумот на тргување кога купувањето или продавањето на вложувањето е според договор чии што одредби бараат испорака на вложувањето во договорените временски рамки. Финансиските средства почетно се признаваат по фер вредност, што претставува трансакциска цена на инструментот. Класификацијата зависи од природата и намената на финансиските средства и се одредува во моментот на нивно почетно признавање. По 01 јануари 2018 година, класификацијата на финансиските средства се врши во зависност од бизнис моделот на банката и карактеристиките на договорените парични текови. Во Банката се утврдени три бизинис модели:

- Финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност (кредити и побарувања)
- Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку сеопфатна добивка и
- Финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку билансот на успех (хартии од вредност чувани за тргување)

Класификацијата на финансиските средства Банката ги врши врз основа на :

- деловениот модел на Банката за управување со финансиските средства и
- карактеристиките на договорните парични текови на финансиското средство.

Оцената на деловниот модел ја врши раководството на Банката, при нивно почетно признавање, при што ги зема во предвид сите релеватни и расположливи податоци за начинот на управување со финансиските инструменти.

Пред 01 јануари 2018 година, класификацијата на финансиските средтсва е обелоденета во белешка 1 - класификација на финансиските средства и финансиските обврски.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
8. Финансиски средства (продолжува)

Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех

Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктуации во цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување на добивка. По 01 јануари 2018 година, во оваа категорија Банката ќе ги класифицира и оние финансиски средства кои не го исполнуваат условот на СППИ поради што не може да се класифицираат ниту во категоријата на финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност, ниту во категорија на финансиски средства по објективна вредност преку сеопфатна добивка.

Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување. Средствата чувани за тргување се евидентираат по објективна вредност преку билансот на успех. Почетно, овие средства се признаваат во билансот на успех по објективна вредност. Трансакциските трошоци не се вклучуваат во износот по кој првично се мери инструментот. Тие се евидентираат веднаш во Билансот на успех во позиција "Приходи и расходи од провизија и надоместоци". Добивките или загубите од последователното мерење се вклучуваат во позицијата "Нето приходи од тргување".

Финансиски средства кои се чуваат до достасување

Сметководствената политика на Банката важечка пред 01 Јануари 2018, за финансиски средства кои се чуваат до достасување се однесува на финансиските средства со фиксни или утврдливи плаќања, фиксни датуми на доспевање за наплата и за кои Раководството на Банката има намера и способност да ги чува до нивно доспевање. Доколку Банката продаде значаен дел од финансиските средства кои се чуваат до доспевање (кој не би бил нематеријален) пред нивно доспевање, целата категорија на овие средства би се прекласифицирала во финансиски средства расположливи за продажба.

Сметководствената политика на Банката важечка по 01 Јануари 2018 година за финансиските средства кои се чуваат до достасување се однесува на должнички финансиски средства кои што ги управува Банката со цел наплата на договорените парични текови и кои согласно договорените услови на средството го исполнуваат условот на СППИ.

Овие хартиии од вредност се прикажани во категорија – Финансиски средства евидентирани по амортизирана набавна вредност со примена на методот на ефективна каматна стапка. Почетно овие средства се признаваат по нивната набавна вредност, којашто е еднаква на објективната вредност на дадениот надоместок за средството, зголемена за трансакциските трошоци кои што се директно поврзани со стекнувањето на средството. Последователно, финансиските средства кои се чуваат до достасување се мерат по амортизирана набавна вредност, со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
8. Финансиски средства (продолжува)

Добивките и загубите реализирани при продажба или отпис на средството се евидентираат преку Билансот на успех како останати приходи/расходи.

Финансиски средства расположливи за продажба

Сметководствената политика на Банката важечка пред 01 Јануари 2018 за финансиските средства расположливи за продажба, се однесува на средства кои се определни како расположливи за продажба и не се класифицирани како кредити и побарувања, финансиски средства кои се чуваат до достасување или финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех.

Сметководствената политика на Банката важечка по 01 Јануари 2018 за истите средства се однесува на средства кои Банката ги држи со цел наплата на договорените парични текови и/или за продажба и кои согласно договорените услови на средството го исполнуваат условот на СППИ (Банката очекува парични текови на одредени датуми „единствено врз основа на отплата на главница и камата“).

Прикажаното портфолио е составено од сопственички хартии од вредност во банки, финансиски институции и претпријатија врз кои Банката нема контрола. Овие средства почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакциите, а последователно се мерат според објективна вредност, врз основа на пазарната вредност или ако не постои активен пазар врз основа на метод кој најдобро би ја определила објективната вредност на сопственичкиот инструмент. Нереализираните добивки или загуби од последователното мерење на финансиското средство што е расположливо за продажба се еднакви на разликата помеѓу амортизираната набавна вредност и објективната вредност на средството и се вклучуваат директно во капиталот во позицијата ревалоризациски резерви – “Разлики од вреднување на средствата расположливи за продажба”.

Приходите врз основа на камата, дивиденда, како и за позитивните/негативните курсни разлики на финансиските средства што се расположливи за продажба се признаваат во билансот на успех за тековниот период,

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
8. Финансиски средства (продолжува)

Кај должничките хартии од вредност при депризнавање кога средството ќе се продаде или достаса, кумулативната нереализирана добивка или загуба претходно признаена во капиталот се вклучува во нето добивката или загубата за периодот во позицијата останати приходи/расходи. Кај сопственичките хартии од вредност при нивно депризнавање состојбата на сметката за ревалоризациски резерви банката ќе ја прекнижи на позицијата Акумулирана /Задржана добивка.

Кредити и побарувања

Сметководствената политика на Банката важечка пред 01 Јануари 2018 за кредитите и побарувањата се однесува на сите побарувања кои произлегуваат од трансакциите со клиенти и банки, како и оние кои потекнуваат од банката, така и оние кои се купени на секундарен пазар. Кредитите и побарувањата се недериватни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања кои не котираат на активен пазар.

Согласно сметководствената политика на Банката важечка по 01 Јануари 2018, кредитите и побарувањата се финансиски средства кои го исполнуваат условот на СППИ тестот.

Тие се јавуваат кога Банката одобрува пари или услуги директно на комитентите без намера за размена на побарувањето т.е кога Банката станува странка на договорните одредби на инстументот. Почетно кредитите и побарувањата се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци кои што се директно поврзани со стекнувањето или издавањето на финансиското средство. Последователно кредитите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

9. Оштетување на финансиските средства

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на билансирање, Банката проценува дали постои објективен доказ за оштетување на финансиското средтво. Финансиските средства или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетувањето како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата (‘случај на загуба’) и дека тој случај на загуба влијае на предвидениот иден паричен тек на финансиските средства или на група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат. Критериуми што Банката ги користи при утврдување на постоењето на објективен доказ за загуба од оштетување вклучуваат:

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
9. Оштетување на финансиските средства (продолжува)

- Непочитување на договорните обврски за плаќање на главницата или каматата.
- Потешкотии со паричните текови кај позајмувачот.
- Неисполнување на договорите или условите за кредитирање.
- Отпочнување на стечајна постапка.
- Намалување на вредноста на дадените гаранции-колатерал.

Банката врши проценка на постоењето на објективен доказ за оштетување на поединечна и групна основа за сите финансиски средства. Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот), дисконтирани со примена на ефективна каматна стапка на финансиското средство. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употреба на сметка за резервирање заради оштетување, со истовремено признавање на соодветениот расход поради оштетување во тековниот Биланс на успех.

Во случај на ненаплатливност на кредитот истиот се отпишува наспроти соодветното резервирање поради оштетување, Таквите кредити се отпишуваат откако ќе се завршат сите неопходни процедури и ќе се утврди износот на загубата. Последователните надоместувања за претходно отпишаните износи го намалуваат износот на резервирањето поради оштетување на кредитите во корист на тековните добивки.

Доколку последователно износот на загубата од оштетување се намали и намалувањето може објективно да се поврзе со настан кој се случува по признавањето на оштетувањето (како што е подобрување на кредитниот рејтинг на должникот) претходно признаената загуба од оштетување се намалува преку корекција на сметката за резервирањето. Износот на намалувањето се признава во корист на тековната добивка.

Банката по 01 јануари 2018 година за вложувањата во сопственички хартии од вредност не пресметува исправка на вредност, додека до 01 јануари 2018 година правеше пресметка на истите.

10. Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се однесуваат на земјиште, згради, опрема и други вредности добиени во замена за ненаплатени побарувања. Одредено средство се смета за преземено во моментот на стекнување правна основа за запишување на сопственоста.

На датумот на преземање, преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се признаваат по почетната сметководствена вредност. Почетната сметководствена вредност е помалиот износ од проценетата вредност важечка на датумот на преземање и набавната вредност на преземеното средство. Набавната вредност на преземеното средство е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правната основа за стекнување право на сопственост на Банката над преземеното средство.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
10. Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања (продолжува)

На датумот на преземање на средството, Банката е должна во Билансот на состојба да прикаже оштетување од најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство.

Доколку износот на затворената исправка на вредноста/посебна резерва е поголем од оштетувањето од 20%, Банката е должна да ја признае оваа разлика како ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството.

Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, Банката е должна да ја утврди проценетата вредност на преземените средства и во Билансот на успех да признае и прокнижи загуба за оштетување еднаква најмалку на поголемиот износ од:

- негативната разлика помеѓу проценетата вредност и нето-вредноста на преземеното средство и

- 20% од нето-вредноста на преземеното средство.

Доколку Банката не успее да го продаде преземеното средство во рок од пет години по датумот на неговото преземање, должна е на крајот на петтата година да ја сведе нето-вредноста на преземеното средство на нула.

11. Нематеријални средства

Нематеријално средство е немонетарно средство, без физичка содржина, коешто може самостојно да се идентификува. Нематеријалните средства вклучуваат капитализирани трошоци за развој, софтвери и други нематеријални средства, како права и лиценци кои се законски заштитени и кои не може да бидат одземени од овластениот сопственик без негова желба.

Почетно, нематеријалните средства се признаваат по нивната набавна вредност.

Последователно истите се мерат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и за акумулираните загуби поради оштетување.

Компјутерски софтвер

Трошоците поврзани со развојот или одржувањето на компјутерски софтверски програми се признаваат како трошоци во моментот на нивното настанување. Трошоците директно поврзани со препознатливи и уникатни

софтверски производи контролирани од страната на Банката кои најверојатно ќе создадат економски користи кои ќе ги надминат трошоците по една година се признаваат како нематеријални средства. Трошоците за развој на компјутерски софтвер кои се признаваат како средства се амортизираат користејќи праволиниска метода во текот на период од десет години.

Останати нематеријални средства

Трошоците за стекнување права и лиценци се капитализираат и амортизираат користејќи праволиниска метода во текот на период од пет години.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)

12. Недвижности и опрема

Недвижностите и опремата се материјални вложувања за административни цели од кои се очекува да имаат користен век подолг од една година. Недвижностите и опремата се евидентирани по набавна вредност намалена за пресметаната амортизација и акумулираните загуби поради оштетување. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средството.

Амортизацијата се пресметува правопропорционално со примена на законски пропишани стапки со цел алокација на набавната вредност на имотот, зградите и опремата во текот на нивниот проценет век на употреба. На иневстициите во тек не се пресметува амортизација се до нивното ставање во употреба.

Во продолжение е даден проценетиот век на употреба на некои позначајни ставки:

Градежни објекти	40 години
Транспортни средства	4 години
Мебел и канцелариска опрема	5 до 10 години
Компјутерска опрема	4 години
Телекомуникациска опрема	4 години
Останата опрема	10 години

Корисниот век на употреба и метод на амортизација се проверува еднаш годишно, на секој датум на известување.

Последователните издатоци се вклучени во евидентираната вредност на средството или се признаваат како посебно средство соодветно, само кога постои веројатност од прилив на идни економски користи за Банката поврзани со ставката и кога набавната вредност на ставката може разумно да се измери, во спротивно се признаваат како трошоци во Билансот на успех кога настануваат.
Добивките или загубите остварени со отуѓување или ставање надвор од употреба на недвижностите и опремата се определуваат како разлика меѓу приливите од продажба и сметководствената вредност на средството и истите се признаваа во билансот на успех во позицијата “Останати приходи од дејноста”, или “Останати расходи од дејноста”.

13. Оштетување на нефинансиски средства

Средствата подложни на амортизација се проверуваат од можни оштетувања секогаш кога одредени настани или промени укажуваат дека евидентираниот износ на средствата не може да се надомести.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
13. Оштетување на нефинансиски средства (продолжува)

Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето-продажната цена и употребната вредност на средствата.

14. Парични средства и еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина и ностро сметки кои преставуваат депозити по видување и пласмани кај други банки и финансиски институции, износи кај НБРМ и други финансиски средства како што се благајнички и други записи, како високо ликвидни средства кои доспеваат во рок од 3 месеци од датумот на стекнување.

За целите на изготвување на извештајот за паричен тек од паричните средства и парични еквиваленти се исклучува задолжителната резрва во девизи и ограничените депозити.

Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат по амортизирана набавна вредност и таа вообичаено е еднаква со нивната номинална вредност.

15. Резервирање

Банката ја признава посебната резерва на датумот на биланс на состојба за судски спорови и останати побарувања, односно кога постои тековна обврска како резултат на настан од минатото за која пости веројатност дека ќе биде потребен одлив на средства кои вклучуваат економски користи за подмирување на обврската, а врз основа на направена веродостојна проценка на износот на обврската. Резервирањата се проверуваат на секој датум на билансирање и се корегираат со цел да се рефлектира најдобрата тековна проценка. Кога ефектот на времената вредност на парите е материјален, износот на резервирањето претставува сегашна вредност на трошоците кои се очекува да се појават за подмирување на обврската.

Последователно, Банката го проценува износот на резервирањата на секој датум на билансот на состојба. Последователното зголемување/намалување на резервирањето се прикажува на нето-основа во билансот на успех, во позицијата “Останати расходи од дејноста/Останати приходи од дејноста”.

16. Надомести за вработените

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување се плаќаат од страна на Банката во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
16. Надомести за вработените (продолжува)

Не постои дополнителна обврска во врска со пензиските планови. Во согласност со законските прописи и колективниот договор, Банката има обврска на своите вработени да им исплати отпремнина при пензионирање во висина на две просечни месечни плати. Отпремнините на вработените се евидентираат како трошок во билансот на успех во периодот во кој се исплаќаат.
Банката нема извршено резервирања за пресметан посебен минимален износ за пензионирање на вработените, бидејќи овој износ не е од материјално значење за финансиските извештаи.

17. Тековен и одложен данок од добивка

Данокот од добивка се пресметува во согласност со законските одредби во Република Македонија. Пресметката на месечната аконтација на данокот на добивка се плаќа однапред како што е определено од даночните органи.

Трошокот за данок од добивка претставува збир на тековниот и одложениот данок од добивка. Основица за пресметување на данокот од добивка по стапка од 10% претставува финансискиот резултат искажан во Билансот на успех коригиран за непризнаени расходи и даночни ослободувања. Тековниот данок од добивка се пресметува и плаќа во согласност со македонскиот Закон за данок од добивка.

Одложениот данок од добивка се евидентира во целост користејќи ја методата на обврска за времените разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и износите по кои истите се евидентирани за целите на финансиското известување. При утврдување на одложениот данок од добивка се користат тековните важечки стапки. Одложениот данок од добивка се товари или одобрува во Билансот на успех, освен доколку се однесува на ставки кои директно го товарат или одобруваат капиталот во кој случај одложениот данок се евидентира исто така во капиталот. Одложените даночни средства се признаваат во обем во кој постои веројатност за искористување на времените разлики наспроти идната расположива оданочлива добивка. Банката нема евидентирано одложени даночни средства или обврски со состојба на 31 декември 2018 и 2017 година бидејќи не постојат времени разлики на овие датуми.

18. Финансиски обврски

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорениот аранжман. Сите финансиски обврски на Банката на датумите на известување се класифицирани како останати финансиски обврски по амортизирана набавна вредност и се состојат од депозити на банки и други комитенти, обврски по кредити и останати обврски.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
18. Финансиски обврски (продолжува)

Обврски по кредити

Обврските по кредити иницијално се признаваат по објективна вредност, што претставува примени приливи (објективна вредност на примените надоместоци) коригирани за направените трошоци на трансакцијата. Обврските по кредити се евидентирани последователно според нивната амортизирана набавна вредност. Обврските по кредити престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

Депозити на банки и комитенти

Депозитите на банки и комитенти генерално претставуваат: тековни сметки, депозити по видување и орочени депозити на банки, правни и физички лица. Банката ги признава депозитите во својот Биланс на состојба само кога Банката станува странка на договорните одредби на инструментот. Депозитите на банки и комитенти почетно се мерат според нивната објективна вредност, коригирана за трансакциските трошоци кои директно се поврзани со преземањето или издавањето на финансиската обврска. Депозитите на банки и комитенти последователно се мерат според амортизираната набавна вредност, со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Депозитите на банки и комитенти престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

Останати обврски

Останатите обврски иницијално се признаваат по објективна вредност, што претставува примени приливи (објективна вредност на примените надоместоци) коригирани за направените трошоци на трансакцијата. Останатите обврски се евидентирани последователно според нивната амортизирана набавна вредност. Останатите обврски престануваат да се признаваат кога истите се намирени, откажани или истекнати.

19.Капитал, резерви и прашања за дивиденди

(а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

(б) Трошоци поврзани со емисија на акции

Трошоците поврзани со емисија на нови акции, опции или стекнувањето деловна активност се презентирани во капиталот како намалување на приливите, нето од данокот.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
19.Капитал, резерви и прашања за дивиденди (продолжува)

(в) Сопствени акции

Кога Банката откупува свој акционерски капитал, платените надомести се одземаат од вкупниот акционерски капитал како сопствени акции сѐ додека истите не се отуѓат. Кога таквите акции последователно се продаваат, примените надомести се вклучуваат во акционерскиот капитал.

(г) Резерви

Резервите се состојат од ревалоризациски резерви, законски резерви, создадени во текот на периодите врз основа на распределба на акумулирани добивки во согласност со законската регулатива и одлуките на Собранието на Банката и останати резерви.

(д) Нераспределени добивки/(загуби)

Нераспределните добивки/(загуби) ги вклучуваат тековните, како и оние од претходните периоди, задржани добивки и загуби.

(е) Дивиденди на обични акции

Дивидендите на обичните акции се признаваат како обврски во периодот во којшто се одобрени од страна на акционерите на Банката.

20. Заработка по акции

Банката е должна да ја прикаже заработката по акција во основната структура на билансот на успех, ако нејзините обични акции се предмет на јавно тргување на пазарот или ако банката е во процес на издавање обични акции на јавните пазари.

Основната заработка по акција се пресметува со делење на добивката, или на загубата, којашто им припаѓа на акционерите – сопственици на обични акции на Банката (деленик) со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек (делител) во текот на периодот. Пондерираниот просечен број на акции во оптек во текот на периодот се добива кога бројот на акции во оптек на почетокот на периодот ќе се корегира за бројот на акции коишто се откупени или издадени во текот на периодот, помножено со временскиот пондер (бројот на денови во текот на кој конкретните акции се во оптек, во однос на вкупниот број денови во годината.

Разводнетата заработка по акции во Банката е идентична со основната заработка по акција поради непостоење на издадени потенцијални обични акции за чиј ефект се врши корекција на нето добивката која им припаѓа на имателите на обични акции.

21. Наем

Утврдувањето дали еден договор претставува или содржи наем се базира на суштината на договорот во зависност дали исполнувањето на договорот зависи од употребата на специфичното средство или средства или договорот пренесува право за употреба на средството.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)
21. Наем (продолжува)

Банката дава и зема заеми под закуп по основ на оперативни наеми. Приходите и расходите по основ на наемнини се признаваат во Билансот на успех на праволиниска основа во рамки на времетраење на наемот. Однапред платените наемнини се признаваат како одложени расходи.

Финансискиот наем (Банката како закупец) кој на Банката суштински и ги пренесува ризиците и бенефитите поврзани за сопственост на предметот на наем се капитализира во моментот на започнувањето на наемот по реална вредност на возилото/опремата кое е предмет на наем или, ако е пониска, тогаш по сегашната вредност на минималните плаќања за наем. Плаќањата за наем се распределени помеѓу финансиските давачки и намалувањето на обврските за наем со цел да се постигне константна каматна стапка за останатиот износ на обврската. Финансиските давачки се наплаќаат директно од приходот.

Средствата предмет на наем се амортизираат според пократкиот од проценетиот век на средството или според периодот на наем, ако не постои реална сигурност дека Банката ќе стекне сопственост над средството до крајот на периодот на наем.

Наемот каде што Банката (како закуподавач) суштински ги задржува сите ризици и бенефити од сопственоста на средството се класифицира како оперативен наем. Иницијалните директни трошоци кои се јавуваат при договарањето на оперативен наем во Билансот на состојба се презентираат како одложени трошоци и се признаваат како профит или загуба во текот на периодот на наем на иста основа како приход од наемнини. Непредвидените наемнини се признаваат како приход во периодот во кои се јавиле. Однапред платените наемнини се признаваат како одложен приход. Банката нема класифицирано средства во категорија на финансиски наем.

22. Известување според сегменти

Деловен сегмент претставува група средства или активности кои се ангажирани во обезбедувањето производи или услуги кои се предмет на ризици и надомести кои се разликуваат од оние во останатите деловни сегменти. Географскиот сегмент е ангажиран во обезбедување производи или услуги во одредено економско опкружување кое е предмет на ризици и надомести што се разликуваат од оние сегменти кои ги извршуваат активностите во други економски опкружувања.

23.Потенцијални и преземени обврски

Банката презема обврски во текот на своите деловни активности по основ на кредитни пласмани евидентирани на сметките од вонбилансната евиденција, што првенствено вклучуваат гаранции, акредитиви и неискористени кредитни лимити. Овие финансиски обврски се евидентираат во Билансот на состојба кога ќе можат да се повратат. Издвоената посебна резерва поради оштетување поврзано со вонбилансните потенцијални и преземени обврски е вклучено во Билансот на состојба како обврска.

в) Значајни сметководствени политики (продолжува)

24. Доверителски активности

Банката повремено делува како доверител и има останати доверителски својства што резултира во чување или пласирање средства во име на физички лица или останати институции. Овие средства не се вклучени во овие финансиски извештаи поради тоа што тие не се средства на Банката.

25. Настани по датумот на известување

Оние последователни настани кои даваат дополнителни информации за финансиската состојба на Банката на датумот на известувањето (корективни настани) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани по датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни, и доколку нивното необелоденување може да влијае врз деловните одлуки на корисниците на финансиските извештаи. За секој некоректив настан, се обелоденуваат информации за природата на настанот и проценка на неговиот финансиски ефект, или изјава дека ваквата проценка не може да се направи.

г) Употреба на оцени и процени

При составување на финансиските извештаи, раководството на Банката дава процени и претпоставки кои влијаат врз примена на политиките и искажување на износите на средствата и обврските, како и објавување на потенцијалните преземени обврски на датумот на Биланс на состојба, како и износите на приходите и расходите. Проценитe и претпоставките се темелат на историско искуство и разни други факти кои се сметаат за разумни имајќи ги предвид околностите и информациите кои се расположливи на датумот на подготовка на финансиските извештаи, а коишто претставуваат основа за процена на вредноста на средствата и обврските за кои не може да се добијат процени од други извори. Вистинските резултати може да се разликуваат од овие процени. Проценитe и претпоставките поврзани со нив постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените процени се признаваат во периодот во кој проценатa се менува, доколку измената влијае само на тој период или во тековен и идни периоди доколку измената влијае на тековниот и идните периоди.

Оштетување на кредити одобрени на комитенти

Банката месечно го проверува своето кредитно портфолио со цел процена на неговата оштетеност. При одредувањето на потребата за признавање загуба од оштетување во Билансот на успех, Банката проценува дали постојат евидентни докази кои укажуваат на мерливо намалување во проценетите парични текови од кредитното портфолио пред идентификување на намалувањето на ниво на поединечен кредит во рамките на портфолиото на кредити и побарувања.

г) Употреба на оцени и процени (продолжува)

Раководството употребува процени базирани на минати искуства поврзани со оштетувањето на средствата со карактеристики на кредитен ризик, како и објективни докази на оштетување слични на оние во портфолиото при распоредувањето на идните парични текови. Методологијата и претпоставките кои се користат за процена на износот и периодот на идните парични текови се проверуваат редовно, со цел намалување на какви било разлики помеѓу проценетите и фактичките загуби.

Објективна вредност на финансиските *инструменти*

Објективната вредност претставува износ за кој некое средство може да се замени или обврска да се подмири по пазарни услови. Подетални информации за објективната вредност на финансиските инструменти се дадени во Белешка 5.

д) Промена на сметководствените политики, сметководствените оцени и корекција на грешки

Освен како што е наведено во Белешката 1б, не постојат други промени во сметководствените политики при составувањето на приложените финансиски извештаи. Согласно наведеното во белешка 1б во делот на Презентација на финансиските извештаи, одредени белешки во приложените финансиски извештаи се презентирани согласно начинот на презентација во Одлуката.

ѓ) Усогласеност со законската регулатива

Во текот на 2018 година работењето на Банката беше во целост усогласено со регулативата пропишана од Народната банка на Република Северна Македонија, по однос на солвентноста и адекватноста на капиталот, лимитите на изложеност на Банката, вложувањата на Банката, ликвидноста на Банката и отворената девизна позиција.

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски

А. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски

во илјади денари	по објективна вредност преку биланс на успех: за тргување	по објективна вредност преку биланс на успех: по објективна вредност при почетното признавање	по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка: должнички инструменти	по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка: сопственички инструменти	**по амортизирана набавна вредност**	**Вкупно**
2018 (тековна година)						
Финансиски средства						
Парични средства и парични еквиваленти	-	-	-	-	1.850.527	1.850.527
Средства за тргување	29.707	-	-	-	-	29.707
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-
Деривативни средства чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од банки	-	-	-	-	59.945	59.945
Кредити на и побарувања од други комитенти	-	-	-	-	4.745.889	4.745.889
Вложувања во хартии од вредност	-	-	-	84.622	1.258.482	1.343.104
Останати побарувања	-	-	-	-	21.307	21.307
Вкупно финансиски средства	***29.707***	***-***	***-***	***84.622***	***7.936.150***	***8.050.479***
Финансиски обврски						
Обврски за тргување	-	-			-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-			-	-
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	-	-			-	-
Депозити на банки	-	-			159	159
Депозити на други комитенти	-	-			6.800.554	6.800.554
Издадени должнички хартии од вредност	-	-			-	-
Обврски по кредити	-	-			281.036	281.036
Субординирани обврски и хибридни инструменти	-	-			-	-
Останати обврски	-	-			80.127	80.127
Вкупно финансиски обврски	***-***	***-***			***7.161.876***	***7.161.876***

1.□ Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

A. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски

во илјади денари	**по објективна вредност преку биланс на успех**		**по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка**		**по амортизирана набавна вредност**	**Вкупно**
	за тргување	по објективна вредност при почетното признавање	должнички инструменти	сопственички инструменти		
2017 (претходна година)						
Финансиски средства						
Парични средства и парични еквиваленти	-	-	-	-	-	-
Средства за тргување	-	-	-	-	-	-
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од банки	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од други комитенти	-	-	-	-	-	-
Вложувања во хартии од вредност	-	-	-	-	-	-
Останати побарувања	-	-	-	-	-	-
Вкупно финансиски средства	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**
Финансиски обврски						
Обврски за тргување						
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-			-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик	-	-			-	-
Депозити на банки	-	-			-	-
Депозити на други комитенти	-	-			-	-
Издадени должнички хартии од вредност	-	-			-	-
Обврски по кредити	-	-			-	-
Субординирани обврски и хибридни инструменти	-	-			-	-
Останати обврски	-	-			-	-
Вкупно финансиски обврски	**-**	**-**			**-**	**-**

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

А.а. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски, согласно Методологијата пред 1 јануари 2018 година

во илјади денари	за тргување	по објективна вредност при почетното признавање	чувани до достасување	кредити и побарувања	расположливи за продажба	останати побарувања и обврски, по амортизирана набавна вредност	**Вкупно**
2017 (претходна година)							
Финансиски средства							
Парични средства и парични еквиваленти	-	-	-	-	-	1.692.695	1.692.695
Средства за тргување	18.256	-	-	-	-	-	18.256
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од банки	-	-	-	99.913	-	-	99.913
Кредити на и побарувања од други комитенти	-	-	-	4.345.434	-	-	4.345.434
Вложувања во хартии од вредност	-	-	-	-	-	-	-
- кои се мерат по објективна вредност	-	-	-	-	101.569	-	101.569
- кои се мерат по амортизирана набавна вредност	-	-	-	-	1.174.174	-	1.174.174
Останати побарувања	-	-	-	-	-	22.262	22.262
Вкупно финансиски средства	***18.256***	***-***	***-***	***4.445.347***	***1.275.743***	***1.714.957***	***7.454.303***
Финансиски обврски							
Обврски за тргување							
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-	-	-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик	-	-	-	-	-	-	-
Депозити на банки	-	-	-	-	-	55.393	55.393
Депозити на други комитенти	-	-	-	-	-	6.160.150	6.160.150
Издадени должнички хартии од вредност	-	-	-	-	-	-	-
Обврски по кредити	-	-	-	-	-	389.810	389.810
Субординирани обврски и хибридни инструменти	-	-	-	-	-	-	-
Останати обврски	-	-	-	-	-	69.608	69.608
Вкупно финансиски обврски	***-***	***-***	***-***	***-***	***-***	***6.674.961***	***6.674.961***

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

Б. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски на 1 јануари 2018 година

Б.1. Споредба на класификацијата и на крајната и почетната сметководствена вредност на финансиските средства и финансиските обврски на 31.12.2017 и на 1.1.2018

	класификација (описно да се наведе категоријата на финансиски инструмент)		сметковоствена вредност	
	претходна категорија (на 31.12.2017)	нова категорија (на 1.1.2018)	крајна сметководствена вредност на 31.12.2017	почетна сметководствена вредност на 1.1.2018
Финансиски средства	*опис*		*во илјади денари*	
Парични средства и парични еквиваленти	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	1.692.695	1.692.695
Средства за тргување			18.256	18.256
должнички хартии од вредност				
сопственички инструменти	финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку извештајот за сеопфатна добивка	финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку извештајот за сеопфатна добивка	18.256	18.256
деривати за тргување	-	-	-	-
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-	-
должнички хартии од вредност	-	-	-	-
сопственички инструменти	-	-	-	-
кредити на и побарувања од банки	-	-	-	-
кредити на и побарувања од другу комитенти	-	-	-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик	-	-	-	-
Кредити на и побарувања од банки	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	99.913	99.913
Кредити на и побарувања од други комитенти	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	4.345.434	4.345.434
Вложувања во хартии од вредност			1.275.743	1.271.851
должнички хартии од вредност				
- кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	-	-	-	-
- кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски средства расположливи за продажба	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	1.174.174	1.174.174
сопственички инструменти				
- кои се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	финансиски средства расположливи за продажба	финансиски средства кои се мерат по објективна вредност преку извештајот за сеопфатна добивка	101.569	97.677
Останати побарувања	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски средства кои се мерат по амортизирана набавна вредност	22.262	22.262
Вкупно финансиски средства			***7.454.303***	***7.450.411***

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

Б.1. Споредба на класификацијата и на крајната и почетната сметководствена вредност на финансиските средства и финансиските обврски на 31.12.2017 и на 1.1.2018

Финансиски обврски				
Обврски за тргување				
депозити на банки	-	-	-	-
депозити на други комитенти	-	-	-	-
издадени должнички хартии од вредност	-	-	-	-
останати финансиски обврски	-	-	-	-
деривати за тргување	-	-	-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање				
депозити на банки	-	-	-	-
депозити на други комитенти	-	-	-	-
издадени должнички хартии од вредност	-	-	-	-
субординирани обврски	-	-	-	-
останати финансиски обврски	-	-	-	-
Деривати обврски чувани за управување со ризик	-	-	-	-
Депозити на банки	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	55.393	55.393
Депозити на други комитенти	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	6.160.150	6.160.150
Издадени должнички хартии од вредност				
Обврски по кредити	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	389.810	389.810
Субординирани обврски и хибридни инструменти				
Останати обврски	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	финансиски обврски кои се мерат по амортизирана набавна вредност	69.608	69.608
Вкупно финансиски обврски			***6.674.961***	***6.674.961***

1. Класификација на финансиските средства и финансиските обврски (продолжува)

Б.2. Усогласување на крајната и почетната сметководствена вредност на финансиските средства и финансиските обврски на 31.12.2017г. и на 1.1.2018г.

во илјади денари	крајна сметководствена вредност на 31.12.2017	ефект од почетна примена на Методологијата на 1.1.2018г.	почетна сметководствена вредност на 1.1.2018
Финансиски средства			
по амортизирана набавна вредност			
Парични средства и парични еквиваленти	1.692.695	-	1.692.695
Кредити на и побарувања од банки	99.913	-	99.913
Кредити на и побарувања од други комитенти	4.345.434	-	4.345.434
Вложувања во хартии од вредност			
должнички инструменти	1.174.174		1.174.174
- прекласификувани од/во средства чувани до достасување		-	
- прекласификувани од/во средства расположливи за продажба	1.174.174	-	1.174.174
- прекласификувани од/во средства за тргување		-	
Останати побарувања	22.262	-	22.262
Вкупно финансиски средства по амортизирана набавна вредност	***7.334.478***	***-***	***7.334.478***
по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка			
Вложувања во хартии од вредност			
должнички инструменти	-		-
- прекласификувани од/во средства чувани до достасување		-	
- прекласификувани од/во средства расположливи за продажба		-	
- прекласификувани од/во средства за тргување		-	
сопственички инструменти	101.569		97.677
- прекласификувани од/во средства расположливи за продажба	101.569	(3.892)	97.677
- прекласификувани од/во средства за тргување			
Вкупно финансиски средства по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка	***101.569***	***(3.892)***	***97.677***
по објективна вредност преку биланс на успех			
Средства за тргување			
должнички инструменти	-		-
- прекласификувани од/во средства чувани до достасување		-	
- прекласификувани од/во средства расположливи за продажба		-	
- прекласификувани од/во средства за тргување		-	
сопственички инструменти	18.256		18.256
- прекласификувани од/во средства расположливи за продажба		-	
- прекласификувани од/во средства за тргување	18.256	-	18.256
деривати за тргување	-	-	-
Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање	-	-	-
Дериватни средства чувани за управување со ризик	-	-	-
145	- - Кредити на и побарувања од банки (146+147+148-149)	99.913.302,00			59.944.525,00
146	- - Кредити	100.013.333,00			60.004.583,00
149	- - Исправка на вредноста	100.031,00			60.058,00
150	- - Кредити на и побарувања од други коминтенти (151+152-153)	4.362.972.172,00			4.756.037.718,00
151	- - Кредити	4.495.278.063,00			4.911.339.578,00
153	- - Исправка на вредноста	132.305.891,00			155.301.860,00
154	- - Должнички хартии од вредност(155+156+157-158)	1.699.747.319,00			1.772.946.128,00
155	- - Благајнички записи	525.573.406,00			514.464.397,00
156	- - Државни хартии од вредност	938.264.575,00			692.936.076,00
157	- - Останати должнички хартии од вредност	235.909.338,00			565.545.655,00
159	- - Вложувања во сопственички инструменти	119.824.826,00			114.328.619,00
169	- - Нематеријални средства (170+171+172+173+174)	17.965.041,00			16.704.021,00
172	- - Концесии, патенти, лиценци,заштитни знаци и слични права	3.376.131,00			2.973.039,00
174	- - Останати нематеријални средства	14.588.910,00			13.730.982,00
175	- - Материјални средства (176+177+178)	213.650.649,00			207.594.798,00
177	- - Недвижности и опрема	165.078.559,00			200.483.749,00
178	- - Останати материјални средства	48.572.090,00			7.111.049,00
179	- - Останати средства/побарувања (180+181+182 +183+184+185+186+187+188+189+190+191-192)	213.336.640,00			38.806.387,00
180	- - Ограничени депозити	71.008.739,00			263.990,00
184	- - Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	121.183.910,00			17.014.710,00
188	- - Побарувања за данок на добивка				361.330,00
191	- - Останати побарувања	48.231.617,00			33.275.281,00
192	- - Исправка на вредноста	27.087.626,00			12.108.924,00
193	- - Одложени приходи и однапред платени трошоци	1.118.292,00			140.568,00
194	- - ВКУПНА АКТИВА (140+141+145+150+154 +159+160 +163+166+169+175+179+193)	7.824.640.574,00			8.302.301.887,00
195	- - ПАСИВА: ОБВРСКИ (196+202+208+213 +222+223+227)	6.706.575.130,00			7.188.162.067,00
196	- - Обврски кон банки (197+198+199+200+201)	442.890.788,00			278.882.856,00
197	- - Трансакциски сметки	27.947,00			158.817,00
198	- - Депозити	55.365.150,00			
200	- - Обврски по кредити	387.497.691,00			278.724.039,00
202	- - Обврски кон други комитенти (203+204+205+206+207)	6.162.461.963,00			6.802.865.792,00
203	- - Трансакциски сметки	2.267.887.763,00			2.480.750.204,00
204	- - Депозити	3.742.295.554,00			4.150.207.176,00
205	- - Ограничени депозити	149.966.646,00			169.596.412,00

206	- - Обврски по кредити	2.312.000,00	2.312.000,00
213	- - Останати обврски (214+215+216+217+218+219+220+221)	86.235.275,00	86.915.780,00
218	- - Обврски за данок на добивка	2.944.057,00	1.007.198,00
221	- - Останати обврски	83.291.218,00	85.908.582,00
222	- - Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди	3.854.763,00	4.367.267,00
223	- - Резервирања за ризици и обврски (224+225+226)	11.132.341,00	15.130.372,00
224	- - Резервирања за вонбилансна кредитна изложеност	4.691.758,00	4.245.709,00
225	- - Резервирања за пензии и за други користи на вработените	137.670,00	
226	- - Останати резервирања	6.302.913,00	10.884.663,00
228	- - КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ (229+230-231+232 +235+236-237+238-239+240)	1.118.065.444,00	1.114.139.820,00
229	- - Запишан капитал	907.888.000,00	907.888.000,00
230	- - Премии од акции	126.879,00	126.879,00
232	- - Резерви (233+234)	98.521.451,00	104.229.429,00
233	- - Законска и статутарна резерва	98.521.451,00	104.229.429,00
235	- - Ревалоризациски резерви и останати разлики од вреднувањето	7.012.351,00	-650.349,00
236	- - Добивка за финансиската година	100.128.330,00	101.276.437,00
238	- - Задржана добивка	4.388.433,00	5.161.233,00
239	- - Пренесена загуба (-)		3.891.809,00
241	- - ВКУПНА ПАСИВА (195+228)	7.824.640.574,00	8.302.301.887,00
242	- - ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА Вонбилансна евиденција-актива	4.283.792.988,00	4.326.491.187,00
243	- - Вонбилансна евиденција-пасива	4.283.792.988,00	4.326.491.187,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - Приходи од камата	332.845.435,00			339.721.895,00
2	- - Расходи за камата	67.712.657,00			68.931.476,00
3	- - Приходи од провизиии и надомести	152.237.614,00			153.243.528,00
4	- - Расходи за провизиии и надомести	25.664.758,00			27.042.700,00
6	- - Нето добивка од трансакции со хартии од вредност	3.763.159,00			4.224.878,00
8	- - Нето добивка од курсни разлики	9.280.556,00			7.923.075,00
10	- - Останати приходи од дејноста	98.802.574,00			128.021.276,00
11	- - Трошоци за вработените (012+013+014)	164.246.301,00			162.618.303,00
12	- - Плати	105.578.692,00			100.483.887,00
13	- - Трошоци за даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување	51.373.517,00			49.187.884,00
14	- - Останати користи за вработените	7.294.092,00			12.946.532,00
15	- - Амортизација на нематеријални средства и материјални средства	22.951.386,00			22.015.747,00
16	- - Исправка на вредност на нематеријални средства и материјални средства	45.189.203,00			61.040.935,00
17	- - Исправка на вредност, посебна резерва и резервирањата (018+019+020)	15.208.529,00			40.543.449,00
18	- - Исправка на вредност на активните билансни побарувања	14.385.343,00			36.099.369,00
19	- - Посебна резерва за вонбилансна кредитна изложеност	685.516,00			
20	- - Останати резервирања	137.670,00			4.444.080,00
22	- - Останати расходи од дејноста	144.059.544,00			138.150.266,00
23	- - Добивка од редовно работење (001+003+005+006+008+010) - (002+004 +007+009+011+015+016+017+021+022)	111.896.960,00			112.791.776,00
27	- - Добивка пред оданочување (023+025-026)	111.896.960,00			112.791.776,00
29	- - Данок од добивка (дел од Даночниот биланс)	11.768.630,00			11.515.339,00

30	- - Добивка за финансиската година (027-029)	100.128.330,00		101.276.437,00
32	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	269,00		246,00
33	- - Број на месеци на работење	12,00		12,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
609	- - Набавна вредност на софтвер со лиценца	10.378.881,00			11.526.839,00
611	- - Акумулирана амортизација на софтвер со лиценца	4.830.230,00			5.657.258,00
612	- - Сегашна вредност на софтвер со лиценца(< или = АОП 174 од БС)	5.548.651,00			5.869.581,00
613	- - Набавна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба	52.478.445,00			53.458.983,00
615	- - Акумулирана амортизација на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба	43.664.914,00			45.824.310,00
616	- - Сегашна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба(< или = АОП 174 од БС)	8.813.531,00			7.634.673,00
625	- - Набавна вредност на градежни објекти	197.096.381,00			240.811.944,00
626	- - Акумулирана амортизација на градежни објекти	57.975.169,00			63.447.377,00
628	- - Сегашна вредност на градежни објекти (< или = од АОП 177 од БС)	139.121.212,00			177.364.567,00
629	- - Набавна вредност на транспортни средства	17.872.504,00			14.570.761,00
630	- - Акумулирана амортизација на транспортни средства	10.756.525,00			11.182.061,00
632	- - Сегашна вредност на транспортни средства (< или = од АОП 177 од БС)	7.115.979,00			3.388.700,00
633	- - Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема)	576.305,00			300.856,00
634	- - Оштетување на информациска и телекомуникациска опрема	576.305,00			300.856,00
637	- - Набавна вредност на компјутерска опрема)	94.868.468,00			100.828.022,00
638	- - Оштетување на компјутерска опрема	81.888.481,00			85.218.196,00
640	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема(< или = од АОП 177 од БС)	12.979.987,00			15.609.826,00
641	- - Оригинални уметнички и литературни дела (< од АОП 178 од БС)	148.479,00			139.313,00
645	- - Добивки од курсни разлики (= на АОП 008 од БУ)	9.280.556,00			7.923.075,00
653	- - Капитални добивки реализирани од продажба на средства	57.978.094,00			78.357.164,00
654	- - Приходи од минати години(< или = на АОП 010 од БУ)				180.119,00
655	- - Приходи врз основа на судски тужби, даноци и други административни такси(< или = на АОП 010 од БУ)	70.483,00			38.210,00
657	- - Други приходи(< или = на АОП 010 од БУ)	2.584.345,00			23.569.086,00
658	- - Расходи за провизии и надомести (= на АОП 004 од БУ)	25.664.758,00			27.042.700,00
659	- - Премии за осигурување на депозити(< или = на АОП 022 од БУ)	16.846.852,00			10.137.507,00
660	- - Трошоци за вработените (АОП 661+664+665) (= на АОП 011 од БУ)	164.246.301,00			162.618.303,00
661	- - Трошоци за плати	156.952.209,00			149.671.771,00
662	- - Придонеси од плати(< или = на АОП 013 од БУ)	42.250.136,00			40.411.158,00
663	- - Даноци од плати(= на АОП 013 од БУ)	9.123.381,00			8.776.726,00
665	- - Надомести за вработените врз основа на колективен договор	7.294.092,00			12.946.532,00
666	- - Материјални и слични трошоци(< или = на АОП 022 од БУ)	14.994.762,00			13.627.057,00

667	- - Трошоци за услуги(< или = на АОП 022 од БУ)	89.185.027,00	86.305.702,00
668	- - Премии за осигурување(< или = на АОП 022 од БУ)	2.216.994,00	714.682,00
669	- - Трошоци за надомести и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители(< или = на АОП 022 од БУ)	8.565.231,00	4.825.620,00
670	- - Трошоци за службени патувања(< или = на АОП 022 од БУ)	1.730.446,00	1.642.854,00
671	- - Трошоци за репрезентација, маркетинг и пропаганда(< или = на АОП 022 од БУ)	6.033.696,00	3.893.426,00
672	- - Други административни трошоци(< или = на АОП 022 од БУ)	1.862.730,00	3.154.614,00
673	- - Трошоци од минати години(< или = на АОП 022 од БУ)	355.733,00	159,00
674	- - Даноци и придонеси од приход (< или = на АОП 022од БУ)	1.242.669,00	1.410.410,00
675	- - Придонеси од приход (АОП 676+677+678+679)(< или = на АОП 022 од БУ)	658.661,00	701.931,00
676	- - Придонеси и членарини на здруженија и комори	601.661,00	644.931,00
677	- - Комунални такси	57.000,00	57.000,00
680	- - Трошоци за парични казни, такси и судски решенија(< или = на АОП 022 од БУ)	975.631,00	3.320.527,00
683	- - Други трошоци(< или = на АОП 022од БУ)	1.503.998,00	3.167.782,00
684	- - Капитална загуба реализирана од продажба на средства	762.769,00	6.664.608,00
686	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	269,00	246,00
687	- - Исплатена дивиденда	78.754.399,00	93.058.969,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2473	- 64.19 - Друго монетарно посредување				633.134.652,00

Потпишано од:

Andromahja Stefanoska
ani.stefanovska@ttk.com.mk
CN=KibsTrust Qualified Certificate Services, OU=Class 2 Managed PKI Individual Subscriber CA, OU=Symantec Trust Network, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KibsTrust Qualified Certificate Services

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ПОДГОТВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ **ПЕЧАТИ** **ОТКАЖИ**

Сите права се задржани © 2013 Централен Регистар на Република Македонија

Прилог 2-Годишен извештај

ТТК БАНКА АД Бр.
Бр. 02-795/12
30-01-2019 201 год.
СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за работењето на Банката
во 2018 година

јануари, 2019 г.

СОДРЖИНА

1. ПРОФИЛ НА БАНКАТА 3
2. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАБОТЕЊЕТО 6
3. МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ 7
4. ПОЗИЦИЈАТА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР 9
5. РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 11
   5.1. Корпоративно управување на Банката 11
   5.2. Финансиски перформанси на Банката 36
6. АКТИВНОСТИ ПО СЕГМЕНТИ 41
   6.1. Управување со ризици 41
   6.2. Корпоративно банкарство – Корпоративни клиенти и МСП 45
   6.3. Деловна мрежа 47
   6.4. Картично работење 49
   6.5. Платен промет во земјата и странство 49
   6.6. Електронско банкарство 50
   6.7. Средства и ликвидност 50
   6.8. Маркетинг и развој на производи 52
   6.9. Информатичка технологија и позадински работи 56
   6.10. Човечки ресурси 58
   6.11. Внатрешна ревизија 59
   6.12. Контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам 60
   ПРИЛОГ 1 - ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 62
   ПРИЛОГ 2 – МРЕЖА НА ФИЛИЈАЛИ И ЕКСПОЗИТУРИ 63
   ПРИЛОГ 3 – МРЕЖА НА БАНКОМАТИ 64

1. ПРОФИЛ НА БАНКАТА

ТТК Банка АД Скопје опстојува како акционерско друштво во својство на правно лице од 1 јули 2006 година, а како резултат на спојувањето на **Тетекс – Кредитна банка АД Скопје** и **Тетовска банка АД Тетово** во нова банка - ТТК Банка АД Скопје. ТТК Банка АД Скопје е горд сведок на историјата на развојот на банкарскиот систем уште од формирањето на најстарите банки во македонската банкарска историја.

Почетоците датираат уште од 1961 година кога е формирана Комунална Банка од Тетово којашто, пак, во 1962 година се трансформира во Комерцијална Банка Тетово. Во 1973 година Комерцијална Банка Тетово се спојува и работи во рамките на Стопанска Банка АД Скопје сè до независното издвојување како самостојна банка во 1995 година.

Правниот претходник, **Тетекс – Кредитна Банка АД Скопје**, датира од 2001 година, како резултат на спојувањето на Тетекс Банка АД Скопје (основана 25.12.1993 година) со Кредитна Банка АД Битола (основана во јуни 1993 година). Во 2004 година Тетекс – Кредитна Банка АД Скопје имплементира нов интегриран банкарски систем како поддршка за целокупната услуга кој, при формирањето на ТТК Банка АД Скопје, претставува значајна основа за работењето и надградбата на услугите на новата Банка.

Од друга страна, пак, другиот правен претходник на ТТК Банка АД Скопје, **Тетовска Банка АД Тетово** е основана во 1995 година како една од петте филијали коишто ги исполнуваат условите за самостојно банкарско работење и се издвојуваат како самостојни банки во рамките на процесот на реконструирањето на Стопанска Банка АД Скопје. Идејата за формирање на уште една банка во Република Македонија, веднаш по нејзиното осамостојување, потекна од АД „Тетекс“ Тетово од тогашниот и сегашен Претседател на Надзорниот одбор на Банката, г. Глигорие Гоговски.

Така, на почетокот на втората половина од 2006 година се основа ТТК Банка АД Скопје, каде што како доминантен сопственик се јавува „Тетекс“ АД Тетово, а Европската банка за обнова и развој како сопственик на 25% од капиталот на Банката. Во текот на 2013 и 2014 година Европската банка за обнова и развој постепено го намалуваше своето учество во акционерскиот капитал на Банката и од 16.11.2015 година таа повеќе нема свое учество во акционерскиот капитал на Банката.

ТТК Банка АД Скопје е универзална банка којашто успешно ги реализира сите банкарски активности, и тоа: кредитно и документарно работење со физички и правни лица, денарско и девизно штедење, платежни картички, тековни сметки, платен промет во земјата, платен промет во странство, тргување со хартии од вредност, издавање платежни и кредитни картички, менувачки работи, брз трансфер на пари MoneyGram, електронско банкарство, мобилно банкарство, електронски услуги и сервиси, како и други банкарски активности. Постојано креира нови и развиени форми на производи и услуги во согласност со потребите на клиентите следејќи ги современите трендови на банкарскиот пазар.

Во 2007 година Банката успешно ги пласира кредитните линии за развој на мали и средни претпријатија од средства на ЕБОР и ЕФСЕ. Во овој период Банката развива и промовира домашен бренд на дебитна и кредитна картичка.

Во 2008 година Банката го воведува интернационалниот бренд на дебитни и кредитни картички за физички и правни лица - VISA.

Во периодот од 2009 година до 2012 година, Банката имплементира нова модерна организациска структура преку која се создава моделот на „универзален банкарски шалтер“ и децентрализирана продажба на производи и услуги за брз и едноставен пристап до клиентите на пазарот преку широката мрежа на филијали и експозитури. Во овој период се спроведуваат активности за ребрендирање на дел од експозитурите и филијалите со цел создавање модерен, современ и унифициран изглед на истите. Во 2012 година Банката се вклучува во проектот за пласирање субвенционирани станбени кредити во организација на Министерството за финансии.

Во периодот од 2013 година до 2016 година, Банката делува во насока на проширување на мрежата на филијали и експозитури и унифицирање на изгледот на истите. Континуирано се унапредуваат условите на кредитните производи за физички лица, се надградуваат услугите во електронското банкарство, а се воведува и новата мобилна апликација за мобилно банкарство ТТК М-банк.

Во 2017 година, во согласност со пазарните услови и потребата за понуда на иновативни технолошки напредни банкарски производи и услуги, Банката за прв пат воведува ненаменски потрошувачки кредит – Инстант кредит достапен преку електронското банкарство, со целосно автоматизиран процес на анализа и одобрување. Континуирано се унапредуваат условите на кредитните производи за физички лица и се постигнува најголем обем во продажбата на кредитните производи од 2006 година.

Во 2018 година презема активности за континуирано подобрување на конкурентноста на производите и услугите. Понудата на кредитни производи се базира на атрактивни, конкурентни и поволни услови. Иновирањето и развојот на дигиталното банкарство, подобрувањето на квалитетот на услугата и искуството на корисниците останува императив со фокус на унапредување на продуктивноста и контролата на трошоците.

Од своето постоење Банката континуирано успешно ги пласира кредитните линии за поддршка на мали и средни претпријатија на Македонската банка за поддршка на развојот.

Преку својата централа во Скопје и широката мрежа од 7 филијали, 19 експозитури, 2 шалтери на територијата на Македонија заклучно со крајот на 2018 година, Банката ги извршува сите банкарски активности следејќи ги основните принципи на банкарското работење - стабилност, ликвидност, профитабилност и солвентност.

Во изминатите години ТТК Банка АД Скопје континуирано и успешно имплементира стратегија за корпоративна и општествена одговорност. Преку транспарентни и етички активности, Банката ги поддржува и ги промовира вредностите коишто го претставуваат нејзиното работење: доверба, традиција, ентузијазам, искуство и знаење, тимски дух и професионализам. Искуството, посветеноста и отворената соработка со институциите и лицата од општеството придонесоа за развој на компанија којашто е општествено и корпоративно одговорна, давајќи поддршка на лица и институции за развој на нормално и здраво опкружување

во кое секој поединец има еднакви права и можности. Активната поддршка што ТТК Банка АД Скопје ја дава на општеството е видлива од различните активности во форма на спонзорство или донација од Банката за културата, спортот и образованието, за што Банката има добиено многу награди за корпоративна и општествена одговорност.

За остварување на многубројните позитивни придобивки за заедницата, во изминатиот период ТТК Банка АД Скопје повеќе пати беше добитник на награди за општествена одговорност од Министерство за економија (за 2008 и 2010 година) и награди за филантропија од Центарот за институционален развој (за 2009 и 2011 година) и др.

Во 2016 година ТТК Банка АД Скопје го доби признанието Национален шампион во категоријата Награда за иновација на 10-тите по ред Европски бизнис-награди (најголемиот престижен европски бизнис-натпревар, поддржан од бизнис-лидери, академици, медиуми и политички претставници од цела Европа кој инспирира подобрување на конкурентноста на бизнисите во Европа). Наградата е потврда за активното, континуирано и ефикасно ангажирање на Банката во процесот на изнаоѓање проактивни и современи технолошки решенија за поедноставни, поконкурентни и подостапни производи и услуги за крајните корисници, физичките и правните лица.

- **Изјава за мисија на Банката**

Изјавата за мисија ги содржи долгорочните цели и деловната филозофија на Банката.

Изјавата за мисија е однапред определен патоказ за развој на стратегиите за управување на бизнисот на Банката.

Изјавата за мисијата на ТТК Банка АД Скопје е:

Ние сме универзална банка-партнер за малите и средните претпријатија во Македонија, којашто креира вредности за своите акционери, клиенти и вработени, со помош на претприемничкиот и профитабилниот начин на размислување, оперативната ефикасност и градењето долгорочно партнерство.

Нашите вредности се:

Довербата – биди искрен, внимателен, доследен и транспарентен бидејќи довербата е основата на нашата работа;

Одговорноста – преземи иницијатива, донеси одлуки и застани зад нивната реализација; и

Тимската работа – креирај ефикасна и работна атмосфера, соработувај на сите нивоа со цел остварување подобри резултати.

2. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА РАБОТЕЊЕТО

во илјади денари	31.12.2017	31.12.2018	промена за периодот
Показатели на билансот на состојба			
Вкупна актива	**7.807.103**	**8.291.792**	**6,2%**
Нето кредити на комитенти	**4.345.434**	**4.745.889**	**9,2%**
Бруто кредити на домаќинства	**2.263.908**	**2.655.759**	**17,3%**
Бруто кредити на стопанство	**2.201.077**	**2.228.888**	**1,3%**
Депозити од комитенти	**6.160.150**	**6.800.554**	**10,4%**
Капитал и резерви	**1.118.065**	**1.114.140**	**-0,4%**
Преземени средства/Вкупна актива	**1,6%**	**0,2%**	**-1,4 пп**
Квалитет на кредитно портфолио			
Вкупна кредитна изложеност (билансна и вонбилансна)	**7.351.485**	**7.808.502**	**6,2%**
Вкупна исправка на вредност и посебна резерва	**152.851**	**156.297**	**2,3%**
Адекватност на капиталот	**16,7%**	**16,3%**	**-0,4 пп**
Просечно ниво на резервираност	**2,1%**	**2,0%**	**-0,1 пп**
Покриеност на нефункционалните кредити со вкупната пресметана исправка на вредност и посебна резерва	**113,7%**	**103,9%**	**-9,8 пп**
Показатели за ликвидноста			
Ликвидна актива/Вкупна актива	**31,6%**	**28,5%**	**-3,1 пп**
Бруто кредити на комитенти/Депозити од комитенти	**72,5%**	**71,8%**	**-0,7 пп**
Показатели за профитабилноста и ефикасноста			
Добивка по оданочување	**100.128**	**101.276**	**1,1%**
Нето оперативен приход пред исправка на вредност на нефинансиски и финансиски средства	**171.472**	**209.481**	**22,2%**
Стапка на повраток на просечната актива (ROAA)	**1,3%**	**1,3%**	**0,0 пп**
Стапка на повраток на просечниот капитал (ROAE)	**9,8%**	**10,0%**	**0,2 пп**
Оперативни трошоци/оперативни приходи (Cost-to-income)	**65,9%**	**60,5%**	**-5,4 пп**
Нето приходи од камати / вкупни трошоци	**80,0%**	**84,5%**	**4,5 пп**
Нето провизии/Вкупни трошоци	**38,2%**	**39,4%**	**1,2 пп**

Јакнејќи го универзалниот банкарски модел во чиј фокус е клиентот, со зголемувањето на квалитетот на понудата, развојот на технолошки напредни производи и услуги, силниот акцент на јакнење на оперативната ефикасност, проактивното управување со ризикот и унапредувањето на контролата на трошоците, Банката ја заврши годината со најдобар финансиски резултат досега. Посветеноста на овие стратешки приоритети овозможи и оваа година да се потврди развиениот, силен и одржлив модел на успешно деловно работење коешто генерира вредност за сите заинтересирани страни, а во услови на силна конкуренција и динамичен пазар. Ефикасното управување со ненаплатливите побарувања овозможи дополнително да се подобри квалитетот на активата и да се зацврсти сопствената стабилност и перспективата за здрав раст. Се зачува висок степен на ликвидност со стапка на ликвидна актива од 28,5% и се задржа стабилна капитална позиција со стапка на адекватност на капиталот од 16,3%.

Во 2018 година, Банката оствари годишен пораст на депозитите од комитенти од 10,4% како резултат на порастот на депозитите од населението и финансиските институции. Соодветно на растот на изворите на средства, вкупната актива на Банката забележа пораст од 6,2%, односно во апсолутен износ 484,6 милиони денари. Притоа беше задржан и висок квалитет на кредитното портфолио со просечна резервираност од 2,0%, додека годишната стапка на раст на нето-кредитите на комитентите изнесува 9,2%, при што бруто кредитите од секторот домаќинства се зголемија за 17,3% и бруто кредитите од секторот стопанство за 1,3%.

Повисокиот финансиски резултат влијае и на подобрени и позитивни коефициенти за повраток на активата и капиталот на Банката.

3. МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Меѓународно опкружување. Негативните ризици за глобалната економија во овој период се слични со оние од октомврискиот циклус проекции, при што главниот ризик и натаму произлегува од можното натамошно ескалирање на трговскиот протекционизам на глобално ниво, и покрај постигнатата согласност меѓу САД и Кина за привремено одложување на планираното зголемување на трговските тарифи на почетокот на 2019 година. Другите ризици се однесуваат на можното побрзо затегнување на глобалните финансиски услови и ефектите особено врз брзорастечките економии, како и на зголемените политички ризици во некои земји од ЕУ и потенцијалната ескалација на геополитичките ризици во некои делови од светот.

Во однос на економските движења во еврозоната, првичната процена за БДП за третиот квартал на 2018 година покажува годишен раст од 1,7%, што претставува умерено забавување во однос на вториот квартал (2,2%). Од друга страна, најновите високофреквентни податоци и анкетни истражувања на домаќинствата и претпријатијата упатуваат на веројатност за остварување сличен или повисок економски раст во последниот квартал од годината. Во однос на инфлацијата во еврозоната, проценетите податоци за ноември упатуваат на нејзино натамошно забавување на 2% (од 2,2% во октомври), како резултат на понискиот раст кај сите компоненти. Притоа, најголемо забавување забележа енергетската инфлација, додека промените беа помали кај прехранбената и базичната инфлација.

Европска економија. Гледано низ призмата на одделните квантитативни показатели за надворешното опкружување на македонската економија, проекцијата за странската ефективна побарувачка за 2018 и 2019 година е минимално ревидирана надолу, додека за 2020 година е минимално ревидирана нагоре, во споредба со октомвриската оцена. Од друга страна, кај проекциите на странската ефективна инфлација е извршена минимална нагорна ревизија во целиот период на проекции. Во споредба со октомври се очекува дека американскиот долар ќе забележи нешто помала депрецијација во 2018 година, апрецијација наместо непроменета вредност во 2019 година и слична стапка на депрецијација во 2020 година на очекуваната во октомври. Проекциите за цените на примарните производи на светските берзи за 2018 и 2019 година главно се ревидирани надолу во однос на октомвриските оцени, додека за 2020 година повеќето цени бележат нагорна ревизија.

Споредбата на последните макроекономски показатели со нивната проектирана динамика во рамките на октомврискиот циклус проекции не упатува на позначителни отстапувања во одделните сегменти од економијата. Во согласност со објавените проценети податоци за БДП, економската активност во третиот квартал бележи солиден раст (3,0%), малку повисок од проектираната стапка во октомвриските проекции (2,5%). Ваквото нагорно отстапување главно се објаснува со повисокиот раст на извозот и со тоа поповолната нето извозна побарувачка, како и со повисокиот раст на јавната и личната потрошувачка во однос на очекувањата од октомвриските проекции, додека падот на бруто-инвестициите е поголем од очекуваниот. За четвртиот квартал, во услови на лимитиран обем на расположливи податоци, тешко

може да се даде попрецизна оцена за состојбата во економијата, иако дел од податоците упатуваат на продолжување на поволните движења во економијата и во овој квартал од годината (забрзан раст на активноста во индустријата и трговијата во октомври).

Кога станува збор за промените кај потрошувачките цени, во ноември стапката на инфлација изнесува 1,2% и е малку пониска од проектираната. Сепак, гледано збирно, годишната стапка на инфлација од 1,5% остварена во периодот јануари - ноември 2018 година соодветствува со октомвриската проекција. При тековна инфлација пониска од проектираната во октомври, но и најави за зголемување кај домашните цени на лебот, како и надворешни влезни претпоставки ревидирани во дивергентни насоки, ризиците во однос на проекцијата на инфлацијата за 2018 година се оценуваат како урамнотежени.

Монетарни движења. Во текот на четвртиот квартал НБРМ донесе одлука за дополнително намалување на основната каматна стапка за 0,25 процентни поени, така што каматната стапка изнесува 2,50%. Намалувањето на каматната стапка е одраз на натамошните поволни движења на девизниот пазар, коишто упатуваат на солидна надворешна позиција и стабилни очекувања на економските субјекти. Поволни се и поместувањата во депозитната база на банките, што исто така е сигнал за стабилни очекувања и доверба.

Во однос на движењата во монетарниот сектор, финалните податоци за октомври покажуваат месечен раст на **вкупните депозити** (од 0,9%) наспроти намалувањето во претходниот месец (од 0,3%). Анализирано од секторски аспект, месечното зголемување на вкупните депозити во најголем дел е резултат на растот на депозитите на претпријатијата, при истовремен раст и на депозитите на домаќинствата. Според валутната структура, зголемувањето на вкупните депозити во поголем дел произлегува од девизните депозити, при значителен придонес и на депозитите во домашна валута (со вклучени депозитни пари). На годишна основа, вкупните депозити во октомври се повисоки за 12,2%, при проектиран раст од 10,2% за четвртиот квартал на 2018 година, во согласност со октомвриската проекција.

Во однос на кредитниот пазар, во октомври, **вкупните кредити** на приватниот сектор остварија месечен раст од 0,5%, со што и натаму растат, но умерено забавено во однос на претходниот месец (месечен раст од 1,2%). Растот на кредитната активност во октомври речиси во целост произлегува од кредитите одобрени на домаќинствата. Според валутната структура, месечниот раст на вкупните кредити во целост произлегува од кредитите во домашна валута, при месечен пад на кредитите во странска валута. На годишна основа, вкупните кредити во октомври се повисоки за 8,2%, при проектиран раст од 8,4% за четвртиот квартал на 2018 година.

Општо гледано, најновите макроекономски показатели и оцени упатуваат на одредени отстапувања во однос на проектираната динамика, а согледувањата за амбиентот за спроведување на монетарната политика се малку поповолни од претходно. Остварениот раст на економската активност во третиот квартал е солиден и е малку над очекувањата, што заедно со ревидираните процени за остварувањата во првата половина од годината дава изгледи за остварување на проектираниот економски раст за целата 2018 година. Од аспект на инфлацијата, ризиците и натаму се оценуваат како урамнотежени, имајќи ги предвид малку пониските остварувања од

проектираните, при тековно дивергентни ревизии кај светските цени на примарните производи коишто се користат како влезни претпоставки во проекциите, но и најавите за зголемување на цените на лебот. Во рамки на монетарниот сектор, годишниот раст на депозитите и кредитите во октомври засега е во рамките на проектираниот раст за четвртиот квартал од годината.

4. ПОЗИЦИЈАТА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР[1]

Позицијата на ТТК Банка АД Скопје се изразува низ една динамичка еволуција на перцепцијата, од Банка со добар имиџ, преку Банка со потврден имиџ до Банка со квалитетен имиџ.

Високата конкуренција во банкарскиот систем на РМ влијаеше на потребата Банката постојано да го негува своето скромно учество во банкарскиот пазар и истовремено претставуваше поттик да ја зајакне сопствената позиција како Банка што е блиска и флексибилна за малите и средните компании и којашто води посебна грижа за секторот население, прилагодувајќи ги постојните и воведувајќи нови иновативни производи што ќе ги задоволат потребите на комитентите.

Пазарното учество на ТТК Банка АД Скопје на ниво на банкарски систем во поодделни сегменти и билансни позиции е прикажано во следната табела:

Пазарно учество на ТТК Банка во банкарскиот систем			
Опис	**30.09.2017**	**31.12.2017**	**30.09.2018**
Билансна сума	1,7%	1,7%	1,6%
Депозити од нефинансиски сектор	1,7%	1,6%	1,6%
Капитал и резерви	2,2%	2,2%	2,0%
Кредити на нефинансиски сектор	1,4%	1,5%	1,5%

Во анализираниот период Банката го насочи кредитирањето кон секторот население со што може да се заклучи дека растот на кредитите од овој сектор е повисок од растот на групата мали банки и од растот на ниво на банкарски сектор.

Вкупна актива, кредити и депозити на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор									
	Банкарски сектор			**Мали Банки**			**ТТК Банка АД Скопје**		
Опис	дек.17	сеп.18	промена %	дек.17	сеп.18	промена %	дек.17	сеп.18	промена %
Вкупна актива	**461.992**	**485.285**	**5,0%**	**16.600**	**16.543**	**-0,3%**	**7.807**	**7.942**	**1,7%**
Бруто кредити на клиенти	**297.576**	**309.113**	**3,9%**	**10.000**	**10.248**	**2,5%**	**4.467**	**4.661**	**4,3%**
претпријатија	155.536	154.928	-0,4%	4.902	4.729	-3,5%	2.208	2.178	-1,4%
домаќинства	138.830	150.486	8,4%	5.058	5.466	8,1%	2.256	2.481	10,0%
Депозити на клиенти	**339.281**	**354.410**	**4,5%**	**11.851**	**12.028**	**1,5%**	**5.534**	**5.809**	**5,0%**
претпријатија	92.460	96.981	4,9%	3.644	3.541	-2,8%	1.583	1.569	-0,9%
домаќинства	234.758	244.468	4,1%	7.497	7.649	2,0%	3.844	4.130	7,5%

[1]Народна банка на Република Македонија - Показатели и податоци за банкарскиот систем за 30.9.2018 година.

Од страната на депозитите, исто така растот е определен од растот на депозитите од секторот домаќинства и истиот е повисок од растот кај групата мали банки и од растот на ниво на банкарски сектор.

Во текот на 2018 година ТТК Банка АД Скопје континуирано одржуваше висока и стабилна ликвидносна позиција којашто се потврдува преку движењето на ликвидносните показатели и стапките на ликвидност[2].

Показатели за ликвидносен ризик на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор																
Показатели	Банкарски систем					Мали банки					ТТК Банка					
	30.06.2017	30.09.2017	31.12.2017	30.06.2018	30.09.2018	30.06.2017	30.09.2017	31.12.2017	30.06.2018	30.09.2018	30.06.2017	30.09.2017	31.12.2017	30.06.2018	30.09.2018
Ликвидна актива / Вкупна актива	29,7%	29,5%	29,8%	30,1%	30,6%	36,5%	37,4%	33,6%	37,1%	34,4%	38,4%	38,2%	34,5%	35,1%	35,2%
Ликвидна актива / Краткорочни обврски	51,5%	51,7%	51,8%	52,7%	53,7%	62,6%	63,8%	59,6%	64,3%	60,0%	65,3%	63,1%	58,7%	62,5%	61,5%
Ликвидна актива / Депозити на домаќинства	56,6%	55,8%	57,0%	57,6%	59,4%	84,4%	86,0%	74,4%	81,7%	74,1%	77,1%	78,3%	70,1%	68,3%	72,3%

Банката одржува повисоко ниво на стапка на адекватност на капиталот, во однос на банкарскиот систем, со што се потврдува нејзината солвентност и стабилност во работењето. Сопствените средства на Банката за 2,5 пати го надминуваат капиталот за покривање на ризиците, што упатува на заклучок дека Банката поседува доволно ниво на сопствени средства за апсорпција на неочекуваните загуби.

Стапка на адекватност на капиталот на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор				
Група	**31.12.2016**	**30.09.2017**	**31.12.2017**	**30.09.2018**
Банкарски систем	15,2%	16,5%	15,7%	16,3%
Мали банки	19,2%	17,7%	17,20%	18,1%
ТТК Банка АД Скопје	19,0%	17,8%	16,7%	17,1%

Профитабилноста на банкарскиот систем и натаму се подобрува. Главен фактор за подоброто профитабилно работење и понатаму се намалената исправка на нефинансиските и финансиските средства како и растот на другите редовни приходи. Показателите за профитабилноста се подобрени, а зголемена е и оперативната способност на банките за создавање приходи коишто ги покриваат расходите од работењето. ТТК Банка АД Скопје во анализираниот период успеа да ја подобри својата оперативна ефикасност, преку раст на оперативните приходи и воедно заштеда на материјалните трошоци и сето тоа позитивно влијаеше врз профитната маргина.

Показатели за профитабилноста на ТТК Банка АД Скопје и банкарскиот сектор						
Показатели	Банкарски систем		Мали банки		ТТК Банка	
	31.12.2017	30.09.2018	31.12.2017	30.09.2018	31.12.2017	30.09.2018
Стапка на поврат на просечната актива (ROAA)	1,4%	2,2%	-0,2%	0,8%	1,3%	0,8%
Стапка на поврат на просечниот капитал (ROAE)	13,5%	19,5%	-1,6%	7,9%	9,8%	6,0%
Оперативни трошоци /Вкупни редовни приходи (Cost-to-income)	48,7%	45,7%	73,3%	69,0%	65,9%	58,4%
Нето каматен приход /Вкупни редовни приходи	65,4%	63,7%	53,4%	58,7%	52,5%	50,7%
Нето каматен приход/оперативни трошоци	134,1%	139,4%	72,9%	85,1%	79,7%	88,3%

[2] Пресметката на ликвидната актива е во согласност со методологијата на НБРМ којашто во структурата на ликвидната актива ги вклучува и државните обврзници.

5. РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ

5.1. Корпоративно управување на Банката

I. Информации и податоци за Собранието на акционери

Собранието на акционери е орган на Банката во кој акционерите на Банката ги остваруваат своите права, а на секој акционер запишан во акционерската книга на Банката, од денот на уписот, му припаѓа правото на учество во работата на Собранието и правото на глас. Во согласност со Статутот на Банката, секоја обична акција дава право на глас во Собранието на акционери, а секоја акција којашто дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Банката.

Во текот на 2018 година Собранието на акционери ги вршеше работите од својата надлежност определени со закон и со Статутот на Банката односно на својата 28-ма седница којашто се одржа на 30.3.2018 година, којашто всушност беше годишно Собрание на акционерите на ТТК Банка АД Скопје.

На 28-та седница којашто се одржа на 30.3.2018 година, а со оглед на тоа дека тоа беше годишно Собрание на акционерите на ТТК Банка АД Скопје, во согласност со Законот за банките, Законот за трговските друштва и други закони и подзаконски акти, се разгледуваа годишните извештаи за работењето на Банката и на органите на Банката, како и други предлог-одлуки и предлог-акти коишто се во надлежност за усвојување/донесување од страна на Собранието на акционери. Притоа беа усвоени: Годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2017 година и Мислењето по истиот од Надзорниот одбор, Финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2017 година ревидирани од Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и Мислењето за извештаите од Надзорниот одбор, Годишната сметка на ТТК Банка АД Скопје за 2017 година, Извештајот и оцената на работата на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје во 2017 година, и донесени: Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2017 година, Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2017 година (дивиденден календар), Одлуката за избор на друштво за ревизија за вршење ревизија на финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје, Одлуката за именување член на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје и Одлуката за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на ТТК Банка АД Скопје.

II. Информации и податоци за Надзорниот одбор

II.1. Состав и членства на членовите на Надзорниот одбор во други органи на надзор и/или управување, надлежности и функционирање на Надзорниот одбор

Во согласност со член 48 и член 51 од Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од седум членови, од кои два се независни членови.

Надзорниот одбор на Банката што функционираше во текот на 2018 година го сочинуваат:

1. Претседателот на Надзорниот одбор м-р Глигорие Гоговски, магистер по електротехнички науки, надвор од Банката има функција на извршен директор на Одборот на директори во „Тетекс“ АД Тетово (генерален директор).

2. Борислав Трповски, член на Надзорниот опдбор е дипломиран правник со положен правосуден испит, надвор од Банката има функција на претседател на Одборот на директори на „Тетекс“ АД Тетово.
3. Тито Беличанец, член на Надзорниот одбор е доктор по правни науки, надвор од Банката има функција на неизвршен член на Одборот на директори на „Тетекс“ АД Тетово и член на Надзорниот одбор на „Македонија турист“ АД Скопје.
4. Доне Таневски, член на Надзорниот одбор е дипломиран економист, надвор од Банката има функција на претседател на Управниот одбор на „Македонија турист“ АД Скопје.
5. Златко Черепналкоски, член на Надзорниот одбор е дипломиран електроинженер, надвор од Банката има функција на директор за малопродажба во „Енерџи Деливери Солушнс“ ЕДС ДОО, Снабдување со електрична енергија.
6. Методија Несторовски, независен член на Надзорниот одбор е доктор по економски науки, надвор од Банката има функција на редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Економски факултет и на независен член на Одборот на директори на КБ „Публикум Инвест“ АД Скопје.
7. Арсен Јаневски, независен член на Надзорниот одбор е доктор по правни науки, тој е професор во пензија, не членува во други органи на надзор и/или управување.

Надлежностите на Надзорниот одбор се определени со Законот за банките и други законски и подзаконски прописи, Статутот и интерните акти на Банката.

Надлежностите коишто му се определени на Надзорниот одбор со законските и подзаконските прописи и Статутот на Банката се:

- да врши надзор на работењето на членовите на Управниот одбор и да го следи работењето на лицата надлежни за функциите на контрола,

- да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Банката и ја има крајната одговорност за создавање услови за добро работење и управување на/со Банката и за нејзината стабилност,

- да обезбеди навремено и точно финансиско известување до Народната банка на РМ и обезбедување услови за одржување ефикасна соработка со Народната банка на РМ,

- да е активно вклучен во надзорот над работењето на Банката, да е во тек со значајните промени во нејзиното работење и во нејзиното опкружување и да дејствува навремено за заштита на долгорочните цели на Банката,

- да ги усвојува деловната политика и развојниот план на Банката и да го следи нејзиното спроведување,

- да ги усвојува и да го следи спроведувањето и примената на следните политики: политиката за сигурноста на информативниот систем, политиката за избегнување судир на интереси, политиката за наградување, политиката за начинот на избор, следењето на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор, политиката за вршење внатрешна ревизија, како и политиката/политиките за управување со ризиците, вклучувајќи ги и политиката со којашто се определува начинот на управување со ризикот од неусогласеност и спроведување на контролата на усогласеноста на работењето на банката со прописите и политиката за користење услуги од надворешни лица,

- да ги усвојува и да го следи спроведувањето и примената на другите политики и интерните акти коишто се во негова надлежност, вклучително и системот на наградување во Банката и спроведувањето на интерните акти и процесите за слободно заштитено пријавување,

- да го усвојува и да го следи спроведувањето и примената на Кодексот за корпоративно управување;

- да го усвојува и да го следи спроведувањето и примената на Етичкиот кодекс,

- да донесува одлуки од негова надлежност и да разгледува и/или одобрува/усвојува финансиски и останати извештаи во согласност со законските и подзаконските прописи и Статутот и интерните акти на Банката,

- да ги формира законски пропишаните одбори и одборите чијашто обврска за формирање произлегува од подзаконските прописи и Статутот на Банката и да ги дефинира нивните права и обврски,

- да врши самооценување (коешто вклучува поединечна оцена и колективна оцена на членовите на Надзорниот одбор) и оцена на членовите на Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор, во согласност со Политиката за начинот на избор, следењето на работењето и на разрешувањето на членовите на надзорниот одбор, одборот за управување со ризиците, одборот за ревизија и управниот одбор и

- да одлучува за други прашања утврдени со Статутот или други акти на Банката и законските и подзаконските прописи.

Во текот на 2018 година Надзорниот одбор ги извршуваше работите од своја надлежност определени со Законот за банките и други законски и подзаконски прописи, Статутот и интерните акти на Банката.

Надзорниот одбор, иако во согласност со Законот на банките треба да се состанува најмалку еднаш квартално, заради редовно следење и надзор на работењето на Банката, обезбедување добро работење и управување и стабилност на Банката, во текот на 2018 година се состануваше на месечно ниво и одржа дванаесет редовни седници, но исто така донесуваше одлуки и со писмена согласност на членовите.

Притоа Надзорниот одбор постојано го следеше работењето и економско-финансиската и ликвидносната состојба на Банката, кредитното портфолио, наплатата на побарувањата и текот на судските постапки, портфолиото на преземените средства и своите активности и работењето ги насочи кон остварување на финансиските цели на Банката утврдени со Деловната политика и Финансискиот план на Банката за 2018 година и продолжување на доброто, стабилно и профитабилно работење на Банката коешто во 2018 година се одрази со највисоко ниво на остварена билансна сума и добивка во досегашното работење на Банката, квалитетно и континуирано управување со ризиците во работењето на Банката, сигурноста на информативниот систем, усогласеноста на работењето на Банката со прописите и од областа на спречување перење пари и финансирање тероризам. Во таа насока, Надзорниот одбор врз основа на транспарентните, конструктивните и советодавните дискусии на Претседателот и на членовите на Надзорниот одбор, нивните стручни познавања, знаења и сознанија за светските економски движења и глобалните движења во еврозоната, макроекономските движења во земјата, а особено од банкарскиот сектор, донесуваше соодветни заклучоци за конкретни клучни прашања од работењето на Банката и за потребните претстојни активности во правец на подобрување на

работењето на Банката, одржување на вредноста на капиталот на Банката, максимизирање на профитабилноста на работењето со преземање прифатливи ризици, одржување на стабилноста, сигурноста и ликвидноста на Банката, како и одржување на добриот имиџ на Банката.

Надзорниот одбор усвои и Деловна политика и Развоен план на ТТК Банка АД Скопје за период 2018-2020 година во кој акт беше содржан и финансискиот план (Буџет) за 2018 година.

Со цел квалитетно управување со ризиците во работењето на Банката, усогласување со промените во работењето на Банката и промените во деловното опкружување и/или законската и подзаконската регулатива, во согласност со своите надлежности, Надзорниот одбор, ја оценуваше соодветноста на воспоставените политики за управувањето со ризици и имајќи ја предвид не/измената на регулативата од страна на Народна банка на РМ, како и не/променетите услови во работењето на Банката, одобри или усвои нивно целосно ревидирање, нивна измена и/или дополнување или ја продолжи нивната важност за следниот период и одобри или усвои и други измени и/или дополнувања во политиките и актите поврзани со останатото работење на Банката.

Надзорниот одбор усвои и нов Кодекс за корпоративно управување во ТТК Банка АД Скопје со кој се направи усогласување со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка објавена во „Сл. весник на РМ“ бр. 24 од 6 февруари 2018 година, којшто всушност претставува ревидирана верзија на Кодексот за корпоративно управување бр.02-4367/4 од 28.4.2017 година со којшто пак беше направено усогласување со дотогаш донесените измени и дополнувања на Законот за банките и на Законот за трговските друштва.

Со цел да се направи усогласување со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 24/2018 година, Надзорниот одбор донесе и нова Политиката за начинот на избор, следење на работењето и на разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор. Новодонесената Политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор всушност претставува ревидирана верзија на Политиката за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор бр.02-6305/9 од 29.6.2017 година со којашто беше направено усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за банките објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 190 од 17 октомври 2016 година и Статутот на ТТК Банка АД Скопје од 3.4.2017 година, а со истата се доуредени елементите што не беа опфатени со постојната, а како задолжителни минимум елементи се пропишани во глава VII точка 51 Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Со цел усогласување со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 24/2018 година, Надзорниот одбор усвои и:

- нов Етички кодекс којшто всушност претставува ревидирана верзија на Етичкиот кодекс бр. 02-7296/10 од 27.7.2017 година, а со истиот се дефинирани минимум потребните стандарди и етички норми на прифатливо однесување, а воведени се и

дополнителни норми и стандарди кои ги поттикнуваат вработените да ги почитуваат етичките норми и да ги извршуваат задачите совесно, одговорно, чесно, во согласност со своите знаења и искуство и почитувајќи ги прописите, а исто така и се ограничуваат/забрануваат активности коишто се спротивни на закон и интерните акти.

- нова Политика за наградување којашто всушност претставува ревидирана верзија на постојната, а посуштински направеното ревидирање се состои во попрецизно дефинирани правила и критериуми за наградување и транспарентен, конкурентен и одговорен систем на наградување на членовите на Управниот Одбор, лицата надлежни за функциите на контрола, останатите лица со посебни права и одговорности како и вработените во Банката, јасни и транспарентни правила и критериуми за определување на висината на вкупниот надоместок, а особено јасно определување и разграничување меѓу фиксниот и варијабилниот дел од вкупниот надоместок, воведување критериуми за награда на лицата надлежни за функциите на контрола (управување со ризиците, контрола на усогласеноста со прописите и внатрешна ревизија).

- нова Политика за идентификување и спречување судир на интереси, којашто е ревидирана верзија на Политиката за идентификување и спречување судир на интереси бр. 02-7296/15 од 27.7.2017 година, а со која е уредена обврската за известување кон Народна банка на РМ во врска со дадени изјави за судир на интереси и постапката за постапување во случај на неусогласеност со оваа Политика од страна на надлежните служби во Банката.

- нова Политика за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, којашто е ревидирана верзија на Политиката за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите бр. 02-5388/18 од 30.5.2017 година и во истата е дефинирана функцијата контрола на усогласеноста со прописите како една од функциите на контрола и се допрецизираат одговорностите на Надзорниот и Управниот одбор во обезбедувањето целосна независност на функциите на контрола и опфатот на активностите на функцијата контрола на усогласеноста со прописите.

- Политика за систем на внатрешна контрола и функции на контрола којашто е заснована на глава V. Систем за внатрешна контрола и функции на контрола од новата Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник на РМ“ бр. 24/2018).

Исто така, Надзорниот одбор разгледа и одобри и акти и одлуки коишто во согласност со закон се доставуваат на усвојување/донесување до Собранието на акционери на Банката, како акти и одлуки чиешто усвојување/донесување е во надлежност на Собранието на акционери.

На своите седници Надзорниот одбор разгледа/усвои месечни, квартални и годишни извештаи за управувањето со кредитниот ризик и останатите видови ризици на коишто е изложена Банката во своето работење, а во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка разгледа/усвои и квартални извештаи за трансакции со поврзани лица со Банката кои произлегуваат од биланси и вонбиласни побарувања на Банката-по основ одобрени изложености во кој беа содржани износот на одобрени кредити и на други облици на изложеност на/кон лицата со посебни права и одговорности во Банката, како и во врска со управувањето со преземените средства стекнати по основ на наплата на побарувања на Банката, извршени стрес-тест анализи на изложености на Банката на поедини ризици и комбиниран стрес-тест за заедничкото влијание на повеќе ризици истовремено,

извештаи/прегледи од Секторот за правни работи и проблематични пласмани за текот на судските постапки од/против Банката и поведените извршни постапки за наплата на побарувањата на Банката по основ на реализација на хипотеки/залози и други основи, како и други информации, анализи, извештаи од негова надлежност.

Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои и извештаите коишто во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката имаат обврска да ги доставуваат на квартално, полугодишно и годишно ниво другите органи на Банката/Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор), како и Службата за внатрешна ревизија, Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и Одделот за спречување на перење пари и финансирање тероризам и Одговорното лице за обезбедување сигурност на информативниот систем на Банката (ОСИС). Притоа Надзорниот одбор во извештајниот период ги разгледа:

- кварталните извештаи за работа на Одборот за управување со ризици во текот на 2018 година, како и Извештајот со содржана оцена за работата на Одборот за управување со ризици во 2017 /колективно и од аспект на поединечните членови/,
- кварталните извештаи за работа на Одборот за ревизија во текот на 2018 година, Полугодишниот извештај за работа на Одборот за ревизија во периодот јануари-јуни 2018 година, како и Годишниот извештај со содржана оцена за работата на Одборот за ревизија во 2017 година /колективно и од аспект на поединечните членови/,
- Извештајот на Управниот одбор за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола во 2017 година,
- Полугодишниот извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија во периодот јануари-јуни 2018 година, како и Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2017 година,
- Извештаите за активностите во Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и Одделот за спречување на перење пари и финансирање тероризам за периодите од јули до декември 2017 година и од јануари до јуни 2018 година, како и извештаите во кои беа опфатени тримесечните активности во Одделот за спречување на перење пари и финансирање тероризам во периодот октомври-декември 2017 година и во текот на 2018 година за периодите јануари-март, април-јуни и јули-септември.
- Извештаите за информативна сигурност за периодите јули-декември 2017 година и јануари-јуни 2018 година.

Исто така во согласност со подзаконската регулатива на Народна банка на РМ, Надзорниот одбор разгледа/усвои: Извештај за износот и видот на преземени средства, преземени активности за продажба и реализирање на плановите за продажба и износот на продадените преземени средства за период 1.10.2017-31.12.2017 година и извештаи за износот и видот на преземени средства, преземени активности за продажба и реализирање на плановите за продажба и износот на продадените преземени средства во текот на 2018 година за периодите јануари-март, април-јуни и јули-септември, како и Годишен извештај за износот на вкупното оштетување по одделни преземени средства за периодот од 1.1.- 31.12.2017 година.

На сите свои одржани седници во текот на 2018 година Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои и извештаите на Службата за внатрешна ревизија од извршени редовни ревизии во согласност со Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година одобрен од негова страна, како и од извршени инцидентни непланирани ад хок ревизии и извештаи за следење реализација на дадените

препораки, а го разгледа и го усвои и Извештајот на Службата за внатрешна ревизија бр.1 за оцена на постапување на Банката по Препорака на НБРМ бр.15-17610/9 од 31 јули 2018 година. При разгледувањето на извештаите од извршените ревизии Надзорниот одбор ги анализираше наодите содржани во истите и го следеше статусот на реализација на препораките на Службата за внатрешна ревизија по однос на констатираните наоди од ревизиите. Исто така, на одржаните седници во текот на 2018 година, Надзорниот одбор разгледуваше и останати извештаи произлезени од законската и подзаконската регулатива и од интерните акти на Банката, пред се поврзани со управување со ризиците на кои е изложена Банката во своето работење, како и останати информации и слично од доменот на останатото работење на Банката доставувани од надлежните служби.

На седниците на Надзорниот одбор беа разгледувани и записници и/или извештаи од извршени непосредни контроли од страна на Народна банка на РМ и други надлежни институции.

Во согласност со Одлуката на Народна банка за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка Надзорниот одбор достави Извештај за своето работење во 2017 година до Собранието на Банката. Исто така, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, изврши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го извести Собранието на Банката во рамките на доставениот Извештај за своето работење во 2017 година.

Исто така, во согласност со определената надлежност со Законот за банките и Статутот на Банката, на својата 12-та седница одржана на 27.2.2018 година Надзорниот одбор го разгледа и го одобри Предлогот на Одборот за ревизија за назначување на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за вршење ревизија на финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2018 година, за донесената Одлука го извести Собранието на Банката и му предложи истото и да биде избрано.

II.1.1. Начин на избор, именување и разрешување на членовите на Надзорниот одбор

Членовите на Надзорниот одбор ги избира, именува и разрешува Собранието на Банката со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието. Изборот, односно именувањето и разрешувањето се врши со јавно гласање, а кон тајно гласање се пристапува по барање на еден или повеќе акционери кои имаат најмалку 1/10 од вкупниот број акции со право на глас коешто се спроведува на законски пропишан начин.

При изборот и именувањето на членовите на Надзорниот одбор се води грижа кандидираните членови за Надзорен одбор да ги исполнуваат потребните услови во согласност со законот и Статутот на Банката, како и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка. Исто така, Собранието на Банката води соодветна грижа за балансиран состав на експертски знаења и адекватна персонална квалификација на членовите на Надзорниот одбор, како и за исполнување на критериумот предвиден со Законот за банките според кој една четвртина од членовите на Надзорниот одбор треба да бидат независни членови кои ги исполнуваат критериумите за независност определени со истиот закон.

За именувањето на членовите на Надзорниот одбор се спроведува постапка за добивање претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на РМ.

Разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор од страна на Собранието на Банката се врши на законски пропишан начин, во случаи во согласност со законот и Статутот на Банката, како и во случај кога со оцената на членовите на Надзорниот одбор се утврдени слабости и за надминување на истите е предложено назначување нови членови или замена на постојните членови.

Во согласност со член 48 и член 51 од Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од седум членови, од кои два се независни членови. Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат претседател на Надзорниот одбор. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години, а во случај на предвремено престанување на функцијата на член/ови на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката се врши избор за испразнетите места за остатокот од мандатот. Исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор подолго од три последователни мандати.

Членовите на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје се именувани под услови, критериуми и спроведена постапка за добивање претходна согласност од Гувернерот на НБРМ во согласност со законот и подзаконските акти на НБРМ и Статутот на Банката, при што е утврдено исполнувањето на потребните услови и критериуми за нивното именување, а за независните членови и критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови на Надзорниот одбор и физичките лица поврзани со нив не се вработени и не се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката и не застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија коешто во тој период вршело ревизија на работењето на Банката и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката во вредност којашто просечно годишно надминува 3 милиони денари.

Членовите на Надзорниот одбор имаат соодветни знаења и искуство за извршување на своите надлежности и посветуваат доволно време за извршување на обврските што произлегуваат од надлежностите пропишани со Законот за банките и избегнуваат судир на интересите, притоа императивно почитувајќи ги правилата пропишани во случај на појавен судир на интереси и обврските за давање писмени изјави.

Членовите на Надзорниот одбор поседуваат знаења и искуство потребни за независен надзор на работењето на Банката, за разбирање на активностите што ги врши Банката и материјалните ризици на коишто е изложена.

II.2. Информации и податоци за Одборот за управување со ризици

II.2.1. Состав и членства на членовите на Одборот за управување со ризици во други органи на надзор и/или управување, надлежности и функционирање на Одборот за управување со ризици

Во согласност со член 58 од Статутот на Банката, Одборот за управување со ризици на ТТК Банка АД Скопје се состои од пет члена.

Одборот за управување со ризици што функционираше во текот на 2018 година го сочинуваат:

1. Наталија Алексова, претседател на Одборот за управување со ризици, дипломиран економист, член на Управниот одбор на Банката, а надвор од Банката

е член на Управниот одбор во Академијата за банкарство и информатичка технологија, Скопје.

2. Душица Иванџикова, заменик-претседател на Одборот за управување со ризици, магистер по економски науки од областа на монетарната економија, директор на Дирекцијата за управување со ризици, не членува во други органи на надзор и/или управување.
3. Димитри Трпоски, член на Одборот за управување со ризици, магистер по бизнис администрација, директор на Секторот Стратешко банкарство, не членува во други органи на надзор и/или управување.
4. Зоран Колев, член на Одборот за управување со ризици, доктор по економски науки, заменик-директор на Секторот за комерцијално банкарство, не членува во други органи на надзор и/или управување.
5. Јованка Ралевиќ, член на Одборот за управување со ризици, дипломиран економист, директор на Дирекцијата за средства и ликвидност, не членува во други органи на надзор и/или управување.

Надлежностите на Одборот за управување со ризици се определени со Законот за банките и други законски и подзаконски прописи, Статутот и интерните акти на Банката.

Надлежностите коишто му се определени на Одборот за управување со ризици со Законот за банките и Статутот на Банката се:

- постојано да го следи и оценува степенот на ризичност на Банката и да го утврдува прифатливото ниво на изложеност на ризици со цел минимизирање на загубите од изложеност на Банката на ризик;
- да воспоставува политики за управување со ризици и да ја следи нивната примена;
- да ги следи прописите на Народната банка на РМ коишто се однесуваат на управувањето со ризици и усогласеноста на Банката со овие прописи;
- да врши оцена на системите на управување со ризиците во Банката;
- да утврдува краткорочни и долгорочни стратегии за управување со одделните видови ризици на коишто е изложена Банката;
- да ги анализира извештаите за изложеноста на Банката на ризик изработени од службите во Банката коишто вршат оцена на ризиците и да предлага стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици;
- да ја следи ефикасноста на функционирањето на системите на внатрешна контрола во управувањето со ризици;
- да ги анализира ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката;
- да ги анализира ефектите од предложените стратегии за управување со ризици, како и предложените стратегии, мерки и инструменти за заштита од ризици,
- да врши оцена на усогласеноста на цените на производите и услугите што ги нуди Банката со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката;
- квартално да го известува Надзорниот одбор за промените во ризичните позиции на Банката, промените во стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите;
- да одобрува изложеност кон лице од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката;

- други активности во согласност со законската и подзаконската регулатива и интерните акти на Банката.

Одборот за управување со ризици во 2018 година работеше и одлучуваше во рамките на своите надлежности утврдени со закон и подзаконски акти, Статутот и другите интерни акти на Банката, на своите седници коишто, во согласност со Законот за банките, се одржуваа еднаш неделно.

На своите седници Одборот за управување со ризици редовно ги следеше ризиците на коишто е изложена Банката во своето работење и го следеше и оценуваше степенот на ризичност на Банката преку разгледување соодветни/воспоставени извештаи произлезени од закон, подзаконски акти и интерните акти на Банката коишто го регулираат управувањето со ризиците, како и останата извештајна документација подготвена по укажана потреба во насока на надминување одредени воочени слабости и/или подобрување на управувањето и следењето на ризиците на коишто е изложена Банката во работењето и/или изготвена на барање на Одборот по оценета потреба за дополнително согледување на потенцијалните ризици во работењето на Банката.

Преку оваа документација, Одборот за управување со ризици вршеше и оцена на системите на управување со ризиците на Банката и ги анализираше ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, го следеше спроведувањето на стратегијата за управување со ризиците и воспоставените политики за управување со ризиците, се грижеше за воспоставување соодветни политики преку нивно ревидирање во согласност со променетата подзаконска регулатива на НБРМ и/или променетите услови во работењето на Банката и обезбедување формално правно усвојување од страна на Надзорниот одбор на Банката. Исто така, преку разгледување на истата оваа документација, Одборот за управување со ризици го следеше и спроведувањето на интерните акти донесени од Управниот одбор на Банката во врска со одделните видови ризици на коишто е изложена Банката во своето работење.

Во согласност со своите надлежности, Одборот за управување со ризици ја следеше и усогласеноста на работењето на Банката со прописите од областа на управувањето со ризици и ги следеше и оценуваше системите на внатрешна контрола и контролните правила и механизми воспоставени за идентификување, мерење, оцена и следење на ризиците на коишто е изложена Банката, како и по однос на тестирање на изложеноста на Банката кон истите. Исто така изврши и оцена на усогласеноста на цените на производите и услугите со нивото на преземен ризик, во согласност со деловната политика и развојниот план на Банката.

Во периодот 1.1.- 31.12.2018 година Одборот за управување со ризици одржа 52 седници, на кои донесе одлуки за ревидирање на воспоставените политики за управување со ризиците, утврди ревидирани политики или ја продолжи важноста на веќе воспоставени политики, како и одлуки за одобрување на изложености кон лица од над 10% до 20% од сопствените средства на Банката. На своите седници, разгледувајќи ги доставените материјали, со свои констатации и инструкции упатуваше и насочуваше на потребата од преземање мерки и активности, особено во делот на наплатата на достасаните побарувања на Банката како потенцијален ризик од предизвикување дополнителни резервации коишто директно се рефлектираат со негативен ефект врз резултатот од работењето на Банката.

Одборот за управување со ризици, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, доставуваше квартални извештаи за својата работа до Надзорниот одбор на Банката и до Одборот за ревизија.

Исто така, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, Одборот за управување со ризици изврши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и истата ја достави до Надзорниот одбор на Банката во рамките на доставениот Извештај за својата работа во 2017 година.

II.2.2. Начин на избор, именување и разрешување на членовите на Одборот за управување со ризици

Членовите на Одборот за управување со ризици ги избира, именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката. Изборот и именувањето на членовите на Одборот за управување со ризици го врши Надзорниот одбор од редот на лицата со посебни права и одговорности определени со Статутот на Банката, притоа водејќи сметка членовите на Одборот за управување со ризици да ги исполнуваат потребните услови во согласност со законот и Статутот на Банката, а во Одборот за управување да има членство на членот на Управниот одбор кој е одговорен за следење на управувањето со ризиците, како критериум што е утврден со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Изборот и именувањето на членовите на Одборот за управување со ризици се спроведува на начин и во постапка определени со Статутот на Банката за работењето и начинот на одлучување на Надзорниот одбор на Банката и Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

Разрешувањето на членовите на Одборот за управување со ризици се врши од страна на Надзорниот одбор на Банката на начин и постапка како при нивното именување, а во случаи во согласност со законот и Статутот на Банката, како и во случај кога со оцената на членовите на Одборот за управување со ризици се утврдени слабости и за надминување на истите е предложено назначување нови членови или замена на постојните членови.

Составот на Одборот за управување со ризици е во согласност со член 90 став 2 од Законот за банките, член 58 точка 1 од Статутот на Банката и точка 24 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка со тоа што еден од членовите на Управниот одбор (според статутарните одредби тоа е членот на Управниот одбор во чијашто надлежност е Секторот Стратешко банкарство, а со оглед на тоа дека во негова надлежност е Дирекцијата за управување со ризици исполнет е и критериумот за задолжително членство во Одборот за управување со ризици утврден со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка), а другите членови се лица со посебни права и одговорности именувани во согласност со одредбите од Статутот на Банката, каде што точно е определено од кои организациски единици и кои носители на раководни функции треба да го сочинуваат. Мандатот на членовите на Одборот за управување со ризици трае четири години, а претседателот и заменик-претседателот на Одборот за управување со ризици се бираат од редот на именуваните членови на Одборот за управување со ризици.

Именуваните членови на Одборот за управување со ризици ги исполнуваат потребните услови и критериуми предвидени со Законот за банките, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка и Статутот на Банката и имаат искуство во областа на финансиите или банкарството од најмалку три години, како и

познавање на работењето на Банката, нејзините производи и услуги и на ризиците на коишто е изложена Банката во своето работење.

II.3. Информации и податоци за Одборот за ревизија

II.3.1. Состав и членства на членовите на Одборот за ревизија во други органи на надзор и/или управување, надлежности и функционирање на Одборот за ревизија

Во согласност со член 61 од Статутот на Банката, Одборот за ревизија се состои од шест членови, од кои четири членови се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката и два се независни членови, од кои најмалку еден мора да биде овластен ревизор.

Одборот за ревизија на ТТК Банка АД Скопје што функционираше во текот на 2018 година го сочинуваат:

1. Душко Апостолоски, претседател и независен член на Одборот за ревизија, дипломиран економист, надвор од Банката е управител на „Бенд Ревизија и Консалтинг“ ДОО Тетово.
2. Данче Зографска, независен член на Одборот за ревизија, дипломиран економист, надвор од Банката е управител на Друштво за ревизија и проценка „Елит“ ДООЕЛ Скопје.
3. м-р Глигорие Гоговски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, каде што по функција е претседател на Надзорниот одбор, магистер е по електротехнички науки, надвор од Банката има функција на извршен директор на Одбор на директори (генерален директор) на „Тетекс“ АД Тетово.
4. Борислав Трповски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, дипломиран правник со положен правосуден испит, надвор од Банката има функција на претседател на Одборот на директори на „Тетекс“ АД Тетово.
5. Методија Несторовски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, доктор по економски науки, надвор од Банката е редовен професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Економски факултет и независен член на Одбор на директори на КБ „Публикум Инвест“ АД Скопје.
6. Златко Черепналкоски, член на Одборот за ревизија од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, дипломиран електроинженер, надвор од Банката има функција на директор за малопродажба во „Енерџи Деливери Солушнс“ ЕДС ДОО, Снабдување со електрична енергија.

Претседателот на Одборот за ревизија Душко Апостоловски и членот на Одборот за ревизија Данче Зографска се и овластени ревизори.

Надлежностите на Одборот за ревизија се определени со Законот за банките и други законски и подзаконски прописи, Статутот и интерните акти на Банката.

Надлежностите што му се определени на Одборот за ревизија со Законот за банките и Статутот на Банката се:

- да ги разгледува финансиските извештаи на Банката и да се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди;
- да ги разгледува и да ги оценува системите за внатрешна контрола;

- да ја следи работата и да ја оценува ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија;
- да го следи процесот на ревизија на Банката и да ја оценува работата на друштвото за ревизија;
- да ги донесува сметководствените политики на Банката;
- да ја следи усогласеноста на работење на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи;
- да одржува состаноци со Управниот одбор, Службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија во врска со утврдени неусогласености со прописите и слабостите во работењето на Банката;
- да ги разгледува извештаите од Одборот за управување со ризици;
- да предлага назначување на друштво за ревизија и раскинување на склучен договор со друштво за ревизија;
- најмалку еднаш во три месеци да го известува за својата работа Надзорниот одбор на Банката;
- најмалку еднаш годишно да врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно;
- да поднесува полугодишен и годишен извештај за својата работа до Надзорниот одбор на Банката при што во годишниот извештај е содржана оцената на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно;
- да врши и други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и интерните акти на Банката.

Во текот на 2018 година Одборот за ревизија ги вршеше работите што му се ставени во надлежност со Законот за банките, со други законски и подзаконски прописи и со Статутот и интерните акти на Банката.

Одборот за ревизија во текот на 2018 година ги извршуваше работите од своја надлежност на одржаните пет седници на коишто присуствуваа членовите на Управниот одбор и раководителот на Службата за внатрешна ревизија.

Во согласност со своите надлежности, Одборот за ревизија ја следеше усогласеноста на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи и точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди, ги оценуваше системите за внатрешна контрола, ја следеше работата и ја оценуваше ефикасноста на Службата за внатрешна ревизија, ја следеше респонзивноста за реализација на препораките на Службата за внатрешна ревизија од страна на одговорните лица, го следеше процесот на ревизија на Банката и ја оценуваше работата на Друштвото за ревизија.

На одржаните седници Одборот за ревизија разгледа и прифати: неревидирани финансиски извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2017 година, извештаи на независниот ревизор-Друштво за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје и финансиски извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2017 година изготвени според Методологија на НБРМ и според МСФИ, Дополнителен извештај на независниот ревизор–Друштво за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје до Надзорниот одбор на Банката и НБРМ за извршената ревизија на Финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје во 2017 година, извештаи за работењето на Банката во текот на 2018 година, квартални извештаи од Одборот за управување со ризици, извештаи на Службата за внатрешна

ревизија, и тоа: извештаи за извршени ревизии во согласност со Годишниот план за 2018 година и од извршени инцидентни непланирани ад хок ревизии, а го разгледа и Извештајот на Службата за внатрешна ревизија бр.1 за оцена на постапување на Банката по Препорака на НБРМ бр.15-17610/9 од 31 јули 2018 година, Извештаите за следење на реализацијата на дадените препораки, како и Годишниот извештај за 2017 година и полугодишниот Извештај за работењето за период јануари-јуни 2018 година, како и Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година.

Исто така, Одборот за ревизија во согласност со определената надлежност со Законот за банките и Статутот на Банката, на својата 15-та седница одржана на 29.1.2018 година ги разгледа доставените понуди од овластени друштва за ревизија за вршење на ревизија на финансиските извештаи на Банката и одлучи Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО да биде предложено за вршење ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2018 година и тој предлог го достави до Надзорниот одбор на Банката за одобрување.

Одборот за ревизија, во согласност со Законот за банките и Статутот на Банката, го ценеше своето работење во 2017 година од аспект на поединечните членови и колективно и даде оцена којашто заедно со писмениот Извештај на работата во 2017 година ја достави до Надзорниот одбор на Банката. Исто така Одборот за ревизија во согласност со Законот на банките и Статутот на Банката, на секои три месеци го известуваше Надзорниот одбор за својата работа во 2018 година и поднесе и Полугодишен извештај за својата работа во периодот јануари-јуни 2018 година до Надзорниот одбор.

II.3.2. Начин на избор, именување и разрешување на членовите на Одборот за ревизија

Членовите на Одборот за ревизија ги избира, именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката. Изборот и именувањето на четири членови на Одборот за ревизија го врши Надзорниот одбор од редот на членовите на Надзорниот одбор, а два членови ги избира и именува како независни членови, притоа водејќи сметка најмалку еден член на Одборот за ревизија да биде и овластен ревизор, а сите членови да ги исполнуваат потребните услови во согласност со законот и Статутот на Банката.

Изборот и именувањето на членовите на Одборот за ревизија се спроведува на начин и во постапка определени со Статутот на Банката за работењето и начинот на одлучување на Надзорниот одбор на Банката и Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

Членовите на Одборот за ревизија ги разрешува Надзорниот одбор на Банката на начин и постапка како при нивното именување, а во случаи во согласност со законот и Статутот на Банката, како и во случај кога со оцената на членовите на Одборот за ревизија се утврдени слабости и за надминување на истите е предложено назначување нови членови или замена на постојните членови.

Составот на Одборот за ревизија е во согласност со член 61 од Статутот на Банката, така што четири членови се избрани од редот на членовите на Надзорниот одбор на Банката, а два избрани членови се независни членови кои исто така се и независни ревизори. Мандатот на членовите на Одборот за ревизија трае четири години, а претседателот на Одборот за ревизија се избира од редот на именуваните членови на Одборот за ревизија.

Именуваните членови на Одборот за ревизија ги исполнуваат потребните услови и критериуми предвидени со Законот за банките и Статутот на Банката, а независните членови и критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови на Одборот за ревизија и физичките лица поврзани со нив не се вработени и не се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката и не застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија коешто во тој период вршело ревизија на работењето на Банката и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката во вредност која просечно годишно надминува 3 милиони денари.

II.4. Информации и податоци за другите одбори на Надзорниот одбор

II.4.1. Состав, надлежности и функционирање на другите одбори на Надзорниот одбор

II.4.1.1. Состав, надлежности и функционирање на Кредитниот одбор

Во согласност со член 73 од Статутот на Банката, Кредитниот одбор го сочинуваат пет членови и пет заменици членови.

Кредитниот одбор во текот на 2018 година функционираше во следниот состав:

Членови:

1. Драгољуб Арсовски, претседател на Управен одбор на ТТК Банка АД Скопје /претседател на Кредитниот одбор/;
2. Наталија Алексова, член на Управен одбор на ТТК Банка АД Скопје;
3. Бобан Гоговски, директор на Секторот за комерцијално банкарство;
4. Димитри Трповски, директор на Секторот за стратешко банкарство;
5. Ирина Ристовска, директор на Секторот за правни работи и проблематични пласмани.

Заменици-членови:

1. Зоран Колев, заменик - директор на Секторот за комерцијално банкарство;
2. Бојан Штерјовски, раководител на Одделот за население;
3. Јованка Ралевиќ, директор на Дирекцијата средства и ликвидност;
4. Горан Томовски, директор на Дирекцијата за правни лица;
5. Емил Ристоски, директор на Дирекцијата за правни работи, лоши пласмани и превземени средства.

Во согласност со Статутот и другите интерни акти на Банката, Кредитниот одбор е надлежен да ги врши следните работи:

- да одлучува по поднесени барања од правни и физички лица за одобрување кредити, акредитиви, гаранции и други видови изложености во рамките на лимитите утврдени со прописите и актите на Банката,
- да донесува Одлуки за измена и дополнување на Одлуката за висината на каматните стапки што ја врши ТТК Банка АД Скопје и на Тарифата за надоместоците на услуги што ги врши ТТК Банка АД Скопје и за постојните и при воведување нови производи и услуги;
- да врши продолжување на рокот на достасување на побарувањата два и повеќе пати за изложеност којашто ја одобрил во согласност со своите надлежности во процесот на кредитно одлучување и да го доставува на верификација до Одборот за управување со ризици;

- да го верификува продолжувањето на рокот на достасување на побарувањата два и повеќе пати што било одобрено од другите нивоа на кредитно одлучување и најмалку еднаш во месецот доставува до Одборот за управување со ризици Извештај за побарувањата кај кои е извршено продолжување на рокот на достасување во текот на претходниот месец;
- да донесува Одлука за реструктурирања на побарувања и најмалку еднаш во месецот доставува до Надзорниот одбор на Банката Извештај за реструктурирани побарувања во текот на претходниот месец;
- други работи утврдени со прописите и актите на Банката, како и определените со неговиот Деловник за работа.

Во текот на 2018 година Кредитниот одбор ги вршеше работите за кои е надлежен според Статутот и другите интерни акти на Банката, како и определените со неговиот Деловник за работа, на седници коишто се свикуваа и одржуваа најмалку еднаш неделно во согласност со Деловникот за работа на овој Одбор.

II.4.1.2. Состав, надлежности и функционирање на Одборот за управување и надгледување на информатичката технологија

Во согласност со член 74 од Статутот на Банката, Одборот за управување и надгледување на информативна технологија се состои од седум членови.

Одборот за управување и надгледување на информативна технологија во текот на 2018 година функционираше во следниот состав:

1. Драгољуб Арсовски, претседател на Управен одбор на ТТК Банка АД Скопје /претседател на Одборот/;
2. Наталија Алексова, член на Управен одбор на ТТК Банка АД Скопје/член на Одборот/;
3. Бобан Гоговски, директор на Секторот Комерцијално банкарство/член на Одборот/;
4. Зоран Колев, заменик-директор на Секторот Комерцијално банкарство/член на Одборот/;
5. Христијан Трифуновски, директор на Секторот за ИТ и позадински обработки/член на Одборот/;
6. Новак Вучевски, раководител на Одделот за системска и мрежна поддршка/член на Одборот/;
7. Сашо Симјановски, одговорно лице за обезбедување на сигурноста на информативниот систем на Банката/член на Одборот/.

Во согласност со Статутот и другите интерни акти на Банката, во надлежност на Одборот за управување и надгледување на информатичката технологија е да ги врши следните работи:

- да одлучува и да го набљудува развојот и имплементацијата на стратешките ИТ планови и да осигурува дека истите се конзистентни со бизнис стратегијата;
- да одлучува и да го одобрува портфолиото на проекти во ИТ;
- да ги набљудува извршувањата на главните ИТ проекти, вклучително да дава и приоритети на проектите, набавките и развојот на нови системи, одржувањето на постојните системи и законските барања и измени;
- да одлучува за ИТ буџетот и ИТ целите;
- да ја набљудува соодветноста на ИТ ресурсите во смисла на луѓе, опрема и обезбедувачите на ИТ сервиси и да дава крајна одлука во случај на неусогласеност меѓу понудата и побарувачката;

- да ги ревидира ИТ проектите коишто имаат значителен трошок или коишто се од голема стратешка важност;
- да решава по основ на големи ИТ прашања и прави "trade-off" одлуки, односно да го насочи работењето на ИТ на позначајните проекти за Банката за сметка на помалку значајните коишто привремено ги одложува или трајно ги откажува, во случаите кога има поголем број на предложени проекти и коишто не можат истовремено да се реализираат во согласност со условите и расположливите ресурси;
- да го следи квалитетот на ИТ услугите и задоволството на клиентите.

Во текот на 2018 година Одборот за управување и надгледување на информативна технологија ги вршеше работите за кои е надлежен според Статутот и другите интерни акти на Банката, на седници коишто се свикуваа и одржуваа најмалку еднаш на три месеци во согласност со Деловникот за работа на овој Одбор. На тој начин Одборот за управување и надгледување на информатичката технологија ја оствари основната цел за којашто е формиран - да му помага на Управниот одбор и на Надзорниот Одбор во носењето на одлуките во врска со ИТ.

II.5. Информации и податоци за Управниот одбор

II.5.1. Состав и членства на членовите на Управниот одбор во други органи на надзор и/или управување, надлежности и функционирање на Управниот одбор

Во согласност со член 64 од Статутот на Банката, Управниот одбор на Банката се состои од две лица.

Управниот одбор на ТТК Банка, кој во текот на 2018 година го водеше работењето и управувањето со Банката, ги вршеше работите и ги остваруваше надлежностите што му се ставени со Законот за банките и други законски и подзаконски прописи, Статутот и другите интерни акти на Банката, го сочинуваат:

1. Претседателот на Управниот одбор проф. д-р Драгољуб Арсовски, кој е доктор на економски науки и
2. Членот на Управниот одбор Наталија Алексова, дипломиран економист, надвор од Банката е член на Управниот одбор во Академијата за банкарство и информатичка технологија, Скопје.

Во текот на 2018 година, Управниот одбор континуирано ги извршуваше работите поврзани со управувањето и застапувањето на Банката и водењето на работењето на Банката коишто им се ставени во надлежност со законската и подзаконската регулатива, Статутот и другите акти на Банката. Одлучуваше за уредување прашања од тековен карактер, презеде повеќе мерки и активности за развој и подобрување на ефикасноста на внатрешната контрола на сите нивоа, како и за подобрување на внатрешната организација на Банката со цел зајакнување на функционирањето на системот на организациската поставеност на Банката, административната и сметководствената контрола и овозможувањето поефикасно следење и контрола на исполнување на оперативните цели, обезбедувањето точност во изработка на финансиските извештаи, обезбедувањето усогласеност на работењето на Банката со интерните политики и акти и законите и регулативата којашто го уредува работењето на банките, зголемувањето на ефикасноста на вкупното работење и унапредувањето на ефикасноста на управувањето.

Управниот одбор донесе повеќе измени и дополнувања на интерните акти на Банката-основни процедури, процедури, методологии, со цел усогласување со ревидираните и/или изменети и/или дополнети политики за управување со ризиците од страна на Надзорниот одбор на Банката во процесот на оцена на нивната

соодветност со променетата регулатива од страна на Народна банка на РМ, променетите услови во работењето на Банката, макроекономските фактори. Исто така, донесе измени и дополнувања и на други правилници, методологии и процедури поврзани со останатото работење на Банката, во кои беа дефинирани основните правила на внатрешна контрола при извршување на оперативните активности во Банката.

Управниот одбор, исто така, со цел да се направи усогласување со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 24/2018 година, донесе и нова Политика за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на лицата со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје. Новодонесената Политика за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на лицата со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје всушност претставува ревидирана верзија на Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на лицата со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, одборот за ревизија и Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр. 02-6721/4 од 11.7.2017 година со којашто беше направено усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за банките објавен во „Службен весник на РМ“ бр.190 од 17 октомври 2016 година и Статутот на ТТК Банка АД Скопје од 3.4.2017 година, а со истата се доуредени елементите што не беа опфатени со постојната, а како задолжителни минимум елементи се пропишани во глава VII точка 51 Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, на што упатува точка 31 од глава IV од истата Одлука.

Управниот одбор ги разгледуваше извештаите на внатрешната ревизија и ги анализираше наодите содржани во истите, како и извештаите на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам и на Одговорното лице за обезбедување сигурност на информатичкиот систем на Банката (ОСИС).

Во текот на 2018 година Управниот одбор преземаше мерки и активности за реализирање на одлуките и заклучоците на Надзорниот одбор како и на препораките од Службата за внатрешна ревизија.

Иако, во согласност за Законот за банките, Управниот обор е должен да изготви и достави, а Надзорниот одбор да разгледа извештаи за работењето на Банката најмалку еднаш квартално, со оглед на тоа што Надзорниот одбор и во текот на 2018 година продолжи да ги одржува своите седници еднаш месечно, Управниот одбор доставуваше до Надзорниот одбор месечни извештаи за работењето на Банката во 2018 година преку кои го известуваше Надзорниот одбор за своето работење.

Постапувајќи во согласност со Законот за банките, изготвени се: Деловна политика и Развоен план на ТТК Банка АД Скопје за период од 2018-2020 година во кој акт беше содржан и финансискиот план (Буџет) за 2018 година, Годишен извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје во 2017 година, нов Етички кодекс како ревидирана верзија на Етичкиот кодекс бр. 02-7296/10 од 27.7.2017 година, со кој се дефинирани потребните стандарди и етички норми на прифатливо и неприфатливо однесување, притоа водејќи сметка да бидат опфатени минимум задолжителните од

Глава II точка 8 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Исто така, во согласност со обврската којашто произлегуваше од Одлуката на Народна банка на РМ за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка („Службен весник на РМ“ бр.159/2007), а што престана да важи со отпочнувањето на примената на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 24/2018 година од 1 јули 2018 година, е изготвен Извештај за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола во 2017 година и изготвениот Извештај е доставен до Надзорниот одбор на Банката.

Во текот на 2018 година Управниот одбор во континуитет продолжи со преземање активности за зајакнување на информатичкиот систем за следење на соодветноста и ефикасноста на поставените системи на внатрешна контрола и на процесот за управување со сигурноста на информатичкиот систем од аспект на обезбедување доверливост, интегритет и расположливост, како и обезбедување континуиран пристап до сите потребни информации на вработените во Банката.

Истовремено, преку воспоставените системи на организација и работа на Банката и внатрешна контрола во сите области од работењето на Банката, Управниот одбор обезбеди непречено функционирање на Службата за внатрешна ревизија и на Службата за усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам и пристап до документацијата и до вработените во Банката со цел непречено спроведување на нивните активности и овластувања.

Управниот одбор редовно ги следеше и извештајните анализи извршени од страна на менаџментот и од другите надлежни лица од организациски единици и делови на Банката.

Во текот на 2018 година Управниот одбор одржа состаноци по укажана потреба, одржуваше редовни контакти со средниот менаџмент на Банката и со раководните и други лица од организациските единици и делови на Банката, како и работни состаноци по поодделни области од целокупното работење на Банката, на кои се разгледуваа и се одлучуваше по прашања од областа на работењето на одделните организациски единици и делови поврзани со редовното работење и со ефикасноста на системите на внатрешна контрола. Од состаноците произлегуваа заклучоци и соодветни одлуки со кои се дефинираа обврски и активности коишто имаа за цел јакнење на механизми и контролни правила во клучните области од работењето на Банката. Управниот одбор редовно ја следеше реализацијата на обврските и задолженијата по однос на заклучоците и донесените одлуки.

Во текот на 2018 година Управниот одбор одлучуваше и без одржување состанок, но со давање писмена согласност за донесување поединечни интерни акти и одлуки по прашањата од негова надлежност определени со законска и подзаконска регулатива, Статутот и другите акти на Банката, како и по согледана потреба за уредување на настанати ситуации или појавени потреби од тековен карактер и заради јакнење на механизмите и контролните правила во клучните области од работењето на Банката.

Во согласност со обврската произлезена од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка која отпочна со примена од 1 јули 2018 година и во согласност со оваа Одлука усогласената новодонесена Политика за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на лицата со посебни права и одговорности,

освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, Управниот одбор изврши оцена и избра/реизбра/именува лица со посебни права и одговорности.

II.5.2. Начин на избор, именување и разрешување на членовите на Управниот одбор

Членовите на Управниот одбор ги избира, именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката. При изборот и именувањето на членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор води сметка за условите коишто треба да ги исполнуваат во согласност со законот и Статутот на Банката. Надзорниот одбор го избира и Претседателот на Управниот одбор од редот на членовите на Управниот одбор на Банката.

Изборот и именувањето на членовите на Управниот одбор се спроведува на начин и во постапка определени со Статутот на Банката за работењето и начинот на одлучување на Надзорниот одбор на Банката и Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

За именувањето на членовите на Управниот одбор се спроведува постапка за добивање претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на РМ.

Разрешувањето на членовите на Управниот одбор се врши на начин и постапка како при нивното именување, а во случаи во согласност со законот и Статутот на Банката, како и во случај кога при оцената на членовите на Управниот одбор се утврдат одредени слабости, па за надминување на истите Надзорниот одбор презема активности со давање предлози за назначување нови членови на Управниот одбор или замена на постојните членови.

Во согласност со член 64 од Статутот на Банката, Управниот одбор на Банката се состои од две лица, од кои еден е претседателот избран со Одлуката на Надзорниот одбор од редот на членовите на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор и членот на Управниот одбор се именувани за период од четири години. Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се уредуваат со договор што го склучуваат членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор во име на Банката, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор. Доколку на член/овите на Управниот одбор им престане членството и пред истекот на мандатот, за обезбедување на потребниот број на членови пропишан со Законот за банките, Надзорниот одбор од своите редови именува вршител/и на должноста член на Управен одбор.

Членовите на Управниот одбор на ТТК Банка АД Скопје се именувани под услови, критериуми и спроведена постапка во согласност со закон и подзаконски акти на НБРМ и Статутот на ТТК Банка, при што е утврдено исполнувањето на потребните услови и критериуми за нивното именување.

Членовите на Управниот одбор заедно поседуваат стручни знаења и искуство потребни за независно управување на Банката, за разбирање на активностите што ги врши Банката и на материјалните ризици на коишто е изложена, во согласност со правилата за корпоративно управување пропишани од страна на Советот на Народната банка на РМ донесени во согласност со меѓународните стандарди.

III. Информации и податоци за организациската структура на Банката, вклучително и за нејзините подружници

Организациската структура и поставеност на ТТК Банка АД Скопје е во согласност со севкупната стратегија и деловната политика на Банката. Организациската структура на Банката во 2018 година претрпе одредени промени во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста на работењето на Банката.

Банката го врши своето работење самостојно и преку своите организациски делови и организациски единици. Организациски делови на Банката се филијалите на Банката, во чијшто состав функционираат експозитурите и шалтерите на Банката, а организациски единици во Банката се: секторите, дирекциите, службите, одделите и одделенијата.

Заклучно со 31.12.2018 година организациската структура на Банката ја сочинуваат 4 сектори, 12 дирекции (од кои една самостојна), една самостојна Служба за внатрешна ревизија под надлежност на Надзорниот одбор, Секретаријат, едно Лице одговорно за сигурност на информатичкиот систем, една самостојна Служба за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам, 21 оддел, 2 одделенија, 7 филијали (Скопје, Тетово, Битола, Куманово, Охрид, Штип, Струмица), 19 експозитури и 2 шалтери.
Организациската структура на Банката е дадена во Прилог 1 кон Годишниот извештај.

IV. Информации и податоци за акционерската структура на Банката - назив на акционерите со квалификувано учество и нивното учество во вкупниот број акции и вкупниот број издадени акции со право на глас и нивните претставници во Надзорниот одбор на Банката

На 31.12.2018 година акционерскиот капитал на Банката се состоеше од 907.888 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари по акција или вкупно 907.888.000 денари. Акциите се регистрирани и се водат кај Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ.

Во текот на 2018 година Банката нема извршено откуп на сопствени акции, ниту има издадено нова емисија на акции.

Обичните акции им даваат право на глас на сопствениците на седница на Собранието на акционери, по принципот „една акција - еден глас“ и право на исплата на дивиденда.

Бројот на акционери заклучно со 31.12.2018 година изнесува 1.961, од нив 1.827 се физички лица и 134 се правни лица.

Акциите на Банката котираат на Македонската берза на хартии од вредност, во сегментот на задолжителна котација. Во согласност со Правилата за котација на Македонската берза Банката ги објавува ценовно чувствителните информации.

Акционер со квалификувано учество е „Тетекс“ АД Тетово кој заедно со поврзаните лица поседува 49,92% од вкупниот број акции на Банката.
Претставници во Надзорниот одбор на Банката се Глигорие Гоговски, Борислав Трповски и Тито Беличанец.

V. Информации и податоци поврзани со спроведувањето на политиката на наградување на Банката

Во јуни 2018 година е ревидирана Политиката за наградување во ТТК Банка АД Скопје за целите на нејзиното усогласување со новата Одлука за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Наградувањето се реализира преку фиксни и варијабилни надоместоци, фиксните дефинирани во договорите за работа, а варијабилните врз основа на дефинирани критериуми.

За операционализација на Политиката е донесена Процедура за наградување и се формирани:

- Одбор за наградување, надлежен за спроведување постапка за наградување со годишен бонус и нематеријални награди на членовите на Управниот одбор и на лицата надлежни за функциите за контрола и
- Комисија за наградување, којашто е надлежна за спроведување на постапката за наградување со годишен бонус и нематеријални награди на останатите лица со посебни права и одговорности, како и наградување на останатите вработени[3].

- **Основни критериуми за наградување**

Критериумите според кои се спроведуваше наградувањето по одделни категории вработени се пропишани во Политиката за наградување и се следни:
Критериум за наградување на членовите на НО е остварувањето на нивните надлежности поврзани со надзорот на работењето на Банката.

Како критериуми за наградување на Управниот одбор се дефинирани обемот на надлежности и одговорности и успешноста во извршувањето на функцијата член на Управен одбор, обемот на работа и финансиската состојба на Банката, сложеноста во управувањето со Банката, успешноста во спроведување на стратегијата и годишниот план за работа, како и економските услови во кои делува Банката.

За лицата со посебни права и одговорности тоа се успешноста во исполнување или надминувањето на бизнис планот во делот за кој лицето со посебни права и одговорности е одговорно, ефикасноста во менаџирањето на процесите и подобрувањето на оперативната ефикасност, поттикнувањето и развивањето на креативен пристап во исполнување на работните плански активности, мотивацијата на вработените и промовирањето на тимската работа, постигнатите исклучителни резултати во раководењето со што придонел за подобрување на резултатите и одговорноста на вработените и остварени исклучителни резултати при реализација на проектна задача. Исклучок претставуваат лицата со посебни права и одговорности надлежни за функциите на контрола кои се наградуваат во согласност со критериумите поврзани со успешноста на нивното работење, независно од успешноста на активностите коишто се предмет на нивна контрола и се во директна корелација со нивната компетентност, професионалност, успешност и корпоративни вредности кои ги поседуваат.

Останатите вработени се наградуваат врз основа на остварувањето на планските задачи во повисок обем од предвиденото, зголемената ефективност и ефикасност во извршувањето на работните активности, дополнителниот личен ангажман и вонредно залагање во реализирање на работните обврски, покажување дополнителна

[3] Постапката за наградување во согласност со овие акти се спроведуваше во периодот јули-декември (по донесување на Политиката), а во првата половина од годината се спроведуваше по старите акти.

иницијатива за одредени задачи во интерес на Банката кои се надвор од описот и пописот на работното место на кое е распореден вработениот и придонесот во промовирање на корпоративните вредности на Банката.

- **Сооднос на фиксниот и варијабилниот дел од вкупниот надоместок**

апсолутен износ		Сооднос на фиксниот и варијабилниот дел
Фиксен дел	Варијабилен дел	
156.287	9.340	16,7:1

- **Критериумите врз основа на кои е определен делот од надоместокот што се исплаќа во форма на акции или други права коишто даваат можност за стекнување акции**

Во ТТК Банка АД Скопје не се исплаќаат надоместоци во форма на акции и други права коишто даваат можност за стекнување акции.

- **Износ и структура на вкупен надоместок исплатен во текот на 2018 година**

Вкупниот надоместок исплатен во Банката во текот на 2018 година изнесува 165.626,00 денари. Структурата на вкупниот надоместок искажана според висината и бројот на лица на кои им е исплатена соодветната висина и по одделни групи (при што посебно се прикажуваат фиксниот и варијабилниот дел од исплатениот надоместок) и број на лицата во одделната група е следна:

во 000МКД

Р.бр	Категории лица	надоместок бруто 2018			сооднос на фиксен и варијабилен дел	број на лица во група со 31.12.2018	број на лица на кои е исплатен варијабилен дел во 2018 година
		фиксен	варијабилен	вкупно			
1	Членови на НО*	2.080	5.739	7.819	1:2,8	7	7
2	Одбор за ревизија	467	0	467		6	6
3	Членови на УО	8.342	2.137	10.480	3,9:1	2	2
4	Лица со посебни права и одговорности	32.464	373	32.837	87,0:1	28	28
5	Останати вработени	112.934	1.091	114.025	103,6:1	208	206
Вкупно		**156.287**	**9.340**	**165.627**	**16,7:1**	**251**	**249**

*кај членовите на НО варијабилниот дел претставува исплатата за деловна успешност за 2017 г. која е исплатена пред стапувањето во примена на новата Одлука за правилата на добро корпоративно управување во Банка.

VI. Информации и податоци за политиката на Банката за избегнување судир на интереси

Во 2018 година Банката работеше во согласност со Политиката за идентификување и спречување судир на интереси усвоена од Надзорниот одбор на Банката на седницата од 28.6.2018 година.

Политиката е во согласност со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка и нејзините измени и дополнувања објавени во „Сл. весник на РМ“ бр.24/18, Законот за банките („Сл. весник на РМ“ бр.67/07, бр.90/09, бр.67/10,

бр.26/13, бр.15/15, бр.153/15 и бр.190/16) и останатата регулатива којашто уредува прашања поврзани со судир на интереси како и во согласност со прифатени професионални стандарди и кодекси на однесување.

Со оваа Политика се дефинирани општите правила и генерални насоки за идентификување, избегнување и спречување судири на интереси, како и за преземање мерки и активности во случаите кога постои судир на интереси.

Политиката е обврзувачка за лицата со посебни права и одговорности во Банката и за сите вработени во Банката.

Конзистентната примена на оваа Политика овозможува навремено идентификување на судирите на интереси и преземање соодветни мерки и активности во случаите на постоење судир на интереси.

Членовите на Надзорниот одбор, Управниот одбор, Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици и лицата со посебни права и одговорности кои во согласност со Статутот на Банката се назначени од Управниот одбор на Банката на секои шест месеци даваат писмена изјава за не/постоење судир на нивниот личен интерес со интересот на Банката.

За постоење судир на интереси, пред одржување на седницата, членовите на органите на Банката даваат писмена изјава којашто се доставува до Надзорниот одбор и до Управниот одбор на Банката и во која се наведува основот од кој произлегува судирот на интереси. Членовите на органите на Банката не присуствуваат при донесувањето на одлуките доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење судир меѓу нивниот личен интерес и интересот на Банката.

Банката има обврска да ги достави до Народната банка писмените изјави за постоење судир на интересите дадени од лицата со посебни права и одговорности во Банката, заедно со основот од кој произлегува судирот меѓу личниот интерес и интересот на банката во рок од 15 дена по нивното донесување.

VII. Информации за користењето услуги од надворешни лица коишто се значајни за целокупното работење на Банката

За целите на управување со ризиците коишто произлегуваат од користењето услуги од надворешни лица, во 2018 година Банката работеше во согласност со Политика за користење услуги од надворешни лица, потврдена од Надзорниот одбор на седницата од 27.9.2018 и Методологијата за избор, следење и оцена на користени услуги од надворешни лица донесена од Управниот одбор на ден 20.11.2015. Политиката е во согласност со Одлуката за управување со ризиците („Сл. весник на РМ“ бр.42/1, бр.165/12) и Супервизорскиот циркулар бр.10 – Управување со оперативниот ризик (јули 2011).

Предмет на уредувањето на Политиката за користење услуги од надворешни лица е утврдувањето на основните принципи и насоки за управување со ризиците коишто произлегуваат од користењето услуги од надворешни лица. Користењето услуги од надворешни лица го опфаќа користењето услуги коишто ѝ овозможуваат на Банката да ги врши нејзините финансиски активности, вклучувајќи ги и помошните банкарски услуги коишто можат да ја изложат Банката на оперативен ризик.

Основната цел на оваа Политика е со нејзините одредби да биде опфатен целиот процес, што вклучува:

- донесување одлука за користење услуги од надворешни лица;
- нивниот избор;

- склучување на договорот;
- оцена и следење на ризиците поврзани со користењето на услуги од надворешни лица;
- надзор на работењето на надворешното лице од аспект на услугите коишто ги извршува за Банката како и
- известување на органите на Банката за изложеноста од ризикот на користење на услугите од надворешни лица.

Изборот на надворешно лице се заснова на соодветна анализа на неговото работење. За таа цел Банката развива сопствени критериуми (основни и дополнителни) врз основа на кои врши оцена на способноста и капацитетот на надворешните лица за навремено, квалитетно и ефикасно извршување на услугите.

Квалитетот на услугите што ги обезбедуваат надворешните лица е предмет на следење и годишна оцена.

Оцената на користените услуги од надворешни лица е фаза од процесот на користење услуги од надворешни лица, којашто во согласност со Политиката за користење услуги од надворешни лица се врши на годишна основа за склучените договори со надворешните лица чиишто услуги може да ја изложат Банката на оперативни ризици, по пропишана методологија. Годишното оценување го сочинуваат поединечна оцена на способноста и квалитетот на услугите од надворешните лица преку оцена на поодделни критериуми и сумарна оцена, кои се дел од годишен интегриран извештај којшто се доставува до Одборот за управување со ризици, Управниот и Надзорниот одбор на Банката.

VIII. Политика на дивиденди

Во 2018 година, во согласност со Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на ТТК Банка АД Скопје за 2017 година донесена на Годишното собрание на акционери на Банката, нето-добивката во вкупен износ од 100.128.330 денари се распредели на дел за резерви во износ од 5.707.978 денари и дел за дивиденда во вкупен износ од 94.420.352 денари или 104,00 денари бруто по акција. Дивидендата се исплати во месец мај 2018 година.

IX. Изгледи за иден развој и деловен потфат

Во наредниот период Банката ќе биде насочена кон обезбедување стабилно и профитабилно оперативно работење. Растот на кредитната активност на Банката се очекува да се реализира преку зголемување на уделот на работа со населението и задржување на фокусот за работа со мали и средни претпријатија. Потпирањето на сопствените извори на финансирање и понатаму ќе биде основа на деловната стратегија, при што и натаму депозитите од секторот население остануваат со доминантно учество во вкупните извори на средства.

Во периодот што следува, Банката ќе продолжи со преземање интензивни мерки и активности за наплата на нефункционалните кредити и подобрување на квалитетот на кредитното портфолио и активностите поврзани со продажбата на преземениот имот, коишто позитивно би влијаеле на финансискиот резултат на Банката.

5.2. Финансиски перформанси на Банката

o Биланс на успех

во илјади денари	Остварено 1.1.-31.12.2017	Остварено 1.1.-31.12.2018	Индекс апс.	Индекс (%)
Нето приходи од камата	265.133	270.790	5.658	102,1%
Нето приходи од провизии	126.573	126.201	-372	99,7%
Нето приходи од курсни разлики	9.281	7.923	-1.357	85,4%
Останати приходи од дејноста	101.803	125.130	23.327	122,9%
Вкупни оперативни приходи	**502.789**	**530.045**	**27.255**	**105,4%**
Оперативни трошоци	**-330.632**	**-320.564**	**10.068**	**97,0%**
Нето оперативен приход	**172.157**	**209.481**	**37.324**	**121,7%**
Исправка на вредност на нефинансиски средства	-23.487	-54.156	-30.669	230,6%
Исправка на вредноста на финансиски средства	-36.773	-42.534	-5.760	115,7%
Добивка (загуба) пред оданочување	**111.897**	**112.792**	**895**	**100,8%**
Данок на добивка	-11.769	-11.515	253	97,8%
Добивка (загуба) по оданочување	**100.128**	**101.276**	**1.148**	**101,1%**

Во периодот 1.1.-31.12.2018 година Банката оствари **добивка по оданочување** во износ од 101,3 милиони денари, при издвоени исправки на вредност за финансиските средства на нето-основа во износ од 42,5 милиони денари и исправки на вредност за нефинансиски средства на нето-основа во износ од 54,1 милиони денари.

Позитивното оперативно работење на Банката во текот на 2018 година коешто е одраз на зголемените оперативни приходи и истовремено заштеда на оперативните трошоци придонесе нето-оперативниот приход на Банката да ја надмине бројката од 2017 година и да забележи раст за 22,2%.

Нето-приходите од камати и понатаму остануваат основна компонента во формирање на вкупниот оперативен приход на Банката со учество од 51,1%. Зголеменото учество на нето-приходите од камати на годишно ниво за 5,3 пп е резултат на зголемените приходи од камати од секторот домаќинства, што потекнува од континуираната динамичка активност во овој сегмент.





Во тековната 2018 година, како резултат на забрзаното кредитирање кон секторот домаќинства, **приходите од камати** генерирани од овој сектор се повисоки, при што нивното учество се зајакнува и станува најзастапена компонента во структурата на приходите од камата, за сметка на намаленото учество на приходите од камата кај секторот банки и финансиски институции и нефинансиски друштва.

Доминантна компонента во структурата на **расходите од камата** и натаму има секторот домаќинства, и истиот бележи зголемување во однос на минатата година. Нивното учество во текот на 2018 година се зголемува за сметка на

намаленото учество на секторот стопанство. На годишна основа, учеството на расходите од камата од секторот домаќинства има растечки тренд и за ова движење во најголем дел од зголемената депозитна база во овој сектор.

Нето-приходите од провизии се втор значаен приход во структурата на вкупните приходи на Банката. Категоријата - приходи од провизии за 2018 година изнесуваат 153 милиони денари и се повисоки во однос на претходната година за 0,7% како резултат на повисокиот генериран приход од провизија од девизен платен промет и од зголемената кредитна активност. Учеството на провизии остварени од нефинансиските правни лица, што досега ја заземаа доминантната позиција, сега се намалува и изнесува 42,9% (2017: 43,8%), од кои 25,8% потекнуваат од платниот промет во земјата, 8,2% од провизии од кредитни активности и 5,0% од платниот промет со странство. Учеството на провизиите од секторот домаќинства во оваа година изнесува 50,0%, од кои 29,2% се провизии остварени од платниот промет во земјата, 7,5% се провизии остварени во доменот на картичното работење, 6,1% се провизии остварени од платниот промет со странство и 5,2% од провизии од кредитни активности.

Кај оперативните трошоци во текот на 2018 година се забележува рационализација од 3,25% или 10 милиони денари, којашто во најголем дел произлегува од позицијата материјали и останати административни трошоци и тоа од трошоци за осигурување на депозити, трошоците за осигурување на имот и вработени, трошоци за кирии, трошоци за поштенски и комуникациски услуги, потоа од трошоци за амортизација, трошоци за вработени и надоместоци.

Исправката на вредност на нефинансиските средства на Банката на нето-основа изнесува 54,1 милиони денари и е резултат на реализацијата на одредбите од Одлуката на НБРМ за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања.

Исправката на вредност на финансиски средства на нето-основа за 2018 година изнесува 42,5 милиони денари и издвоените исправки на вредност во анализираниот период соодветствуваат со обемот, структурата и квалитетот на пласманите на Банката.

o Извори на средства

Динамиката и структурата на позначајните позиции во рамките на вкупните извори на средства на Банката со состојба на 31.12.2018 година е следна:

	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
во илјади денари	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити од банки	55.393	0,7%	159	0,0%	-55.235	0,3%
Депозити од комитенти	6.160.150	78,9%	6.800.554	82,0%	640.404	110,4%
Обврски по кредити	389.810	5,0%	281.036	3,4%	-108.774	72,1%
Посебна резерва и резервирања	11.132	0,1%	15.130	0,2%	3.998	135,9%
ПВР и останата пасива	72.552	0,9%	80.773	1,0%	8.221	111,3%
Акционерски капитал и резерви	1.118.065	14,3%	1.114.140	13,4%	-3.926	99,6%
ВКУПНА ПАСИВА	**7.807.103**	**100,0%**	**8.291.792**	**100,0%**	**484.689**	**106,2%**

Вкупните извори на средства на Банката на крајот на 2018 година изнесуваат 8.291 милиони денари и на годишно ниво бележат зголемување за 484,7 милиони

денари или за 6,2%. Депозитите од комитенти изнесуваат 6.800,5 милиони денари и истите се зголемени за 640,4 милиони денари или 10,4%.

Обврските по кредити бележат намалување во однос на 2017 година, што се должи на отплата на доспеаните рати од кредитните линии користени преку МБПР (ЕИБ, Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд, Италијанската кредитна линија и Посебниот кредитен фонд).

Во делот на капиталот и резервите, промената на годишно ниво се должи во најголем дел од проценката на објективната вредност на сопственичките хартии од вредност, коишто се мерат по објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, во делот на задржана добивка/загуба и во делот на ревалоризациска резерва каде што се евидентирани последователните флуктуации на објективната вредност на овие вложувања.

✓ Депозити

Секторска структура

во илјади денари	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити од банки	55.393	0,9%	159	0,0%	-55.234	0,3%
Депозити од финансиски институции	623.926	10,0%	804.868	11,8%	180.942	129,0%
Депозити од претпријатија	1.684.880	27,1%	1.671.953	24,6%	-12.927	99,2%
Депозити од домаќинства	3.851.344	62,0%	4.323.733	63,6%	472.389	112,3%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД БАНКИ И ДР.КОМИТЕНТИ	**6.215.543**	**100,0%**	**6.800.713**	**100,0%**	**585.170**	**109,4%**

Во текот на 2018 година, вкупната депозитна база на Банката се зголеми за 585 милиони денари или годишна стапка на раст од 9,4%. Растот потекнува од депозитите од финансиски институции коишто бележат зголемување за 180,9 милион денари, при што нивното учество во вкупната депозитна база се зголемува за 1,8 пп. Карактеристична промена се забележува и кај депозитите од домаќинства со годишен раст од 12,3% или во апсолутен износ 472,4 милиони денари. Депозитите од домаќинства имаат доминантно учество со 63,6% во вкупната депозитна база. Депозитната база од секторот стопанство во 2018 година се карактеризира со одлив на депозити и намалена состојба за 12,9 милиони денари.

Валутна структура

во илјади денари	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Денарски депозити	4.377.142	71,1%	4.597.436	68,9%	220.294	105,0%
Денарски депозити со девизна клаузула	41.245	0,7%	56.519	0,8%	15.274	137,0%
Девизни депозити	1.741.763	28,3%	2.022.306	30,3%	280.543	116,1%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД КОМИТЕНТИ	**6.160.150**	**100,0%**	**6.676.260**	**100,0%**	**516.110**	**108,4%**

Од аспект на валутната структура, годишната промена на депозитната база укажува на раст на денарските депозити за 5,0% и истите и натаму го задржуваат доминантното учество од 68,9%. Најкарактеристичен е растот на девизните депозити

од 16,1% или 280,5 милиони денари и зајакнување на нивното учество за 2пп како резултат на прилив на депозити од секторот домаќинства.

Рочна структура

во илјади денари	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Депозити по видување	2.634.384	42,8%	2.795.115	41,9%	160.731	106,1%
Краткорочни депозити	1.909.487	31,0%	1.921.052	28,8%	11.565	100,6%
Долгорочни депозити	1.616.279	26,2%	1.960.094	29,4%	343.815	121,3%
ВКУПНИ ДЕПОЗИТИ ОД КОМИТЕНТИ	**6.160.150**	**100,0%**	**6.676.260**	**100,0%**	**516.110**	**108,4%**

Порастот на вкупните депозити е резултат на порастот на депозитите по видување и долгорочните депозити. Депозитите по видување се зголемени за 6,1% или во апсолутен износ од 160,7 милион денари и истите потекнуваат од секторот домаќинства и стопанство. Долгорочните депозити бележат апсолутен пораст од 343,8 милиони денари или 21,3%, што во најголем дел произлегува од секторот домаќинства.

o Средства и пласмани

Позначајните позиции во рамките на вкупните средства на Банката во текот на 2018 година ја прикажаа следнава динамика и структура:

во илјади денари	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Парични средства и парични еквиваленти	1.692.694	21,7%	1.850.527	22,3%	157.833	109,3%
Вложувања во хартии од вредност и средства за тргување	1.293.999	16,6%	1.372.810	16,6%	78.812	106,1%
Кредити на и побарувања од банки	99.913	1,3%	59.945	0,7%	-39.969	60,0%
Кредити на комитенти, нето	4.345.434	55,7%	4.745.889	57,2%	400.455	109,2%
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	121.184	1,6%	17.015	0,2%	-104.169	14,0%
Основни средства	231.616	3,0%	224.299	2,7%	-7.317	96,8%
АВР и останата актива	22.262	0,3%	21.307	0,3%	-955	95,7%
ВКУПНА АКТИВА	**7.807.103**	**100,0%**	**8.291.792**	**100,0%**	**484.689**	**106,2%**

Динамиката на вкупната актива на Банката е во согласност со движењето на вкупните извори на средства. Притоа, доминантното учество во вкупната актива и во текот на 2018 година се нето-кредитите на комитенти коишто во овој период забележуваат годишен раст од 9,2% или 400 милиони денари. Во овој период значајна промена се забележува кај преземените средства врз основа на ненаплатените побарувања и истите се намалени за 104,3 милиони денари како резултат на реализирани продажби во текот на 2018 година.

✓ Кредити

Секторска структура

во илјади денари	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Кредити на претпријатија	2.201.077	49,3%	2.229.593	45,6%	28.516	101,3%
Кредити на домаќинства	2.263.908	50,7%	2.655.759	54,4%	391.851	117,3%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**4.464.985**	**100,0%**	**4.885.352**	**100,0%**	**420.367**	**109,4%**

На годишно ниво, бруто-кредитите на комитенти забележуваат зголемување во износ од 420,3 милиони денари или 9,4%. Кредитите дадени на домаќинства во 2018 година имаат доминантно учество од 54,4% во вкупните кредити на Банката. Кај секторот домаќинства продолжи континуираниот тренд на зголемување и во 2018 година, при што годишниот апсолутен раст изнесува 391,8 милиони денари или 17,3%. Најголем придонес во растот имаат станбените кредити, потрошувачките и хипотекарните кредити. Кредитите на правните лица го намалуваат своето учество од 49,3% во 2017 година на 45,6% во 2018 година, или за 3,7пп. Кредитите на правните лица во 2018 година бележат раст за 1,3% или 28,5 милиони денари.

Валутна структура

	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
во илјади денари	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Денарски кредити	2.686.329	60,2%	3.005.374	61,5%	319.045	111,9%
Денарски кредити со девизна клаузула	1.413.080	31,6%	1.649.266	33,8%	236.186	116,7%
Девизни кредити	365.576	8,2%	230.711	4,7%	-134.865	63,1%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**4.464.985**	**100,0%**	**4.885.352**	**100,0%**	**420.367**	**109,4%**

Во однос на валутната структура на кредитите, годишниот раст на денарските кредити за 11,9% придонесе за зајакнување на нивното учество во вкупните бруто-кредити. Порастот произлегува од порастот на краткорочните и долгорочните кредити од секторот стопанство. Во структурата на бруто-кредитите и натаму доминираат денарските кредити со 61,5% од вкупните бруто кредити. Карактеристично е и зајакнувањето на позицијата на денарските кредити со девизна клаузула од 2,2 пп со годишен раст од 16,7% што произлегува во најголем дел од кредитите дадени на секторот домаќинства.

Рочна структура

	31.12.2017		31.12.2018		Индекс	
во илјади денари	Износ	Структура	Износ	Структура	апс.	(%)
Краткорочни кредити	592.836	13,3%	614.035	12,6%	21.199	103,6%
Долгорочни кредити	3.737.682	83,7%	4.120.895	84,4%	383.213	110,3%
Нефункционални кредити*	134.467	3,0%	150.422	3,1%	15.955	111,9%
ВКУПНО БРУТО КРЕДИТИ	**4.464.985**	**100,0%**	**4.885.352**	**100,0%**	**420.367**	**109,4%**

Во однос на рочната структура, долгорочните редовни кредити ја задржаа и ја зајакнаа доминантната позиција во рочната структура на кредитите. На годишна основа, краткорочните кредити бележат зголемување за 3,6%. Долгорочните кредити се зголемуваат на годишно ниво за 10,3%, коешто произлегува од порастот на потрошувачките, хипотекарните и станбените кредити кај секторот домаќинства, како и од пласирани средства кај правните лица.

6. АКТИВНОСТИ ПО СЕГМЕНТИ

6.1. Управување со ризици

Управувањето со ризиците претставува значајна функција во работењето на Банката, којашто обезбедува стабилност на долг рок и остварување на поставените цели со изложување на прифатливо ниво на ризик. Поради важноста на управувањето со ризиците при остварување на финансиските и деловните цели на Банката, во текот на 2018 година се спроведоа мерки и активности коишто дејствуваа во насока на унапредување на воспоставениот систем за управување со ризици.

Во согласност со организациската поставеност, управувањето со ризиците се спроведува на сите нивоа во организациската хиерархиска структура, и тоа на:

1. Стратегиско ниво – од страна на Надзорниот одбор, Управниот одбор и Одборот за управување со ризици;
2. Макро ниво – од страна на Дирекцијата за управување со ризици и
3. Микро ниво – од страна на вработените, кои при преземање на ризикот, ја остваруваат својата улога во управувањето со ризиците преку конзистентна примена на интерните акти на Банката.

Управувањето со одделните ризици ги опфаќа активностите поврзани со идентификување, мерење/оцена, следење и контрола на ризиците, со што се создава основа за исполнување на следните цели:

- Вработените кои ги преземаат ризиците и вработените кои управуваат со ризиците јасно да ги разбираат истите;
- Изложеноста на одделни ризици и вкупниот профил на ризик на Банката да биде во согласност со стратегијата и рамката поставена од страна на Надзорниот одбор;
- Одлуките за изложување на одделни видови ризици да бидат во согласност со целите поставени во Развојниот план на Банката;
- Воспоставување и одржување прифатлив сооднос меѓу стапката на принос и преземените ризици;
- Одржување соодветно ниво на капитал за покривање на сите преземени ризици.

o **Адекватност на капиталот**



Управувањето со капиталот на Банката и одржувањето соодветна стапка на адекватност на капиталот претставува составен дел од системот за управување со ризици. Во рамките на овој процес Банката пресметува интерен капитал потребен за покривање на материјалните ризици на коишто е изложена. На крајот на 2018 година стапката на адекватноста на капиталот изнесува 16,3%, што претставува намалување од 0,4 процентни поени на годишна основа. На годишна основа

има зголемување на активата пондерирана за кредитен и оперативен ризик, а намалување за валутен ризик.

- **Кредитен ризик**

Во текот на 2018 година кредитниот ризик претставуваше ризик со најголемо значење за работењето на Банката, а произлегува оттаму што кредитната активност на Банката претставува доминантна позиција во нејзината вкупна актива.

Во текот на годината беа спроведени повеќе мерки коишто имаа цел унапредување на целокупниот процес на управување со кредитниот ризик, и тоа од фазата на одобрување, преку фазата на следење и мерење на кредитниот ризик, сè до фазата на присилна наплата на побарувањата.

Во 2018 година Банката вршеше класификација на кредитната изложеност и пресметка на исправка на вредноста и посебната резерва на поединечна и групна основа. Класификација и пресметка на исправка на вредноста и посебната резерва на групна основа се вршеше само за побарувањата од физички лица кои припаѓаат во портфолијата на кредити (портфолио од дозволени пречекорувања на трансакциски сметки и портфолио од кредитни картички).

Преку постојано следење на диверзификацијата на изложеноста од аспект на: сектор, дејност, географска локација, тип на обезбедување, тип на производ, валута и слично, се обезбеди дисперзирање на кредитниот ризик и оптимизирање на квалитетот на кредитната изложеност.

Вкупната кредитна изложеност на Банката на 31.12.2018 година изнесува 7.809 милиони денари и во однос на 31.12.2017 година е зголемена за 6,2%.

На крајот на годината вкупниот износ на пресметана исправка на вредност/посебна резерва изнесува 156 милиони денари и истата на годишно ниво е намалена за 3,4 милиони денари.

Во прилог е претставена секторската структура на кредитната изложеност за 2018 и 2017 година. На годишно ниво најзначајно е зголеменото учество на изложеноста кон физички лица.



- **Ликвидносен ризик**

Во текот на 2018 година Банката на континуирана основа управуваше со ликвидносниот ризик во согласност со законските одредби и интерните акти и тоа преку одржување соодветно ниво на ликвидни средства, усогласена рочна структура на средствата и обврските, одржување соодветни стапки на ликвидност, како и почитување на интерните лимити за показателите за ликвидност.

Во текот на целата година Банката одржуваше солидна ликвидносна позиција преку одржување високо учество на ликвидната актива во вкупната актива, висока вредност на стапките на ликвидност и преку воспоставување усогласена очекувана рочност на средствата и на обврските.

Ликвидната актива на 31.12.2018 година изнесуваше 2.365 милиони денари и на годишна основа е намалена за 99 милиони денари, односно за 4,0%.

На крајот на годината учеството на ликвидната во вкупната актива изнесува 28,5%, а покриеноста на краткорочните обврски со ликвидна актива е 50,2%.

- **Пазарни ризици**

Преку следење на флуктуациите на пазарните цени на хартиите од вредност кои се дел од портфолиото за тргување, Банката на редовна основа управуваше со пазарниот ризик.

Поради минималното учество на портфолиото за тргување во вкупната актива на Банката, ризикот што произлегува од промената на цените на финансиските инструменти немаше значајно влијание врз нејзиното работење.

Во рамките на пазарните ризици, Банката управува и со каматниот и валутниот ризик. Банката на редовна месечна основа го утврдува ефектот од промените на каматните стапки врз економската вредност на портфолиото на банкарските активности, за што доставува извештаи до органите на управување и до НБРМ. Каматниот ризик мерен преку учеството на промената на економската вредност на портфолиото на банкарските активности во сопствените средства бележи намалување од 12,2% на крајот на 2017 година на 2,8% на крајот од 2018 година, пред сè како резултат на промените во подзаконската регулатива којашто ја уредува оваа проблематика, а беше променета од почеток на 2018 година.

Откако се спроведе проектот за напуштање на примената на прилагодливите каматни стапки и нивна замена со фиксни или варијабилни, што започна да се применува во 2017 година, структурата на каматоносната актива и пасива според тип на каматна стапка има значителна измени. Имено, во текот на 2018 година дојде до значително намалување на учеството на активата со фиксна и прилагодлива каматна стапка за сметка на порастот на учеството на активата со променлива каматна стапка. На страната на пасивата се намали учеството на позициите со прилагодлива каматна стапка, а се зголеми учеството на позициите со фиксна каматна стапка.

Управувањето со валутниот ризик се остварува преку почитување на законските и интерно дефинираните лимити со кои се ограничуваат отворените девизни позиции по одделни валути и агрегатно, како и преку дефинирање и примена на прифатливи инструменти за ублажување на истиот. Во текот на годината споменатите показатели се движеа во рамките на воспоставените лимити.

На 31.12.2018 година отворената девизна позиција на Банката е долга и изнесува 57,3 милиони денари, што претставува 5,9% од сопствените средства на Банката.

- **Оперативен ризик**

Следењето и управувањето со оперативниот ризик што се појавува како последица на несоодветни или погрешни интерни процеси, поради грешки на вработените, грешки на системот или поради влијанието на надворешни настани во Банката се спроведуваше во согласност со Политиката за управување со оперативен ризик.

Од извршената анализа на пријавените оперативни ризици во текот на 2018 година, најчеста причина за појава на ризични настани бил човечкиот фактор.

Управувањето со оперативните ризици се врши децентрализирано од страна на сите вработени и организациски единици, додека следењето и известувањето се надлежност на Дирекцијата за управување со ризици. Управувањето со оперативниот ризик е сложен процес кој бара активно учество на сите вработени во Банката со цел минимизирање на можноста за настанување штетни настани, ограничување на обемот на потенцијалните загуби и веројатноста за нивна реализација на ниво коешто е прифатливо за Банката.

Во 2018 година беа спроведени обуки за оперативен ризик на три нивоа и тоа: прво ниво за сите вработени, второ ниво за известувачите за оперативен ризик и трето ниво за лицата вклучени во годишната оцена на оперативниот ризик.

- **Други немерливи ризици**

Врз основа на добиените материјали од надлежните организациски единици, Дирекцијата за управување со ризици на квартална основа изработуваше извештаи за следење на стратегискиот и репутацискиот ризик, коишто ги доставуваше до Одборот за управување со ризици, Управниот одбор и до Надзорниот одбор.

Преземените мерки за унапредување на системот за управување со ризици придонесоа Банката да оствари ефикасно управување со истите, односно да ја одржува изложеноста на ризиците од оваа група на умерено ниво.

- **Стрес-тест анализи**

Дел од системот за управување со ризици претставуваат и стрес-тест анализите коишто се спроведуваат најмалку на годишна основа. Банката изврши стрес-тестирање на изложеноста на одделните ризици, како и нивното меѓусебно влијание преку спроведување комбинирано сценарио со состојба на 31.12.2018 година. Резултатите од стрес-тест анализата го рефлектираат влијанието на одделните ризици врз финансискиот резултат и стапката на адекватност на капиталот на Банката, при што истите покажаа дека солвентноста и ликвидноста нема да бидат загрозени и при реализација на претпоставките дефинирани во поодделните сценарија.

6.2. Корпоративно банкарство – Корпоративни клиенти и МСП

✓ Кредитирање корпоративни клиенти и МСП

Во текот на 2018 година, Банката ја зајакнуваше соработката со постојните квалитетни клиенти поддржувајќи ја нивната ефикасност и успешност со понуда на индивидуални решенија и продукти, а со цел создавање и одржување долгорочно партнерство.

Преку редовни контакти и посети на клиенти, континуирано се следеа потребите и задоволството од соработката, што придонесе за поквалитетно управување со конкурентноста на понудата на кредитните продукти, услугите од областа на платните промети, документарното работење и електронското банкарство.

Во продажбата се таргетираа нови бонитетни компании со развоен потенцијал, со одржливи и профитабилни инвестициски проекти и со способност за сервисирање на обврските.

Континуирано се преземаа активности за засилен мониторинг на работењето на клиентите со повисок кредитен ризик што резултираше со подобрување на наплатата на редовните и побарувањата во доцнење.

Од аспект на структурата на кредитното портфолио на Банката на 31.12.2018 година, учеството на кредитите на корпоративните клиенти изнесува 49,4%, а кредитите на МСП учествуваат со 50,6% во вкупните кредити на правните лица.



Според валутната структура, во кредитното портфолио на големите клиенти е остварен пораст на учеството на денарските кредити од 76,2% на 81,8% во 2018 година во однос на 2017 година, за сметка на намалување на учеството на девизните кредити од 15,9% на 11,9% и намалување на учеството на денарските кредити со девизна клаузула од 7,9% на 6,3% за 2018 година во однос на 2017 година.



Во однос на рочната структура, во кредитното портфолио на големите клиенти може да се забележи дека се одржува сличен сооднос на долгорочните со краткорочните кредити. Две третини од портфолиото, односно 66,6% го сочинуваат долгорочните кредити, додека една третина односно 33,4% го сочинуваат краткорочните кредити.

Нивото на квалитет на кредитното портфолио се зголеми преку градење стабилни и трајни односи со клиентите, прудентно управување со кредитниот ризик, како и ефикасна организирана функција на наплата.







Според валутната структура, во кредитното портфолио на МСП се забележува пораст на учеството на денарските кредити за 14,1 процентни поени и тоа од 61,5% на 75,6%, на сметка на овој пораст има намалување на учеството на денарските кредити со девизна клаузула и тоа за 8,9 процентни поени, односно од 24,4% на 15,5% и намалување на учеството на девизните кредити за 5,3 процентни поени и тоа од 14,1% за 2017 година на 8,8% за 2018 година.

Во однос на рочната структура, кредитното портфолио на МСП се карактеризира со доминантно учество на долгорочните кредити, односно 81,5% како и зголемување на учеството на краткорочните кредити за сметка на долгорочните кредити коишто го зголемуваат своето учество за 1,4 процентни поени.

✓ Депозитно работење на корпоративни клиенти



Во текот на 2018 година, депозитите на корпоративните клиенти бележат благ пораст на состојбата за околу 9,76 милиони денари во однос на претходната година. Тоа пред сè се должи на порастот на орочените депозити коишто растат за 26 милиони денари за 2018 година во однос на 2017 година. Како што може да се забележи по рочната структура на депозитите, орочените депозити процентуално имаат пораст од 2,8 процентни поени за 2018 година во однос на 2017 година, односно растат од 75,1% на 77,9% за 2018 година.




Во однос на валутната структура, учеството на девизните депозити се одржува на слично ниво како и претходната година, односно има благ пораст од 0,7 процентни поени. Девизните депозити имаат процентуално учество од 11,7%, додека сè уште денарските депозити имаат најголемо учество. Истите учествуваат со 88,3% во вкупното депозитно портфолио на големите клиенти.

Депозитната активност во делот на МСП бележи пад за 2,2 % за 2018 година во однос на 2017 година.



Анализирано по валутна структура, и за 2018 година денарските депозити имаат доминантно учество во депозитната база на МСП со 82,1%, што сепак претставува намалување од 6,6 процентни поени во однос на претходната година. За сметка на намаленото учество на денарските депозити се забележува значителен пораст од 7,6 процентни на учеството на денарските депозити со девизна клаузула, односно од 4% во 2017 на 11,6% во 2018 година. Учеството на девизните депозити се одржува на слично ниво како и во 2017 година. Во 2018 година девизните депозити учествуваат со 6,3% во депозитната база на МСП.



Во рочната структура на вкупните депозити на МСП се забележува пораст на орочените депозити за 2018 година во однос на 2017 година. За 2018 година има пораст за 2,4 процентни поени во однос на 2017 година или во апсолутен износ за 20,37 милиони денари. И во 2018 година депозитите по видување имаат доминантно учество од 79,2% во вкупните депозити на МСП.

6.3. Деловна мрежа

Во годината зад нас Дирекцијата за деловната мрежа овозможи на своите клиенти професионално користење на производите и услугите, притоа ставајќи го акцентот на ефикасноста на своите услуги преку квалитетното и брзо опслужување.



И во текот на 2018 година Банката го насочи фокусот на работењето во сегментот Деловна мрежа на патот кон остварувањето на поставените деловни цели, и тоа:

- Подобрување на квалитетот на услугата, а со тоа зголемување на задоволството и на лојалноста на клиентите кон Банката;
- Преземање активности за дополнителна продажба на производи и услуги на постојните клиенти;
- Обуки, тренинзи и тестирање на вработените со цел зајакнување на стручноста и на знаењето на вработените во филијалите и во експозитурите;
- Континуирана поддршка на вработените за остварување на продажните цели и следење на степенот на остварување;
- Подобрување на организацијата на работење и ефикасноста на процесите.

➢ **Физички лица**


Во текот на 2018 година Банката оствари пораст на кредитното портфолио во споредба со минатата година.


Преку целата година Банката активно и во согласност со пазарните услови, потребите и барањата на корисниците ја прилагодуваше понудата преку измена на условите и воведување продажни промоции со акцент на потрошувачките и станбените кредити.

Конкурентноста на понудата овозможи успешна реализација и зголемување на портфолиото на кредитите кај физичките лица.

Во вкупните кредити одобрени на физички лица најголемо процентуално учество имаат потрошувачките и хипотекарните кредити со 56,1%, потоа следуваат станбените кредити со 35,3% и кредитните картички и негативните салда на тековни сметки со 7,6%.

Во областа на депозитното работење, во 2018 година, Банката и натаму продолжи со систематскиот пристап во спроведувањето на стратегијата на задржување на постојното депозитно портфолио и селектирање на новите депозити во согласност со пазарните услови. Во текот на 2018 година во структурата на депозитите кај физичките лица, штедењето во странска валута изнесува 43,9% од вкупното депозитно портфолио, додека пак учеството на денарското штедење изнесува 56,1% од вкупното депозитно портфолио.





Во однос на рочната структура, депозитите по видување учествуваат со 44,89%, додека орочените депозити до и над една година со 55,11%. Се забележува тренд на пораст на депозитите по видување за 2,73пп во однос на 2017 година.

6.4. Картично работење

Во текот на 2018 година картичното портфолио се задржа на приближно исто ниво како и во текот на 2017 година со издадени вкупно 34.464 VISA картички (дебитни и кредитни за физички лица, односно кредитни картички за правни лица).

Во текот на 2018 година се реализираа многубројни презентации кај правни лица со цел зголемување на директната продажба на картичките, аквизиција на правни лица за исплата на плата преку дебитни картички, како и воспоставување стабилни и постојани деловни односи со клиентите.

Во 2018 година реализиран е зголемен број трансакции со VISA картичките на ТТК Банка АД Скопје на АТМ и ПОС мрежа за 15,07%, односно зголемен вкупен промет на АТМ и ПОС мрежа за 12,06% во однос на 2017 година. Прометот на ПОС-мрежа е зголемен за 22,67%, а во делот со трансакции за 23,21% во однос на 2017 година. Со цел зголемување на прометот на ПОС-мрежата, како и задоволување на потребите на клиентите, во 2018 година Банката набави 100 нови ГПРС пос-терминали.

6.5. Платен промет во земјата и странство

Во 2018 година Банката продолжи успешно да ги извршува активностите во делот на платните промети и максимално да се ангажира во задржување на довербата и задоволување на потребите на своите комитенти.

Банката работеше на доближување на производите до постојните клиенти и привлекување нови преку понуди прилагодени на потребите на клиентот, и продолжи со обезбедување брза и квалитетна услуга.

➢ Платен промет во земјата

Во текот на 2018 година, Банката вршеше услуги од денарскиот платен промет преку мрежата на филијали и експозитури и преку електронското банкарство наменето за физички и правни лица, нудејќи квалитетен, комплетен и ефикасен банкарски сервис.

Во 2018 година се евидентирани позитивни движења во доменот на денарскиот платен промет.

Износот на обработени трансакции на задолжување во денарскиот платен промет во континуитет бележи пораст со што се продолжува трендот на зголемување на износот на овој тип на трансакции.

Покрај вообичаените стандардни услуги од платниот промет и во 2018 година Банката продолжи да го промовира и да го развива користењето на електронското и мобилното банкарство.

➢ Платен промет со странство

И во 2018 година Банката продолжи со комплетна и брза банкарска услуга, со цел ефикасно, квалитетно и навремено задоволување на барањата на клиентите. Банката вршеше услуги на клиентите од платниот промет со странство преку мрежата на филијали и експозитури. Во делот на платниот промет со странство ќе продолжи да се стреми кон поефикасен, поквалитетен и лесно достапен банкарски сервис.

Во таа насока е и намалувањето на провизиите за трансакции во девизниот платен промет со што Банката ги привилегира нејзините клиенти и привлекува нови потенцијални клиенти.

6.6. Електронско банкарство

Во текот на 2018 година, Банката продолжи да го афирмира работењето на клиентите по пат на електронско банкарство и го задржа позитивниот тренд на раст и во бројот на корисници и според бројот на реализирани налози. На зголемувањето на бројот на корисници дополнително влијаеше и тоа што Банката континуирано ја нуди оваа услуга без фиксни трошоци за приклучок и со најниски надоместоци.

Во текот на 2018 година е евидентиран растеж и во бројот на корисници на апликацијата за мобилно банкарство ТТК М-банк со единствен, модерен и препознатлив дизајн, кој овозможува користење на производите и услугите на Банката, односно управување со сопствените финансии преку целосна достапност на банкарските услуги на мобилните телефони со оперативен систем Android и iOS, независно од времето и од локацијата на корисникот.

Во 2018 година евидентно е зголемување во бројот на корисници на електронските сервиси за информирање (СМС и е-пошта), што укажува на фактот дека клиентите ја препознаваат предноста на овој сервис, што овозможува брзо и сигурно информирање и контрола на состојбите на сметките, како и поголема безбедност и заштита при реализацијата на трансакциите.

6.7. Средства и ликвидност

Банката во текот на 2018 година успешно управуваше со активата и пасивата, ликвидносниот и валутниот ризик, како и со оперативната и стратегиската ликвидност, во согласност со законските и подзаконските акти, а во линија со поставените цели и задачи од Комисијата за управување со актива и пасива, Одборот за управување со ризици и Комисијата за управување со ликвидност, притоа почитувајќи ги дефинираните регулаторни и интерни лимити за изложеност кон ликвидносниот и валутниот ризик.

Банката, паралелно со извршување на стратегиските активности обезбедува и широка палета на услуги за финансиските пазари на својата клиентска база.

Во текот на 2018 година, банкарскиот сектор продолжи да функционира во услови на структурен вишок на ликвидност. Каматната стапка на основниот инструмент за монетарно регулирање, благајничките записи (БЗ) се движеше помеѓу 3,25% и 2,50%. Намалувањето на каматната стапка на основниот инструмент на НБРМ се должи на нормализација на монетарната политика како одраз на стабилизирање на очекувањата и довербата на економските субјекти, а како резултат на намалување на влијанието на политичката криза врз економијата.

Каматните стапки на државните хартии од вредност во текот на 2018 година имаа тенденција на опаѓање со намалување на стапката на принос на 12-месечните денарски државни записи за 30 базични поени.

Банката го пласираше вишокот на ликвидни средства во хартии од вредност издадени од државата и НБРМ, на Меѓубанкарскиот пазар на пари и преку монетарните инструменти на НБРМ. Видот и инструментите што беа користени за пласирање на вишокот на средствата зависеа од тековната и планираната рочна структура на средствата и обврските на краток и долг рок и движењата на каматните стапки на пазарот на пари и хартии од вредност. Тековните потреби од ликвидни средства главно беа задоволени на домашниот Меѓубанкарскиот пазар на пари.

Во изминатата година, коефициентот на ликвидната актива, како однос на ликвидната актива и вкупната актива, анализиран на месечно ниво, се движи во интервалот од 29% до 33%[4] и е повисок од нивото на ликвидност на банкарскиот сектор во целина. Во текот на целиот период Банката ефикасно и ефективно ја исполнува обврската за задолжителна резерва и просечно месечно постигнува коефициент на исполнување на денарската задолжителна резерва од 103,1%. Банката ја следи девизната ликвидност преку интерни оперативни лимити, со цел максимизирање на можностите за валутна и рочна трансформација на изворите на средства со едновремено исполнување на обврската за девизна задолжителна резерва во согласност со измените во законската регулатива при што Банката ја исполнува обврската за задолжителна резерва во евра со издвојување средства на девизната сметка на Народна банка на РМ во странство најмалку еднакво на 95% од пресметката, а 5% од пресметаната задолжителна резерва во евра ги издвојува на девизната сметка во евра во МИПС во НБРМ.

Структурата на ликвидната актива којашто ја одржува Банката овозможува ефикасно управување со ликвидноста, обезбедувајќи принос на вишокот ликвидност над пресметката на задолжителната резерва со пласманите во државни хартии од вредност (ДХВ) и благајнички записи (БЗ). Вложувањата на Банката во ДХВ и БЗ на крајот на годината изнесуваат 1.772,94 милиони денари и се зголемени за 73,2 милиони денари, односно за 4,3% во однос на крајот на минатата година. ТТК Банка во текот на 2018 година го зголеми портфолиото на ДХВ за 7,2% и тоа преку категориите на Државни обврзници на 2,3 и 5 години, додека кај портфолиото во 12-месечни денарски државни записи се забележува намалување за 26,1%.

[4] Коефициентот на ликвидна актива, во согласност со Политиката за управување со ликвидносен ризик на Банката, не ги вклучува пласманите на Банката во континуираните државни обврзници на Министерство за финансии.

Банката континуирано, во текот на целата година, одржува агрегатна отворена девизна позиција којашто е во рамки на лимитот поставен со регулативата на НБРМ и Политиката за управување со валутен ризик и ефикасно управува со девизниот ризик минимизирајќи ја веројатноста од настанување загуба, како резултат на неповолно движење на интервалутарните односи на девизниот пазар.

Во текот на годината Банката ги исполнува и регулаторните обврски за стапките на ликвидност до 30 и 180 дена и ефикасно управува со рочната структура на активата и пасивата во рамки на прифатливото ниво на ризик. Како дел од процесот на управување со ликвидносниот ризик Банката го пресметува и следи нивото на концентрација и учеството на 20-те најголемите депоненти во просечната депозитна база и ги исполнува интерните ликвидносни показатели дефинирани во Политиката за ликвидносен ризик.

Во текот на 2018 година, Банката продолжи со континуирано следење и сервисирање на обврските од склучени кредитни линии одобрени од страна на Македонската банка за поддршка и развој (МБПР) во денари со девизна клаузула и девизи, при што состојбата на кредитните обврски на Банката на 31.12.2018 година се намали за 28% и изнесува 276,4 милиони денари (2017: 385,0 милиони денари).

Трезорот во 2018 година вршеше редовни активности како снабдување на филијалите и експозитурите со готовина, обработка на домашна и странска валута, опслужување на банкоматите што се наоѓаат во изнајмени простории, како и дистрибуција на пари наменети за полнење банкомати лоцирани во филијали и во експозитури на Банката. Трезорот има успешна соработка со правниот субјект со кој Банката има склучено договор за соработка во делот транспорт и пренос на готовина. Постапувајќи по Одлуката на НБРМ за проверка на автентичност и соодветност, условите на враќање во оптек на книжни и ковани пари, трезорот вршеше обработка и пречистување на книжните пари со машините што ги набави Банката за оваа намена.

Трезорот и во 2018 година, во делот издавање сефови за граѓани и правни лица, нудеше квалитетна и ефикасна услуга за корисниците на сефови, при што сите постојни 196 сефови беа издадени на клиенти правни и физички лица.

Во третиот квартал од годината врз основа на направена анализа за успешноста на услугата издавање сефови, условите во кои се врши услугата од технички – просторен аспект како и од аспект на исполнување на барањата на законската регулатива, Банката донесе одлука за укинување на услугата издавање сефови со важност од 13.9.2018 година.

Постојните сефови ќе се администрираат до истекувањето на договорите со корисниците во согласност со основната Процедура за давање на услугата издавање на сефови и други услуги во Оддел Трезор.

6.8. Маркетинг и развој на производи

Следејќи ги потребите на корисниците и пазарните услови, во текот на 2018 година Банката континуирано реализираше активности за зголемување на квалитетот и конкурентноста на производите и услугите со цел обезбедување максимална поддршка за корисниците.

Понудата на потрошувачки кредити со фиксни каматни стапки беше дополнета со потрошувачки кредити со фиксни и атрактивни променливи каматни стапки важечки за определени периоди од отплатата на кредитот.

За утврдување на променливите каматни стапки кај кредитите на физички лица како референтна стапка се воведе Националната референтна стапка (каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула), додека кај Visa Classic кредитните картички и дозволеното пречекорување за физички лица се примени Референтната стапка за пресметување на стапката на казнена камата.

Карактеристиките, условите и функционалностите на производите беа континуирано унапредувани во согласност со барањата на корисниците.

Во 2018 година продолжи понудата на Супер станбениот кредит со фиксна каматна стапка од 2,85% годишно во првите три години од отплатата, хипотекарниот кредит со фиксна каматна стапка од 4,9% годишно во првите 3 години како и потрошувачките кредити со фиксна каматна стапка во првата година од 5,5% годишно. Се зголеми максималниот рок на отплата на хипотекарниот кредит од 180 на 240 месеци. Се понудија поволни услови за рефинансирање станбени кредити во други банки со можност за покривање на административните и банкарските трошоци.

Во текот на целата година се применуваа промотивни ценовни поволности преку намалување или целосно изземање на провизијата за одобрување и други надоместоци за станбени кредити, хипотекарни и потрошувачки кредити коишто поттикнаа зголемен интерес кај корисниците.

Следејќи ги современите трендови во банкарското работење продолжи развојот на системот за комплетно автоматизирано одлучување по поднесени барања за кредит преку електронското банкарство на Банката во насока на понуда на поповолни услови за кредитниот производ Инстант кредит што е достапен за корисниците на електронското банкарство. Инстант кредитот во целост ја поедноставува и ја зголемува ефикасноста на постапката за одобрување кредит којашто се одвива во неколку фази: онлајн аплицирање за кредитот преку услугата - електронско банкарство, автоматизирана системска проверка и одобрување на кредитот; електронско известување за одобрување на кредитот преку СМС порака и е-пошта; потпишување на договорот и исплата во најблиската експозитура.

Широкиот распон на услуги овозможени преку платформите на електронското и мобилното банкарство што беа достапни во 2018 година без надоместоци за приклучок и користење ги обезбедија посакуваните функционалности за постојните корисници, а овозможија привлекување и на нови. Корисниците имаат можност за моментален увид во состојбата на сметките, да вршат плаќања со поголема брзина и со пониски трошоци, да орочуваат средства без доаѓање во банката. Корисниците ја препознаваат предноста и практичноста и на електронските сервиси за информирање (СМС и е-пошта) коишто овозможуваат најбрзо информирање преку СМС или е-пошта за секоја промена и извршена трансакција што придонесува за поголема сигурност, безбедност и заштита при реализација на трансакции и истовремено до поголемо задоволство.

За корисниците на VISA classic кредитните картички Банката креираше уникатна промотивна понуда којашто овозможи кредитната картичка да се добие со исклучително поволни услови: 0% камата во првата година на користење и без годишна членарина во првата година. За овозможување поголема флексибилност, сигурност и заштита на плаќањата преку Интернет за VISA платежните картички во текот на 2018 година се воведе нова функционалност за самостојна промена на дневниот лимит за плаќања преку Интернет преку електронското банкарство или преку апликацијата за мобилно банкарство ТТК М-банк.

Понудата на промотивни депозити во девизи за физички и правни лица и активното управување со пасивните каматни стапки придонесоа за позначајно зголемување на депозитната база за одредени валути и рочности. Во текот на 2018 година беа понудени повеќе промотивни депозити во евра за физички лица со различни рочности: ЕВРО фикс 15 орочен штеден влог во евра на 15 месеци, ЕВРО фикс 25 орочен штеден влог во евра на 25 месеци, ЕВРО фикс 18 орочен штеден влог во евра на 18 месеци.

Со цел да овозможи најповолни услови за своите корисници преку брза и сигурна реализација на плаќањата во странство или на девизните приливи со најниски провизии од август 2018 година ТТК Банка АД Скопје ги намали провизиите за девизни плаќања за физички и правни лица. Во рамките на соработката со MoneyGram се нудеа поволни услови за плаќања преку брзиот меѓународен трансфер на пари, а беа реализирани и промотивни намалувања на провизии за испраќање пари од територијата на град Скопје до државите од Балканот што влијаеше поволно на зголемување на обемот на плаќањата.

Добро утврдениот концепт на унифицирани услови и оптималниот број производи прилагодени за поширока група корисници и во текот на изминатата година придонесуваше за полесно комуницирање на карактеристиките на производите, успешна и ефикасна продажба.

Подобрените услови на производите, специјалните продажни промоции и промотивните активности придонесоа за јакнењето и проширувањето на соработката со постојните клиенти како и привлекувањето нови клиенти со плата/пензија во ТТК Банка АД Скопје. Продажбата на кредитни производи на физички лица во 2018 година забележа најдобри резултати од постоењето на брендот ТТК Банка АД Скопје од 2006 година.

Во доменот на работењето со правните лица, основната карактеристика на деловниот однос беше диференцираниот пристап за сегментите на корпоративни и МСП-корисници. Прилагодувањето на условите на кредитните производи во согласност со пазарните услови, достапноста, флексибилноста и индивидуалниот пристап на соработниците за кредитирање како веќе проверен и докажан концепт придонесоа за изнаоѓање ефикасни финансиски решенија и зачувување на долгорочните деловни односи со постојните корисници. Во 2018 година се модифицираше понудата на кредитни производи на правни лица преку воведување променливи каматни стапки коишто се утврдуваат со примена на референтна каматна стапка – Национална референтна стапка со исклучок на кредитните производи со фиксна каматна стапка за целиот период на отплата.

Банката активно ги пласираше поволните кредитни линии обезбедени преку МБПР со цел обезбедување свеж капитал за поддршка на малите и средните

претпријатија за реализација на нови инвестициски проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз.

Екстерната комуникација како интегрален дел од маркетингот и промотивните активности и оваа година се фокусираше на реализација на маркетинг-целите, зголемување на свеста и создавање интерес за производите и услугите што ги нуди Банката со цел раст на имиџот и пораст на продажбата.

Сите новости во врска со производите и услугите редовно се комуницираа во рекламните материјали со препознатлив имиџ и со примена на единствен конзистентен начин на пренесување на информацијата до корисниците.

Во текот на изминатата година, со присуство на традиционалните и нови медиуми, Банката спроведуваше продажни промоции и кампањи од кои позначајни се реализираните со фокус на понудата на ненаменските потрошувачки кредити, станбените кредити како и промотивните депозити.

Редовно беа комуницирани и дистрибуирани сите информации, промени и рекламни материјали до вработените, со што навремено беа запознати со сите новини во работењето на Банката.

Банката редовно и транспарентно ја известуваше јавноста и медиумите за сите значајни настани поврзани со работењето на Банката преку директна соработка со истите и преку својата интернет-страница.

Во делот на *грижата за корисници*, Банката реализираше брза и навремена реакција во однос на добиените поплаки што позитивно влијаеше врз имиџот на Банката, на подобрување на процесот на директна комуникација со крајните корисници и јакнење на довербата кон Банката.

- **Корпоративна општествена одговорност**

Како дел од бизнис секторот, ТТК Банка АД Скопје, во своето работење, се грижи и делува за добробитот на општеството во коешто работи. Во улога на општествено одговорна компанија, ТТК Банка АД Скопје настојува да ги сплоти ентузијазмот на своите вработени, заемната соработка и отворената комуникација со партнерите и со институциите, етичкото управување и транспарентноста во работењето кон сите засегнати страни, грижата за корисниците, како и поддршката во реализацијата на целите на заедницата. Корпоративната општествена одговорност е фундаментална вредност на ТТК Банка АД Скопје, којашто интегрира социјална, хумана и етичка димензија. Посветеноста на ТТК Банка АД Скопје кон достојно спроведување на стратегијата за општествена одговорност придонесе Банката да оствари позитивни и успешни резултати во подигнување на свесноста за Банката, за градење имиџ на Банката како корпоративна општествено одговорна компанија, како и кон остварување многубројни позитивни придобивки за заедницата.

Во текот на 2018 година Банката го задржа континуитетот за поддршка на потребите и барањата на заедницата преку реализација на бројни спонзорства и донации во културата, уметноста, образованието, науката, здравството, спортот и ранливите групи граѓани. Меѓу позначајните проекти кои беа поддржани во текот на 2018 година се: спонзорство на НУ „Филхармонија“, културната манифестација „Охридско лето“ 2018 година, активностите на Кошаркарскиот клуб „Тетекс ТТК“ од

Тетово, 37-то традиционално искачување на Титов Врв во организација на планинарскиот клуб „Љуботен“ од Тетово, Меѓународната културна мнифестација „Денови на Илјо'“ во Тетово, детскиот фестивал „Јаболчиња“ во Тетово, Програма за младински развој - младински кампови во организација на Младинската асоцијација „ИМКА“ од Битола.

Етичко управување - Одговорното однесување е императив за ТТК Банка АД Скопје. Банката редовно и навремено ги ажурира и транспарентно објавува податоци и информации поврзани со работењето. Поставувањето ефикасен систем на корпоративно управување позитивно влијае на: јакнењето на довербата на нашите соработници, корисници и вработените во Банката, зголемувањето на транспарентноста на работењето, јасната организациска структура како и ефикасните системи на следење и контрола на ризиците.

6.9. Информатичка технологија и позадински работи

Во 2018 година, Банката продолжи со имплементација на проекти од информатичката технологија во областа на инфраструктурата и системскиот развој, со коишто се надгради хардверската и виртуелната инфраструктура, се поддржа комерцијалниот развој на продукти, се консолидираа решенијата за автоматизација на работењето, беа развиени нови интерни решенија и додадени нови можности во електронското банкарство. Се надгради апликативното решение за управување со ризици, беа имплементирани измени за усогласување со новите регулаторни барања, се прошири и се подигна нивото на контрола во и вон работно време со воведување на дежурства, а беа завршени и логистичките проекти за развој на мрежата на банкомати. Измените и подобрувањата на ИТ системите овозможија Банката ефикасно да го следи растот на пазарот и обемот на работа и лесно да се прилагодува кон промените во организацијата, промените во регулативата и кон решенијата за нови продукти и услуги.

o Развој на софтвер

Во 2018 година во делот на софтверскиот развој беа направени следниве надградби и имплементации на нови апликативни решенија:

- Имплементирана е системска надградба на апликативното решение за девизно работење за поддршка на работење со ТАРГЕТ 2 системот, како и за поддршка на измените во платниот промет со странство, предизвикани од промените на структурата на платните пораки на SWIFT платформата;
- Извршена е надградба на решението за денарски платен промет, во согласност со упатството за видот, формата и начинот на размена на податоци, како и во согласност со измените во македонскиот систем за брзи плаќања – МИПС;
- Извршена е надградба и прилагодување на решението за размена на податоци со и кон УЈП;
- Надградени се апликациите за адекватност на капитал и класификација на актива во дирекцијата за ризици во согласност со барањата на НБРМ и методологијата на Банката;

- Надградени се можностите на АМЛ софтверот во согласност со донесените законски измени донесени од страна на УФР;
- Извршена е надградба на решението за мобилно банкарство, за Andorid и iOS оперативни системи;
- Направени се надградби и измени на сетот на извештаи поврзани со новата методологија за известување за платежна статистика на НБРМ;
- Имплементирани се надградби на апликативниот софтвер за работа со фиксни каматни стапки кај депозитите, а во согласност со препораките од НБРМ;
- Стабилизирани се автоматизациите за отписи и направени се контролни извештаи;
- Надградени се и апликациите за електронски известувања преку СМС и е-пошта;
- Автоматизирани се процесите за крај на ден и поставување на нов ден во денарскиот платен промет.

- **Инфраструктурни и системски проекти од информатичката технологија**

- Набавена е нова хардверска опрема – сервери, сториџ, свичеви и ASA огнен ѕид, наменета за надградба на алтернативната ИТ локација, кој ќе ги задоволи потребите на Банката најмалку за наредните 3 години;
- Надградени се мрежите на ПОС-терминали со набавка на нови безжични POS терминали;
- Направени се надградби на SWIFT платформата за меѓународни плаќања;
- Банката успешно учествуваше во тестирањата од НБРМ и КИБС на планот за континуитет на процесите поврзани со МИПС и КИБС системите, а без поголеми забелешки помина и тестирањето на сопствениот план за континуитет во работењето. Исто така, независното годишно надворешно пенетрациско тестирање покажа добро ниво на техничка подготвеност на банката за справување со тековните сајбер безбедносни ризици;
- Во 2018 година, Банката успешно ги реализира планираните надградби за изградба на модерен и ефикасен информативен систем, обезбедувајќи платформа којашто силно го поддржува развојот и активностите на Банката и обезбедувајќи континуирано висок квалитет на сервисите кон своите клиенти.

- **Позадинско работење**

Во текот на 2018 година Банката ја подобри ефикасноста во администрирањето на производите и на услугите. Континуирано ги имплементираше неопходните измени во процесите и системската евиденција, произлезени од промените во законската регулатива и воведувањето нови производи и услуги. Банката ги унапреди интерните системи за внатрешна контрола, мониторирање и управување со процесите.

Со завршувањето на автоматизација на повеќето активности во денарскиот платен промет, очекуваме да се намали бројот на вработени во дирекцијата за позадински обработки.

6.10. Човечки ресурси

Во 2018 година примарен фокус на Банката беа заложбите за овозможување развојно, мотивирачко и продуктивно работно опкружување. Активностите во овој дел главно беа насочени кон имплементација на корпоративното управување и развој на корпоративната култура, поактивен пристап во управувањето со човечките ресурси, нивно соодветно ангажирање и интегрирање, интерна мобилност, евалуација и вреднување на перформансите, мотивирање и стручно едуцирање.

Во текот на 2018 година се изврши внатрешни прераспоредувања на вработените, беше регрутиран квалитетен и професионален кадар и дојде до зајакнување на средното ниво на менаџмент во Банката. Со тоа, активностите во сите организациски единици и делови на Банката се реализираа од страна на високо компетентен и посветен кадар.


Во 2018 година беа ревидирани повеќе интерни акти во делот на корпоративното управување, во насока на усогласување со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, чијашто цел беше да се промовира систем на вредности и посакувано однесување за сите вработени во Банката. Покрај новиот Етички кодекс, се ревидираа Политиката за наградување, Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на лицата со посебни права и одговорности, освен за членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор и Процедурата за наградување. Исто така беа ревидирани и други интерни акти во делот на човечките ресурси.

Во 2018 година започна проектот за набавка на интегриран софтвер за управување со човечки ресурси. Неговата имплементација се очекува да придонесе во полесно и побрзо пристапување до информациите од работен однос, развој, едукација, управување со работното време и сл.

- **Структура на вработени**

Заклучно со 31.12.2018 година вкупниот број вработени во ТТК Банка АД Скопје изнесуваше 238, со просечна возраст од 41 година.

Образовната и старосната структура на вработените во Банката на 31.12.2018 година се дадени на следниот приказ:





- **Стручно усовршување**

Вработените имаа можност да учат, да се развиваат и стручно да се усовршуваат на различни начини, низ работа со поддршка од колеги со долгогодишно искуство, со внесување нови поттикнувачки задачи, низ формални програми за едукација, задолжителни редовни годишни едукации и сл.

Во 2018 година ТТК Банка АД Скопје овозможи поголем број вработени да бидат учесници на повеќе стручни и технички обуки, семинари, конференции и настани од информативен карактер. Со тоа, обуките и усовршувањата продолжија да претставуваат алатка за континуирано инвестирање, унапредување и задржување на кадарот во организацијата, а придонесоа и за негова внатрешна мобилност во рамките на Банката и подобрување на перформансите.

Околу 120 вработени во 2018 година посетија над 40 екстерни обуки од различни области, а беа организирани и околу десетина интерни обуки. Во 2018 година се инвестираше и во меѓународно признати лиценци за специфични знаења.

6.11. Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија ги спроведува своите активности во согласност со Законот за банки, Одлуката за правила за добро корпоративно управување во банка и другите законски прописи како и политиката, правилникот за работа и процедурите за внатрешна ревизија.

Активностите на Службата за внатрешна ревизија се вршат во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија базиран на ризиците, а одобрен од страна на Надзорниот одбор на Банката.

Во текот на 2018 година, активностите на Службата за внатрешна ревизија беа насочени кон ревидирање на процесите за кредитирање на правните и физичките лица, платните промети, трезорското работење, сигурноста на ИС, управувањето со човечки ресурси, имплементацијата на МСФИ 9 во процес на класификација и мерењето на финансиските средства, управувањето со репутациски ризик, почитувањето кодекс на етика и спречувањето судир на интереси, стратегискиот ризик, заштитата на ЛП, управувањето со безбедноста како и работењето во мрежата на филијали/експозитури во Банката.

Сите планирани ревизии се реализирани во текот на годината, со што целосно се покриени планираните сегменти и деловни процеси оценети како најкритични и предвидени во Годишниот план. Надлежните одговорни лица и органите на Банката се информирани за наодите, идентификуваните слабости и препораките за надминување на истите преку писмени извештаи.

На месечна основа, Службата за внатрешна ревизија ја следеше имплементацијата на препораките предложени во извештаите за ревизија и ги известуваше органите на Банката за статусот на нивната реализација. Во текот на годината со особена важност се следеше и се известуваше за имплементацијата на предвидените активности од акцискиот план изработен во согласност со препораката од регулаторот.

Покрај реализацијата на поставените цели со Годишниот план за ревизија, во извештајниот период Службата за внатрешна ревизија вршеше и консултативна и советодавна улога на барање на раководните лица од одделни организациски делови по прашања од повеќе области.

6.12. Контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам


Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам ги извршуваше своите активности во насока на обезбедување на работење во согласност со прописите и минимизирање на ризиците од неусогласеност, односно минимизирање на ризиците од изречени мерки од регулаторните органи коишто би довеле до финансиски загуби или загуби на угледот на Банката. За таа цел, во 2018 година Службата за контрола на усогласеноста ги реализираше следните активности: редовно се следеше новодонесената регулатива и измените и дополнувањата на важечката регулатива, се известуваа сите организациски единици и делови на Банката и членовите на Управниот одбор на Банката за новините во прописите и се преземаа активности за обезбедување нивно навремено и соодветно имплементирање во работењето; се преземаа активности за идентификација и следење на ризиците од неусогласеност на работењето на Банката со прописите, вклучувајќи и следење на поплаките од клиентите на Банката; се спроведуваа контроли на усогласеноста во согласност со Програмата и Годишниот план; се вршеше контрола на усогласеноста на ревидираните интерни акти и се даваше поддршка во стандардизацијата на процедурите и контролните правила за остварување на целите на усогласеност; се даваа насоки на вработените за правилна примена на прописите во форма на инструкции, препораки и одговори на прашања поврзани со спроведувањето на прописите во нивното секојдневно работење; се соработуваше со други институции; редовно се известуваше Надзорниот и Управниот одбор на Банката за остварувањето на функцијата контрола на усогласеност на работењето на Банката на полугодишно и месечно ниво и се реализираа други активности во согласност со прописите.

За реализација на активностите за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Банката во целост ги има имплементирано сите мерки и активности

коишто произлегуваат од прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во 2018 година беше донесена ревидирана Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со новиот Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и новата Одлука за методологијата за управување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам. Вработените во Банката и во 2018 година доследно ги применуваа во работењето мерките и активностите за превенција и за спречување инволвираност на Банката во активности поврзани со перење пари и финансирање тероризам или во други криминални активности од страна на нејзините клиенти, со што се обезбедуваше заштита на угледот и репутацијата на Банката, како една од примарните задачи на Банката.

Претседател на Надзорен Одбор
М-р Глигорие Гоговски

ПРИЛОГ 1 - ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ



ПРИЛОГ 2 – МРЕЖА НА ФИЛИЈАЛИ И ЕКСПОЗИТУРИ



ПРИЛОГ 3 – МРЕЖА НА БАНКОМАТИ

СКОПЈЕ	
Филијала Скопје	ул. „Народен Фронт" бр.19а, ТЦ Беверли Хилс
Експозитура Скопје Аеродром	бул. „Јане Сандански" бр.26, влез 2, локал 4
Експозитура Скопје Центар	ул. „Даме Груев" бр.7
„Тетекс“ продавница, Скопје	ул. „Димитрие Чуповски" бр.1, Рекорд-Центар
Експозитура Скопје Ѓорче Петров	бул. „Партизански Одреди" бр.171а
Експозитура Скопје Автокоманда	ул. „16-та Македонска Бригада" бр.2/3
Експозитура Скопје Кисела Вода	ул. „Сава Ковачевиќ" бр.43/1-1
Трговски центар Скопје Сити Мол	ул. „Љубљанска“ бр.4
ВЕЛЕС	
Експозитура Велес	ул. „8-ми Септември" бр.44
ТЕТОВО	
Филијала Тетово	ул. „Илинденска" бр.2 б/Булевар
Експозитура Тетово АРМ	ул. „Методија Андонов Ченто" бр.4
Експозитура Тетово Илинденска	ул. „Илинденска" бр.226
Шалтер Палма мол	ул. „Скопски пат“ бр.8
Продавница „Римес“	ул. „Благоја Тоска“ бр.208/локал бр.1
ГОСТИВАР	
Експозитура Гостивар	ул. „Иво Лола Рибар" бр.18
ДЕБАР	
Експозитура Дебар	ул. „8-ми Септември" бр.1/3
БИТОЛА	
Филијала Битола	ул. „Столарска" бр.7
Агенција за недвижности „Дора“	ул. „Столарска" бр.1
Продавница „Комодоре“	ул. „Прилепска" бр.42
Продавница „Редлајн“	ул. „Генерал Васко Каранѓелески" бб
ОХРИД	
Филијала Охрид	ул. „Македонски Просветители" бр.8В
ШТИП	
Филијала Штип	ул. „Ванчо Прќе" бр.67
Маркет „КАМ“	ул. „Сремски фронт" бр.26
ПРОБИШТИП	
Експозитура Пробиштип	ул. „Јаќим Стојковски" бр.7а
КОЧАНИ	
Експозитура Кочани	ул. „Кеј на револуцијата" бр.13
РАДОВИШ	
Експозитура Радовиш	ул. „22-ри Октомври" бр.бб
КУМАНОВО	
Филијала Куманово	ул. „Гоце Делчев" бр.38
Експозитура Куманово 1	ул. „ЈНА" бр.102
ПРИЛЕП	
Експозитура Прилеп	ул. „Борис Кидрич" бр.бб
КАВАДАРЦИ	
ДПТУ „Култура“ ТЗ ДООЕЛ	ул. „Илинденска" бр.7
СТРУГА	
Експозитура Струга	ул. „Пролетерски Бригади" бр.43
СТРУМИЦА	
Филијала Струмица	ул. „Благој Јанков Мучето" бр.2
ВИНИЦА	
Експозитура Виница	ул. „Никола Карев" бр.бб
КИЧЕВО	
Експозитура Кичево	ул. „Кузман Јосифовски Питу“ бр.10

Биланс на успех
за период од 01.01.2018 до 30.09.2019

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 30.09.2019	претходна година 30.09.2018
Приходи од камата		245.550	254.732
Расходи за камата		(46.285)	(51.827)
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**199.265**	**202.905**
Приходи од провизии и надомести		123.698	111.575
Расходи за провизии и надомести		(21.386)	(19.929)
Нето-прходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**102.312**	**91.646**
Нето-приходи од тргување	8	13.199	5.501
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	-	-
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	5.977	5.931
Останати приходи од дејноста	11	63.174	87.182
Удел во добивката на придружените друштва	24	-	-
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансна изложеност, на нето-основа	12	(57.323)	(48.561)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	(1.354)	(54.135)
Трошоци за вработените	14	(120.637)	(116.490)
Амортизација	15	(17.410)	(16.871)
Останати расходи од дејноста	16	(95.781)	(96.375)
Удел во загубата на придружените друштва	24	-	-
Добивка/(загуба) пред оданочување		**91.422**	**60.732**
Данок на добивка	17	-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**91.422**	**60.732**
Добивка/(Загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба*		-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година		**91.422**	**60.732**
Добивка/(загуба) за финансиската година, којашто им припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-
Заработка по акција:	41		
основна заработка по акција (во денари)		101	67
разводнета заработка по акција (во денари)		-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи

Наталија Алексова
член на Управен Одбор

ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 1

Драгољуб Арсовски
претседател на Управен Одбор

Биланс на состојба**
на ден 30.09.2019

	Белешка	во илјади денари	
		тековна година 30.09.2019	претходна година 31.12.2018
Актива			
Парични средства и парични еквиваленти	18	2.107.956	1.850.527
Средства за тргување	19	48.104	29.707
Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање	20	-	-
Деривативни средства чувани за управување со ризик	21	-	-
Кредити на и побарувања од банки	22,1	14.988	59.945
Кредити на и побарувања од други комитенти	22,2	4.982.425	4.745.889
Вложувања во хартии од вредност	23	1.154.416	1.343.103
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина")	24	-	-
Побарувања за данок на добивка (тековен)	30,1	7.727	-
Останати побарувања	25	17.638	21.307
Зложени средства	26	-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	27	10.847	17.015
Нематеријални средтсва	28	15.391	16.704
Недвижности и опрема	29	205.083	207.595
Одложени даночни средства	30,2	-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	31	-	-
Вкупна актива		**8.564.575**	**8.291.792**
Обврски			
Обврски за тргување	32	-	-
Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определни како такви при почетното признавање	33	-	-
Деривативни обврски чувани за управување со ризик	21	-	-
Депозити на банки	34,1	281	159
Депозити на други комитенти	34,2	7.072.753	6.800.554
Издадени должнички хартии од вредност	35	-	-
Обврски по кредити	36	212.049	281.036
Субординирани обврски	37	92.402	-
Посебна резерва и резервирања	38	14.578	15.130
Обврски за данок на добивка (тековен)	30,1	-	646
Одложени даночни обврски	30,2	-	-
Останати обврски	39	62.279	80.127
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31		-
Вкупно обврски		**7.454.342**	**7.177.652**
Капитал и резерви			
Запишан капитал	40	907.888	907.888
Премии од акции		127	127
Сопствени акции		-	-
Други сопственички инструменти		-	-
Реваоризациски резерви		(650)	(650)
Останати резерви		110.178	104.230
Задржана добивка/(Акумулирана загуба)		92.691	102.545
Вкупно капитал и резерви кои припаѓаат на акционерите на банката		**1.110.233**	**1.114.140**
Неконтролирано учество*		-	-
Вкупно капитал и резерви		**1.110.233**	**1.114.140**
Вкупно обврски и капитал и резерви		**8.564.575**	**8.291.792**
Потенцијални обврски	42	494.581	509.236
Потенцијални средства	42	-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи
** овој извештај е познат и како „Извештај за финансиската состојба"

Наталија Алексова
член на Управен Одбор

ТТК БАНКА АД

Драгољуб Арсовски
претседател на Управен Одбор

Извештај за паричниот тек
за период од 01.01.2019 до 30.09.2019

	Белешка	во илјади денари тековна година 30.09.2019	 претходна година 30.09.2018
Паричен тек од основната дејност			
Добивка/(загуба) пред оданочувањето		91.422	60.732
Коригирана за:			
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех*		-	-
Амортизацијата на:		-	-
нематеријални средства		2.848	3.469
недвижности и опрема		14.562	13.402
Капиталната добивка од:		-	-
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		(2.302)	(833)
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		(35.366)	(68.654)
Капиталната загуба од:		-	-
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	-
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		-	6.665
Приходи од камата		(245.550)	(254.732)
Расходи за камата		46.285	51.827
Нето-приходи од тргување		(11.826)	(4.610)
Исправка на вредноста на финансиските средства и посебна резерва за вонбилансната изложеност, на нето-основа		-	-
дополнителна исправка на вредноста и посебна резерва		115.539	85.360
ослободена исправка на вредноста и посебна резерва		(58.215)	(36.799)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа		-	-
дополнителни загуби поради оштетување		1.354	61.020
ослободени загуби поради оштетување		-	(6.885)
Резервирања			
дополнителни резервирања		-	-
ослободени резервирања		(1.226)	(138)
Приходи од дивиденди		(10.108)	(7.744)
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва		-	-
Останати корекции		12.388	(2.308)
Наплатени камати		244.297	254.453
Платени камати		(46.988)	(51.721)
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива		***117.113***	***102.505***
(Зголемување)/намалување на деловната актива:			
Средства за тргување		(6.571)	(8.116)
Деривативни средства чувани за управување со ризик		-	-
Кредити на и побарувања од банки		46.681	146.411
Кредити на и побарувања од други комитенти		(304.388)	(239.225)
Заложени средства		-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		49.784	119.121
Задолжителна резерва во странска валута		(15.186)	(16.440)
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи		-	-
Останати побарувања		2.828	3.420
Одложени даночни средства		-	-
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување		-	-
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:		-	-
Обврски за тргување		-	-
Деривативни обврски чувани за управување со ризик		-	-
Депозити на банки		122	(55.137)
Депозити на други комитенти		272.714	313.278
Останати обврски		(17.849)	(3.206)
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување		-	-
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето		**145.249**	**362.610**
(Платен)/повраток на данок на добивка		(8.373)	(10.795)
Нето паричен тек од основната дејност		**136.876**	**351.815**

Извештај за паричниот тек
за период од 01.01.2018 до 30.09.2018

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 30.09.2019	претходна година 30.09.2018
Паричен тек од инвестициската дејност			
(Вложувања во хартии од вредност)		188.688	(114.323)
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност		-	-
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)		-	-
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва		-	-
(Набавка на нематеријални средства)		(1.535)	(1.148)
Приливи од продажбата на нематеријалните средства		-	-
(Набавка на недвижности и опрема)		(9.747)	(2.189)
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата		-	-
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)		-	-
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба		-	-
(Останати одливи од инвестициската дејност)		-	-
Останати приливи од инвестициската дејност		1.372	891
Нето паричен тек од инвестициската дејност		**178.778**	**(116.770)**
Паричен тек од финансирањето			
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)		-	-
Приливи од издадените должнички хартии од вредност		-	-
(Отплата на обврските по кредити)		(139.421)	(168.234)
Зголемување на обврските по кредити		70.622	85.340
(Отплата на издадените субординирани обврски)		-	-
Приливи од издадените субординирани обврски		92.402	-
Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот		-	-
(Откуп на сопствени акции)		-	-
Продадени сопствени акции		-	-
(Платени дивиденди)		(95.328)	(94.420)
(Останати одливи од финансирањето)		-	-
Останати приливи од финансирањето		-	-
Нето паричен тек од финансирањето		**(71.725)**	**(177.314)**
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти		(16)	(42)
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти		9	5
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти		**243.921**	**57.694**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари		1.615.377	1.454.683
Парични средства и парични еквиваленти на 30 септември		**1.859.299**	**1.512.377**

* само за консолидираните финансиски извештаи

Наталија Алексова
член на Управен Одбор

ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ 1

Драгољуб Арсовски
претседател на Управен Одбор

ТТК БАНКА АД Бр.1
Бр. 02-2675/15
28.03.2019 год.
СКОПЈЕ

Деловна политика и Развоен план на ТТК БАНКА АД Скопје за период 2019 – 2021 година (скратена верзија)

Мисија на Банката

Мисијата како однапред определен патоказ за развој на стратегиите за управување со работењето на Банката ги содржи долгорочните цели и деловната филозофија на Банката.

